Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj
Заедница на Македонците во Република Хрватска

Zagreb, studeni 2015.

LIJEPA RIJEČ I ŽELJEZNA VRATA OTVARA
Kratki folklorni žanrovi iz makedonskog narodnog stvaralaštva
Izabrala i priredila Elizabeta Petrovska

Nakladnik:
Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj

Za nakladnika:
Ilija Hristodulov

Sunakladnici:
Vijeće makedonske nacionalne manjine Grada Zagreba
M-Print, tiskara i knjigovežnica, Zagreb

Recenzija:
Dr. Vasil Tocinovski, sveučilišni profesor

Dizajn korice:
Željko Miljković

Fotografija korice:
Zoran Karapančev

Fotografije:
Elizabeta Petrovska

Prijevod, lektura i korektura:
Elizabeta Petrovska
Greta Petkovska-Trpkovska
Aleksandra Trpkovska,
sudski tumač za makedonski, hrvatski i engleski jezik

Grafička priprema i tisak:
M-Print, tiskara i knjigovežnica, Zagreb
www.m-print.hr

Naklada:
800 primjeraka

ISBN:
978-953-7328-25-2

U Zagrebu, studeni 2015.

CIP zapis dostupan u računalnome katalogu Nacionalne i sveučilišne knjižnice u Zagrebu pod brojem 000917265

Tisak ove knjige realiziran je sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske i uz financijsku potporu Vijeća makedonske nacionalne manjine Grada Zagreba

# LIJEPA RIJEČ I ŽELJEZNA VRATA OTVARA

KRATKI FOLKLORNI ŽANROVI
IZ MAKEDONSKOG NARODNOG STVARALAŠTVA

IZABRALA I PRIREDILA
ELIZABETA PETROVSKA

# УБАВИОТ ЗБОР И ЖЕЛЕЗНА ВРАТА ОТВОРА

КРАТКИ ФОЛКЛОРНИ ЖАНРОВИ
ОД МАКЕДОНСКОТО НАРОДНО ТВОРЕШТВО

ИЗБРАЛА И ПРИРЕДИЛА
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

„Čisto se srce vidi na licu“

Mojoj voljenoj nećakinji Lini

„Чистото срце се гледа на лице“

На мојата сакана внука Лина

# PREDGOVOR

„Prošle godine sam bio u tuđini, ove godine nisam doma"

Ne kaže se uzalud da je narod bez tradicije kao drvo bez korijena. Svaki narod ima svoju tradiciju, kulturni i folklorni identitet koje čuva i njeguje od zaborava. Za usmenu predaju narodne mudrosti i iskustva kroz stoljeća, čovjek je tijekom svoga postojanja stvorio kratke folklorne žanrove od kojih su najčešće zastupljeni i najviše se upotrebljavaju narodne umotvorine. One su i danas dio svakodnevnog govora ljudi i predstavljaju riznicu njihovog duhovnog bogatstva. No, zapisivanje i objavljivanje makedonskog narodnog stvaralaštva, kako narodne poezije i proze, tako i kratkih folklornih žanrova, započelo je tek u 19. stoljeću od strane više skupljača: braće Miladinov, Marka Cepenkova, Kuzmana Šapkareva, Antona Pop Stoilova, Kirila Penušliskog i drugih, premda je njihovo podrijetlo još od davnina. Dakako, zasluga ovih skupljača je izuzetno važna za očuvanje makedonske folkloristike.
Značaj narodne tradicije kod iseljenika, naravno, vrlo je velik i neophodan u čuvanju i njegovanju materinskoga jezika i običaja iz rodne domovine. Priređivanjem ove knjige htjela sam Makedoncima u Hrvatskoj približiti svu ljepotu makedonskog narodnog stvaralaštva, kao temelj današnje suvremene književnosti. Knjiga sadrži izbor najpoznatijih i najkorištenijih makedonskih kratkih folklornih žanrova. Tako, na jednom mjestu u nekoliko poglavlja sabrane su drevne tvorevine usmene narodne filozofije, kao što su: poslovice, pogovorke i mudrosti, zagonetke, pitalice i dosjetke, brzalice i brojalice, blagoslovi i zdravice, kletve i zakletve, snovi, vjerovanja i bajanja, narodne pripovijetke i anegdote. U njima se najčešće odražavaju i ističu pozitivne, a ismijavaju negativne osobine ljudi. Oni su pravi blagodat izrečen od običnog čovjeka, zanimljiv i za djecu i za odrasle. Kao što i sam naslov knjige govori, za lijepu riječ nema prepreka, ona će živjeti sve dok ju ima tko slušati i čitati. Želja mi je da ova knjiga bude i moj mali doprinos očuvanju makedonskog narodnog folklora u dijaspori, u nadi da će Makedoncima u Hrvatskoj biti lako dostupna, da će kod čitatelja izazvati nacionalnu prepoznatljivost i nahraniti njegovu postojanu neutješnu tugu za rodnim krajem, za korijenima...

Elizabeta Petrovska

# ПРЕДГОВОР

„Лани бев на туѓина, годинава не сум дома‟

Не се вели попусто дека народот без традиција е како дрво без корен. Секој народ има своја традиција, културен и фолклорен идентитет кои ги чува и негува од заборав. За усното пренесување на народната мудрост и искуствата низ вековите, човекот во текот на своето постоење ги создал кратките фолклорни жанрови од кои најчесто се застапени и најмногу се употребуваат народните умотворби. Тие и ден-денес се дел од секојдневниот говор на луѓето и претставуваат ризница на нивното духовно богатство. Но, запишувањето и објавувањето на македонското народно творештво, како народната поезија и проза, така и кратките фолклорни жанрови, започнало дури во 19 век од повеќемина собирачи: браќата Миладиновци, Марко Цепенков, Кузман Шапкарев, Антон Поп Стоилов, Кирил Пенушлиски и други, иако нивното потекло е од многу поодамна. Секако, заслугата на овие собирачи е исклучително важна за зачувувањето на македонската фолклористика.

Значењето на народната традиција кај иселениците пак, е многу големо и неопходно во чувањето и негувањето на мајчиниот јазик и обичаите од родната татковина. Со приредувањето на оваа книга сакав на Македонците во Хрватска да им ја приближам сета убавина на македонското народно творештво, како темел на денешната современа книжевност. Книгата содржи избор на најпознатите и најупотребуваните македонски кратки фолклорни жанрови. Така, на едно место во неколку поглавја се собрани древните творби на усната народна филозофија, како што се: пословици, поговорки и мудрости, гатанки, прашанки и досетки, брзозборки и броеници, благослови и здравици, клетви и заклетви, сonишта, верувања и баења, народни преданија и анегдоти. Во нив најчесто се одразуваат и истакнуваат позитивните, а се исмеваат негативните особини на луѓето. Тие се вистински благодат искажан од обичниот човек, интересен и за децата и за возрасните.

Како што и самиот наслов на книгата говори, за убавиот збор нема препреки, тој ќе живее сѐ додека има кој да го слуша и да го чита. Посакувам оваа книга да биде и мој мал придонес кон зачувувањето на македонскиот народен фолклор во дијаспората, со надеж дека на Македонците во Хрватска ќе им биде лесно достапна, дека кај читателот ќе предизвика национална препознатливост и ќе ја нахрани неговата постојана неутешна тага кон родниот крај, кон корените...

Елизабета Петровска

# IZ BOGATSTVA MAKEDONSKE FOLKLORNE TRADICIJE

*Lijepa riječ i željezna vrata otvara*, izabrala i priredila Elizabeta Petrovska, nak. Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, 2015.

Folklorna tradicija jednoga naroda oduvijek je bila i ostala jednadžba njegove nacionalne identifikacije. I na kraju svijeta čovjek se prepoznaje i imenuje po pjesmi i igri/kolu. U duhovnom bogatstvu bezimenoga narodnog genija posebno mjesto i značaj imaju kratki folklorni žanrovi. Odabir iz njega ispunjavaju stranice knjige *Lijepa riječ i željezna vrata otvara* u izboru i priređenju iskazane pjesnikinje i novinarke Elizabete Petrovske. Pojava i korisnost jednoga ovako rijetkog izdanja ne samo među Makedoncima u Hrvatskoj, ima općeljudske vrijednosti i dimenzije. Kratki ili prosti folklorni žanrovi imaju svakodnevnu i masovnu uporabu narodnih umotvorina epskog roda. Svi oni imaju vlastito i karakteristično podrijetlo, razvoj i bit što ih obilježavaju kao posebnost. Zajedničko kao neminovnost objašnjava ih u stvaranju kao *pojednostavljene narativne formule* koje su u funkciji praktičnog značenja i uporabe. Čovjek ih spontano i mudro koristi u svojoj svakodnevici i njihove poruke imaju univerzalno značenje. To je sadržano i u predgovoru Petrovske koja lucidno ukazuje na potrebu za ovakvom knjigom znanja i pouke, iskustva i mudrosti. U sedam poglavlja s kratkim i instruktivnim uvodima napravljen je antologijski izbor: 1. poslovice, pogovorke i mudrosti, 2. zagonetke, pitalice i dosjetke, 3. brzalice i brojalice,  4. blagoslovi i zdravice, 5. kletve i zakletve, 6. snovi, vjerovanja i bajanja, 7. narodne pripovijetke i anegdote. Vrijednost izdanja potvrđuju rječnik manje poznatih riječi i izraza i selektivni pregled korištene literature i drugih izvora.

Kratki folklorni žanrovi izranjaju iz iskustva življenja. Otuda oni i imaju strogo određenu uporabu i poruku. Malobrojne i odabrane riječi imaju sadržaj koji može biti ispisan na bezbroj stranica. Njihova točnost je fascinantna. Svaka je riječ savršeno odmjerena, mjerena i premjerena, i nikada pritom ne promaši cilj. Poslovice ili pogovorke nose težinu jednoga iskazanog mišljenja kao pouku ili argument o konkretnom pitanju koje je prošlo sito i rešeto života. Otuda kratki folklorni žanrovi kod slušatelja, čitatelja i zasigurno ponajviše kod onih kojima su upućeni uzrokuju razmišljanje, čuđenje i ushićenje. Poslovice su individualne tvorevine i rekli bi da su formule za određene pojave, događaje, poglede i dojmove iz životnog iskustva čovjeka. Maksim Gorki ih određuje kao izraz vjekovne narodne mudrosti, one su istinska narodna filozofija, u njima su sabrani stvaralački duh

s jedne i stvarnost s druge strane ili jednom riječju one su odraz njegove hrabrosti u mišljenju o nekim životnim pitanjima i djelima. Među poslovicama i pogovorkama ne postoji bitna razlika. Pogovorke su jednočlane izreke ili izrazi (*Vjera – mjera; Krotko kao janje*), a poslovice kao po nekom nepisanom pravilu su dvočlane po formi (*Brat brata ne hrani, teško tko ga nema; Uzalud radi, uzalud ne sjedi*). Podrijetlo zagonetki povezuje se s mitovima i bajkama, s animističkim predstavama ljudi i kultnim obredima iz davnina. One su dobro sastavljene metafore koje postavljaju pitanja i daju odgovore. Blagoslovi i zdravice su pozitivne tvorevine naspram kletvi i zakletvi kao spontana reakcija na neko zlo, nepravdu, nevolju ili štetu.
Dječji folklor je samostalna kategorija različitih pjesama i igri, zavaralice, brojalice, brzalice, rugalice i druge, kao oblik i sadržaj u fizičkom i psihološkom razvoju djeteta. Petrovska iz toga stvaralaštva radi vrijedan, estetski izbor brzalica i brojalica. S pravom, jer su po nama to najomiljeniji sadržaji i vrsta komunikacije u djetetovom rastu. Kao napomenu navodimo misli osnivača makedonske folkloristike Kirila Penušliskog: *U prikupljanju i proučavanju dječjeg folklora makedonske folkloristike nema posebnih dostignuća. Naši se skupljači nisu potrudili prepoznati i razjasniti bar osnovne karakteristike svojih sabranih materijala. U našem suvremenom životu, međutim, dječji folklor gotovo odumire pod pritiskom bezbrojnih tehničkih, obrazovnih i sportskih sredstava i pomagala u izgradnji djece*. Autoritetne prosudbe i zaključci upozoravaju da u globalizaciji i tehnološkom razvitku nikako se ne smiju izgubiti neke forme i sadržaji iz materijalne i duhovne baštine civilizacije. Ona ne može postojati bez vlastite povijesti. Verbalne čarobne formule su bajanja. Kao u snovima i vjerovanjima, tako i u bajanjima traga se za tajnama na putevima komunikacije s tajanstvenim magičnim silama. Od davnina su plemenski glavari i vračevi (nositelji subjekta i kolektiva) bili posrednici s prirodnim katastrofama ili neprijateljskim snagama za pomirenje, a time su potvrđivali njihov autoritet i povlastice.
Legende i pripovijetke su među najljepšim tvorevinama koje su u narodu bile prenošene s generacije na generaciju. One i danas opstoje kao vrijedna estetska literatura koja se prepričava i ponovno stvara u novim autorskim tekstovima. One nisu mnogobrojne, ali spektar tema i motiva je pravo blago. Manje ili više, pripovijetke su bile sastavni dio mnogih zbornika koje su objavljivali makedonski skupljači usmene književnosti. Tvorevine koje identificiraju čovjeka, prostor i vrijeme. Tako na izravan način odražavaju nacionalni identitet i nepokor. Po tematskom tretmanu anegdote su srodne s novelističkim pričama. S izraženim realizmom one su bliske narodu i njegovom postojanju. Dominiraju komične situacije, zgode i događaji, imaju nekonvencionalni humor i satiru, nerijetko i cinizam. Prepričavaju ili

žigošu karakteristične mane, slabosti, poroke, nedosljednosti koje decidirano pokazuju određene socijalne i profesionalne subjekte ili kolektive. S puno poštovanja i ljubavi, a to podrazumijeva strpljenje i trud, znanje i umješnost, Elizabeta Petrovska nudi djelo *Lijepa riječ i željezna vrata otvara* za nesvakidašnji užitak čitatelja. Zahvalnost i čestitke.

Dr. Vasil Tocinovski, sveučilišni profesor

# ОД БОГАТСТВОТО НА МАКЕДОНСКАТА ФОЛКЛОРНА ТРАДИЦИЈА

*Убавиот збор и железна врата отвора*, избрала и приредила Елизабета Петровска, изд. Заедница на Македонците во Република Хрватска, Загреб, 2015.

Фолклорната традиција на еден народ отсекогаш била и останала равенка на неговата национална идентификација. И на крај од светот човекот се препознава и именува по песната и играта/орото. Во духовното богатство на безимениот народен гениј посебно место и значење имаат кратките фолклорни жанрови. Избор од него ги исполнуваат страниците од книгата *Убавиот збор и железна врата отвора* во избор и приредена од пројавената поетеса и новинарка Елизабета Петровска. Појавата и корисноста од едно вакво ретко издание не само среде Македонците во Хрватска, има општочовечки стојности и димензии. Кратките или прости фолклорни жанрови имаат секојдневна и масовна употреба на народни умотворби на епскиот род. Сите тие имаат сопствено и карактеристично потекло, развиток и суштина што ги одбележуваат како посебност. Заедничкото како неминовност ги објаснува во создавањето како *упростени раскажувачки формули* кои се во функција на практично значење и употреба. Човекот спонтано и мудро ги користи во своето катадневие и нивните пораки имаат универзални значења. Тоа е содржано и во предговорот на Петровска која што луцидно укажува на потребата од една ваква книга на ука и поука, на искуството и мудроста. Во седум поглавја со кратки и инструктивни уводи направен е антологиски избор: 1. пословици, поговорки и мудрости, 2. гатанки, прашанки и досетки, 3. брзозборки и броеници, 4. благослови и здравици, 5. клетви и заклетви, 6. соништа, верувања и баења, 7. народни преданија и анегдоти. Вредноста на изданието ја потврдуваат речникот на помалку познати зборови и изрази и селективниот преглед на користена литература и други извори.

Кратките фолклорни жанрови извираат од искуството на егзистенцијата. Оттука тие и имаат строго одредена употреба и порака. Малкуте и одбрани зборови имаат содржина која што може да биде испишана и на недоброј страници. Нивната точност е фасцинантна. Секој збор е совршено одмерен, премерен и премеруван, и никогаш притоа не ја промашува целта. Пословиците или поговорките ја носат тежината на едно искажано

мислење како поука или аргумент за конкретно прашање што ги минало ситото и решетото на животот. Оттука кратките фолклорни жанрови кај слушателите, читателите и секако најмногу кај оние на кои им се упатени предизвикуваат размисла, чудење и восхитување. Пословиците се индивидуални творби и би рекле оти се формули за одделни појави, манифестации, погледи и впечатоци од животното искуство на човекот. Максим Горки нив ги одредува како израз на вековната народна мудрост, тие се вистинска народна филозофија, во нив се собрани творечкиот дух од една и стварноста од друга страна или со еден збор тие се одраз на неговата смелост во мислењето за некои животни прашања и дела. Меѓу пословиците и поговорките не постои суштинска разлика. Поговорките се едночлени изреки или изрази (*Вера – мера; Кротко како јагне*), а пословиците како по некое непишано правило се двочлени по форма (*Брат брата не рани, тешко кој го нема; Залудо работи, залудо не седи*). Потеклото на гатанките се поврзува со митот и сказните, со анимистичките претстави на луѓето и култните обреди од најстари времиња. Тие се добро составени метафори кои поставуваат прашања и даваат одговори. Благословите и здравиците се позитивни творби, наспрема клетвите и заклетвите како спонтана реакција на некое зло, неправда, неволја или штета.

Детскиот фолклор е самостојна категорија на разновидни песни и игри, залагалки, броеници, брзозборки, потсмевки и друго, како форма и содржина во физичкиот и психолошкиот развиток на детето. Петровска од тоа творештво прави вредносен, естетски избор од брзозборки и броеници. Со право, зашто според нас тоа се најомилените содржини и вид на комуникација во растењето на детето. Како забелешка ги наведуваме размислувањата на втемелувачот на македонската фолклористика Кирил Пенушлиски: *Во собирањето и изучувањето на детскиот фолклор македонската фолклористика нема посебни постигања. Нашите собирачи не се потрудиле да ги согледаат и разјаснат барем основните карактеристики на своите собрани материјали. Во нашево современие, пак, детскиот фолклор е речиси на одумирање под притисок на безбројните технички, образовни и спортски средства и помагала во изградбата на децата*. Авторитетните судови и заклучоци се предупредување оти во глобализацијата и технолошкиот развиток никако не смеат да се изгубат некои форми и содржини од материјалното и духовното богатство на цивилизацијата. Таа не може да постои без сопствената историја. Вербални магиски формули се баењата. Како и во соништата и верувањата, така и во баењата се трага по тајните на патиштата за комуникација со таинствените волшебни сили. Од најстари

времиња племенските главари и врачеви (носители на субјектот и колективот) биле посредници со природните стихии или непријателските сили за помирување, а со тоа ги потврдувале нивниот авторитет и привилегии.
Легендите и преданијата се меѓу најубавите творби кои во народот биле пренесувани од генерација на генерација. Тие и денеска опстојуваат како вредна естетска литература која се прераскажува и се пресоздава во нови авторски текстови. Тие не се многубројни, но спектарот на темите и мотивите е вистинско богатство. Помалку или повеќе, преданијата биле составен дел од многуте зборници што ги публикувале македонските собирачи на усната книжевност. Творби кои ги идентификуваат човекот, просторот и времето. Така на непосреден начин го одразуваат националниот идентитет и непокор. По тематскиот третман анегдотите се сродни со новелистичките приказни. Со изразениот реализам тие се блиски до народот и неговото опстојување. Доминираат комични ситуации, случки и настани, имаат неконвенционален хумор и сатира, не ретко и цинизам. Раскажуваат или жигосуваат карактеристични мани, слабости, пороци, недоследности кои децидно покажуваат одделни социјални и професионални субјекти или колективи. Со многу почит и љубов, а тоа подразбира трпение и труд, знаење и умеење, Елизабета Петровска го нуди трудот *Убавиот збор и железна врата отвора* за несекојдневна наслада на читателот. Благодарност и честитки.

Д-р Васил Тоциновски, универзитетски професор



# POSLOVICE, POGOVORKE I MUDROSTI

# ПОСЛОВИЦИ, ПОГОВОРКИ И МУДРОСТИ

Narodne poslovice, pogovorke i mudrosti su jedne od najstarijih kratkih govornih umotvorina koje je stvaralo iskustvo širokih narodnih masa. Prenošene s koljena na koljeno, one svjedoče o privrženosti naroda svojem folkloru. Njihov sadržaj je vrlo bogat i raznolik, kroz kojega se izražavaju duboke misli i pouke o čovjeku, životu, prirodi, radu, društvu, moralu, vjeri, običajima, obitelji, prijateljstvu i svega onoga što nas okružuje. Dobrota, marljivost, poštenje, ali i lijenost, pohlepnost, brzopletost, su česta tema ovih umotvorina.

Poslovice i pogovorke su slične po svom sadržaju i formi. S njima se iskazuje neka narodna mudrost iz života. One se odlikuju kratkim i praktičnim izrazom da bi se lakše mogle upamtiti. Razlika je u tome što je poslovica dvočlani sastav, a pogovorka jednočlani sastav. Pogovorka često predstavlja dio poslovice. Na primjer: *Glava mu je osijedila*, je pogovorka od cijele poslovice: *Glava mu je osijedila, pamet mu nije došla*. S pogovorkama se najčešće iznosi kritika, sud, da bi se na kraju izvukla i glavna pouka.

Vrijednost ovih umotvorina je trajna. One se i dalje nastavljaju stvarati i kreirati s novim sadržajima, pronalazeći široku primjenu u svakodnevnom govoru i literaturi.

Народните пословици, поговорки и мудрости се едни од најстарите кратки говорни умотворби кои ги создавало искуството на широките народни маси. Пренесувани од поколение на поколение, тие сведочат за приврзаноста на народот кон својот фолкор. Нивната содржина е мошне богата и разновидна, преку која се изразуваат длабоки мисли и поуки за човекот, животот, природата, работата, општеството, моралот, верата, обичаите, семејството, пријателството и сè она што нè опкружува. Добрината, трудољубивоста, чесноста, но и мрзливоста, алчноста, брзоплетоста, се честа тема на овие умотворби.
Пословиците и поговорките се слични по својата содржина и форма. Со нив се искажува некоја народна мудрост од животот. Тие се одликуваат со краток и практичен израз за да можат полесно да се запаметат. Разликата е во тоа што пословицата е двочлен состав, а поговорката е едночлен состав. Поговорката често претставува дел од пословицата. На пример: *Главата му обелела*, е поговорка од целата пословица: *Главата му обелела, умот не му дошол*. Со поговорките најчесто се изнесува критика, суд, за на крајот да се извлече и главната поука.
Вредноста на овие умотворби е трајна. Тие продолжуваат и понатаму да се создаваат и пресоздаваат со нови содржини, наоѓајќи широка примена во секојдневниот говор и литературата.

- ❖ А легнала, а заспала.
- ❖ А со грнето по камен, а со каменот по грне – тешко на грнето.
- ❖ Абер си нема од животот.
- ❖ Ага и чалма не бива.
- ❖ Ај без пари, ај без ум, сѐ едно ти е.
- ❖ Ај да си чукнеме чашиве, за да чујат и ушиве.
- ❖ Ај нему си му зборувал, ај на дрво.
- ❖ Ајванот нема јазик, та не знае да каже што го боли.
- ❖ Ајванот се врзува со јаже, а човекот со збор.
- ❖ Ајдук земја не отима.
- ❖ Ајдук од ајдук се плаши.
- ❖ Ајдук, ајдук фаќа.
- ❖ Ак′л ми не давај, пари ми дај.
- ❖ Ак′л ни за две пари.
- ❖ Ак′лот му го гледај, та му капа крој.
- ❖ Ак′лот со пари не се купува, ами се печали.
- ❖ Ако арно правиме, арно ќе оставиме.
- ❖ Ако баба лаже, трап не лаже.
- ❖ Ако бабата умрела, лажите не ги однела.
- ❖ Ако бараш беља, лесно ќе ја најдеш.
- ❖ Ако бегаш од арно, ќе паднеш на зло.
- ❖ Ако беше добро да се има брат и Господ ќе имаше.
- ❖ Ако беше добро да се работи и владиката ќе работеше.
- ❖ Ако би змија да е, ама од срце да е.
- ❖ Ако би знаел кога ќе умрам, гробот сам ќе си го ископам.
- ❖ Ако бидеш магаре, секој ќе те јава.
- ❖ Ако бидеш мост, секој ќе те гази.
- ❖ Ако била арна кавгата, в бавча би ја посеале.

- Ако бумбарот збира мед, многу ќе собере.
- Ако врне се жалат на влага, ако не врне се жалат на суша.
- Ако ги слушаше Господ кучињана, пастрма ќе врнеше.
- Ако ги слушаше Господ магарињана, ниеден самарџија не ќе останеше жив.
- Ако го гледаш со едното око, тој ќе те гледа и со двете.
- Ако го менувал рувото, ама табиетот не.
- Ако го најдеш попот, ќе је најдеш и попадиката.
- Ако го пуштиш под одарот, ќе се качи на одарот.
- Ако гори куќата од комшијата, варди ја и твојата.
- Ако гости примаш и чест ќе имаш.
- Ако даваш и ќе земаш.
- Ако даде јалова крава теле, та и тој да даде.
- Ако дадеш со десната рака милостина, гледај да не те дознае левата.
- Ако дадеш со раце, ќе го бараш со нозе.
- Ако две ништа се спојат, ќе имаме нешто.
- Ако дојде ти да проговориш, та тој.
- Ако е арен, одведи си го дома.
- А̀ко е виното кисело, ама срцето ни е весело.
- Ако е добар газдата, ќе биде добар и момокот.
- Ако е добар косачот и косата е добра.
- Ако е жената млада, јадењето е невкусно.
- Ако е за фајде, доста е.
- Ако е за џабе и киселината е убава за пиење.
- А̀ко е испасена тревата, корењата уште стојат.
- Ако е јунак, нека излезе на мегдан.
- А̀ко е колиба – наша е.
- Ако е кус денот, долга е годината.

- Àко е куќата мала, ама да има пиење и веселба.
- Ако е мажот пијаница, жената ќе биде маченица.
- Ако е мачно да се зборува, не е мачно да се молчи.
- Àко е медот благ, ама прстите не се јадат.
- Ако е мома, нека си седи дома.
- Ако е мрсно, нека е свинско.
- Ако е некој улав, не биди му другар.
- Ако е од татко ти, ќе се погодиме, ако си го спечалил ти – тешко.
- Ако е Петко ќор, децата му се опулени.
- Ако е пишано, да се отпише.
- Ако е познавач, нека познава за себе, а не за друг.
- Ако е речено, да се одрече.
- Ако е секој господин, не ќе има кој да работи.
- Ако е селото весело и мојава фурка ќе преде.
- Ако е сила силовита, не е вековита.
- Ако е стар, не ќе му го вариш месото.
- Ако е тесно, не е бесно.
- Ако е тој појак, ти биди побрз.
- Ако е цар, не носи две глави.
- Ако е човек кус на панталони, ќе му ги наддадеш, ама ако е кус на умот, не можеш да му додадеш.
- Ако е човек слаб на лице, ама нека е здрав на срце.
- Ако е човекот сиромав, барем да е здрав.
- Ако е чорбаџија, не е Господ.
- Ако живееме во село, трева не пасеме.
- Ако зборуваш – лош си, ако молчиш – ќе пукнеш.
- Ако зимата не каса со забите, ќе опсучи со опашката.
- Ако зимата не каса, ќе клоцне.

- Ако зине, ќе те голтне.
- Ако знаеме каде сме се родиле, не знаеме каде ќе умреме.
- Ако знаеш да зборуваш, научи се и да слушаш.
- Ако и да има човек многу стока, пак ќе има нешто неугодно в куќа.
- Ако ѝ служиш на парата, најсиромав си.
- Ако игра мечката пред вратата од комшијата, ќе заигра и пред твојата.
- Ако има вадачка, ќе има и јадачка.
- Ако има век, ќе има и лек, ако нема век, ќе нема ни лек.
- Ако има вино за пиење, јас немам глава за трошење.
- Ако има во кацата, ќе има и во тавата.
- Ако има во чинијата, ќе има и во лажицата.
- Ако има масло и од папратта манџа бидува.
- Ако има пари, има секаде; ако нема пари, нема никаде.
- Ако има среќа, нема да биде штета.
- Ако имаш верни пријатели, ќе имаш и пари.
- Ако имаш вујко владика, лесно ќе станеш поп.
- Ако имаш лична жена, не оди на туѓина.
- Ако имаш маша, не фаќај го огнот со рака.
- Ако имаш многу пари, фати се ќефил, а ако немаш работа, оди за сведок.
- Ако имаш пари, секој за татко те сака.
- Ако имаш пари, секој ќе те фали.
- Ако имаш пријатели за да ти пијат чаши, дури е бргу, оставај.
- Ако имаш ќе ти завидуваат, ако немаш ќе те кудат.
- Ако ја згазиш змијата на опашката, ќе се сврти да те укаса.
- Ако ја изел ѓаволот баницата, тепсијата на мегдан.
- Ако ја менувал капата, не си го менувал умот.

- Ѝко јадам манџа во ваган, ама да е од наш грнчар направен.
- Ако коза лаже, рог не лаже.
- Ако лагата осамне, мракот не ја чека.
- Ако ловџијата секогаш уловеше, не ќе се викаше ловџија.
- Ако лошото не бега од тебе, бегај ти од него.
- Ако луѓето не се бесни, куќата не е тесна.
- Ако мајката не го остави, детето нема да заплаче.
- Ако ме мамат, те мамам.
- Ако ме нејќат среде во рај, нека ме сакаат на крај.
- Ако мелеш, ќе месиш.
- Ако месечината не огрее и од ѕвездите нема фајде.
- Ако мешаш мед, сѐ ќе ги лизнеш прстите.
- Ѝко ми биеш сенката, кога не ми биеш снагата.
- Ако ми бркнеш в очите, ќе ти бркнам и јас.
- Ако ми е весел комшијата, побргу ќе си ја свршам работата.
- Ако ми згазнеш на сенката, на к’сметот не можеш да ми згазнеш.
- Ако ми намигнеш, ќе ти намигнам.
- Ѝко ми паднале обетките, ушиве уште ми стојат.
- Ако ми паднеш в рака, ќе ти скројам капа.
- Ако ми попредеш, ќе ти поткаам.
- Ако мирно седела, не би чудо видела.
- Ако мислиш зло на друг и сам го чекај.
- Ако многу знаеш, ќе те тепаат.
- Ако можеш со сила да му земеш, со сила не можеш да му дадеш.
- Ако му го подадеш прстот, ќе ти ја грабне и раката.
- Ако му даваш на мало дете сѐ што сака, ќе те натера да му ја симнеш и месечината.
- Ако му згазиш на човек на стапалката, не гази му на

работата.

- Ако на Божиќ нема бело, ќе нема на Ѓурѓовден зелено.
- Ако најдеш некаде поарно, викај ме и мене.
- Ако научи книга, не го собра и умот.
- Ако не бега бељата од тебе, бегај ти од неа.
- Ако не биде со молба, ќе биде со борба.
- Ако не веруваш, сам оди и мери.
- Ако не во тиква, нека е во црпка.
- Ако не врне, ќе капе.
- Ако не ги арчеше човек парите што ги вадеше, калдрма од нив ќе направеше.
- Ако не дадеш труд, ќе јадеш леб и лук.
- Ако не е благо, ќе биде горко.
- Ако не е вака како што ти велам, мустаќиве ќе ги фрлам в нужник.
- Ако не е лажга, верно е.
- Ако не жнееш, нема да вееш.
- Ако не заврне дожд, нека падне и град.
- Ако не зедовме денеска пари, барем дадовме.
- Ако не знаеш да зборуваш, знаеш да молчиш.
- Ако не знаеш да лажеш, немој ни да крадеш.
- Ако не знаеш што е убаво, прашај што е скапо.
- Ако не знаеш, немој да се каеш.
- А̀ко не лажеш, ама ако лажеш, речи да се сториш како прстов.
- Ако не ме сакаат во рајот, во пеколот со тапани ме викаат.
- Ако не ме шиеш, не парај ме.
- Ако не ми беа очиве да видам, можеше и да се излажам.
- Ако не ми помагаш, не одмогнувај ми.
- Ако не ми се очиве за целивање, за распознавање на

лошото и арното ми се.

- Ако не можеш да бидеш богат и личен, можеш да бидеш умен и чесен.
- Ако не можеш да ја фатиш за грива, фати ја за опашка.
- Ако не можеш да направиш како сакаш, направи како можеш.
- Ако не можеш еден оган да изгасиш, не го ни разгорувај.
- Ако не му беше носот, трева ќе пасеше.
- Ако не носиш старо и ново нема да носиш.
- Ако не остане, нема да стигне.
- Ако не помогне правината, кривината – никогаш.
- Ако не почнеш, нема да завршиш.
- Ако не раниш кучиња, ќе раниш волци.
- Ако не раниш мачки, ќе раниш глувци.
- Ако не расипеше, не ќе научеше.
- Ако не се истури, не може да се наполни.
- Ако не се учи, не може да се научи.
- Ако не си ги отвораш, друг ќе ти ги отвори.
- Ако не стапнеш во оган, нема да се изгориш.
- Ако не сум личен, сум чесен.
- Ако не те чека честа, ни со најбрз коњ не можеш да ја втасаш.
- Ако не тече, барем да капе.
- Ако не умее да направи, умее да расипе.
- Ако не чукаш, не ти отвораат.
- Ако некој скокне да се дави, не ќе се фрлиш и ти по него.
- Ако нема дрва, огнот не гори.
- Ако нема момица, арна е и вдовица.
- Ако нема прашување, нема ни кажување.
- Ако немаш во главата, ќе имаш во петите.

- Ако немаш пари и жената не те чести.
- Ако немаш пари, не барај од стари.
- Ако немаше темница, виделината ич не ќе ни беше мила.
- Ако немаше темница, не ќе требаше свеќа.
- Ако нешто не разбираш, остави го.
- Ако носиш од една страна ракија, од другата носиш ќотек.
- Ако одиш по далечниот пат, порано ќе втасаш.
- Ако оџакот е крив, чадот нека оди право.
- Ако оџакот не тегли, ти ќе теглиш.
- Ако паднам, од маж да паднам, а не од жена.
- Ако паднам, пак ќе станам, не сум грне да се скршам.
- Ако паднам, пак ќе станам, не сум дете па да плачам.
- А̀ко палтото е мусо, само да не е кусо.
- Ако пиеш вино, вино пиј, а не пиј си го умот.
- Ако пијам, за мои пари пијам.
- Ако помогнеш, ќе ти помогнат.
- Ако посадиш, ќе копаш.
- Ако посееш, ќе жнееш.
- Ако постиш, работиш и учиш, ќе имаш, ќе вредиш и ќе можеш.
- Ако правината не помогне, кривината никогаш.
- Ако правиш манастир, стави му и врата.
- Ако пријателот ти е од мед, не го јади целиот.
- Ако работиш, ќе јадеш.
- Ако реков, дупка на небо не се отвори.
- Ако реков, не пресеков.
- Ако рекол Господ, да одрече.
- Ако сака Господ, сѐ ќе биде.
- Ако сака да изгорам од горештина, ама јас ќе одам.

- Ако сакаш голема лажица, земи и голема мотика.
- Ако сакаш да го отепаат некој пес, речи оти е од бес.
- Ако сакаш да ти е мирна главата, не ја ставај в торба.
- Ако сакаш некого да го збудалиш, пофали го.
- Ако сакаш некого да го познаваш, направи го големец.
- Ако сакаш некого да го познаваш, треба една вреќа сол да изедеш со него.
- Ако се боеше дедо од врапците, просо не ќе посееше.
- Ако се бориш со жена и ја паднеш, голем срам ќе си донесеш.
- А̀ко се брзи волови, нивите се поделени на стопани.
- Ако се изгориш од млеко, ќе дуваш и на матеница.
- Ако се јадеше, не ќе висеше.
- Ако се лути, бргу ќе се одлути.
- Ако се лути, нека го лупи.
- Ако се лути, нека се напие троа киселина и ќе се одлути.
- Ако се мрсиш, омрси се со сирење, а не со урда.
- Ако се налути сам, сам ќе се одлути.
- Ако се налути, бестрага нека фати.
- Ако се ожениш, арно ќе сториш, ама гледај дали ќе можеш жената да ја раниш.
- Ако се плашам од снегот, нема да зазими.
- Ако се стори баба момичка, порано ќе се стори дедо беќар.
- Ако се стори човек арамија, по себе си ја влече ортомата.
- Ако се сториш мед и мувите ќе те плукаат.
- Ако си арен, за себе, ако си лош, пак за себеси.
- Ако си богат, секому си крив.
- Ако си волк, секој ќе бега од тебе.
- Ако си вреден, нема да си беден.
- Ако си заиграл на оро, ќе играш дури не досвири.

- ❖ Ако си ја тепаш жената, си ја тепаш главата.
- ❖ Ако си мед и глувците ќе те јадат.
- ❖ Ако си мек, ќе те газат како кал, ако си благ, ќе те јадат како шеќер.
- ❖ Ако си мома, седи си дома.
- ❖ Ако си мост, секој ќе те гази.
- ❖ Ако си муштерија, лесно ќе се погодиме.
- ❖ Ако си овца, волците ќе те најдат.
- ❖ Ако си овца, секој ќе те стриже.
- ❖ Ако си ортак во работата, не си ортак во верата.
- ❖ Ако си помагаме еден на друг и Господ ќе ни помогне.
- ❖ Ако си постелеш, ќе легнеш.
- ❖ Ако си сиромав, барем не биди мрсулав.
- ❖ Ако си сиромав, не токми се со богат.
- ❖ Ако си ќелав, не седи гологлав.
- ❖ Ако слепец слепец води, двајцата в ендек ќе паднат.
- ❖ Ако сме браќа, ќесињата не ни се сестри.
- ❖ Ако сме се скарале, очите не сме си ги извадиле.
- ❖ Ако снема чавки, ќе снема и кокошки.
- ❖ Ако срце фурка не држи, појас ич нема да држи.
- ❖ Ако суд не те фаќа, тогаш стапот ќе те фати.
- ❖ Ако сум здрав, зошто ми е имот, ако сум болен, зошто ми е имот.
- ❖ А̀ко сум парталав, сум чесен.
- ❖ Ако сум сиромав за многу, за малку не сум.
- ❖ Ако сум ти жена, не сум ти робинка.
- ❖ Ако сум црн, не сум Ѓуптин.
- ❖ Ако те удри некој со камен, ти удри го со леб.
- ❖ Ако ти даваат, земај.

- Ако ти е арен комшијата, арен ти е и животот.
- Ако ти е жената верна и работна, полна ќе ти биде куќата.
- Ако ти е жената млада, не седи многу во туѓина.
- Ако ти е жената многу лична, не пуштај ја сама на свадба.
- Ако ти е криво лицето, не лути му се на огледалото.
- Ако ти е слаб умот, да ти е јак грбот.
- Ако ти е тебе мило, мене не ми е.
- Ако ти е топла постелата, ќе ти биде студен ручекот.
- Ако ти е џебот искинат, не вреди да го полниш со пари.
- Ако ти ја клаат алката на носот, како мечка низ село ќе те водат.
- Ако ти ме гледаш со едното око, јас ќе те гледам со двете.
- Ако ти на смеа си се женел, јас на смеа не сум се омажила.
- Ако ти подадат прст и раката ќе ја побараш.
- Ако ти се врзани рацете, устата не ти е врзана.
- Ако ти се фати за пола, кини ја полата.
- Ако треба сѐ да знаеш, не треба сѐ да правиш.
- Ако треба, ќе те најдам и под земја.
- Ако тропаш по туѓи врати, ќе ти тропаат и на твојата.
- Ако трпиш, како бег ќе живееш.
- Ако ум нема сам, не тежи ниту грам.
- Ако умрам, зар векот ќе го сотрам.
- Ако фатиш богати пријатели, подготви повеќе трошоци.
- Ако фрлиш зад тебе, ќе најдеш пред тебе.
- Ако човек сам не се посрамоти, никој не може да го посрамоти.
- Акот си оди кај стопанот.
- Ал’ да имаш, ал’ да немаш.
- Ал’ има тој, што јас немам.

- Ал’ со жена, ал’ без жена.
- Ал’ стои прав на тапан, па на него пари.
- Алал да ти е млекото мајчино.
- Алал стока не гине – и да загине, пак ќе се најде.
- Алвата е слатка и без леб.
- Алваџија за бозаџија.
- Али вино, али вода, али кажете да си одам.
- Али млад жени се, али млад калуѓери се.
- Али се стори човек арамија, тој веќе си ја клал главата в торба.
- Алиштата ако ти се издрпани, никој за богат не те есапи.
- Алиштата го покажуваат човекот за богат и сиромав.
- Аловито – вековито.
- Алчниот и лажгото веднаш се договараат.
- Алчноста е посилна и од стравот.
- Алчното око по богатство трча.
- Амин, Господи, ама многу е.
- Ана бара мана.
- Ангел на лице, ѓавол на срце.
- Ангел со опашка.
- Ангел со рогови.
- Ангелино, парај колче: ноќе везеш, дење параш.
- Анета преде, а Павле меле.
- Апетитот е скриен под забите.
- Апсана – куќа сиромашка.
- Арам дошло, арам пошло.
- Арам дупка не знае.
- Арам му носија, алал му јадење.
- Арам стока спечалена, не ќе оди до три појаса.

- Арам стока спечалена, ќе истече како вода.
- Арамија да си со умот, а не со раката.
- Арамија од арамија не се срамува.
- Арамија со арамија си живее и на заем си дава.
- Арамија таткото, арамија и синот.
- Арамијата арамија фаќа.
- Арамијата е бериќетлија колку барутот.
- Арамијата и ноќе гледа, ама и од сенката се плаши.
- Арамијата и со скорни да шета низ чаршија, пак никој чест не му дава.
- Арамијата има и на тилот очи, а пак дење не му се гледа.
- Арамијата сеедно краде, а богат или трговец не може да биде.
- Арамот секогаш си е арам.
- Аргатинот е болен, кога денот е голем.
- Аргатски маки.
- Арен ак’л, ама малку пари чини.
- Арен бивол, само роговите му се куси.
- Арен глас – златен појас.
- Арен грб не се плаши од самар.
- Арен е Господ што го држи.
- Арен збор – златен клуч.
- Арен јунак со добра дружина.
- Арен маж на збор не стои.
- Арен оган – пофална жена.
- Арен си, арен ти камен на главата.
- Арен ти е зборот, ама тиквен ти е грошот.
- Арна дума железни порти отвара.
- Арна капа – лоша глава.

- Арна ли ти е жената, свадба не ти треба.
- Арна мома род нема.
- Арна пролет – трева до колена.
- Арна стока сама се познава.
- Арната дума стига далеку, а лошата уште подалеку.
- Арната жена е од Бога благословена.
- Арната момичка лош к’смет има, а лошата арен.
- Арната овца многу не блее, ама многу млеко дава.
- Арната работа се заборава.
- Арната стока сама се продава.
- Арни пријатели и од брат се помили.
- Арниот збор далеку се слуша, а лошиот уште подалеку.
- Арниот збор железна врата отвора.
- Арниот збор и царска врата отвора.
- Арниот јунак дома не умира.
- Арниот јунак со дружина голема.
- Арниот коњ стопанот од лошо го куртулисува.
- Арниот таксидар ги продава и двата вола, а лошиот едниот.
- Арниот човек сѐ добрина прави и пак никому не се фали.
- Арните круши свињи ги јадат.
- Арните работи по кротко се прават.
- Арно братство, помило од богатство.
- Арно ѓубре – арен дом.
- Арно е да имаш жена и умна и лична, арно ама Господ две добра на едно место не дава.
- Арно јади, ама и арно работи.
- Арно пееш, ама гласот не ти чини.
- Арно ти што си видел, ами јас што не сум видел.
- Арното лето се познава по пролетта.

- Арното на огниште, стоката на буниште.
- Арното не доаѓа веднаш, а лошото дури да трепнеш со око.
- Арното секој го фали, ама секој не го држи.
- Арното си е секаде арно, а лошото – секаде лошо.
- Атовите кога се клоцаат, магарињата поарното сено го јадат.
- Ах за челад, оф за челад.
- Ах, кога младост би знаела, кога старост би можела!
- Баба за круши не се лаже.
- Баба мами, трап не мами.
- Баба шамија носи за да скрие бели коси.
- Бабата гледаш, биволот не гледаш.
- Бабата кога бае и со устата зјае.
- Бабата не ја гледа кофата, сакаш да ја види иглата.
- Бабини деветини.
- Бавна дума брзо оди.
- Бадијала да работиш, откога не те брка работата, нема што да спечалиш.
- Бадијала киселина од мед е послатка.
- Бадијала работи, бадијала не седи.
- Бадијала ручек подувува.
- Бало со ѓавол не се игра.
- Бањата сите ги мие, а себеси не може да се измие.
- Бара колец во урдата.
- Бара леб над погачата.
- Бара шут рогови, ќе ги загине и ушите.
- Бараат беља со борина.
- Бараат беља со пари.
- Бараат влакно в јајце.

- Бараат игла в плева.
- Бараат сешто како трудна жена.
- Барај го арниот пријател за да го најдеш.
- Барај го доброто и најди го, оти не ти доаѓа само.
- Барај го доброто и по земја и по небо.
- Барај го доброто, и купи го скапо.
- Барај го доброто, оти поскапо е од златото.
- Барај да го најдеш, сакај да ти даваат и чукај да ти отворат.
- Барај жена да најдеш од соj, па ако е сиромашка.
- Барај к'смет во работата, а не во надежта.
- Барај му ги на даскалот назад парите.
- Барај работа, оти ако не работиш, ќе бидеш за срамота.
- Барут и оган не се клават едно до друго.
- Бачило од свињи не се прави.
- Бега волот да не влезе во јаремот.
- Бега како ѓавол од крст.
- Бега како змија од оган.
- Бега како некој елен треќак.
- Бега како некоја јагула, што се лизга од рака.
- Бега ли комшијата, бегај и ти.
- Бегаат како ѓавол од темјан.
- Бегаат како од чума.
- Бегав, бегав и добегав.
- Бегај далеку од бележано нешто.
- Бегај до кај те нозе дражат.
- Бегај од лошото додека не дошло.
- Бегај од пијаниот како од улавиот.
- Бегај од пијаницата, ниту оди му во куќата.

- Бегал волот дека го дупнал штркелот.
- Бегал од дожд, удрил на град.
- Бегал од ѓаволот, паднал на врагот.
- Бегањето му е мајката.
- Бедна кула – една кула.
- Бежанова бело носи, а Стојанова црно.
- Бежанова мајка црно не носила.
- Без алат, нема занает.
- Без бавча – половина сирак, без мака – цел.
- Без белачка нема живеачка.
- Без Бога нема добрина.
- Без Бога нема слога.
- Без Бога ни до прагон.
- Без време ништо не зрее.
- Без голема работа, нема голема слава.
- Без дури не зијани трговецот, не добива.
- Без дури не паѓа дете, не може да се научи да оди.
- Без дури не пати човек, не може да се научи.
- Без дури не се испотиш, в амбар не можеш да туриш.
- Без жена куќа, клај ѝ го огнот од врата и изгори ја.
- Без здравје нема богатство.
- Без леб можам, без тутун не можам.
- Без мака – нема ука.
- Без мака нема наука.
- Без мака нема раат.
- Без мака ни песна не се пее.
- Без Мара не бива попара.
- Без мерка кој јаде, бргу ќе се разболи.

- Без мерка кој работи, бргу ќе се умори.
- Без невоља нема на Бог молба.
- Без нож ме колеш.
- Без пари го купив, без пари го продавам.
- Без пари не може човек да живее.
- Без пари се коњ не кове.
- Без пот нема бериќет.
- Без пот нема род, ако садиш ќе јадеш.
- Без потреба не оди на капијата.
- Без прашање само магаре одговара.
- Без пушка на лов се не оди.
- Без работа – без леб, без работа – без чест.
- Без работа леб нема.
- Без слобода како риба без вода.
- Без стари, не се прават пари.
- Без татко половина сирак, без мајка цел сирак.
- Без труд не се ора со плуг.
- Без ќар ти го продавам.
- Без фајде овца, трн му под опашка.
- Без чарк воденица не меле.
- Бела свеќа дење не се пали.
- Бели пари за црн век.
- Бели пари за црни дни.
- Белите раце туѓа работа бараат.
- Белки не е сè толку црно.
- Бело е момето како од котелот газерот.
- Бело му е лицето, а црно му е срцето.
- Бело преде – црно носи.

- Белото видело е најмило.
- Белото не прави го црно кога те фаќа инаетот.
- Белото си е секогаш бело, а црното – црно.
- Белото црно не бидува.
- Бељa работа, не се учи човек да е.
- Бељa човек пари да има, бељa да нема.
- Бељата е во торбата.
- Бељата е сирак.
- Бељата нема ни нозе ни раце, а пак свршува.
- Бербер ли си, секакви бради ќе стрижеш.
- Берберот ќе бриче и здраво и ќелаво.
- Бере гајле зашто комшијата се збогатил.
- Бере гајле зашто кучињата одат боси.
- Бери мажи, тажи.
- Бери памет да не береш душа.
- Бериќетот се раѓа кога и Господ го благословува.
- Бес си бараше, два си најде.
- Бесен газ – крвав нос.
- Бесна коза – пресна рана.
- Бесна челад в тесна куќа не бива.
- Бесно куче и на чорбаџијата се фрла.
- Бесот глави кине.
- Би ги скарал двете очи во главата.
- Би свадба, помина, секој дома на попара, дури мајка не го окара.
- Би свадба, секој со чест дома да си оди за да не се посрами.
- Бивол во бавча не се пушта оти сета ќе ја исцапа.
- Биди ербап, јади ќебап.
- Биди му на ѓаволот другар, ако сакаш да те турне в бунар.

- Биди потрпелив за секоја работа.
- Биди човек, а не нечовек.
- Биј го самарот да се сети магарето.
- Било и поминало.
- Било што да работиш, мисли на крајот.
- Било, за тоа се кажувало.
- Бистра вода се пие.
- Бистра водица, мирна главица.
- Блага водичка – потурни лебец, рекол сиромавиот кога јадел сув леб.
- Блага дума железна врата отвора.
- Благиот збор и железна врата отвора.
- Благо секој јаде.
- Благодарноста е полесна од перото.
- Благословено е пиењето – проклето е пијанството.
- Благословено е телото кое работи за душата.
- Благото понекогаш излегува горко.
- Блазе на тој што дава, а не бара.
- Блазе на тој што знае да крои.
- Блазе на тој што има бел образ.
- Блазе на умната глава и вредната рака.
- Блазе си ѝ на таа мајка што го родила!
- Блазе си ми кога имам кој да ме пере.
- Блазе си му на тој татко што има челад прокопсана.
- Блазе си му на умниот меѓу будалите.
- Блазе си ти бре будала!
- Блее по мене како овца по јанге.
- Ближната `рж е поблага од далечната пченица.
- Боб јади, коњи кради.

- Бог да бие таа мома, што без љубов седи дома.
- Бог да ве чува од оган, од вода и од лоша жена.
- Бог да нѐ пази од сиромашија и од простотија.
- Бог да нѐ чува од луди, млади.
- Бог да нѐ чува од преправени светци.
- Бог да нѐ чува од стари неразбрани.
- Бог да пази од лоши жени, од калуѓери и од лоши другари.
- Бог да прости кој ме гости сношти.
- Бог да прости кој оставил.
- Бог да те чува да не ти клекне мајстор в куќа.
- Бог да те чува кога слеп ќе прогледа.
- Бог да те чува од домашен арамија.
- Бог да те чува од зла среќа.
- Бог да те чува од лажибогородица.
- Бог да те чува од невиден жар.
- Бог да те чува од пијани жени.
- Бог да те чува од улав пријател.
- Бог дава, ама в кошара не клава.
- Бог давал, давал, па заборавил.
- Бог дал, свети Илија зел.
- Бог доброто – на душмани злото.
- Бог е во срцата на тие што го бараат.
- Бог на никој не останал должен.
- Бога да молиш и лошо да правиш, не верувај да се спасиш.
- Богат е тој што зема од богатите.
- Богатиот зборува седејќи.
- Богатиот и лудиот работат што сакаат.
- Богатиот човек на секого в очи му бие.

- Богатите го носат мозокот в џебот.
- Богатите стануваат побогати.
- Богатите чалми носат, а сиромасите и без капа одат.
- Богатото момче младо се жени.
- Богатството е како кал на рацете.
- Богатството нема наситство.
- Богатството носи многу пријатели.
- Богатството раѓа грижи.
- Бодливиот вол боде и без рогови.
- Божјето око гледа на луѓето.
- Божјето око гледа насекаде.
- Біј се од Бога и не біј се од никого.
- Болен здрав носи.
- Болен лежи лошиот човек, на постела е и пак од лошото не се остава.
- Болен се кани да јаде, а здравиот и да не го каниш, ќе си јаде.
- Болен се моли.
- Болен човек душа бере, па за живот мисли.
- Болен човек, половина човек.
- Болест душа не вади: болниот станува, здравиот умира.
- Болеста е по луѓето, а не по планините и по камењата.
- Болеста лесно доаѓа, лесно не си оди.
- Болеста не дава да молчиме.
- Болеста не прашува кога ќе дојде.
- Болеста се фаќа за човек како некоја пијавица.
- Боли го заб, та криви.
- Болна година.
- Болна жената, болна и куќата.

- Болниот во болеста најмногу за гревот се сеќава.
- Болниот душа бере и пак се надева да не умре.
- Болниот малку јаде, ама многу арчи.
- Борба на живот и смрт.
- Бори се со злото и викај го на помош доброто.
- Борчлија ако си молчи, малку дава и многу моли.
- Борчлијата во устата мед нека има, ама со раката во џеб нека посега.
- Борчлијата треба да се моли, ако нема да си плати.
- Борчот е лош другар.
- Борчот е полош и од волкот.
- Бос оди, пиштол носи.
- Бостанот го обравме, остана уште да ја запалиме колибата.
- Брада му пораснала, ама умот не.
- Брада царска, а глава воденичарска.
- Брадата арно ја има бела, туку главата ја има зелена.
- Брадата не го чини филозофот.
- Брак без деца, како ден без сонце.
- Брак и гости куќа пусти.
- Брат без помош, ѓавол се вика.
- Брат брата не рани, тешко кој го нема.
- Брат за брат миразџија.
- Брат за брата – сирењето за пари.
- Брат не е брат, комшијата е брат.
- Брат од брат кога се помага и Господ ќе ги дарува.
- Брат по брата, сите низ врата.
- Брат помогнат од брат, појак е од еден град.
- Брат против брат, полош е од најголем враг.
- Брат само мајка раѓа.

- Брате, брате, полна уста.
- Братската љубов појака е и од железно кале.
- Браќа колку и да се караат, пак ќе се смират.
- Браќата тврдина, а невестите сабји.
- Брачното тенџере секогаш врие.
- Брблива жена е како некоја празна воденица.
- Брблива жена никој не милува.
- Брбливиот поп ни тој разбира што пее, ни тој што го слуша.
- Брз е зајакот, ама побрз е ‛ртот.
- Брз коњ се стига, ама брз збор не се стига.
- Брза како змија.
- Брза кучка слепи кучиња раѓа.
- Брза помош – двојна помош.
- Брзата вода бргу истекува.
- Брзата и силната вода и од камен мост турка.
- Брзата работа брзо се расипува.
- Брзиот човек не оди да пие вода на чешма, ами жедниот оди.
- Брикова огрева – зетова привида.
- Бричи ли се комшијата, топи се и ти.
- Бркавме волк, излезе лисица.
- Бркај го лошото дури не ти дошло.
- Брчките на челото ќе избришат сѐ.
- Будала давал – итар јадел.
- Будалата ако имаше рогови, сите ќе го познаваа.
- Будалата и на брашно се смее.
- Будалата лесно се прелажува.
- Будалата нема рогови.
- Будалата се гнете во лошото како слепиот во кашата.

- Будалата се смее и кога не е за смеење.
- Будалиот талка, а умниот патува.
- Буицата кај што ќе влезе, целиот род ќе изумре и куќата ќе ја запусти.
- Бура во чаша вода.
- Вади си вода од новиот бунар, но не плукај по стариот.
- Валкан човек нема долг век.
- Вардењето не е страв.
- Варди го попот, за да е мирно селото.
- Варди дури не се затркалало клопчето.
- Варди се да не се поболиш, оти мачно можеш да оздравиш.
- Варди се да не ти речат бисерко.
- Варди се дури си здрав, зашто што марифет од кога ќе си ја клаиш чивијата.
- Варди се и Господ да те варди.
- Варди се од злото дури не ти дошло.
- Варди се од матна вода!
- Варди се од слеп да не прогледа.
- Варди се од терзија арамија.
- Варди се од тој што нема вера и што не верува во Бога.
- Варен, варен, та дури печен.
- Варено, печено, нам ни било речено.
- Вари го, печи го, гајда си е гајда.
- Ваши деца, ваши судии.
- Ведра ноќ како рибино око.
- Веѓи како пијавици.
- Веков е колце – се врти.
- Веков е скала: еден качи се, друг слези.
- Веков за лошите е рај, а за арните маки без крај.

- Вели му ти на човек арно, ако тој ти рече лошо.
- Велигден е еднаш во годината.
- Велигденски пости многу се долги.
- Вера – мера.
- Вера да веруваш, ама и добри работи да правиш.
- Вера е да се држи, а закон е да се варди.
- Вера имало од века и ќе има довека.
- Вера планини поместува.
- Вера со пари кој купува, тој бргу ја остава.
- Верата е стара и млада.
- Верата ни се фаќа, ни се гледа; ни се јаде, ни се мириса.
- Верата од Бога е оставена.
- Верата си е вера, законот си е закон.
- Верата со пари не се купува.
- Верата Христова го омекнува човек.
- Верен измеќар, цел стопан.
- Верен слуга – здрав клуч.
- Вересија – гола шија.
- Вересија – истреси ја.
- Вересија – реси ја.
- Вересија кој дава, непара ќе напредува.
- Вересија, потресија, дај со раце, барај со нозе.
- Верувај му на момчето, ама и на окото.
- Весело срце кадела преде.
- Веселото срце е благотворен лек.
- Ветар го вее на бела кобила.
- Ветар дупка не полни.
- Ветар му вее низ ушите.

- Ветар тера со капата.
- Ветар фати, ветар пушти.
- Ветрот дебелите дрвја ги урива, а слабите ги витка.
- Ветрот е најсилен пред да стивне.
- Ветрот кога да вее, од никого не се бои.
- Ветрот крпи, конци губи; старо љуби, дни си губи.
- Ветрот од кај што доаѓа и кај што оди, никој не знае.
- Ветрот ќе повее, песокта ќе остане.
- Ветрот ќе помине и плевата ќе одвее.
- Ветрот што ќе донесе, ѓаволот ќе однесе.
- Ветуваат ридови и долини.
- Вечерва кучето и мачето заедно ќе спијат.
- Видела жабата ќе се потковуваат коњите, та и таа је кренала ногата.
- Видела камилата уши, побарала рогови.
- Виденото е поарно од чуеното.
- Види го прво дрвото, па после седни под него.
- Види му ги опинците, та пушти го дома да ти влезе.
- Види му главата, па му крои капата.
- Види му го другарот, па го есапи каков е.
- Види му го умот, крои му капа.
- Види му го умот, купи му ја стоката.
- Види му го умот, суди му за дома.
- Види му рацете, па главата.
- Види поп, јади боб.
- Види се сам, па наоѓај мана на другите.
- Види си в кесе, па после купи си прасе.
- Видиш ли луд, не станувај му другар.
- Видиш ли матна вода, не гази ја.

- Видов, не видов, чув, не чув.
- Вие како бесно куче.
- Вие му се свет в главата.
- Викај додека имаш јазик.
- Викај ме грне, само не крши ме.
- Викај по волкот додека не влегол в трлата.
- Викај по волкот додека не го однел јагнето.
- Викнала баба гости, па седнала да пости.
- Викни го волкот да ти варди булукот.
- Вино купувај, вода пиј.
- Виновникот се плаши дури и од сенката.
- Виното го прави човек и везир и резил.
- Виното е вага на која се мерат луѓето.
- Виното е крв на земјата.
- Виното и ракијата немаат нозе, ама по нозе маваат.
- Виното и умниот го збудалува.
- Виното како што стои в бочва, не стои во човекот.
- Виното кој препива, куќа си растура.
- Виното не седи во главата мадро како во шишето.
- Виното понижува, ракијата скарува.
- Виното раце нема, а за очи фаќа.
- Виси во воздух.
- Високите планини си ги носат своите тежини.
- Високо дрво плод нема.
- Високо орелот лета, затоа далеку гледа.
- Високото дрво и чавките го серат.
- Високото небо крај нема, длабокото море брод нема.
- Вистина на чистина.

- Вистината боцка.
- Вистината ги затвора устите.
- Вистината е јадење коешто на никого не му годи.
- Вистината е како пипер в очи.
- Вистината ѕвони како селски камбани.
- Вистината и зејтинот секогаш излегуваат на површината.
- Вистината има убаво лице, но лоша облека.
- Вистината не ја менува бојата.
- Вистината оди со скршена глава.
- Вистинската љубов тешко се открива.
- Вистинскиот пријател е помил од сѐ.
- Витки како греди.
- Вјавај ме, желко, дури лета орелот над мене.
- Вјасај за бргу да втасаш, ама гледај да не се препнеш.
- Владика Турчин не станува.
- Влакното го цепи.
- Влакното се кине дека е тенко.
- Влегува како в ан.
- Влезе низ врата, ама излезе низ пенџере.
- Влечкај стапот, земај акот.
- Внесе гламна в плевна.
- Внучето е помило од детето.
- Во брзата вода човек не се дави, во тихата ќе се удави.
- Во водата се огледува лицето.
- Во воденица се по двапати повторува.
- Во волов рог да се скрие човек, и пак смртта ќе го најде.
- Во голема вода големи риби се ловат.
- Во големата душа и болката е голема.

- Во големата слама има сѐ.
- Во градот по пари, а на село по разум.
- Во делник зелник, во празник попарник.
- Во ѓол влезе, сув излезе.
- Во еден миг.
- Во една рака носи камен, а во другата леб.
- Во една уста плукаат.
- Во едното уво влезе, во другото излезе.
- Во жалоста и старите се како децата.
- Во затворена уста мува не влегува.
- Во здрава нога трн не се клава.
- Во јазикот мед носи пчелата, а на газот отров.
- Во која куќа нема мачка, глувците оро водат.
- Во кревет работа не свршуваш.
- Во куќата на мрзливиот се множат само соништата.
- Во лето има на секое трнче и лепче.
- Во лето спечали си, во зима јади си.
- Во лице ти се умилува, а зад тебе гробот ти го копа.
- Во лозје пошол тамаќарот и грозје не зобнал.
- Во лошото човек се познава каков е.
- Во маката раат не те остава.
- Во маката човек не се познава.
- Во мала вода јадра риба не живее.
- Во мало село многу кучиња.
- Во матна вода не се лови.
- Во меана кој влегува често, не излегува трезен.
- Во меаните се арчат пари со пот неспечалени.
- Во море на дно влезе и пак сув излезе.

- Во морето дупка.
- Во морето со лажица притура.
- Во мустаќ нека му каже.
- Во неволја и песот болви јаде.
- Во неволја не се плаче, туку чаре се бара.
- Во неволја чаша отров е поблага од печено јагне.
- Во неволјата учиме, а во слободата се разучуваме.
- Во несреќата и свињата вујко се вика.
- Во ново грне што прво ќе ставиш, на тоа ќе мириса.
- Во ноќта сите мачки се црни.
- Во омразата лежи стравот.
- Во орман кадија не суди.
- Во орман ферман не се пее.
- Во осумнаесеттите години и ѓаволот е убав.
- Во пазува би го клал да е кабил.
- Во поголем град – поголема глад.
- Во празен амбар ни глувци не живеат.
- Во празен кош не барај грош.
- Во празна плевна арамија не влегува; и да влезе, зијан не сторува.
- Во Прилеп мајмун не игра.
- Во решето вода не се носи.
- Во својата школка бисерот е безвреден.
- Во секое брашно има трици.
- Во секое жито има граор.
- Во секое село и град башка адет.
- Во секое село требе да имаш по еден пријател.
- Во секоја куќа има чад.
- Во секоја манџа – мирудија.

- Во село без пци – и без стап се оди.
- Во село не го прибираат, а тој прашува каде седи попот.
- Во среде река бара вода.
- Во стара куќа ред не турај.
- Во старо село нов адет не прави.
- Во сто здрави ореви, еден лош не се познава.
- Во тебе нема ни зрно сол.
- Во тенџерето вари, во капакот јади.
- Во тивка вода повисоко кревај ги полите.
- Во туѓа земја и орелот го викаат чавка.
- Во туѓа земја и пролетта не е убава.
- Во туѓа манџа не клавај сол.
- Во туѓина како во гроб: и сам и нем.
- Во туѓина којшто оди, не треба да се бои.
- Во туѓина кучето седум години не лае.
- Во туѓина сум, а со мисли дома сум.
- Во туѓото срце нема прозорец.
- Во ќелија со книга.
- Во устата ти мед.
- Во чифликот овца да не си.
- Вода гази, жеден оди.
- Вода донела, вода однела.
- Вода мие – оган не мие.
- Вода со трње не се крсти, туку со босилок.
- Водата е посилна од оганот.
- Водата и огнот се добри слуги, ама лоши господари.
- Водата не знае ни кумство, ни пријателство.
- Водата се мати и од изворот.

- Водата сѐ мие, само јазикот не го мие.
- Водата сѐ мие, само црниот образ не може да го измие.
- Водата сѐ носи, само срамотата не ја однесува.
- Водата се усмрдува ако мирува.
- Водата спие, душманот не спие.
- Водата спие, луѓето не спијат.
- Водата ќе протече, песокот ќе остане.
- Воден од дожд не се плаши.
- Водени гаќи јадат риби, а суви јадат пиперки.
- Воденица многу зборови се прават.
- Воденицата без вода не меле.
- Воденичаре, волк ти под колце, а лисица на огниште.
- Води го – буца, терај го – клоца.
- Војната е убава којшто не ја искусил.
- Волк баница не јаде.
- Волк в магла дави.
- Волк од добро не разбира.
- Волк од овча кожа не се плаши.
- Волк пастрма не чува.
- Волк сермија не чува.
- Волкот ако го клаиш да ти пасе овци, тој сите ќе ти ги издави.
- Волкот влакното го менува, табиетот не го менува.
- Волкот волк не јаде.
- Волкот го гледаат и трагата му ја бараат.
- Волкот дави, не дави, секој што да го види, ќе го гони.
- Волкот е побудала од лисицата.
- Волкот и броено не признава.
- Волкот каде лежи не дави.

- Волкот каде се кучи, таму лови.
- Волкот кога краде, не гледа ни бела ни црна, само да е подебела.
- Волкот куче не станува.
- Волкот на магла се радува.
- Волкот на пазар не оди.
- Волкот не чека да го викаат – сам си доаѓа.
- Волкот од кучето не се плаши, туку од лавот.
- Волкот секогаш раѓа волчиња, а не јагниња.
- Волот се врзува за роговите, а човекот за јазикот.
- Восокот го собираат безгрешните пчели, затоа се гори пред чесните икони.
- Врана на врана очи не си вади.
- Врапците бувот го бркаат, ама сами в уста му влегуваат.
- Врба дрво и магаре стока не се.
- Врви како покрај турско гробје.
- Врви си по патот човечки.
- Вреден како долниот камен од воденица.
- Време време дотерува.
- Време купува, време продава.
- Време лошо, ама друм врви.
- Време носи бреме.
- Време носи, време однесува.
- Време тече, лаги лечи.
- Времето гради, времето разградува.
- Времето е пари за секого, кој што го есапи.
- Времето понекогаш е мајка, а понекогаш маќеа.
- Времето сè лечи.
- Времето си врви, нас ни се куси.

- Времето си лета како со крилја.
- Времето сламата ја арчи.
- Времето што поминало назад не се враќа.
- Вреска како јарец.
- Вреќа брашнена колку да ја тресеш, пак ќе праши.
- Вреќа скината што клаиш, ќе истече.
- Врзан загар зајаци не лови.
- Врзан поп, мирно село.
- Врзат ли те за уста, ќе те водат како вол.
- Врзи прст, барај лек.
- Врзи си црвен конец на прстот.
- Врне, грми, патот врви.
- Врти како лисица околу стапица.
- Врти крпа без леб.
- Врти куќа без леб.
- Гавран на гавранот очи не копа.
- Гавран одлета, сокол долета.
- Гавран со гавран, а сокол со сокол.
- Гавранот грачи зима да донесе.
- Гази ми на стапалката, ама не гази ми на работата.
- Гајда куќа не храни.
- Гајле му е на Господ што магарето рика.
- Гајлето го јаде човекот како ѕрѓата железото.
- Гајрет на болниот, дури да му излезе душата.
- Гален поп и в црква прди.
- Галената жена не преде со урка.
- Галената невеста не ја риза свекрвата.
- Галените деца се качуваат на трпеза.

- Галеното дете е како магарешко прле.
- Галон колку старее, толку црнее.
- Ги бараат Марковите конаци.
- Ги лапна како алва.
- Ги оставиле мечките да ги вардат дренките.
- Ги рашчепил вилиците како бесно куче.
- Ги удри петиците в газ.
- Ги фрлил плочите.
- Глава прави – глава тегли.
- Главата динамит не му ја цепи.
- Главата е постара од книгата.
- Главата ми е како тапан.
- Главата може да собере повеќе од морето.
- Главата му обелела, умот не му дошол.
- Главата прави, нозете тргаат.
- Главата ти ја кршам, атарот не ти го кршам.
- Глад во очи.
- Глад не се трпи.
- Гладен волк посред село оди.
- Гладен е како волк.
- Гладен е како црковен глушец.
- Гладен од Бадник до Божиќ.
- Гладен петел на буниште не пее.
- Гладен ќе заминеш преку девет села, а гол ни преку едно.
- Гладен човек – лут човек.
- Гладна врана зајаци не носи.
- Гладна кокошка просо сонува.
- Гладна мачка оро не игра, сита мачка стопан не препознава.

- Гладна мечка оро не игра.
- Гладни очи не спијат.
- Гладниот стомак никого не слуша.
- Гладно куче кога ќе се најаде не знае што прави.
- Гладно куче не стравува од стап.
- Гладот е најглема сила.
- Гладот е најголема неволја.
- Гладот на богатиот не трае долго.
- Гладот очи нема.
- Глас како труба.
- Гласината е голем патник.
- Гласот е побрз од ветрот.
- Гледа во зелката, а вади сарма.
- Гледај го коњот во одот, та после влегувај во пазарот.
- Гледај го коњот, не гледај му го огламникот.
- Гледај го пијаницата, пожали му ги децата.
- Гледај да имаш пари, да ако даваш по сиромаси.
- Гледај да не купуваш тоа што не ти треба оти да не продаваш тоа што ти треба.
- Гледај дури не ти летнало врапчето од рака оти после мачно се фаќа.
- Гледај му главата – крои му капата.
- Гледај напред, ама врти се и назад.
- Гледај се себе каков си, да после да гледаш други.
- Гледај си го патот, скрши си го вратот.
- Гледај си го ќефот – гледај си ја работата.
- Гледај си ја работата, а не гледај каде тече реката.
- Гледај со четири очи.
- Гледајте слепи, слушајте глуви!

- Глоби го сиротиот и погледај на Бога.
- Глушецот отишол кај глувците.
- Го бојадисува.
- Го боцкаат паричките.
- Го вапца.
- Го влече за нос.
- Го гали како вапцано јајце.
- Го гребела невестата котлето.
- Го држи за перчин.
- Го жалиш како мајка ти да го родила.
- Го зела матната.
- Го извлекол подебелиот крај.
- Го изгубил компасот.
- Го изел биволот, се удавил со опашката.
- Го исфрлија како тринаесетто прасе.
- Го јаде грбот за стап.
- Го клала невестата прстот на зелникот.
- Го најде мајсторот.
- Го најде попот, ја најде и попадијата.
- Го намамил на гнила даска.
- Го намамил на слаб мраз.
- Го направи грошот зол.
- Го обравме бостанот.
- Го оставил „доброто утро‟ на врата.
- Го оставил ѓаволот, се нашол со врагот.
- Го оставил стадото на волкот.
- Го оставиле питомиот, го бараат дивиот.
- Го пере, а не го остава да плаче.

- Го поканиле магарето на свадба, ама му рекле и самарот да си го земе.
- Го полазила туѓа вошка.
- Го превртил листот.
- Го препливал морето, се удавил на крајот.
- Го префрлил жеден преку вода.
- Го пуштив да чука со ушите круши.
- Го сакаат како куче стап.
- Го стиска газот, дури влакно кине.
- Го фатил волот за рогови.
- Го фатил ѓаволот за врат, та го зауздал пијаниот.
- Го фатил кокошкин самрак.
- Го фатила чумата за врат.
- Говорот е слика на душата.
- Годините и гајлињата не можат да се сокријат.
- Гол – како од мајка роден.
- Гол како прст.
- Гол човек на бања го прилега.
- Гол, та зол.
- Гола коска ни куче не сака.
- Гола сиромаштија, готова болест.
- Голем амбар со котле не се полни.
- Голем град, големи гревови.
- Голем град, мали гробишта.
- Голем залак апни, голема дума не кажи.
- Голем збор: мечка, планина.
- Голем, та несолен.
- Голема работа, голема главоболија.
- Голема сенка – гладна дупка.

- Голема сенка – голема треска.
- Голема снага џабе ти е кога имаш шупливо срце.
- Големата лакомија човекот го оболува.
- Големата риба голема вода бара.
- Големата риба ја јаде помалата.
- Големи јајца!
- Големите дела нè прават бесмртни.
- Голи се родивме, голи в земја ќе влеземе.
- Голи, боси – како оси.
- Голо здравје – готова треска.
- Голобрад ги учи старците.
- Голтар го зедов, голтар умре.
- Гони го ѓаволот, ама не барај му ја трагата.
- Гора со гора се составува, а камо ли човек со човек.
- Гора фали – поле земај.
- Гори ли на комшијата куќата, трчај да ја гасиш твојата.
- Горка цреша в куќа никнала.
- Горниот да му дојде до ак'лот.
- Господ бој му дал, ама ум не му дал.
- Господ борч не плаќа.
- Господ брзината не ја благословил.
- Господ високо, а царот далеку.
- Господ грев ќе ти пише.
- Господ да ме брани од будали пријатели, а од душманите ќе се бранам сам.
- Господ да не те остави со едно око и со едно дете.
- Господ да те брани да си измеќар на бел коњ и на калуѓер.
- Господ да те брани од гладна вошка.
- Господ да те брани од долги стапови, тесни сокаци и ниски

тавани.

- Господ да те брани од крстен ѓавол.
- Господ да те брани од нов чорбаџија.
- Господ да те брани од оган и вода.
- Господ да те брани од пијана жена и од бесна свиња.
- Господ да те брани од покондурен опинок.
- Господ да те брани од полошо.
- Господ да те брани од тап брич и од проста жена.
- Господ да те брани од ќосав, од ќор и од сакат.
- Господ да те брани од учени луѓе, колку поучени, толку побудали.
- Господ дава, ама в амбар не ти става.
- Господ дал на земјава сѐ што му треба на човек.
- Господ дал, Господ зел.
- Господ дојде, јајце снесе.
- Господ душа сака.
- Господ е еден, и за богат и за сиромав.
- Господ е и горе и доле, и на небото и на земјата.
- Господ е мил до три дена.
- Господ знае и за стари жени.
- Господ знае кому што прави.
- Господ и на шега дава.
- Господ ич не спие.
- Господ кога сака и од амбар житото ти го зема.
- Господ кого милува, и го накажува.
- Господ кого чува, куршум не го фаќа.
- Господ љубовта да им ја чува.
- Господ милоста да им ја умножи.
- Господ не гледа на лице, ами на срце.

- Господ не одбира, а собира.
- Господ ни куцата овца не ја остава.
- Господ прво умот ќе му го зеде на човек, а после стоката.
- Господ се распашал.
- Господ секому не може како што сака да му угоди.
- Господ со една нога бос.
- Господ човек без пријател да не го остава.
- Господе казни ме, ама не со умирање.
- Господи, брани од будали луѓе.
- Господи, брани од женска беља.
- Господи, брани слепиот да прогледа.
- Гостин е мил до три дена.
- Гостинот и рибата по третиот ден смрдат.
- Гостинот има големи очи.
- Гостинот јаде што ќе му ставиш, а не што сака.
- Готова стока – готови пари.
- Готови пари и печен леб лесно се јадат.
- Грабено – колнато.
- Гравот е цар на манџите.
- Град бие до бразда.
- Град фали, во село живеј.
- Градиш кули во воздухот.
- Градот глад не прави, ама тешко кога ќе удри.
- Грба не се исправа.
- Грбата само в гроб се исправа.
- Грда е жената на лицето, ама работна ѝ е раката.
- Грдиот човек ретко оди пред огледало.
- Грешката од вчера денес нека ти биде учител.

- Грижи се за стадото свое.
- Гризни си го јазикот!
- Грми, врне, патот си врви.
- Грмотевица без светкавица не бива.
- Грозјето е црно, ама ќе го изедеш; снегот е бел, ама ќе клекнеш.
- Гром в коприва не удира.
- Гром од ведро небо.
- Грош години се сторил.
- Грош пара куќа не побара.
- Грош петел, шеесет пари крчма.
- Гугни, немаш кромид во устата.
- Гугутката кога на бргу гуга, пролет наближува.
- Гулаби рани, работа губи.
- Да береше секоја пчела мед, ќе беше ока и пара.
- Да беше арно и Господ брат ќе имаше.
- Да би мирно седело, не би чудо видело.
- Да бидам невеста, колку да поминам на редот.
- Да видиш и да не веруваш.
- Да го дувнеш, ќе падне.
- Да го заколеше, крв не ќе потечеше.
- Да го маваш, ќе плаче, остави го, ќе ти се смее.
- Да го нема носот, трева ќе пасеше.
- Да го облекуваш, да не го раниш.
- Да го помирисаш, носот ќе ти падне.
- Да го стиснеш за нос, ќе му излезе душата.
- Да грешиш, човечки е.
- Да е глува земја.
- Да зине, ќе те голтне.

- Да зине, ќе те измами.
- Да знае човек кога ќе умре, сам ќе си го ископа гробот.
- Да знаеш не е марифет, марифет е да умееш.
- Да им го видиш аирот како прав на тапан.
- Да има да цуцнам, та ако пукнам – рекол пијаницата.
- Да имаш не е марифет, марифет е да знаеш да чуваш.
- Да имаше баба мустаќи, не ќе предеше.
- Да имаше брашно и маст, и баба ќе посучеше погача.
- Да имаше сиромавиот к’смет, не ќе беше сиромав.
- Да ми беше ум до судот, како што ми беше од судот.
- Да ми е жив соколон, еребици доста.
- Да ми е овој ум, а онаа младост.
- Да му ги извадиш очите, пак ќе прогледа.
- Да му е жив калемот!
- Да му падне носот, не се наведнува да си го земе.
- Да му речат: „лета магаре‟, тој ќе излезе да го види.
- Да му треба капа, да му купиш, ум не можеш да му купиш.
- Да му цути јазикот, устата, раката.
- Да не го познаваш, скапо би го платил.
- Да не дуваше ветар, пајаците небото ќе го премрежеа.
- Да не ти врне на свадбата.
- Да не ти се кутне бисерот.
- Да не чујат лошо.
- Да немаше темница, ич не ќе ни беше мила виделинава.
- Да падне на плешки, носот ќе го скрши.
- Да пукнеш како костен.
- Да се жениш млад, рано е, стар – доцна е.
- Да се живи живите да ги споменуваат умрените.

- Да се живи предните заби.
- Да се китиш со туѓи пердуви.
- Да се најде за црн ден.
- Да се чудиш и да се крстиш.
- Да си клаиш обетка на уше.
- Да сме живи, да видиме.
- Да сум в рај, макар и на крај.
- Да сум паша, ако со опинци.
- Да те клоцне ат, се јаде некако, ама магаре да те клоцне, боли.
- Да ти е алал на гравот.
- Да ти е арам лебот што го јадеш.
- Да ти е жив коњот што ти пцовиса лани.
- Да ти е жив коњот.
- Да ти кажам како на брат, за да го чуе цел град.
- Да ти реков така да речеш, не ќе induce.
- Да фати магаре за опашка, ќе му остане опашката в раце.
- Да чукнам во дрво!
- Давај со раце, земај со нозе.
- Давала бабата пара да се фати, две давала да се пушти.
- Даваникот и за сламката се фаќа.
- Дадена рака, спасена душа.
- Дај ми ги очите да те видам.
- Дај ми ги очите да те водам.
- Дај ми, боже, што ми мисли жена ми, а не мајка ми.
- Дај ми, боже, што ми мисли комшијата, а не мајка и татко.
- Дај милостина за гревовите да ти се простат.
- Дај му го прстот, ќе ти ја лапне раката.
- Дај на питач, на Бога му даваш.

- Далеку бега тој што од своите бега.
- Далеку од куќата, близу до несреќата.
- Далеку од очите, далеку од срцето.
- Далеку оди и за дома мисли.
- Даскалска глава – празна.
- Два газа в едно рало гаќи.
- Два душмана лежат в една постела.
- Два лешника еден орев надвиваат.
- Два лути камена брашно не мелат.
- Два петла на едно буниште не пеат.
- Два питача на една врата.
- Два ќотека се караат, ама не и два ручека.
- Двајца без душа, третиот без глава.
- Двајца се пречкаат, третиот добива.
- Двапати в стапица не паѓа лисица.
- Двапати воденици, трипати валјаци се кажува.
- Двапати кажи оп, па скокни.
- Двапати мери, еднаш сечи.
- Двапати по очите, еднаш по носот, образ ѝ нема.
- Двапати помисли, еднаш прозбори.
- Двапати удри, еднаш брои.
- Две добра на една перница не лежат.
- Две и две четири прават.
- Две лубеници под една мишка не се носат.
- Две раце за една уста.
- Двете се повеќе, а едното е помалку.
- Дебела кокошка јајца не носи.
- Дебело како ортома.

- Деведесет и девет умови слушај, пак на својот остани.
- Дело на видело и секој ќе верува.
- Ден орање – година јадење.
- Ден по ден, ќе дојде и Велигден.
- Денеска за денеска, утре за утре.
- Денеска сме, утре не сме.
- Денешната работа не оставај ја за утре.
- Деновите ми се одброени.
- Денот се познава по утрото.
- Денот што носи, годината не носи.
- Дерат иста коза.
- Дете да милуваш повеќе со срце, одошто со лице.
- Дете знае и две и двесте.
- Детето и милувај го, ама и потепнувај го.
- Детето мало како што го милува шеќерот, така и огнот.
- Детето се чува додека е малечко.
- Децата гајле не берат, затоа и бргу растат.
- Децата се огледало на родителите.
- Децата си растат, а ние старееме.
- Длабоките мисли немаат дно.
- Длабоките реки тивко течат.
- Дни како црви.
- Дните прават години.
- Дните си летаат како стрела.
- До гушата ми е дојдено.
- До слава се доаѓа по тесен пат.
- Добар како добар ден.
- Добар човек остава наследство и за внуците.

- Добра е земјава што нè држи.
- Добра среќа, ништо друго.
- Добрата работа сама се пофалува.
- Добри пријатели од браќа се помили.
- Добрината со добрина се враќа.
- Добриот глас е друга татковина.
- Добриот глас се слуша надалеку, лошиот уште подалеку.
- Добриот збор железна врата отвора.
- Добриот збор речи го, лошиот голтни го.
- Добриот карактер повеќе вреди од убавото лице.
- Добриот рибар и во матно лови.
- Добриот човек секогаш останува почетник.
- Добро веднаш не доаѓа, а лошо доаѓа.
- Доброто вино се пие на крај.
- Доброто и лошото се браќа.
- Доброто се памети, лошото повеќе.
- Договор куќа не урива.
- Додека градинарот спие, непријателот сади коров.
- Додека дишам, се надевам.
- Додека не те заболи, не викаш оф.
- Додека шибата е тенка, треба да се исправи.
- Дојде гост, растури пост.
- Дојде коса до камен.
- Дојде пченица на воденица.
- Долга болест полоша од смрт.
- Долгокоси – кусоумни.
- Долгот е лош пријател.
- Долгот е прв наследник.

- Долгот лаже, а гладот краде.
- Долгот со плаќање, патот со барање.
- Домашниот есап на пазар не излегува.
- Доцна е да стегаш откога ќе немаш.
- Дошол нож до коска.
- Дошол од туѓина, сакаат да му ја платат киријата.
- Драпај си мевот.
- Дрво се вие додека е зелено.
- Дрво се потпира на дрво, а човек на човек.
- Дрвото се цепи каде што му е ќеф.
- Друг ги пасе овците, друг ја стриже волната.
- Друг збира стока со мака, друг ќе јаде без мака.
- Друг сади дрво, друг го јаде плодот.
- Друго време, друг ум.
- Друго мисли, друго ти зборува.
- Дуња имало пред нас, ќе има и по нас.
- Дури е здрав човек и водата му е блага.
- Дури има волови, ќе има и јареми.
- Дури ја имаш парата, стегај ја.
- Дури на еден не му се стемни, на друг не му се разденува.
- Дури не му дојде времето, не пукнува грнето.
- Дури не посееш, нема да жнееш.
- Дури не се расипе, не се прави.
- Дури срце не заболи, око не заплачува.
- Дури сум жив и здрав, со пари сум.
- Дури човек сам не се посрамоти, никој не може да го посрамоти.
- Душа дава, пари не дава.
- Душа од мрша лесно не се дели.

- Душа си немам од него.
- Душата во носот си ја носи.
- Душата е мила ако е без кошула.
- Душата не се мери со лакти.
- Ѓаволот бега од темнината.
- Ѓаволот кози нема, а сирење продава.
- Ѓаволот му е в срце.
- Ѓаволот му седнал на шијата.
- Ѓаволот не спие.
- Ѓаволот ни ора ни копа, ни работа си има.
- Ѓаволот ни себеси не си мисли добро.
- Ѓаволот од темјан бега.
- Ѓаволот стига насекаде.
- Ѓаволот што не може, може жената.
- Ѓаволската кожа и за тапан не чини.
- Ѓаволските чизми не чкрипаат.
- Ѓерданот оди со очите.
- Ѓон има на образот.
- Ѓупка не белее.
- Ѓупката је клале царица, а таа кинисала да пита.
- Ѓупката не умрела од шегата.
- Ѓупска торба без дно.
- Ѓуптинот кога има пекмез, не заспива дури не го изеде.
- Ѓупштината е без пари.
- Евангелието кој го слуша и го верува, тој се спасува.
- Евтините круши многу се поскапи.
- Евтиното месо ни кучиња не го јадат.
- Еден в клинецот, друг в плочата.

- Еден волк на едно стадо му е доста.
- Еден гледа клечка, а другиот мечка.
- Еден го бие тапанот, други ги собираат парите.
- Еден гроб е и за богат и за сиромав.
- Еден ден во туѓина рамен е на една година.
- Еден дроби, други сркаат.
- Еден за душа, друг за гуша.
- Еден за сите, сите за еден.
- Еден ја сака попадијата, друг попската ќерка.
- Еден ја сече шумата, друг му дава совети.
- Еден јаде кисело, други фаќаат оскомина.
- Еден јазик, а две очи човек има.
- Еден јазик, а две уши човек има.
- Еден мавај, друг држи.
- Еден по патот, друг крај патот.
- Еден по патот, другиот в трње.
- Еден прави, друг си ја наоѓа бељата.
- Еден прави, мнозина тргаат.
- Еден работи – многу јадат.
- Еден се родил да седи, а друг да пее.
- Еден си е ум – дали за зима или за лето.
- Еден ум за каде да е понапред.
- Еден човек не може сѐ да знае.
- Еден човек плаче, а друг се радува.
- Една беља да е, со шеќер да ја јадеш.
- Една беља не е беља, сто бељи се беља.
- Една глава – една капа.
- Една глава – една шија.

- Една глава две капи не носи.
- Една глава, илјада јазика.
- Една гора се дига, друга се слага.
- Една грешка – вечна мака.
- Една крастава коза цело стадо ќе го окраставзи.
- Една ластовица не прави пролет.
- Една нула – една кула.
- Една овца не прави стадо.
- Една прачка лесно се крши, многу прачки не се кршат.
- Една уста, а две раце човек има.
- Една уста, али за смеење, али за плачење.
- Една штета – сто гревови.
- Едната рака другата ја мие, а обете лицето.
- Еднаш излажи – повеќе не треба.
- Еднаш човек се раѓа, еднаш умира.
- Едни очи, али за радување, али за плачење.
- Едни плачат, други се смеат.
- Едни се мачат, други квачат.
- Едниот в клинецот, другиот в плочата.
- Едниот го бараш, другиот го нема.
- Едниот ќор, а другиот слеп.
- Едно магаре брзо не е.
- Едно магаре вода не знае да се напие.
- Едно мислат глувците, а друго мачката.
- Едно мисли камилата, а друго камиларот.
- Едно мисли, друго зборува, трето прави.
- Едно на срце, а друго на јазик.
- Едно на срце, а друго на лице.

- Едно на ум, друго на срце, трето на јазик.
- Едно нешто што те прави од умен будала, не клавај го в уста.
- Едно око домаќинско свршува повеќе работа, отколку две раце измеќарски.
- Едно тури, друго фати.
- Едно човек крои, друго Господ прави.
- Езеро со лопата не се вади.
- Ела лебу, да те јадам.
- Ем го тепа, ем не му дава да плаче.
- Ем гол, ем зол.
- Ем му се сака, ем не му стиска.
- Есап прво стори, та после касап.
- Есен богата – зима рогата.
- Жаба на суво не крека.
- Жаба не е риба.
- Жабите се плашат и од зајаците.
- Жали со тие што жалат, а радувај се со тие што се радуваат.
- Жалта и радоста се познаваат на лицето.
- Жар на стомак да си ставиш, пак не ти верувам.
- Жеден коњ матна вода не пребира.
- Жеден преку вода те поминал.
- Жедна мечка и роса лиже.
- Желба грев нема.
- Железото железо трие, а зборовите умот.
- Железото и дрво и камен сече, ама и него `рѓата го јаде.
- Железото се кове додека е жешко.
- Жена е зло без кое не се може.
- Жена и змија не се за верување.

- Жена и мачка се со по девет души.
- Жена јуда.
- Жена лоша – вечна мака.
- Жена млада и вино старо земај.
- Жена мрзелива мезе на вошките бидува.
- Жена со пари не се купува.
- Жена умна и разумна не го остава мажот да страда.
- Жена што се плаши од Бога секој ја милува.
- Жена што ќе си купи маж со пари, каде сака ќе си го води.
- Жена што шета по комшии, дома здрава не си доаѓа.
- Жена, коњ и пушка не се даваат во туѓа рака.
- Жената – рај, жената – пекол.
- Жената ги крие годините, а мажот парите.
- Жената гледа длабоко, а мажот далеку.
- Жената е долгокоса, а краткоума.
- Жената е како врба – каде да ја посадиш, таму расте.
- Жената е како патка, трае и на студено.
- Жената е потребна и за лошо и за добро.
- Жената е рај за мажот кога е арна.
- Жената е три дена пред ѓаволот родена.
- Жената колку е блага, толку е горчлива.
- Жената моја – детето туѓо.
- Жената од Бога е благословена да му биде на мажот помош.
- Жената се смее кога може, а плаче кога сака.
- Женило – црнило.
- Женичка – душичка.
- Женските ѓаволштини ни ѓаволот не ги знае сите.
- Женските солзи се солени.

- Женско кога се раѓа и стреите плачат.
- Жетвар без срп не бива.
- Жетварките пеат, беќарите се смеат.
- Жив в земја не се влегува.
- Жива душа без грев не оди.
- Жива душа нема.
- Живеат како куче и маче.
- Живее како бубрег во лој.
- Живот си немаме, само се караме.
- Живот со пари не се купува, оти дар од Бога се дава.
- Живот, здравје и добра мисла да има човек, друго на векот не му треба.
- Животните не се научиле да лажат.
- Животот е пред тебе.
- Животот е убав и без пари.
- Животот на конец му виси.
- Животот на човекот е помил од стоката.
- Животот си го даваат, а од инаетот не се оставаат.
- Жито се меле, брашно не паѓа.
- Житото пукнало од просото.
- За атар и печена кокошка се јаде.
- За бадијала будалата ја гази земјата.
- За бивол слама, за мачка риба.
- За богатите нема граници.
- За волкот зборуваме, а тој бил зад врата.
- За глувите двапати камбаните не бијат.
- За голема глава, голема капа треба.
- За гуска маска.
- За да го запознаеш човекот, ќе излижеш сто ока сол.

- За да разбере снаата, ѝ велат на свекрвата.
- За добриот човек секогаш се наоѓа леб.
- За думање многу, за пиење ништо.
- За една болва не гори ја целата черга.
- За една чест живее човек.
- За жените и ѓаволот е бел.
- За инает и врећа сол се јаде.
- За кого е речено, не е печено.
- За магарињата седло не треба.
- За мака сме родени.
- За мал подарок си ја загубил работата.
- За несрећата ниту еден ѕид не е висок.
- За никого не е арна кавгата.
- За пари арчење многу е лесно, ама за печалење – мачно е.
- За победителот нема суд.
- За свадба парите в долапот.
- За светот кој плаче, без очи ќе си остане.
- За сѐ има лек, ако има век.
- За сѐ постои првпат.
- За секое тенџере, капаче.
- За стап плаче.
- За стари дни стави на стрна.
- За тебе збор, за магаре оро.
- За торба урда вера не се менува.
- За туѓото леле не треба плачење.
- За умрените само арно.
- Заб како нож.
- Заби како бисери.

- ❖ Забите ги искршив од зборување.
- ❖ Заборавај го лошото и по него трошокот.
- ❖ Забранетото овошје е најслатко.
- ❖ Завиди, не жали.
- ❖ Завидливиот гледа и со ушите.
- ❖ Зависта очи вади.
- ❖ Заврнаа снегови, покрија траги.
- ❖ Загинавме без зрно барут.
- ❖ Загради си го твоето лозје, а за туѓото не бери гајле.
- ❖ Зад грбот и царот се пцуе.
- ❖ Задоени во ушите.
- ❖ Заедничка работа, ничија работа.
- ❖ Заедно со народот и несреќата е празник.
- ❖ Заигра дури и дрвен Господ.
- ❖ Зајадена пиперка и оставена жена не земај.
- ❖ Зајакот в гората, а тој ражен прави.
- ❖ Зајакот и кога спие, отворени му се очите од пусти стравови.
- ❖ Зајачко срце има.
- ❖ Закон нужда менува.
- ❖ Залудно е да имаш кога не знаеш да си поминеш.
- ❖ Залудно човек се труди кога нема што да работи.
- ❖ Залудо работи, залудо не седи.
- ❖ Занает без алат не бива.
- ❖ Занает никој не ти продава, ако не го земеш сам.
- ❖ Занаетот е златен.
- ❖ Занаетот не се дава, туку се зема.
- ❖ Занаетот човекот ниту го умира, ниту го оживува.
- ❖ Запали му и на ѓаволот свеќа, за помалку пакост да ти прави.

- Запалија му чергата.
- Започна со злато, заврши со кал.
- Заради сувото и суровото гори.
- Зарем и од врба чекаш да ти роди јаболка?
- Заскитале како гуски во магла.
- Зачувај денеска да ти се најде за утре.
- Зборлив човек е писмо без адреса.
- Зборовите се како црешни: една фати, сите ќе се кренат.
- Зборовите се мерат, не се бројат.
- Зборовите треба со клешти да му ги иставиш.
- Зборот два не ти го прави.
- Зборот дупка не отвора, ама рана отвора.
- Зборот дупка не отвора, ама се памети.
- Зборот збор носи.
- Зборот збор отвора.
- Зборот има нозе.
- Зборот ми е на врв на јазикот.
- Зборот не е стрела, ама полошо од стрела застрелува.
- Зборот рани отвора.
- Зборува како ластовица.
- Зборува како навиен.
- Зборува како празна воденица.
- Зборувај си на ѕидот, ако немаш друга работа.
- Зборувај си, ако си имаш време.
- Зборувај усто, да не бидеш пуста.
- Зборувањето е сребро, а молчењето злато.
- Зборуваш по ветар.
- Згазнал на гнила даска.

- Здрав да сум, ѝако сум сиромав.
- Здрав е како дрен.
- Здрав ли е човек, сѐ има.
- Здрав на болен не верува.
- Здрав појде, болен дојде.
- Здрава нога в трн не клавај си.
- Здравје без пари – готова болест.
- Здравје, живот и убаво време секогаш се мили.
- Здравјето е најголемо богатство.
- Здравјето не се цени додека се не изгуби.
- Здравјето низ уста влегува.
- Здравјето со пари не се купува.
- Зелен е како јад.
- Земи го едното, удри по другото.
- Земјата арамија не е.
- Земјата и каменот на местото си тежат.
- Земјата прима сѐ што паѓа од небото.
- Зет мед, син пелин.
- Зетот е поцрн и од гавранот.
- Зетот печено прасе не јаде.
- Зимата ја преспа како мечка во дупка.
- Зиме да врне снег го прилега, ама во лето е за срамота.
- Зиме расол и сланина – лете крава и градина.
- Зинал како пес во горештина.
- Зини земјо, голтни ме!
- Зини муцко, фали ме!
- Зини усто, расчепи ме!
- Зла свекрва на позла снаа.

- Златна куќа, железен живот.
- Златниот збор железна врата отвора.
- Златниот прав го заслепува секое око.
- Злато неброено да имаш послано, не мрда.
- Златото в оган се кали.
- Златото дава сјај, но не и среќа.
- Златото доаѓа од мракот, престојува во мракот и носи многумина во мрак.
- Златото не е лек за болната душа.
- Зло за добро не оди.
- Зло за зло не враќај.
- Злобната душа е полоша од калливото тело.
- Злото многу лесно доаѓа, а доброто мачно.
- Злото не пробира.
- Злото не треба да го викаш.
- Змија да го касне, ќе се отруе.
- Змија со гола рака не се фаќа.
- Змијата нога не покажува.
- Змијата се крие во тревата.
- Змијата што не каса, илјада години нека си биде жива.
- Знае воденичарот какво брашно турил во вреќата.
- Знае ѓаволот на лед да го поткова.
- Знаењето е сладок плод на горчливи корени.
- Зол трн – зла копачка.
- Зорт голем му дадов, па така парите му ги зедов.
- Зошто да јадам врапче, кога има прасе.
- Зошто му е главата кога му е празна?
- Зошто ќе си ми во радост, кога те нема во јадост.
- Зрелата круша сама паѓа.

- Зрелите круши свињите ги јадат.
- Зрно по зрно – погача.
- Ѕвездите имаат своја чест – светлина.
- Ѕвездите не ги брои!
- Ѕверот напаѓа и јаде, така животот си го реди.
- Ѕверот по нечовештината се познава.
- Ѕверскиот опул е намќорски.
- Ѕвонец лесно не се носи.
- Ѕвонец на свиња не се беси.
- Ѕвонецот од далеку се слуша.
- Ѕвонецот свој не беси го на туѓ врат.
- Ѕевгарот колку може трга и кога земјата е тврда.
- Ѕемнат нозете – пати главата.
- Ѕид со глава не се руши.
- Ѕидаат кули под облаци.
- Ѕидот без малечки камчиња не стои.
- Ѕидот го руши влагата, а човекот гајлето.
- Ѕидот има и очи и уши.
- И арамијата знае оти од тоа што го краде аир не ќе види.
- И баба знае да меси баница кога има месило.
- И без петел ќе се раздени.
- И броените овци волкот ги јаде.
- И влакното го цепи.
- И во јајцето влакно би нашол.
- И водата има уши.
- И волкот да е сит и овците да се на број.
- И волкот змија го клукнала.
- И Господ кренал раце од нас.

- И грозјето е црно, ама е слатко.
- И ѓаволот преку вода жеден го поминува.
- И животните се радуваат на својата куќа.
- И за Господа ако е, многу е.
- И за кучето прашува од каков сој е.
- И змија да е, од срце да е.
- И итриот се лаже, како будалата што се лаже.
- И јас можам, и коњ може, кога Господ не помага.
- И јасиката е висока, ама ја серат чавките.
- И калта под ноктите му ја изедоа.
- И каменот би го расплакал.
- И козата има брада, ама коза е.
- И кокошка без петел не носи јајца.
- И кокошката го чепка гнојот, за да си најде некое зрно.
- И кокошката пие вода и на угоре се пули.
- И малите рани можат да убијат.
- И на газот треба очи да имаш.
- И на ѓаволот опинци му обуваат.
- И на сув камен ќе се нарани.
- И на чистиот образ му треба малку вода.
- И над попот има поп.
- И најдобриот пливач може да се удави.
- И најдоброто жито не ги избегнува стаповите.
- И нашите петли црвени јајца носат.
- И ноќта денот го прави.
- И ова ќе помине.
- И од напред и од назад поп.
- И од пиле млеко се наоѓа кога човек бара.

- И од сенката се плаши.
- И очите во главата би ги скарал.
- И очите знаат да зборуваат.
- И петелот му носи јајца.
- И пилето е малечко, ама гнездо си прави.
- И плотот уши има.
- И по смртта останува уште три дена работа.
- И при очи ме прави слеп.
- И прстите не се еднакви.
- И пчелата е малечка, ама мед бере.
- И пчелата по убавото цвеќе лета.
- И рибата ја сака водата во која некогаш пливала.
- И родените браќа не ги заборавaат долговите.
- И срцето има уши.
- И стар прч сака зелени лисја.
- И танец водете и на дупка гледајте.
- И татка си за пари би го продал.
- И тоа што ми го даде, низ нос ми го извади.
- И тој нашол црква да се крсти.
- И трошките се леб.
- И тука имаат негово масло.
- И утре има ден.
- И црната крава бело млеко дава.
- Иверот не паѓа далеку од коренот.
- Игла нема каде да фрлиш.
- Играница – плаканица.
- Избирачот неженет останува.
- Измазнет е во косата како крава да го лижела.

- Изми си рацете.
- Или со мене, или против мене.
- Или тие мене, или јас нив.
- Иљач нема за тој што Господ друго му спрема.
- Иљаџија – бељаџија.
- Им влегол ѓаволот под капа.
- Има во мнозина ум, ама во малцина разум.
- Има Господ и за нас.
- Има грешка, а има и прошка.
- Има да скубе увина.
- Има лошо што донесува добро.
- Има лошо, има и полошо.
- Има одврзани раце.
- Има среќа, ум нема.
- Има ука, ама има и одука.
- Имај си кротко срце, ако сакаш да живееш повеќе години.
- Имал, та давал.
- Имам во што, немам со што.
- Имам да давам, немам да земам.
- Имам со што, немам зошто.
- Имањето нема ситост.
- Имаш образ да проговориш.
- Имаш пара, имаш фара.
- Имаш пари, имаш чест.
- Инает глава кине.
- Инаетот вади око.
- Инаетот е поблаг од медот.
- Искрената уста долг век има.

- ❖ Искуството е најдобар учител.
- ❖ Испечи, па речи.
- ❖ Исправен како пушка.
- ❖ Исправен како свеќа.
- ❖ Истрчал како ждребе пред рудо.
- ❖ Исушен е како сува смоква.
- ❖ Итра како црвена невестулка.
- ❖ Итра лисица в среде стапица.
- ❖ Ифрит се сторив.
- ❖ Их, што му сече умот главата!
- ❖ Ја кренала кучката опашката.
- ❖ Ја оплеска работата.
- ❖ Ја оставиле мачката да ја чува рибата.
- ❖ Ја подмачкаа колата на судијата.
- ❖ Ја собира парата како гнојот раната.
- ❖ Ја става главата в торба.
- ❖ Јабана, пуста туѓина.
- ❖ Јабанџијата не е мил.
- ❖ Јавај го дури те носи.
- ❖ Јаде како никогаш леб да не видел.
- ❖ Јаде како од глад да побегнал.
- ❖ Јадел не јадел, ти се брои.
- ❖ Јадено, пиено – платено.
- ❖ Јади како мечка, а работи како мравка.
- ❖ Јади колку имаш, работи колку можеш.
- ❖ Јади, не туку преживај.
- ❖ Јади, пиј, гладен легни, спиј.
- ❖ Јазикот коски нема, ама коски крши.

- Јазикот најдлабоки рани прави.
- Јазикот нема коски, се врти насекаде.
- Јајца да го товариш, ќе ги носи.
- Јајцето е мало, ама големо пиле излегува.
- Јака вера – страчкин мозок.
- Јака му душа.
- Јако е магарето.
- Јаребица му падна на соколот в раце.
- Јас дека реков не пресеков.
- Јас не знам, ама ти ич.
- Јас не сум цвеќе да ме мирисаш.
- Јас си го чувам детето како очите.
- Јас сум последната дупка на свиралото.
- Јасно небо – голем студ.
- Јастребот чека на мршата.
- Јунак е каде што нема јунаци.
- Кавга без луѓе не бива.
- Кавгата е секогаш за метрото, за нивата не е.
- Кавгата за никого не е добра.
- Кавгаџија татко, кавгаџија и синот.
- Каде виното влегува, таму срамот излегува.
- Каде го тераш, таму го наоѓаш.
- Каде е Господ, никој не е.
- Каде е козата, таму е прчот.
- Каде е срамот, таму е чесноста.
- Каде е тенко, таму се кине.
- Каде збор не помага, таму стап помага.
- Каде има жито, има и глувци.

- Каде има многу круши, со мала торба оди.
- Каде има многу снаи, чорбата е солена.
- Каде има сила таму нема правдина.
- Каде има солзи, има и совест.
- Каде не го сееш, таму никнува.
- Каде нема пченица, таму нема ни погача.
- Каде нема слога, нема ни Бога.
- Каде овцата газела, ќе гази и јагнето.
- Каде падни, таму зобни.
- Каде пеат многу петли, подоцна осамнува.
- Каде се пилето опилило, таму му е мило.
- Каде среќа, таму и несреќа.
- Каде те чеша, друг не може да те почеша.
- Каде течела водата, пак ќе тече.
- Каде ти е срцето, таму ти е куќата.
- Каде треба мотика, не треба молитва.
- Каде ќе нагази, трева не расте.
- Каде што ѕвонат големите ѕвона, малите не се слушаат.
- Каде што има голема гозба, земи си мало лажиче.
- Каде што има овци, има и бачило.
- Каде што има сила, нема правда.
- Каде што мотика не копа, грозје не се раѓа.
- Каде што нема вода, тамо село не бидува.
- Каде што пасе овцата, таму си ја остава и волната.
- Каде што сите криват и ти криви.
- Кадија те тужи, кадија ти суди.
- Кажан грев не е грев.
- Кажи ја вистината, па гледај каде ќе избегаш.

- Кажи ми, да ти кажам.
- Казанот родил казанче.
- Кај богат да се наработиш, кај сиромав да се најадеш.
- Кај богатиот телца, кај сиромавиот деца.
- Кај грнчар ново грне не барај.
- Кај кого е власта, кај него е и силата.
- Кај кого има раѓачка, ќе има и умирачка.
- Кај мнозина ум, кај малцина разум.
- Кај орачот црни раце, ама бела погача.
- Кај секого има лутина, ама блазе на тој што ја заузда.
- Кај секого има мисла, ама блазе си му кој си ја има чиста.
- Кај секого има по нешто арно и по нешто лошо.
- Кај секого се наоѓа по една пара ум.
- Кај секој домаќин се наоѓа по едно парче леб.
- Кај си плукнал, не лижи.
- Кај сиромавиот деца, кај богатиот златни колца.
- Кај сиромавиот и јадење и пиење, кај богатиот муабет.
- Кај сиромавиот човек нема слободно време.
- Кај фатил, исушил.
- Каква брада, таков брич.
- Каква врата, таков клуч.
- Каква глава, таква капа.
- Каква е болката се познава во очите.
- Каква мајка, таква ќерка.
- Каква ти е верата, таква ти е и вечерата.
- Какво дрво, таков клин.
- Какво семе, таква жетва.
- Какво тенџере, таков и капак.

- Како в бунар да си го фрлил.
- Како ве оставив, така ве најдов.
- Како викнато, така ѕвано.
- Како вода донесла, така и однесла.
- Како да зина земја и го голтна.
- Како да не јаде леб секој ден.
- Како да оди по јајца.
- Како да паднал од круша.
- Како да фрлаш в бунар.
- Како дошло, така пошло.
- Како златници да имаат во устата.
- Како јаже в торба е прав.
- Како костени да имаат во устата.
- Како лисица е итар.
- Како лук в очи.
- Како магарето и прлето.
- Како памук да имаат во ушите.
- Како првиот залак што е сладок, не е и вториот.
- Како својата рака што чеша, туѓата не чеша.
- Како си надробиш, така ќе си srкаш.
- Како срце болело, така очи плачеле.
- Како ти свират, така ќе играш.
- Каков дочек, таков пречек.
- Каков е човекот, таков е и зборот.
- Каков поздрав, таков отпоздрав.
- Каков самар, таков товар.
- Каков ќе си биде човек до ручек, таков и до вечер.
- Каков татко, таков син.

- Калта може бисерот да го извалка, но не може да го претвори во кал.
- Камбаните бијат.
- Камен да стисне, вода ќе пушти.
- Камен што се тркала, трева не фаќа.
- Каменот е тежок додека е на местото.
- Камења не се жнеат.
- Камилата побарала рогови, ги изгубила и ушите.
- Камшик за коњот, узда за магарето.
- Капка по капка – вирче.
- Капката и во камен дупка отвора.
- Катран му капе од брадата.
- Кисело не бидува благо.
- Клин со клин се истерува.
- Книгата трпи сѐ.
- Кога беше волкот пес.
- Кога виното тоне, зборовите пливаат.
- Кога влегува врагот, не го гледа прагот.
- Кога градина се копала, баба се чешлала.
- Кога дабот ќе падне, секој дрва краде.
- Кога дојде умот, си појде кумот.
- Кога е болеста смртна, тогаш смртта е лек.
- Кога има волја, постои и начин.
- Кога има масло и баба знае да меси зелник.
- Кога имаш давај, кога немаш барај.
- Кога мечка не ти го гази лозјето, не викај по неа.
- Кога многу грми, малку дожд врне.
- Кога не те прашуваат, не треба да кажуваш.
- Кога нема пиле, арна е и страчката.

- Кога се дави човек и за змија се фаќа.
- Кога се раѓа женско и стреите плачат.
- Кога си се фатил на орото, ќе поиграш.
- Кога ќе му пораснат на ќосето мустаќи.
- Кога ќе си го видиш тилот.
- Кого го молиш, немој да го лутиш.
- Кожата од грбот ќе му ја одерат.
- Кој бара мед, ќе си ги оближе прстите.
- Кој бара преку лебот погача, ќе остане без леб.
- Кој бега од трн, ќе падне на глог.
- Кој бега, не одбира пат.
- Кој бргу суди, бргу и се кае.
- Кој брза, ќе стигне.
- Кој видел аир од работа!
- Кој винце потпивнува, без меничка останува.
- Кој високо лета, ниско ќе падне.
- Кој доцна доаѓа, лошо седи.
- Кој за што, баба за вретено.
- Кој зборува што сака, ќе слуша што не сака.
- Кој знае да свири и на прачка свири.
- Кој знае книга, има четири очи.
- Кој измами, тој товари.
- Кој има брада, си има и чешел.
- Кој има добра жена, не му треба рај.
- Кој има пари, и меси и вари.
- Кој има среќа, тој полни вреќа.
- Кој има ум, има и грижи.
- Кој како по ден си мисли, и на сон ќе му доаѓа.

- Кој како ќе си ја нареди.
- Кој краде, аир не ќе види.
- Кој кротко оди, тешко носи.
- Кој лете ладува, зиме гладува.
- Кој лошо прави, лошо дочекува.
- Кој многу благодари, не мисли да плати.
- Кој многу трча, ќе се сопне.
- Кој на младост растура, на старост ќе страда.
- Кој не крпи старо, нема да носи ново.
- Кој не работи, тој не греши.
- Кој носи, не проси.
- Кој овчар спие, без јагнија останува.
- Кој памет нема, друг на душа зема.
- Кој пее, зло не мисли.
- Кој пита, не скита.
- Кој работи како магаре, како магаре и ќе живее.
- Кој рани мачки, не рани глувци.
- Кој рано рани, две среќи граби.
- Кој рано рани, убаво се храни.
- Кој се лути, бргу ќе остари.
- Кој се срами, ќе гладува.
- Кој се труди, не губи.
- Кој се фали, не пали.
- Кој седи на две столици, ќе падне и од двете.
- Кој си го бива, за сѐ си го бива.
- Кој си ја има мувата на капата, си ја брка.
- Кој те не знае, скапо ќе те плати.
- Кој те рецка, Митре бе!

- Кој тера рогови, ќе остане и без уши.
- Кој ќе стигне, го молзе.
- Кој фрла пари, купува каење.
- Кој чека, ќе дочека.
- Кој што сторил – ќе најде.
- Која зима без студ?
- Која мајка не си го сака чедото?
- Која страчка без опашка, да и ти без жена.
- Кола в торба не се крие.
- Колку жаба влакна, толку и тој чест.
- Колку јазици знаеш, толку луѓе вредиш.
- Колку порано, толку поарно.
- Колку постар прчот, толку појак рогот.
- Колку прав – толку здрав.
- Колку ти е чергата, толку пружи ги нозете.
- Кому мајка, кому маќеа.
- Кому не му е грев, не му е ни страв.
- Комшијата е повеќе од брат.
- Коњот мој, магарето твое.
- Копа бунар крај река.
- Краде како страчка.
- Крајот го краси делото.
- Крвта вода не станува.
- Криво седи, право суди.
- Кротко како јагне.
- Круша под круша си паѓа.
- Куме, ти изгоре ќесето.
- Купи си прво комшија, после прави куќа.

- Кус петел, пиле довека.
- Кус ремен – долг живот.
- Куќа со инает не се врти.
- Куќата не лежи на земја, туку на жената.
- Куќен арамија е полош од јабанџија.
- Куќниот праг е највисока планина.
- Куче лае, ветар носи.
- Куче што лае не каса.
- Кучето е верно на стопанот.
- Лагата е плитка.
- Лагата куса ја има ногата.
- Лагата поарно ја веруваат одошто вистината.
- Лагата река не гази.
- Лаги ти продаваат, со опашки.
- Лае на месечината.
- Лае под погрешно дрво.
- Лажгото има добро памтење.
- Лани бев на туѓина, годинава не сум дома.
- Леб и вода е најарна рана.
- Леб и сол што дал Господ.
- Лебот е мек како памук.
- Лебот земај го од земјата, а не од туѓите усти.
- Лева рака – десен џеб.
- Легнува со кокошките, ама станува со петлите.
- Лежи лебу да те јадам.
- Лесен е под капата.
- Лесна му земја.
- Лесно е да имаш, тешко е да чуваш.

- Лесно е да се зборува, ама тешко е да се работи.
- Лесно е со полн стомак постот да се фали.
- Лесно е човекот нечовек да биде.
- Лесно му е на богатиот.
- Лете работат и мравките.
- Лето без горештина не бидува.
- Летото бргу поминува.
- Лисица на пазар не оди.
- Лице како месечина.
- Лицето го покажува срцето.
- Личат како јајце на јајце.
- Лозјето не сака молитва, туку мотика.
- Лош како бесно куче.
- Лош комшија, големо лошо.
- Лош почеток – добар крај.
- Лоша рана оздравува – тешка мисла не се заборава.
- Лошата кучка го чува селото.
- Лошата нива не дава плод.
- Лошата погача поарен пријател ќе пречека.
- Лошиот збор рани отвора.
- Лошиот човек змија не го каснува.
- Лошото се слуша подалеку од доброто.
- Лудост младост – матна река.
- Луѓето нагоре, куќата надолу.
- Луѓето се познаваат во маката.
- Луѓето се секаде еднакви.
- Лук и вода.
- Лут како пипер.

- Лут како рис.
- Лута како змија.
- Лутината е на ѓаволот молитва.
- Лутината е половина будалштина.
- Луто а̀ко јадеш, ама благо да зборуваш.
- Љубезните зборови се како мед.
- Љубов е рана која не се лечи.
- Љубов за љубов секогаш се дава.
- Љубов и кашлица не се кријат.
- Љубов не се купува, ниту пак се продава.
- Љубовните рани најмногу болат.
- Љубовта ги совладува сите препреки.
- Љубовта го фрла на јаже човек.
- Љубовта години не познава.
- Љубовта е зачин на сѐ.
- Љубовта не е чудо, ама чуда прави.
- Љубовта раѓа љубов.
- Љубовта убавина не гледа.
- Љубомората е сестра на злото.
- Љубоморен е како куче.
- Магарето го канеле на свадба, за да носи дрва и вода.
- Мажите кои се умни си ги честат жените.
- Мажот е главата на семејството, ама жената е вратот.
- Мажот е и белило и црнило на жената.
- Мајка на чедо зло не мисли.
- Мајката синот го одранила со кисела матеница.
- Мајсторијата нема крај.
- Мајчините солзи се жешки.

- Маката оди по човекот.
- Мала работа, голема срамота.
- Мала роса подлабоко в земја влегува.
- Малечко зрно е леблебија, ама го јадат по ракија.
- Малите грижи зборуваат, а големите молчат.
- Малите приказни голем ум даваат.
- Малку да е, ама твое да е.
- Малото грне бргу се вари.
- Манџа што не ја јадеш, што се грижиш ако загори.
- Маслинка манџа не бидува.
- Мати вода во аван.
- Матна вода не гази.
- Мачен како Исус.
- Мачка на грб не паѓа.
- Ме избричи на суво.
- Ме ладиш со жешка вода.
- Ме покани со половина уста.
- Меаната е стапица за пијаниците.
- Мед во устата, јад во срцето.
- Меѓу два огна.
- Меѓу две тави и пак гладен.
- Мезето е камшик за ракијата.
- Мек како памук.
- Мек леб за деца, а попара за баба.
- Мелем на рана – збор на жалба.
- Мене дај ми го копанот, да ти јади го оризот.
- Мераклија е како вол за теле.
- Меракот е голем, и на стар и на болен.

- Мерка му зема.
- Месено, обесено, дома донесено, нигде нема.
- Месечина како ден.
- Месо без коски не бива.
- Метено како лисицата со опашката.
- Ми излезе од тилот.
- Ми се уплаши окото.
- Ми фати окови.
- Мижи да те лажам.
- Мило за драго.
- Мирен како бубалка.
- Мириса пијаниот, како расол во март.
- Мисли – прави!
- Мисли брзо, али полека зборувај.
- Млад и стар не гаснат вар.
- Млад како фидан.
- Младо како роса.
- Младоста не е довека.
- Млеко кисело, срце весело.
- Многу знае, многу ќе пати.
- Многу јадел, ама со заб не џвакнал.
- Многу поминало, малку останало.
- Мнозина одат на туѓина, ама малцина пари добиваат.
- Моето – мое, твоето – твое.
- Молчи како риба.
- Мома без љубов, како цвеќе без мирис.
- Море со песок не се наситува.
- Мотиката и ралото го ранат веков.

- Мравката и пчелата нѐ учат како се печали.
- Мрзата е најтежок товар.
- Мрзливиот му е брат на расипникот.
- Мртва уста да апне.
- Мртвата уста не зборува.
- Му брмчат бумбари во главата.
- Му ги крадиме на Господ дните.
- Му го знае дупчето на ѓаволот.
- Му догорела свеќата.
- Му дојде и нему црн петок.
- Му ја вади душата.
- Му ја мати водата.
- Му ја потпираат куќата одозгора.
- Му купиле капа на нероден Петко.
- Му појде право на волкот в уста.
- Му прилега како на свиња ѕвонец.
- Му пушта вода.
- Му се јаде зборот.
- Му се свиткала змија в ќесе.
- Му текна, ама доцна.
- Му тура сол на раните.
- Му удрила косата в камен.
- Му удрила секирата в мед.
- Мудроста куќа гради.
- На арен грб, самари триста.
- На бавчанџија му продаваат пиперки.
- На бел снег и црно семе се јаде.
- На богатите и враните јајца им носат.

- На бостанџија лубеници не продавај.
- На влажна земја дожд не и треба.
- На вода отиде, вода не се напи.
- На гладниот и пиперот му е мед.
- На гости убаво, ама дома поубаво.
- На грешка и прошка.
- На добриот апетит секој леб е добар.
- На ѓаволот газот му го знае.
- На жена тајна не кажувај.
- На загубеното му ја знаеме цената.
- На здравиот секој ден му е празник.
- На крајот на светот.
- На куковден.
- На ланско огниште оган бара.
- На мајстор не му верувај.
- На мајтап рече, вистината је кажа.
- На младите светот останува.
- На море поклопка не се клава.
- На мрзлива овца и руното и тежи.
- На оро играле, гајди не виделе.
- На патникот патот, на овчарот стапот.
- На плитко се дави.
- На поарно ќе излезе.
- На празна плевна покров не ѝ треба.
- На празно грне не му треба капак.
- На свадба кусур не се гледа.
- На секое пиле месото не се јаде.
- На секоја дума амин не се вика.

- На секоја манџа и црн пипер бидува.
- На слеп свеќа не се дава.
- На студ јунаштво не бидува.
- На суво жаба не крека.
- На ќосиот мустаќи не му растат.
- На чело Ристос, в пазува ѓавол.
- На чија кола се возиш нему песни пеј му.
- На човек поган не фрлај оган.
- Наведната глава под царска сабја поминува.
- Навечер денот се фали.
- Навиката е една мака, а одвиката – две маки.
- Нагоре високо – надолу длабоко.
- Надвор од орото многу песни знае.
- Надежта е леб за сиромасите.
- Најди меко, копај длабоко.
- Најмногу се витка човекот.
- Најтешка е празната торба.
- Накриви ја капата и свиркај си.
- Налева вода на туѓа воденица.
- Напредува како желка низ угар.
- Народот е силна кобила.
- Насред поле врата.
- Настрада ни крив ни должен.
- Нацртан леб не може да се изеде.
- Нашол – зашол.
- Нашол секира зад врата.
- Нашол село без кучиња.
- Нашол црква да се крсти.

- Не бега мечка од тебе.
- Не бидува караница за ништо.
- Не видов аир од очиве, та од клепкиве ќе видам.
- Не го бидува за ништо.
- Не дува секогаш ист ветар.
- Не е богат тој што има многу, туку тој што дава многу.
- Не е раката терезија.
- Не е секој ден Велигден.
- Не јади гурабии.
- Не кажувај му на татка ти каде му се нивите.
- Не купувај куќа без комшија.
- Не ме влечи за јазик.
- Не ме префрлај од рид на рид.
- Не мешај баби и жаби.
- Не може два на едно да стави.
- Не може од еден грб две кожи.
- Не може по магарето, па по самарот.
- Не му одат по гајдата.
- Не му се сите овци на број.
- Не оставај ја сегашната работа за утре.
- Не пикај го носот насекаде.
- Не плаче горета од секирата, ами од рачката.
- Не плачи на туѓ гроб.
- Не плива магарето дури не му дојде водата до уши.
- Не плукај угоре да не падне на тебе.
- Не по врат, ами по шија.
- Не потсмевај се никому, на глава ќе ти дојде.
- Не преместувај туѓи меѓи.

- Не речи двапати.
- Не се кревај на големо, да не паднеш на колено.
- Не се плашам, ама ми е страв.
- Не си ги вади очите сам.
- Не си го сменил ни рувото ни бојата.
- Не ставај прст меѓу две врати.
- Не сум врба утре пак да изникнам.
- Не сум од вчера.
- Не сум сонце, па да огреам насекаде.
- Не те имам за црни очи.
- Не трчај како прле пред магаре.
- Не ќе ти се исуши устата, ако кажеш.
- Не умрела бабата од шегите.
- Не учи бавчанџија како се садат краставици.
- Не учи старец да мака јајца.
- Не фали лична жена, туку умна.
- Не чини пет пари.
- Не чукај на отворена врата.
- Не чукај празна слама.
- Нека пукнат душманите!
- Некој и на јадењето се поти.
- Некој цела, некој нема ни фела.
- Нем немиот најдобро го разбира.
- Нема ден без виделина.
- Нема ни крај, ни конец.
- Нема ни срам, ни перде.
- Нема радост без жалост.
- Нема товар без децата.

- Нема умен сиромав, ниту пак, богат будала.
- Неорана нива не може да се жнее.
- Несреќите имаат брзи гласници.
- Ни во куче вера, ни во лаком мера.
- Ни во чудо не чуди се.
- Ни лук јал, ни лук мирисал.
- Ни мене лозје, ама ни тебе грозје.
- Ни море не го мие.
- Ни на небо, ни на земја.
- Ни ора ѓаволот, ни копа.
- Ни се води, ни се тера.
- Нигде не го бере.
- Ниедна лоштотија не доаѓа сама.
- Низ златото солзи се леат.
- Низ иглени уши поминал.
- Никој не бега од убавото.
- Никој не се вратил од оној век.
- Никој не се родил учен.
- Никој нема да ти ги врати годините.
- Ништо во гроб нема да однесе.
- Ништо не е вечно.
- Новото сито само сее.
- Нос како патлиџан.
- Облечен е како за на бостан.
- Образот со вода не се мие.
- Обувен босиот преку вода го носи.
- Овде е и рајот и пеколот.
- Овенал како некој скинат трендафил.

- Овој век е мошне мил, смртен час да не беше бил.
- Овој век, како снег.
- Овца ли си, и волци ќе те јадат.
- Овца што се дели од другите, волкот ќе ја најде.
- Овци без овчар, на волкот му се дар.
- Оган и слама не се ставаат едно до друго.
- Оган му гори на глава.
- Оган со масло не се гаси.
- Огнот и водата најпотребни се на човекот.
- Огнот и водата не познаваат ни кумство ни пријателство.
- Огнот каде ќе падне, таму гори.
- Огнот не се подмачкува.
- Огнот, водата и смртта атер не гледаат.
- Од арно никој не бега.
- Од Бога ништо не се крие.
- Од був сокол не бива.
- Од будала памет не купувај.
- Од варена пченица не се истерува семе.
- Од варени јајца не излегуваат пилиња.
- Од влакно ортома прави.
- Од врба грозје не се бере.
- Од гледање нема фајде.
- Од гнев, во вечна мака.
- Од гол кошула не се бара.
- Од град нема глад, ама тешко каде ќе падне.
- Од две столици – на земја.
- Од девет заби во девет нозе.
- Од девет планини вода ти носи, од ниедна не ти дава.

- Од дрвено падна на камено.
- Од дрво и од камен треба лебот да си го вадиш.
- Од ѓавол убавина не чекај.
- Од еден вол две кожи не се дерат.
- Од еден извор не извира и блага и солена вода.
- Од еден кол се одврзав, за друг се врзав.
- Од еден удар дабот не паѓа.
- Од една вода пиеме, и пак род не се чиниме.
- Од една искра голем оган бидува.
- Од едно дрво и мотика, и лопата.
- Од едно зрно голема нива.
- Од едно уво влезе, од друго излезе.
- Од жал што му е, се смее.
- Од жена кој маж зема пари, нека си чека кавги.
- Од жива мечка кожа не се дере.
- Од жолта коза жолто јаре.
- Од занаетот нема умор.
- Од зборови попара не се прави.
- Од зло добро не чекај.
- Од зорт и бабата заиграла.
- Од инает глава се кине.
- Од инает нема полош занает.
- Од инает ништо поблаго нема.
- Од каде дошло, од таму отишло.
- Од каде е дрвото засечено, од таму паѓа.
- Од каде е думата, од таму е душата.
- Од кого е, многу е.
- Од кожава не се излегува.

- Од коњ на магаре.
- Од лошо има полошо.
- Од луд и пијан ќе ја научиш вистината.
- Од лутина и планина пука.
- Од маки не се умира.
- Од мала дупка голем глушец излегува.
- Од мала искра голем пламен се прави.
- Од малку брашно мало лепче.
- Од маста аир нема, а не од изварката.
- Од матна вода пази се.
- Од мене песна, од Бога здравје и веселба.
- Од многу ум капата му се дупнала.
- Од молчење глава не боли.
- Од ништо, нешто.
- Од оваа кожа во друга не се може.
- Од пијан човек не барај совет.
- Од пишаното не се бега.
- Од под камен да најдеш и да ми платиш.
- Од пондила благослов.
- Од празна стомна не се пие.
- Од прашано згрешено нема.
- Од првиот залак посладок нема.
- Од прејадување нема здравје.
- Од пуста мрза и огнот ќе го угаси.
- Од работа нема срамота.
- Од речено до сторено, како од небо до земја.
- Од свињи бачило не се прави.
- Од свој камен не боли.

- Од секое дрво свирка не се прави.
- Од село во град не бива сват.
- Од сила и планина пука.
- Од сиромав никој совет не прима.
- Од сите страни сонце го грее.
- Од слепите очи не течат солзи.
- Од старо дрво обрач не се вие.
- Од страв се бега, од срам не се бега.
- Од три буки – две вретена.
- Од трн трендафил, од трендафил трн.
- Од туѓ коњ на пат те слегува.
- Од ќорав очи.
- Од уста мед и млеко, од срце јад и пелин.
- Од чавкино гнездо гулаб не излегува.
- Од челад послатко и погорко нема.
- Од човек ништо не куртулило.
- Од што најмногу се плашиш, од тоа најмногу пази се.
- Од што немаш и без него поминуваш.
- Од шупливо во празно.
- Одбираш ли, ќе избереш.
- Одвај кожата му ги држи коските.
- Оди каде ќе одиш, пак дома да си дојдеш.
- Оди како мува без глава.
- Оди како пишман роден.
- Оди како подмачкано.
- Оди како проѕевка од уста на уста.
- Ожени се да си земеш беља на глава.
- Ожени се на брзина, ќе се каеш полека.

- Око за око, заб за заб.
- Око на око вера нема.
- Око не му трепнува.
- Окото никогаш не се наситува.
- Оној што те тера да плачеш, тој те сака.
- Опинци нема на нозете, гајда бара да купи.
- Орај, копај, рани се, со грабање не богати се.
- Орала мувата цел ден на роговите од волот.
- Остави еден, бувни друг.
- Остави ја мрзата, фати ја брзата.
- Остана бел в очите.
- Остаре, побеле, умот не ти дојде.
- Острото на ножот го сече и доброто и лошото.
- Отвори си ги очите да не ти ги отворат други.
- Отиде со еден ѓавол, се врати со сто.
- Отидоа слатките смокви.
- Откога ќе се скрши колата, многу патчиња ќе се отворат.
- Оф за него, оф без него!
- Оф за чеда, оф од чеда!
- Оф легни, оф стани!
- Очи од гледање не се наситуават.
- Очи што набргу не се видуваат, се забораваат.
- Очите во стравот се големи.
- Очите водат, нозете носат.
- Очите гледаат сѐ, но не се гледаат самите.
- Очите ми капнаа од срам.
- Очите му играат како на ѓаволот.
- Оџакот ако не трга, домаќинката ќе трга.

- Падна и веднаш стана.
- Падна, ама не се извалка.
- Падни, стани, за ралото се фани.
- Паднување и – отепување.
- Пазењето не е страв.
- Пази го попот, за да е мирно селото.
- Пази се да не поболиш оти мачно можеш да оздравиш.
- Пази се и Господ да те пази.
- Пази се од злото дури не ти дошло.
- Пази се од слеп да не прогледа.
- Пајакот не плете мрежи само за една мува.
- Паметниот попушта.
- Панаѓур без кавга не бидува.
- Парата го врти светот, а правината небото.
- Парата е јуда.
- Парата е најлошиот пријател – најбргу те остава.
- Парата и железна врата отвора.
- Парата на пара оди.
- Парата, и нем да е човек, ќе го прозбори.
- Пари давам, оро играм.
- Пари давам, свирка свирам.
- Пари дадов, бељата си зедов.
- Пари земам, пари немам.
- Парите лесно излегуваат од џебот.
- Парите на едни им го земаат умот, а на други им даваат ум.
- Парите се најмили од сè.
- Парите се тркалести, да одат од раце в раце.
- Патам како овчица.

- Патот со злато да ми го постелеш, не одам.
- Патувај за да знаеш.
- Пееш со глуви уши.
- Пенил се, не пенил – ќе те јадам, пари сум дал.
- Пепелаво жарче рана отвора.
- Перде му ставиле на очите, па не гледа.
- Пес вера нема.
- Пес од грозје не умира.
- Песна ми е, да си пеам.
- Песна пее, гора се лелее.
- Песна убава срце разбудува.
- Песната стопан нема.
- Песок реката носи за морето да го полни.
- Песот си го познава стопанот.
- Пет пари шапка, десет пари крчма.
- Петел јајца не носи.
- Петел му пее во куќата.
- Петелот пее на своето буниште.
- Пијан беше како дрво.
- Пијан човек – вреќа без дно.
- Пијан човек – тесен сокак.
- Пијана душа Господ не слуша.
- Пијаниот нема чест.
- Пијаница со пијаница многу си живеат.
- Пијаницата колку повеќе пие, толку повеќе жеднее.
- Пијано село – успано поле.
- Пијанството е од ѓаволот, а сиромаштијата е од Бога.
- Пијанството изгубува царство.

- Пилците се познаваат по пеењето, а луѓето по зборувањето.
- Пипер в очи не му даваат, не пари да му дадат.
- Питачката торба никогаш не е полна.
- Питомо јагне од две мајки цица.
- Пишаното си е пишано.
- Пиши, па после избриши.
- Пишман зел, пишман не зел.
- Планина без криво дрво нема.
- Плата спроти работа.
- Плаче за стап.
- Плевната е полна како око.
- Плотот гние, борчот не гние.
- Плугот има железен, мотиката сребрен, а лопатата златен врв.
- По вода отиде, вода не се напи.
- По грмежот и дожд доаѓа.
- По денов.
- По ѓаволот оди, на Бога се моли.
- По летото зима доаѓа.
- По лошото добро доаѓа.
- По мајката ќе ја познаеш и ќерката.
- По нов пат со стар пријател.
- По орлите и чавките се ранат.
- По пладнина пазар не бива.
- По свадба тапани.
- По туѓ грб и сто стапови се малку.
- По ушите го познаваш магарето.
- Побарај да најдеш.
- Поблаг да ми дојдеш.

- Поблизу до црквата, подалеку од Бога.
- Побргу сонцето сум го видел од тебе.
- Побргу сум бил воденица од тебе.
- Побрзо седлото од коњот.
- Повеќе зборување – повеќе грешење.
- Повеќе кошули сум искинал.
- Повеќе очи повеќе гледаат.
- Повеќе се удавиле в чаша, отколку в море.
- Повеќе слушај, одошто да зборуваш.
- Повеќе умреле од јадење и пиење, одошто од глад и жед.
- Поган човек – погана уста.
- Поголем залак касни, поголем збор не речи.
- Под ведро небо.
- Под волот теле не се бара.
- Под рогозина ти ја пуштаат водата.
- Подадена рака – спасена душа.
- Подобро без вера, одошто без леб.
- Подобро без пари, одошто без ум.
- Подобро в село чорбаџија, одошто в град ќумурџија.
- Подобро гледаат две очи, одошто едно.
- Подобро да веруваш на твоите очи, одошто на туѓите зборови.
- Подобро да даваш, одошто да сакаш.
- Подобро да си без пари, отколку без чест.
- Подобро да ти завидуваат, одошто да те жалат.
- Подобро е да дадеш, отколку да бараш.
- Подобро е да се спречи, одошто да се лечи.
- Подобро е да умееш, отколку да имаш.
- Подобро е други да те фалат.

- Подобро и киселец, отколку празна торба.
- Подобро и на најлош коњ да јаваш, отколку на нозе да одиш.
- Подобро леб и сол да јадеш, одошто дома да се караш.
- Подобро некогаш, отколку никогаш.
- Подобро нешто, отколку ништо.
- Подобро носи, одошто проси.
- Подобро со умниот да плачеш, отколку со будалата да пееш.
- Подобро твое јајце, одошто туѓо коковче.
- Подобро три дена петел, отколку сто години кокошка.
- Подобро умен душман, одошто будала пријател.
- Подосаден си од мувите.
- Поевтиното секогаш е поскапо.
- Појде теле, се врати вол.
- Појди кај гладен, најади го; кај жеден – напој го.
- Појди кај сиромав, подари го; кај богат – развесели го.
- Поканет како и почестен.
- Поканил гости со половина уста.
- Поклони му се на злото како на светото.
- Покори му се на ѓаволот, дури да го поминеш мостот.
- Покрај сувото дрво гори и суровото.
- Покрај трендафилот расте и коприва.
- Покриен со слонова кожа.
- Покриеното млеко не го пијат мачките.
- Поле окато, гора ушата.
- Полека оди, а тешко носи.
- Полека, па сигурно.
- Полесно е да се каже, отколку да се направи.

- Полесно е да спечалиш, одошто да сочуваш.
- Полесно се решаваат туѓи гајлиња од своите.
- Полни очи – празни раце.
- Полошо од ова, здравје!
- Полошо сече зборот, одошто ножот.
- Помалечко за подалечко.
- Помило од чедо ништо нема.
- Помина зимата, зошто ти е гуната.
- Помина магарето преку мостот.
- Поминал низ иглени уши.
- Поминал низ сито и решето.
- Поминало како на куче рана.
- Поминало како снегот ланскиi.
- Помогни ми да ти помогнам.
- Понуден, како почестен.
- Поп зема, а не дава.
- Поп колку да не знае, пак народот го чести.
- Поп што прави – прави и ти, ама што вика – не го слушај.
- Попарено куче и од дожд се плаши.
- Попот е како пчела, отсекаде дома прибира.
- Попските џебови се длабоки.
- Попувај, попе, ама и поорувај.
- Пороците се скапи.
- Посакај да ти дадат.
- Последниот секогаш најслатко се смее.
- Постаро е селото од попот.
- Постаро е утрото од вечерта.
- Потаен жар повеќе гори.

- Потта е бериќет.
- Почетокот е половина од секоја работа.
- Прав како свеќа.
- Прав како фишек.
- Правдината планина поместува.
- Прави во водата дупка.
- Прави добро, чекај зло.
- Прави кули в облаци.
- Прави од мува слон.
- Прави што ќе правиш, ама мисли и за утре.
- Правина до краина, кривина до пладнина.
- Правина и оган не седат на едно место.
- Правината е како пипер в очи.
- Правината не се плаши ни од владиката.
- Правината повеќе свети и од сонцето.
- Правината се тенчи, ама не се кине.
- Правината си е секогаш правина.
- Правиот се смее, кривиот се крие.
- Право в чело го погоди.
- Празен кош – остар нож.
- Празен работи, празен не седи.
- Празно ќесе – готова болест.
- Првиот залак е најсладок.
- Првите мачиња в река ги фрлаат.
- Првите чекори се тешки.
- Прво го суреди, после го уреди.
- Прво доаѓа долгот, а потоа лагите.
- Прво мери – после крои.

- Прво мисли – после прави.
- Прво скокни, па речи оп.
- Пред Бога сме сите еднакви.
- Пред да стивне ветрот е најсилен.
- Пред да употребиш сила, употреби ум.
- Пред нив вирови, зад нив волци.
- Прекасај си јазикот, лошото не речи го.
- Преку девет планини го поминал.
- Претрпен – спасен.
- При многу баби детето килаво излегува.
- При убава жена – многу пријатели.
- Пријател арен со пари не се купува.
- Пријатели има и за чаша вино и ракија.
- Пријателот во неволја се познава, а не на свадба.
- Пријателот се цени по зборот, а душманот по одговорот.
- Пријателството го прави животот убав.
- Природата е посилна од сѐ.
- Продаваш боза на бозаџија.
- Продај коњ, купи седло.
- Продај си го песот, лај сам.
- Продал рог за свеќа.
- Просјачка торба со ништо не може да се наполни.
- Прост народ – проста држава.
- Просто е како грав.
- Простри се колку ти е долга чергата.
- Прошката е најстрога казна.
- Прст пред око не се гледа.
- Пукна гајдата, се распушти орото.

- Пукна грнето, се истури гравот.
- Пукнала пченицата од просото.
- Пусто село без пци е.
- Пушти аро на вода да ти скрши стомните.
- Пушти полжав рогови.
- Пушти си ги нозете колку ти е рогозината.
- Пците вар не локаат.
- Пцовисана овца нема страв од волкот.
- Работа – красота.
- Работата го фали мајсторот.
- Работата да се страши од тебе, а не ти од неа.
- Работата е бел образ.
- Работата е од Бога благословена.
- Работата и редот го држат веков.
- Работата никого не го посрамила.
- Работата човекот го краси, а мрзата го гнаси.
- Работата што ќе ја фатиш, крајот да ѝ го мислиш.
- Работи како коњ.
- Работи на младост, сокри за старост.
- Работите се средуваат сами од себе.
- Радосниот ден е кус.
- Радосното срце го разубавува лицето.
- Радоста доаѓа по жалоста.
- Радоста споделена е радост удвоена.
- Разбој сам не ткае.
- Разградена градина, заградена пустина.
- Раздаваат како на задушница.
- Рака кантар нема.

- Ракијата в бочва е мирна, в глава е луда.
- Рана која пече со збор не се лечи.
- Рана што се крие, тешко зарастува.
- Раната заздравува, ама трага останува.
- Рани душа да те слуша.
- Рани куче да те лае.
- Рано го обрала бостанот.
- Рано пиле рано пее.
- Рано станувај, доцна легнувај.
- Расипи поголемо, направи помало.
- Раскршен леб не се заварува.
- Растат децата како лубениците во бостан.
- Раце што работат никогаш не просат.
- Ретка е честа, затоа е скапа.
- Ретко е златото, затоа е скапо.
- Речено – сторено.
- Речи ми да ти речам и да ти одречам.
- ‛Ржен лебец да јадам, ама на туѓина да не одам.
- Рздели, па владеј.
- Риба в море не се пазари.
- Рибата в море, тие оган палат.
- Риби гледај, кромид јади.
- Рика како магаре.
- Рипа, скока, за една ока.
- Рипни од високо, нозете ќе си ги скршиш.
- Род рода не рани, тешко кој го нема.
- Роден е за мака.
- Роди ме со к’смет, фрли ме на патот.

- Родила врба грозје.
- Руба краси – руба гнаси.
- Саат трпење, година мирно седење.
- Сабота од недела не се дели.
- Сади сливи на чардак.
- Сакај му на Бога што ти треба, ама со молба.
- Сакало да се стори.
- Сакаш, слепче, очи?
- Сам кој паѓа, не плаче.
- Сам паднал – сам станал.
- Сам си ги носи годините.
- Сам си дроби, сам си срка.
- Сам си ја мати водата.
- Сам си свири, сам си игра, кој го гледа, му се чуди.
- Сам човек – пресечено дрво.
- Сам човек за никаде не е.
- Сам човек и во рај не го прилега.
- Само Господ знае што има на сиот век.
- Само Господ знае што прави.
- Само Господ лага не продава.
- Само здравје, друго сѐ ќе биде.
- Само месо дома дошло.
- Само од пиле млеко што немаат.
- Само сеир си гледа, ич не се секира.
- Само татко и мајка не се купуваат.
- Само тој да знае и цело село.
- Само тропа по пустина, никој не го слуша.
- Само што ќе зине, ќе измами.

- Самото време донесува совет.
- Сармата колку се подгрева, сѐ поблага е.
- Свети, не грее.
- Светот е за чудење.
- Светот за лошите е рај, а за арните мака без крај.
- Светот не сака приказни, ами сака пари.
- Светци со заби.
- Сви си ја опашката!
- Свирка му свирев, песна му пеев и си го добив.
- Свои свеќи гори, туѓи есапи прави.
- Се валка како свиња во калта.
- Сѐ во свое време.
- Се врти како лисица околу стапица.
- Се врти како прдеж в гаќи.
- Сѐ доаѓа на виделина.
- Се држи како пијан за плот.
- Сѐ е арно да знаеш, ама сѐ да не правиш.
- Сѐ е лук и вода.
- Сѐ за образот, а образот за ништо.
- Се залепил како пијавица.
- Се зарекла свиња да не јаде на буниште.
- Се извлече како куче низ роса.
- Се инаети како магаре на мост.
- Се кити со туѓи пердуви.
- Се крена високо до небо.
- Се направил како црна гламна.
- Се направил на три и пол.
- Се нашол во небрано лозје.

- Се оженил дедо да си има баба.
- Се отегнале дните како гладна година.
- Се потсмевал ќелавиот на краставиот.
- Се препна на права ледина.
- Се продава како алва.
- Се раздени и без петелот да пее.
- Се растрча како куче од синџир пуштено.
- Се свиткал како змија в зори.
- Сè се може, ако се сака.
- Се сложуваат како рогови во вреќа.
- Се смее будалата и кога не е за смеење.
- Се смее денот на ноќната работа.
- Се смее, ама смеата низ нос ќе му излезе.
- Се смуртил како кога ќе врне.
- Сè со време бидува.
- Се собра како желка.
- Се собрале како свињи на месечина.
- Се сторил за мајтап на веков.
- Се стркала грнето, си го најде капачето.
- Се тресе како лист на дрво.
- Сè ќе биде, само нас ќе не нема.
- Сè човек сам што си направи, друг не може да му направи.
- Сè што било, поминало и што ќе биде, ќе помине.
- Сè што е убаво не трае долго.
- Сè што има име на веков, го има.
- Сè што лета, не се јаде.
- Сè што свети не е злато.
- Сè што се рекло, било.

- Сега и секогаш, та никогаш.
- Сега како е, утре не е.
- Седи мадро, да не носиш модро.
- Седни, оф, стани, оф.
- Секакви тревки – секакви мириси.
- Секое време си носи свое бреме.
- Секое грне си има и капак.
- Секое зло за добро.
- Секое куче дома си лае.
- Секое магаре својот товар си го носи.
- Секое месење – торба тресење.
- Секое нешто си има две лица.
- Секое нешто си има свое место.
- Секое пиле во своето јато лета.
- Секое чудо за три дена.
- Секој врат не е за ѓердан.
- Секој го носи својот крст.
- Секој да си мете пред неговата порта.
- Секој за себе, Господ за сите.
- Секој оди на пазар со својата работа.
- Секој плаче на својот гроб.
- Секој по еден ум има.
- Секој по муабетот се познава.
- Секој почеток е тежок.
- Секој рај има своја змија.
- Секој сам се бендисал.
- Секој само ум ти продава, а никој не ти помага.
- Секој си е со својот крст на чело.

- Секој си живее со своите гајлиња.
- Секој си ја тегне чергата накај него.
- Секој слуша што му се сака.
- Секој што има мустаќи не е маж.
- Секоја болест си има лек.
- Секоја вода што тече, не се пие.
- Секоја коза за својата нога.
- Секоја колиба си има свој адет.
- Секоја коприва не пржи.
- Секоја крава не дава млеко.
- Секоја крава своето теле го лиже.
- Секоја куќа – башка адет.
- Секоја мотика трга кон себе.
- Секоја овошка навреме си зрее.
- Секоја планина си ја знае својата тежина.
- Секоја пчела не бере мед.
- Секому своето му е најмило.
- Село без кучиња.
- Село се пали, баба се гали.
- Село фали, в град живеј.
- Селото гори, бабата се чешла.
- Сенката се врти околу своето дрво.
- Сечко сече, март влече.
- Сешто за рака му се лепи.
- Си ги измешале капите.
- Си го бара ќотекот со борина.
- Си го бара со боринче, ќе си го најде со огинче.
- Си го врзал в крпче.

- Си живеат како кучето и мачето.
- Си ја најде бељата во торбата.
- Си ја носи душата во носот.
- Си легна на брашното.
- Си нашол, па си зашол.
- Сила без ум сама се упропастува.
- Сила Бога не моли.
- Силната вода бргу истекува.
- Силната работа сиромаштија потерува.
- Сираче пријател нема.
- Сирачката солза не паѓа на суво.
- Сиромав до гуша.
- Сиромав човек – жив ѓавол.
- Сиромавиот двапати повеќе плаќа.
- Сиромавиот и во рај ќе седи подолу од богатиот.
- Сиромавиот и Господ го нејќе.
- Сиромавот има лице бело, а срце невесело.
- Сиромаштијата е сирак.
- Сиромаштијата не е грев.
- Ситата мечка стопан не познава.
- Сите добрини не се собираат на едно место.
- Сите лошото го знаат, ама не го прават.
- Сите прсти не се еднакви, ама еднакво болат.
- Сите радости се исти, но секоја тага е различна.
- Скап е чеканот кој на наковалната се одмара.
- Скапо си ја продаде кожата.
- Скината вреќа просо не држи.
- Скокна како попарен.

- Скржавиот нема, а расипникот нема да има.
- Скржавиот поскапо плаќа.
- Скржавиот само кога ќе умре прави добро дело.
- Скржавиот со едната рака дава, со другата сака.
- Скри да имаш.
- Скришното најгласно станува.
- Слаб на лице, здрав на душа.
- Слаб ум, јаки плешки.
- Слабиот оган повеќе дрва гори.
- Сладок е сонот на тој што работи.
- Сладок сон и железна порта отвора.
- Слатки се јаболката кога го нема чуварот.
- Слаткото доаѓа на дното.
- Слеп слепец води.
- Слепа кучка слепи кучиња раѓа.
- Слободата е најголемо богатство.
- Слободата се цени кога ја нема.
- Сложни браќа нова куќа градат, а несложни и старата ја рушат.
- Случајно не се станува умен.
- Слушај ме што мислам, не гледај што правам.
- Слушајте глуви, гледајте слепи.
- Смеењето е добро за здравјето.
- Смирни калуѓери среда и петок мрсат.
- Смрди како расипано јајце.
- Смрди, не смрди, под носот ми е.
- Смрт без причина не бива.
- Смртта не прашува ни стар ни млад.
- Снагата им е гордост на младите.

- Снег и град нека врнат – лошо време да нема.
- Со арен другар и во зло време.
- Со бел образ секаде се оди.
- Со борина да бараш.
- Со брат до море, со жена и преку море.
- Со вила ореви не се носат.
- Со врзан `рт на лов не се оди.
- Со глава ѕид не се руши.
- Со гола рака в жар се не брка.
- Со гола рака змија не се фаќа.
- Со деца муабет не се прави.
- Со деца по дрва не се оди.
- Со душата на рамо е.
- Со еден камен ѕид не се ѕида.
- Со еден камен, две врапчиња.
- Со еден кол градина не градиш.
- Со еден куршум два зајака лови.
- Со една рака дава, а со две зема.
- Со едната нога в дупка.
- Со едно мавнување дрво не се сече.
- Со едно цвеќе лето не бидува.
- Со збор сѐ е лесно.
- Со игла бунар не се копа.
- Со инка ум не се става.
- Со јак не бори се, со богат не мери се!
- Со книги – четири очи.
- Со кого се караш и ќе се смириш.
- Со кого си, таков си.

- Со лага ага не бидува.
- Со лошото – лошо, без него – полошо.
- Со малку масло сладок ручок не бива.
- Со масло и клинци да свариш, слатки се.
- Со мера мери, со цена цени.
- Со него ни да пееш, ни да плачеш.
- Со него, како и без него.
- Со нивните камења по нивните глави.
- Со нога слизни се, со јазик, не.
- Со оган шега не бидува.
- Со пари в рај, без пари ни на крај.
- Со пот поблага е вечерата.
- Со празна пушка на лов не се оди.
- Со прст в уста.
- Со прстите очите ќе му ги извадеше.
- Со работа времето побргу врви.
- Со работа сѐ се постигнува.
- Со рака кој тепа, наполу го јаде ќотекот.
- Со решето вода ќе му носам на свадбата.
- Со свои камења по своја глава.
- Со својот леб секогаш ќе најдеш маса и стол.
- Со сврдел ум не се става.
- Со сила ни в рај, ни в пекол не се влегува.
- Со сила 'рт по зајаци не се тера.
- Со сила убавина не бидува.
- Со сламка крвта му ја пие.
- Со сламка се потпира.
- Со слога сѐ се прави.

- Со староста доаѓа искуството.
- Со три вола не се оди на орање.
- Со трн да завртиш, нема што да закачиш.
- Собрано злато – изгубен сон.
- Совеста заби нема – но длабоко каса!
- Сол на главата му триеше.
- Солзите се бисери на тешкотиите.
- Сон ново не носи.
- Сонува на бел ден.
- Сонце со заби.
- Спие како заклан.
- Спрема главата и капата.
- Спрема светецот и празникот.
- Спроти коњот и јунакот.
- Спроти мечката и стапот.
- Спроти светецот и свеќата.
- Спроти умот и знаењето.
- Спушти раце – дигни глава.
- Срам со сапун не се мие.
- Срамно посакај си, слатко изеди си.
- Срамотата седи во безработата.
- Среќа во срцето – ведрина на лицето.
- Среќата ти седи.
- Срце јуначко не трпи.
- Срце по срце оди.
- Срцево катран ми го стори.
- Срцево ми го изеде.
- Срцето е појако од камен и помеко од памук.

- Срцето и очите никогаш не се стари.
- Срцето ми е слезено во петици.
- Срцето му е како од камен.
- Стадо без овчар – на волци дар.
- Станав на лева нога денеска.
- Стани свекору да седне снаа ти.
- Стани ти да седнам јас.
- Стапот има два краја.
- Стапот од рај излегол.
- Стар волк – кучешка шега.
- Стар е како библија.
- Стар човек за никаде не е.
- Стари коски на млади години.
- Стариот пен посилно гори.
- Стариот пријател е поарен од двајца нови.
- Старо дрво не се пресадува.
- Старо за прилика – младо за убавина.
- Старо куче стадо чува.
- Старо љуби – ден губи.
- Старост – грдост.
- Старото го чува новото.
- Сто побарај, една земи.
- Сто стапа по туѓ газ ич не болат.
- Стои како дрвена Марија.
- Стои како парче пресечено дрво.
- Сторената добрина бргу се заборава.
- Стори добро, најди лошо.
- Стори добро, фрли го зад себе, ќе го најдеш пред себе.

- Стравот лозје чува.
- Страдна мајка за ќелав син.
- Суво дрво лист не пушта.
- Суша за леб пита.
- Таа дупка за тој кол.
- Таа што не седи мадро носи модро.
- Тајна радост – изгасната свеќа.
- Тајната рана тешко се лекува.
- Така баба знае, така си бае.
- Така му било пишано и наречено од наречниците.
- Такво е времето.
- Таков му бил к'сметот на сиромавиот.
- Таман сиромавиот се фати на танец, се скина тапанот.
- Таму каде треба мотика, не треба молитва.
- Танте за кукурику.
- Тате на мама, мама на тате, децата гладни.
- Татко огниште – топло пепелиште.
- Те боцкаат паричките.
- Те канат, јади, те мавaат, бегај.
- Те чита како книга.
- Тежок е како мртовец.
- Теле се роди, вол ќе умреш.
- Темно е како во рог.
- Тенко ли е влакното, ќе се прекине.
- Тера ветар со капата.
- Тера го арното и по земја и по небо.
- Терал лисица, истерал волк.
- Тесно, ама чесно.

- Тешко е без болест да си болен.
- Тешко е да се потиш под сенка.
- Тешко е опинокот кога ќе се покондури.
- Тешко на нозете под улава глава.
- Тешко на тој кој непријател нема.
- Тешко на умниот меѓу будалите.
- Тешко се подига куќа која паднала.
- Тешко ти ако си немаш.
- Ти му даваш леб, тој ти бара мед.
- Ти си видел едно, а јас сто и едно.
- Ти тупаш тапани, друг го собира брашното.
- Тивка река брег рони.
- Тивката вода подлабоко копа.
- Тивкиот дожд повеќе наквасува.
- Тикви празни без семенки.
- Тикви со расол дека е така.
- Товарот е лесен на туѓи плешки.
- Тој ведри, тој облачи.
- Тој коле, тој беси.
- Тој му е коска в грло.
- Тој му е трн в око.
- Тој пали, тој гаси.
- Тој што крпи и ќе трпи.
- Трај, душо, за да најдеш рај.
- Тргај старче орото, да се збери селото.
- Тргај, не кини.
- Трендафилот има трнчиња и човекот има гајлиња.
- Трендафилот не се раѓа од коприва.

- Трендафилот не се цени таму каде што расте.
- Тресна волот, се отпрегна плугот.
- Трета вода – киселина.
- Три глави подобро мислат отколку една.
- Трн грозје не раѓа.
- Трн да те боцне, ама лош човек да не ти се закачи.
- Трн ми е во очиве.
- Трн му под опашка.
- Трпение – спасение.
- Трпи го лошото да не дојде уште полошо.
- Трпи, душо, црни, кожо.
- Трудот е имање.
- Трудот никогаш никого не посрамотил.
- Трча како коњ по зоб.
- Туѓа пченица не раздавај за задуша.
- Туѓа рака змија фаќа.
- Туѓата кокошка е поголема од нашата мисирка.
- Туѓата кокошка поголеми јајца снесла.
- Туѓина фали – сам не оди.
- Туѓината е бел образ.
- Туѓината е за сиромав бел образ.
- Туѓината на друг фали ја, а сам ти не оди.
- Туѓината не им верува на солзите.
- Туѓината, колку и да е пофална, не му е на секого пријатна, таа си има и свои лоши страни.
- Туѓинецот на туѓинец му е брат.
- Туѓиот леб заби крши.
- Туѓите мани ни се пред очи, нашите ни се на грб.
- Туѓите несреќи не ни даваат ум.

- Туѓото вино послатко е.
- Туѓото не топли.
- Туѓото свое никогаш не се прави.
- Тука е бељата, во торбата.
- Тука лежи зајакот.
- Туку си лае, ама кој го слуша.
- Тумба, тумба за три дни, оф, леле за сите дни.
- Тури му пепел, каков е.
- Тутун ситост не држи.
- Ќарот во тилот е со печалбата.
- Ќарот и зијанот се браќа.
- Ќе биде кога ќе рикне магаре.
- Ќе биде на куков ден.
- Ќе биде насоне.
- Ќе го јадеше како леб и сол.
- Ќе грее сонце и пред нашата врата.
- Ќе живее како бубрег во лој.
- Ќе ја работи работата како вол за сламата.
- Ќе му врати мило за драго.
- Ќе му ги плати парите лани на грозје брање.
- Ќе му ги плати парите лани на Петровден.
- Ќе плати и оро ќе игра.
- Ќе пости кога нема што да јаде.
- Ќе тече реката каде што течела.
- Ќе ти го скинам вратот како на врапче.
- Ќе ти ја запржи чорбата.
- Ќе ти плати на тој век.
- Ќе треснам како орев на камен.

- Ќе фати и мојот ‵рт зајче.
- Ќелава брада – лесна за бричење.
- Ќесињата се празнат пред вратите на судиите.
- Ќор дал, слеп зел.
- Ќор ти излезе есапот.
- Ќотекот од рајот е излезен.
- Убава мома род нема.
- Убавата жена е угодна на очите, а умната на срцето.
- Убавата работа полека се прави.
- Убавата стока сама се продава.
- Убавина леб не дава.
- Убавина не се јаде, само со очи се гледа.
- Убавина со пари не се купува.
- Убавината куќата ја крепи.
- Убавината не е чудо, но чуда прави.
- Убавиот збор е златно јаболко.
- Убавиот збор и железна врата отвора.
- Убавото само се фали.
- Убавото со убаво се плаќа.
- Увото е да слуша, а окото да гледа.
- Угоре високо, удолу длабоко.
- Удри го и не кажувај му зошто.
- Удри јајца на масло: туѓо јадеш, туѓо пиеш.
- Удри ме со капата.
- Удри по самарот да му текне на магарето.
- Ука крај нема.
- Улав пред кадија не излегува.
- Улава глава од ѕид се чука.

- Ум и разум со пари не се купува.
- Ум имам – пари немам, пари имам – ум немам.
- Ум царува, ум робува и ум патки пасе.
- Умен биди, ако немаш многу пари.
- Умен човек добар совет дава.
- Умирачката и грбата ја исправа.
- Умниот е јунак, а не силниот.
- Умниот пополека оди, ама побргу ќе стигне.
- Умниот сето свое со себе го носи.
- Умниот учи да биде поумен.
- Умниот човек во лутина се познава.
- Умот во главата стои, а не во капата.
- Умот е пари.
- Умот не е расол.
- Умре тој што те фалеше.
- Умрел и си отишол на тој век.
- Умрен човек пријател нема.
- Умрена уста не зборува.
- Умрените од никого страв немаат.
- Урда јади – душа вади.
- Уста да имаш, јазик да немаш.
- Уста како мед, а јазикот клет.
- Уста краси, уста гнаси.
- Уста лае, пара збори.
- Уста пее, срце не пее.
- Устата е воденица и без вода.
- Устата е да зборува, а рацете се да работат.
- Устата е за да ме фали.

- Устата е мала, ама брегови голта.
- Устата прави, устата расипува.
- Утрото е поумно од вечерта.
- Учењето е четири очи.
- Учи се да чекаш.
- Учи, учи и пак учи.
- Уште е житото во класот.
- Уште една беља не помина, втаса друга.
- Уште еднаш нога не потковам за туѓина.
- Уште на коњ не јавнал, нозете си ги размавтал.
- Уште не ја виде мечката, прсна да бега.
- Уште ова не било.
- Фалбата е краста: чунки кој се фали, не пали.
- Фалбата е ѐрѓа.
- Фалбениот говор има свој отров.
- Фалени јаготки, празни кошници.
- Фаленото девојче ќе земе полошо момче.
- Фали го доброто – куди го лошото.
- Фали го човекот што е за фалење, куди го тој што е за кудење.
- Фали ме, усто, оти ќе те раскинам.
- Фати го слепецот, извади му очите.
- Фати да си оди коњот по патот, ама откога го изеде грбачот.
- Фати ја копривата, ако сакаш да ти ја изжурка раката.
- Фати ја работата од порано, ако сакаш да ја свршиш побргу.
- Фати пријател поп, ако сакаш да го храниш коњот со зоб.
- Фати пустина и беспрага.
- Фати се за даб, а не за трн.
- Фати, трати и ич не есапи.

- Фатил јагула за опашка.
- Фаќај пријатели арни и чесни за да ти се најдат во лоши саати.
- Фрли глиста, фати јагула.
- Фрли го в море, ќе излезе со овци.
- Фрли го на буниште, ќе го најдеш на огниште.
- Фрли зад себе, ќе најдеш пред себе.
- Фрлил сирењето – собрал урдата.
- Хартијата трпи сè.
- Храбриот е храбар, каде нема похрабар.
- Храната му е потребна на човекот како воздухот и водата.
- Хуморот е смешен и да е грешен.
- Царската уста – мед и млеко.
- Царува како мраз во зима.
- Цвеќето в градина секој го милува.
- Цвеќето се бере кога е росно.
- Цело јајце в зелник.
- Црвен како крв.
- Црвен како тетовско јаболко.
- Црвен како трендафил.
- Црвена-бела девојка секој ерген ја сака.
- Црвеното јаболко секогаш е гнило.
- Црви ќе зоврие под себе мрзливата жена.
- Црвјосаната круша сама паѓа.
- Црвот се свива ако го згазиш.
- Црква си направил.
- Црквата ја мие душата, а бањата снагата.
- Црн како котел.
- Црн како џигер.

- Црн пипер на бел ориз се соли.
- Црна земја крај нема.
- Црна кокошка бели јајца носи.
- Црна мака – слатка погача.
- Црна нива – бела пченица.
- Црна пот – бела погача.
- Црна црнина, темна темнина.
- Црната боја е поскапа.
- Црната земја бели погачи раѓа.
- Црни пари за бели денови.
- Црни раце – бела погача.
- Црно им се пишува на грешните.
- Црно предам, црно носам.
- Црното бело не бидува.
- Црното грозје е поблаго.
- Чавка гулаб не бидува.
- Чавка со чавка очите не си ги вадат.
- Чавки кога грачат, времето ќе го расипат.
- Чавки му го испиле мозокот.
- Чавкини јајца и гулаб да ги квачи, пак чавки ќе излезат.
- Чаша отров е поблага од печено јагне кога си во неволја.
- Чаша полна, деца гладни.
- Чашка по чашка, напрчи опашка.
- Чекал, та дочекал.
- Челото е пред тилот.
- Чепкавме гуштерица, исчепкавме змија.
- Чесниот човек лесно се мами.
- Чесно име не гине.

- Чест на старите, пот на младите.
- Честа е поскапа од злато.
- Честа не се учи.
- Честа чест си носи.
- Чешај се каде што не те чеша.
- Чешма со глава скината не тече.
- Чивија со чивија се вади.
- Чиј плот си градел, тој нека те рани.
- Чија е кравата, негово е и телето.
- Чист е како солза.
- Чист како гулаб, итар како ѓавол.
- Чиста водичка – бистра главичка.
- Чиста сметка – братска љубов.
- Чисти раце не јадат печено прасе.
- Чисто небо од грмеж не се плаши.
- Чисто нека ми е срцето.
- Чисто сребро `рѓа не фаќа.
- Чисто срце Бога моли, а нечисто солзи рони.
- Чистотата е половина здравје.
- Чистотата и на Господ е мила.
- Чистото срце се гледа на лице.
- Човек без мана нема.
- Човек е поцврст од камен и послаб од јајце.
- Човек е човек, ама е и магаре.
- Човек на човека му е ѓавол.
- Човек на човека се потпира.
- Човек не се мери по снага, туку по ум.
- Човек не умира додека не му дојде денот.

- Човек од човек се учи.
- Човек остарува, срцето не остарува.
- Човек се осветува, а не камен и дрво.
- Човек се учи додека е жив.
- Човек себеси сè си простува.
- Човек со едно око – куќа со еден прозорец.
- Човек со зборови не се мие.
- Човек со пари не се купува.
- Човек треба да јаде за да живее, а не да живее за да јаде.
- Човек што многу чита, малку знае.
- Човек што работи вреди колку за десет што зборуваат.
- Човек што сам ќе си направи, друг не може да му направи.
- Човекот гради куќа, а куќата човекот.
- Човекот е роден за мака.
- Човекот е чело на веков.
- Човекот не е цвеќе да го помирисаш.
- Човекот по зборот ќе го познаеш.
- Човекот се познава по работата.
- Човекот со плач се раѓа, со плач умира.
- Човечката мака крај нема.
- Човечката уста не е вреќа да ја затнеш.
- Човечкото око е лакомо и ненаситно.
- Чув – не чув, видов – не видов.
- Чува змија в пазува.
- Чувај се од човек што трае и куче што не лае.
- Чувај си ја честа уште од мал.
- Чукај за да ти отворат.
- Чун по плитко не оди.

- Џабе работи, џабе не седи.
- Џвака како со туѓа уста.
- Џебот ако е длабок, ручекот ќе е сладок.
- Џева не се крева за ништо.
- Џигерот ми го пукна од зборување.
- Шаката на страна.
- Шапката му е арна, ама главата му е празна.
- Шарен капак не ти треба.
- Шарени алишта со срма кој носи, може на старост да проси.
- Шарено одајче со младо невестиче.
- Шатката си го нашла блатото.
- Шега на голо не бива.
- Шегаџиите не се луѓе за фалење.
- Шета како пусто говедо.
- Шеќер јади и шеќер зборувај.
- Шило в торба не се крие.
- Широк живот – тесен поминок.
- Широко срце од сѐ е благодарно.
- Штавена кожа молец не ја јаде.
- Што барал, тоа и нашол.
- Што бараш во трњето кога го гледаш патот?
- Што бараше баба на оро?
- Што бутур му е.
- Што вреди на слеп намигнување и на глув шепотење.
- Што вреснало, не треснало.
- Што да горат две племни, нека изгори само една.
- Што да посееш, тоа ќе изникне.
- Што да речам – сѐ ќе грешам.

- Што дошло, добро дошло.
- Што дробел, тоа и српкал.
- Што е Господ, не е никој.
- Што е за дома, не е за в црква.
- Што е наше, само ќе си дојде.
- Што е попово, да е готово.
- Што е сечие, тоа е ничие.
- Што е срамотно, тоа е и греовно.
- Што зготвиш, тоа ќе јадеш.
- Што знае Господ, нека знае и светот.
- Што имала баба на ум, видела и на сон.
- Што лета, не прета од студ.
- Што можеш денеска да направиш, не оставај го за утре.
- Што на ум, тоа на друм.
- Што не покрил Господ, не можам ни јас.
- Што не се лекува, ќе се трпи.
- Што не се продава, не се ни купува.
- Што нема и царот не јаде.
- Што носи саатот, не носи годината.
- Што по врат, тоа по шија.
- Што повеќе солзи, тоа помалку болки.
- Што поминало, не се враќа.
- Што порано, тоа поарно.
- Што прави десната рака, левата да не дознае.
- Што реков, не одреков.
- Што се рекло, сè било.
- Што се шеташ како сваќа без дарови!
- Што си се заинатил како магаре на мост.

- Што сторил, нашол.
- Што ти настинала главата.
- Што трезен мисли, тоа пијан зборува.
- Што туку вика како улав.
- Што ќе биде в есен, нека биде вечер.
- Што ќе дадеш на заем, тоа ќе ти вратат.
- Што ќе излезе од уста, назад не се враќа.
- Што ќе посееш, тоа ќе жнееш.
- Што ќе посееш, тоа ќе ти никне.
- Што ќе сториш, стори, ама и за назад мисли.
- Шума волна, дупка полна.
- Шупливи му се сите зборови.
- Шупливите јаболки поцрвени се од здравите.
- Шупливите јаболки сами паѓаат од гранка.
- Шушкањето куќа растура.



# ZAGONETKE, PITALICE I DOSJETKE

# ГАТАНКИ, ПРАШАНКИ И ДОСЕТКИ

Zagonetke su narodne umotvorine koje se sastoje od pitanja i odgovora, odnosno otkrivanja nečega nepoznatoga. Pitanje je metaforičko ili alegorijsko predstavljanje predmeta ili pojave koju treba pogoditi s odgovorom. Nekada se smatralo da je najveća mudrost postaviti pitanje na koje nitko ne može odgovoriti. Preko zagonetanja i odgonetanja razvijala se mudrost, dosjetljivost, pažnja, izoštravao se duh i jačala se moć opažanja.
Narodne zagonetke su stoljećima bile s nama. Neke od njih su sastavljene kao dvočlani izraz, a neke imaju i rimu. Tema zagonetki mogu biti različiti predmeti i pojave iz čovjekovog prirodnog okoliša i socijalne sredine, njegovog života, društvenih uvjeta i slično. Humor i satira su prisutni i u ovim umotvorinama koje posebno ilustriraju bogatstvo makedonskog jezika. Danas su zagonetke prisutne u čovjekovoj svakodnevici uglavnom kao razonoda i većinom su namjenjene djeci. Djeca ih vole zbog zanimljivosti pripovijedanja i uživaju u procesu njihovog odgonetanja.
Pitalice, kao i dosjetke, duhovite su zabilješke dane u obliku dijaloga, a odgovor je obično neočekivan, pronicljiv i duhovit, ponekad i ironičan. One zapravo proizlaze iz anegdota kao njezina bit. Njih ima manje i rjeđe su od ostalih kratkih folklornih žanrova.

Гатанките се народни умотворби кои се состојат од прашање и одговор, односно откривање на нешто непознато. Прашањето е метафорично или алегорично претставување на предметот или појавата која треба да се погоди со одговорот. Порано се сметало дека најголема мудрост е да поставиш прашање на кое никој не може да одговори. Преку загатнувањето и одгатнувањето се развивала мудроста, досетливоста, вниманието, се изострувал духот и се јакнела моќта на забележувањето.
Народните гатанки биле со нас со векови. Некои од нив се составени како двочлен израз, а некои имаат и рима. Тема на гатанките може да бидат различни предмети и појави од човековата природна околина и социјална средина, неговиот живот, општествените услови и слично. Хуморот и сатирата се присутни и во овие умотворби кои посебно го илустрираат богатството на македонскиот јазик. Денес гатанките се присутни во човековото секојдневие воглавно како разонода и најчесто им се наменети на децата. Децата ги сакаат поради занимливоста на кажувањето и уживаат во процесот на нивното одгатнување.
Прашанките, како и досетките, се духовити забелешки дадени во облик на дијалог, а одговорот е обично неочекуван, остроумен и духовит, понекогаш и ироничен. Тие всушност произлегуваат од анегдотите како нејзина срж. Нив ги има помалку и поретки се од останатите кратки фолклорни жанрови.

- Агата во зелено, сејмените во црвено *(дрен и дренки)*
- Ако во кутија од кибрит има само едно чкорче, а ти влегуваш во темна просторија, што прво ќе запалиш: свеќа или плинска печка? *(чкорчето)*
- Ако го гибаш, вреска, ако го оставиш, молчи *(ѕвонец)*
- Ако го храниш ќе живее, ако му дадеш вода ќе умре *(оган)*
- Ако лекар ти даде 3 таблети да ги пиеш на разлика од половина час, колку време ти треба да ги испиеш? *(еден час)*
- Ако ме држиш јако, ќе ти бидам роб, ако ме отпуштиш, ќе ти ископам гроб *(оган)*
- Ако ме употребиш ќе бидеш ти, ако ме изгребеш тогаш ќе бидеш никој *(огледало)*
- Ако одев наугоре, ништо не ќе оставев *(вода)*
- Ако отидеш на спиење во 8 часот, а го навиеш часовникот во 9 часот наутро, колку часови ќе спиеш? *(само еден)*
- Ако сум мала, ама цело село облекувам *(игла)*
- Ако црнец се бања во Црвено море, каков ќе биде кога ќе излезе? *(мокар)*
- Баба зева, дедо виси *(бунар и кофа)*
- Баба со два заба *(маша)*
- Бабина кучка за рака ме касна *(искра)*
- Без вретено жица преде, без разбој платно ткае и пак гол оди *(пајак)*
- Без душа, а оди *(часовник)*
- Без една работа ниту човек, ниту Господ живеат *(место)*
- Без кора го клаваш, со кора го вадиш *(леб)*
- Без нозе, без крилја, без снага, не се гледа, не се слуша, бргу лета, нѐ втасува, никој не може да го запре *(време)*
- Без рало, без мотика, само ора, само копа *(крт)*
- Бел е како шеќер, ама не е шеќер *(снег)*
- Бел коњ, зелена опашка *(праз)*

- Бел пес на ќерамиди лежи *(снег)*
- Бел чаршав цела земја покрил *(снег)*
- Бела видра сенка нема *(река)*
- Бела гуска без заби, лошо каса, та боли *(зима)*
- Бела гуска на една нога стои *(зелка)*
- Бела квачка дење тера пилиња, црна квачка ноќе ги збира *(ден и ноќ)*
- Бела ливада со црни цвеќиња *(книга)*
- Бела мечка оро игра *(рака)*
- Бела нива, црно семе, со рака го сеат, со уста го берат *(писмо)*
- Бела погача на ќерамиди виси *(месечина)*
- Бела Рада по рид пасе *(магла)*
- Бели бисери на зелена облека *(роса)*
- Бели правци в гора пасат *(вошки)*
- Бели шатки под стреа лежат *(заби)*
- Бело глувче, црно опавче *(репка)*
- Бело куче од вир испаѓа *(сирење)*
- Бело меше, црна кожа *(костен)*
- Бесна кучка в гора лае *(секира)*
- Бесна кучка в дол лае *(воденица)*
- Бесцен камен седеше, чудна песна пееше *(славеј)*
- Бик рика в темен дол *(тапан)*
- Биле двајца добри касапи, едниот висок, другиот низок. Високиот му е татко на нискиот, а нискиот не му е син на високиот? *(татко и ќерка)*
- Брада има како поп, опашка како сноп *(праз)*
- Брада има царска, а глава воденичарска *(прч)*
- Брада има, глава нема *(клас)*
- Брат и сестра се бркаат и не можат никогаш да се втасаат

*(ден и ноќ)*

- ❖ Буба лази – буба не е, самар носи – коњ не е, рогови има – вол не е *(полжав)*
- ❖ Везден преде, а преѓа нема *(мачка)*
- ❖ Виено, виено, на судни маки кладено *(јаже)*
- ❖ Виено, плетено, на судни маки кладено *(верушка, верижник)*
- ❖ Вика Вида од голем рид: не ми е страв од кучињата, туку ми е страв од кокошките *(глиста)*
- ❖ Викна оџата, му ја одраа кожата *(леб)*
- ❖ Виси грозје, не се јаде *(саѓи)*
- ❖ Висок татко, ниска мајка, слепа ќерка, палав син *(небо, земја, магла и ветар)*
- ❖ Висок Тодор на куќи *(оџак)*
- ❖ Висок Тодорин златинки накован *(мисир)*
- ❖ Високо колку еден коњ, широко колку еден трон, место држи колку едно јајце *(врата)*
- ❖ Виткано, сукано, на судни маки кладено *(зелник)*
- ❖ Виу горе, виу доле, виу самар носеше *(полжав)*
- ❖ Влакно од коњ, дрво од планина *(сито)*
- ❖ Влегло магаре во кошара, ушите не му влегуваат *(сврдел)*
- ❖ Во десниот агол на кравја штала се наоѓаат кравите. Каде ќе бидат биковите? *(во шталата за бикови)*
- ❖ Во дрвен сандак луѓе зборуваат *(радио)*
- ❖ Во еден двор седум чешми: четири солени, две горчливи и една блага *(лице)*
- ❖ Во една бочва и вино и ракија, и пак не се мешаат *(јајце со белката и жолчката)*
- ❖ Во една кошара сѐ бели коњи *(заби)*
- ❖ Во една кошара триста говеда, ниту се отвора, ниту се затвора *(тиква)*
- ❖ Во една плевна многу коњи, еден јарец не можат да го

згазат *(уста и јазик)*

- Во едно училиште педесет ученици сите со црвени капи *(кибрит)*
- Во месо влегува, живо не е *(ракавица)*
- Во шарена камара црн бумбар брчи *(поп)*
- Воздухот го создава, живее без тело, слуша без уши, зборува без уста *(ехо)*
- Војводата вода пие, над него се црвен бајрак вие *(петел)*
- Вол заклан на оваа планина, крвта му прсна на онаа планина *(сонце)*
- Врви пред сонцето, а не прави сенка *(ветар)*
- Врвовите надолу, корењата нагоре *(брада)*
- Вртено, сучено, насреде дупено *(прстен)*
- Вујко вујна скокоткаше, вујна се кикотеше *(клуч и брава)*
- Вујко свирна, вујна нога дигна *(клуч и катанец)*
- Глава има, заби нема *(кокошка)*
- Глава со девет кошули завиена *(кромид)*
- Главата в гора, опашката в море *(река)*
- Го зема од умот твој, го става во бело дрво од каде никогаш не може да излезе, а сите го употребуваат *(молив)*
- Го прашала лисицата кртот зошто му е вратата затворена со земја, а тој ѝ одговорил: – За да не ми доаѓаш ти на гости.
- Го прашале владиката како може да живее без жена, а тој им одговорил: – Јас вас ви се чудам како можете да живеете со по една.
- Го прашале владиката што е најсвето на веков, а тој им одговорил: – Честа, кој знае да ја цени.
- Го прашале волкот зошто му е дебел вратот, а тој им одговорил: – Затоа што сам си ја вршам работата.
- Го прашале дембелот зошто се протегнува, а тој им одговорил: – Затоа што ме фати мрзата.

- Го прашале ѓаволот што сака да биде кога не би бил ѓавол, а тој им одговорил: – Сѐ, само војник и чирак не.
- Го прашале Крале Марко дали би се потурчил за нешто, а тој им одговорил: – За пари? – Побогат од мене нема. Со сила? – Посилен од мене нема. Само за инает.
- Го прашале кучето зошто лае, а тоа им одговорило: – Затоа што не знам друг занает.
- Го прашале Насрадин-оџа зошто му е толку вода, а тој им одговорил: – За да не се крева прав кога ќе прднам.
- Го прашале некој умен старец што го крепи светот, а тој им одговорил: – Итриот-умот, богатиот-парите, сиромавиот-крпежот и трпежот, а сите честа.
- Го прашале петелот зошто миже додека пее, а тој им одговорил: – Затоа што ја знам песната напамет.
- Го прашале селаните попот зошто не ги учи, а тој им одговорил: – Не можам криво од Бога, а право од кадијата.
- Го прашале стариот вол каде му е полесно да ора, в бразда или в ледина, а тој им одговорил: – Сеедно ми е, нели јаремот ми е на вратов.
- Го прашале ќоравиот кој му ги ископал очите, а тој им одговорил: – Брат ми. – Затоа ти се толку длабоко ископани – му рекле тие.
- Го прашале штркот зошто му се долги нозете, а тој им одговорил: – Што има на мене кусо, па нозете да не ми бидат долги.
- Гола сум, а цел свет го облекувам *(игла)*
- Голема се раѓа, а мала умира *(свеќа)*
- Голо теле в јасли лежи *(јазик)*
- Градови и села има – куќи нема, планини има – дрва нема, реки и езера има – вода нема *(географска карта)*
- Грбава баба, лична ќерка, палаво внуче *(лоза, грозд и вино)*
- Грбаво прасе по полето пасе *(срп)*
- Да е жена, не е жена, да е човек, не е човек, а знае платно да ткае *(пајак)*

- Да е ортома, не е ортома, да е мачка, не е мачка, и пак има нокти *(капина)*
- Да е човек не е човек, а со човекот зборува *(книга)*
- Дали е дозволено човек да се ожени со сестра на своја вдовица? *(не оти е умрен)*
- Дали може ноќен чувар да земе пензија ако умре дење? *(не може оти е умрен)*
- Два бивола в тиња лежат *(очи)*
- Два вола со еден врат *(дисаѓи)*
- Два орла се биеја, бели пени пуштаа *(воденица)*
- Два старци се биеја, за бради се скубаа *(гребни за волна)*
- Дваесет браќа, сите по една плоча носат *(прсти и нокти)*
- Двајца браќа близнаци, очи имаат, а не гледаат, јазик имаат, а не зборуваат и двајцата заедно умираат *(чевли)*
- Дванаесет браќа се бркаат и не можат никогаш да се втасаат *(месеците во годината)*
- Две ветки на еден труп *(раце)*
- Две глави, две раце, а шест нозе *(коњаник и коњ)*
- Две мајки со пет синови *(раце)*
- Две нешта не можеш да ги имаш за доручек *(ручек и вечера)*
- Две огледала на една тиква *(очи)*
- Две сестри в една дупка *(врата)*
- Две сестри сѐ гледаат, а самите себе не можат да се видат *(очи)*
- Дебела баба со дванаесет појаси *(бочва)*
- Девет лути браќа во една кошула *(чешнија лук)*
- Девет сестри на една перница спијат *(греди на куќа)*
- Дење е слеп, а ноќе гледа *(ут)*
- Дење и ноќе патува без да застане *(река)*
- Дење месо јаде, ноќе ѕвезди брои *(остен)*

- Дење спие со главата надолу, а ноќе гледа и лета *(лилјак)*
- Десет попови, сите носат шапки на глава *(прсти)*
- Дете спие во лулка *(желка)*
- Диви кози по рид пасат *(вошки)*
- Диви прасиња в ѓол лежат *(зелки во расол)*
- Диво прасе по рид пасе *(брич)*
- До гуша в земја закопана, дури е жива си седи гологлава *(зелка)*
- До каде зајакот бега во шумата? *(до среде шумата)*
- Долг Тодор без коски *(чад)*
- Долг Тодор со коски *(синџир)*
- Долга Боја распашана *(река)*
- Долга е како јаже – јаже не е, драска како мачка – мачка не е, зелена е како гуштер – гуштер не е *(капина)*
- Долга Мара сенка нема *(река)*
- Долга Неда гроб копа *(капка)*
- Дрвен татко, дрвена мајка, децата како арапчиња *(лоза со грозје)*
- Дрво дафиново во недела цвета *(Велигден)*
- Дрпава Ѓупка пред цар излегува *(зелник)*
- Душа нема, а душа зема *(пушка)*
- Душа нема, души носи *(кораб, чамец)*
- Ѓоко оди в поле, на рамо со триста колје *(еж)*
- Еве ја, ене ја, ја нема *(искра)*
- Еден брат на една нога оро игра *(вретено)*
- Еден коњ низ јајца врви, а ниедно јајце не скршува *(месечина)*
- Еден овчар со сто гуни *(зелка)*
- Еден старец со три влакна под него *(триножна столица)*
- Еден човек во четири години еднаш празнува роденден.

Зошто? *(затоа што е роден на 29 февруари)*

- Една баба прнар лапа *(фурна)*
- Една воденица со триесет и два камена *(уста и заби)*
- Една кобила се тресе сред море *(платно од сито)*
- Една крава прнар јаде, не може да се најаде *(фурна)*
- Една куќа на еден дирек стои *(печурка)*
- Една леса цело поле оградува *(ремен)*
- Една ливада полна со трева *(глава и коса)*
- Една мајка со дванаесет појаси *(бочва)*
- Една невеста опашана со пафти *(каца)*
- Една невеста, кој помини бакни ја, и јас поминав, и јас ја бакнав *(стомна)*
- Една нива грутлива си изникна трева, на тревата дваесет браќа *(клас)*
- Една оди, сто води *(вошки)*
- Една плоча цел свет покрива *(небо)*
- Една сестрица сѐ мокра стои *(стомна)*
- Една стомна со седум дупки, тури вода, не тече *(глава)*
- Една сува деланка, наведни ја – наполни се, исправи ја – испразни се *(лажица)*
- Една топка со четири мравки во неа *(јаболко)*
- Една торба полна семе *(смоква)*
- Една черга сѐ покрива, само реката не *(снег)*
- Еднаш во минутата оди, двапати во моментот, а никако во илјада години? *(буквата М)*
- Едно дете со четири нозе *(селски ковчег)*
- Едно јагне меѓу две планини блее *(дете во лулка)*
- Едно мече каде клечи, тука крај река *(ѓумче за вода)*
- Едно нешто без душа, а душа фаќа *(стапица)*
- Едно нешто лета, високо лета, кога ќе падне, како на памук

*(преперутка)*

- Едно нешто ноќе лета, негде-годе засветува *(светулка)*
- Еже меже в девет кожи лежи *(кромид)*
- Елбет бег царев зет, на кол виси, зло ти мисли *(пушка)*
- Елен по море пливаше, ни морето се матеше, ни еленот се давеше *(кораб, чамец)*
- Ем не е болна, ем и ноќе и дење туку си јачи *(свиња)*
- Ем те чеша, ем те боли, а пак ги сакаш *(обетки)*
- Жив арамија в земја лежи *(полжав)*
- Жив жилавец од жива снага јаде *(бебе цицалче)*
- Живее во село и планина и од трева волна прави, кога стопанот сведен чека, со него денот го слави *(јагне)*
- Живо свиено со игли набиено *(еж)*
- Жолти правци в тиња лежат *(расол)*
- Жолто куче под плет лежи *(диња)*
- За да ја тепаат високо ја качиле, а плачот нејзин на далеку се слуша *(камбана)*
- За еден е многу, за двајца доволно, а никако за тројца *(тајна)*
- За месец се дига, век векува *(куќа)*
- Заби има, а не каса *(чешел)*
- Заби нема, ама каса *(зима)*
- Заклано, одрано, со пеење дома се враќа *(гајда)*
- Зелен покрив во тиња лежи *(жабурнак)*
- Зелена кошара, црни говеда *(лубеница)*
- Зелена паница пука од крв *(лубеница)*
- Зелена паница, црвено вино *(лубеница)*
- Зелено пасат, вода не пијат *(свилени кожурци)*
- Зиме е гола, а лете облечена *(гора)*
- Зјае, а јазик нема *(клешта)*

- Златна кралица на небо виси *(месечина)*
- Зошто дождот паѓа? *(затоа што нема скала да слезе)*
- Зошто зајакот бега преку тумба? *(затоа што нема тунел низ тумбата)*
- Зошто Крале Марко јаваше на бел коњ? *(оти не беше црн)*
- Зошто ластовиците и некои други птици во зима летаат на југ? *(затоа што е далеку за пеш)*
- Зошто мајката малечкото девојче го облекува во розе, а машкото во сино? *(затоа што не можат сами)*
- Зошто на мажите косата им побелува порано, а мустаќите подоцна? *(затоа што косата е постара)*
- Зошто ракијата во бурето мирува, а во главата рипа и лудува? *(затоа што бурето има обрачи, а главата нема)*
- Ѕид ѕидосано, вар варосано, ни ѕирка, ни проѕирка *(јајце)*
- И ќурк да е, никој не ја сака *(вина)*
- Иво се вози на девет нозе, и напред оди, и назад оди, сам Господ гледа и тој се чуди *(рак)*
- Илија копилешко по поле шеташе, безброј коњи носеше *(еж)*
- Илјада старци со долги бради со еден појас врзани *(сноп)*
- Има две ‛рбетници и илјадници ребра *(железничка пруга)*
- Има долг врат, раце нема, има стотина нозе, но на нив не седи и често пати низ куќа шета *(метла)*
- Има копно – нема земја, има море – нема вода, има шума – нема дрвја, има поле – нема трева, има градови – нема куќи, има патишта – нема коли, има граници – нема стражари *(географска карта)*
- Има нос – не мириса, има уста – не зборува, има очи – не гледа, има раце – не фаќа *(икона)*
- Има четири нозе и плеќи, а не може да оди *(стол)*
- Има шест нозе, а оди само на четири *(коњ со чеза)*
- Имав една невеста, в ќоше седеше, по куќи шеташе, пак на место си одеше *(метла)*

- Имам една крава, ноќе е стелна, дење е јалова *(постела)*
- Имам една одаја со плет насреде преградена *(нос)*
- Имам една тепсија, лете ми е мила, зиме не *(гумно)*
- Имам едно нешто, дење и ноќе се црнее *(саѓи)*
- Имам сестрица со дванаесет ѕуници спие *(бочва)*
- Ја прашале змијата зошто каса, а таа им одговорила: – Затоа што ми ја газат опашката.
- Ја прашале камилата зошто ѝ е крив вратот, а таа им одговорила: – Што има на мене право, та вратов да не ми биде крив.
- Ја прашале камилата што ѝ е полесно, угорницата или удолницата, а таа им одговорила: – Сеедно ми е, нели товарот ми е на грбава.
- Ја прашале лисицата зошто е толку итра, а таа им одговорила: – Затоа што има побудали од мене.
- Ја прашале лисицата кога се фатила во стапица колку е саатот, а таа им одговорила: – Уште малку и николку.
- Ја прашале лисицата што е подобро, да јаде или да не јаде, а таа им одговорила: – Прво најадете ме, па после ќе ви кажам.
- Ја прашале маската кој ѝ е татко, а таа им одговорила: – Коњот ми е вујко.
- Ја прашале мечката од каде знае оти ќе има многу дренки, а таа им одговорила: – Затоа што многу ми се јаде.
- Ја прашале мравката зошто е толку тенка во половината, а таа им одговорила: – Затоа што цело лето работам.
- Ја прашале планината кој ја напакостил така, а таа им одговорила: – Секирата, на која јас ѝ ја дадов рачката на заем.
- Ја раздени, а не ја стемни *(слана)*
- Јаже до јаже, на крајот јунец *(тиква)*
- Јаже теле отелило *(тиква)*
- Јајца несе, пилци не пили, пак пилци има *(кукавица)*

- Јака е колку за десет души, долга е колку за две греди, а само еден човек може да ја држи *(ортома)*
- Јас го учам, јас го карам, оно вика шлака-так, шлака-так *(сито)*
- Јас мазни го, тоа скокај *(кантар)*
- Каде волот има најмногу месо? *(под кожата)*
- Каде ѝ е главата нема око, каде ѝ е окото нема глава *(игла)*
- Каде луѓето најмногу носат шапки? *(на глава)*
- Каде оди детето кога ќе наполни шест години? *(во седмата година)*
- Каде оди и куќата на грбот ја носи *(полжав)*
- Каде оди, остави *(стапка)*
- Каде се меле брашното? *(никаде, зашто не се меле брашното, туку житото)*
- Какви очи има коњот? *(коњски)*
- Како да ја фрлиш, на нозе паѓа *(мачка)*
- Како човек, а не е човек *(кукла)*
- Квачка со дванаесет пилци *(година)*
- Клекна кмет, остави мед, двајца го видоа, петмина го зедоа *(кокошка кога несе јајце)*
- Кога волот е најтежок? *(кога ќе те нагази)*
- Кога зајакот ќе наврши една година, што прави? *(оди во две години)*
- Кога има вода – пие вино, кога нема вода – пие вода *(воденичар)*
- Кога патката почнува да плива? *(кога ќе влезе во вода)*
- Кога се коси сеното? *(се коси трева, а не сено)*
- Кога ќе го ставиш на оган расте, кога ќе го извадиш спаднува *(млеко и кафе)*
- Кое нешто е само едно на векот *(Бог)*
- Кожата му е црна, срцето му е бело *(костен)*

- Коза со еден рог *(тиква)*
- Кои две нешта не можеш да ги имаш за доручек? *(ручек и вечера)*
- Кој врв беше највисок на светот, пред да биде откриен врвот Монт Еверест? *(Монт Еверест)*
- Кој дел од Лондон е во Франција? *(буквата Н)*
- Кој се родил на овој век без татко и без мајка *(Адам)*
- Колку залаци човек може да изеде на гладно срце? *(само еден)*
- Колку ѕвезди на небото, толку дупки на земјата *(стрниште, угар)*
- Колку јаболка можеш да ставиш во празна торба? *(само едно)*
- Колку краја имаат два и пол стапа? *(шест)*
- Колку родендени има човек на 30 години? *(само еден)*
- Колку се двајца татковци и двајца синови? *(тројца)*
- Колку што ги правиш, толку зад себе ги оставаш *(траги)*
- Колку што е долг, да биде и висок, небото ќе го стигне *(пат)*
- Коњска плоча в море не се дави *(лист)*
- Копам, копам, дупка до колена *(чизми)*
- Коса има, глава нема *(клас)*
- Кофа од земја, бунар од платно, јаже од дрво *(чибук)*
- Крај огниште таа лежи како мачор стар, ни ја пече, ни ја гори кога фаќа жар *(маша)*
- Крени ја – плаче, легни ја – молчи *(гајда)*
- Крива Деспина по ливади пасе *(коса)*
- Кус Тодор оган носи во забите *(пиштол)*
- Кус, дебел, в мајкинити раце *(толчник)*
- Кусо мече дрен тресе *(чешел)*
- Кусо мече на амбарче клечи *(катанец)*

- Кусо прасе по рид пасе *(брич)*
- Кусо Турче, долго туфеџе *(страчка)*
- Кусо, дебело, на баба ѝ требало *(толчник)*
- Кусо, кусо кундале, наредено петлици *(грозд)*
- Куќа се прави со пет греди *(чорап со игли)*
- Кучка лае по река *(пиралка)*
- Лани Турци поминаа, шапките си оставија *(желади)*
- Лете се облекува, зиме се соблекува *(дрво)*
- Липа сече, липа расте *(влакно)*
- Личено, бричено, на слама лежи *(јајце)*
- Лута кучка в земја лежи *(стапица)*
- Лута кучка в кланик лежи *(киселина)*
- Лута кучка трици блуе *(пила)*
- Мајка се сиромаши, детето се богати *(фурка и вретено)*
- Македонски авион се урнал на хрватско-словенската граница. Каде ќе бидат закопани преживеаните патници? *(никаде оти преживеале)*
- Малечко е човечето, големо е чалмичето *(свеќник)*
- Малечко како зрно од просо, товар крева од сто ока *(болва)*
- Мало грненце, слатко варивце *(лешник)*
- Мало, црвено и царот од коњ го симнува *(јаготка)*
- Мало, црно и царот од коњ го симнува *(болва)*
- Мало човече, големо главиште *(печурка)*
- Мало, малечко, ползи и куќата на себе ја носи *(полжав)*
- Меѓу два брата рид се дига, браќата меѓу себе не можат да се видат *(нос и очи)*
- Мек го клаваш, јак го вадиш *(леб)*
- Мера нема и број нема *(пат)*
- Месото му се јаде, а млекото не *(свиња)*
- Мира стои покрај вирот и си чека пресна гозба *(пајак)*

- ❖ Млада девојка седи во летна куќа, ако ја стегнеш плаче со солзи од крв, а срцето ѝ е како камен *(црешна)*
- ❖ Млекото ѝ се јаде, а месото не *(доилка)*
- ❖ Мозок нема, в гора лае *(секира)*
- ❖ Мојата татковина е Арабија, во Европа ме викаат црнче, и сите ме сакаат и ме бањаат во жешка вода? *(кафе)*
- ❖ Мокро теле в јасли лежи *(јазик)*
- ❖ Мрсен колак в земја закопан *(смок)*
- ❖ Мртва квачка, живи пилиња *(куќа и луѓе)*
- ❖ Мртва кобила, живи црева *(разбој)*
- ❖ Мутаво теле врата тиска *(ветар)*
- ❖ На бука торбичка *(џеб)*
- ❖ На врв бука две ветрила *(уши)*
- ❖ На врв бука соленик *(нос)*
- ❖ На врв бука тресалиште *(коса на глава)*
- ❖ На грб му виси, зло не му мисли *(торба со леб)*
- ❖ На една нога оро игра *(мотовило)*
- ❖ На една нога седи, а срцето ѝ е во главата *(зелка)*
- ❖ На едно дрво имало пет гулаби. Дошол ловецот, пукнал и отепал два гулаба. Уште колку останале на дрвото? *(ниту еден, зашто другите летнале)*
- ❖ На маса се ставаат, се сечат, но не се јадат *(карти)*
- ❖ На свадба го канат, таму ќотек јаде, гласот му се слуша кој знае до каде *(тапан)*
- ❖ На секое ритче и свеќиче *(качунка)*
- ❖ На секое ритче ќерамитче *(нокти)*
- ❖ На сина полјанка светулки серојат *(ѕвезди)*
- ❖ На сонце излегува, а на облачно се крие *(сенка)*
- ❖ На сред бара имало гнездо. Како ќе отиде петелот да снесе јајце? *(петел не несе јајце)*

- На сред море оган гори *(фитил в кандило)*
- На сред поле – џунџуле *(папок)*
- На црно чело, зелена коса *(трева)*
- Наведни се – дрсни, исправи се – лапни *(лопата)*
- Надолу кога ќе се наполни, нагоре извади ја – ќе се испразни *(капа)*
- Најслаткото на софра не се става *(сон)*
- Напред оди, назад не се враќа *(време)*
- Некои месеци содржат 30 дена, некои 31, а колку месеци содржат 28 дена? *(сите)*
- Некој селанец имал 29 овци. Сите му умреле освен 6. Колку овци му останале? *(шест)*
- Немам ниту рамена, ниту грб, а носам голем товар *(мост)*
- Нешто, без кое што пазар не бидува *(пари)*
- Ни оди, ни седи, па место прави *(грне)*
- Ни се води, ни се тера, трага прави *(свордел)*
- Ни се јадат, ни се пијат, ни се мирисаат, ниту пак се целиваат, ама без нив ништо луѓето не можат да сторат *(пари)*
- Ни се јаде, ни се пие, ама е најслатко *(сон)*
- Ни ткаено, ни плетено, преку греда преметнато *(кожув)*
- Ни ткаено, ни предено, ни шиено, по куќи растурено *(пајажина)*
- Низ една дупка влегуваш, низ две излегуваш, и пак ќе останеш внатре *(панталони)*
- Низ него одиш, а не го гледаш *(воздух)*
- Никнува во гора, пат сама прави, штом море ќе сретне, во него се дави *(река)*
- Никој не го сака, ама на секој доаѓа *(зло)*
- Нозе има, ама не оди *(маса)*
- Ноќе господарка, а дење слугинка *(метла)*

- Ноќе излегува, дење се крие *(заврница)*
- Ноќе слугинка, а дење господарка *(ламба)*
- Оган гори сред море *(фитил в кандило)*
- Од куќа до куќа оди, а внатре не влегува *(улица)*
- Од малечко небо снег врне *(сито и брашно)*
- Одврзи го – стои, врзи го – оди *(опинок)*
- Одгрни си парталите, фати си за доброто *(пченка)*
- Оди Дуле покрај море, ни вода се мати, ни Дуле се дави *(комарец)*
- Однадвор зелено, однатре бело *(краставица)*
- Однадвор зелено, однатре црвено *(лубеница)*
- Однадвор јадењето, однатре грнето *(слива)*
- Одовде брег, одонде брег, среде полно снег *(сандак со брашно)*
- Одовде море, одонде море, насреде ливада *(нос)*
- Озгора небо, оздола небо, насреде зелена ливада *(зелник)*
- Озгора чадор, оздола кол *(печурка)*
- Озгора штичка, оздола штичка, среде бабичка *(желка)*
- Околу бука шарена змија *(појас)*
- Околу дрво оди, а во него не влегува *(кора)*
- Околу куќа оди, во неа влегува, а ништо не фаќа *(сонце)*
- Осушен, досушен, три девет кожушен *(кромид)*
- Палава кучка низ ливада лае *(коса)*
- Парталава божанка на ковчег седи *(мазник)*
- Педа човек, лакот брада *(метла)*
- Пет сестрици се бркаат и не можат да се стигнат *(игли за чорапи)*
- Петар пее, Мара се разлеа *(клепало)*
- Петмина браќа близнаци, во еден ден родени и пак не се еднакви *(прсти)*

- ❖ Петмина се спуштија, двајца ги фатија, од земи ги удрија *(мрсул)*
- ❖ Плива туне по вода, ни се туне удавува, ни се вода разматува *(црпка)*
- ❖ Плочи на плочи се качуваат дури на небо *(чад)*
- ❖ По врати оди, а не чука, низ прозорци влегува, а не ги крши, во оган влегува, а не се гори *(сонце)*
- ❖ По еден пат еден стап, оди, оди, преврти се *(риба)*
- ❖ По ливади свеќи горат *(цвеќиња)*
- ❖ По планини и полиња оди, а никогаш не мрда *(пат)*
- ❖ По поле оди и олеле вика *(ѕвонец)*
- ❖ По секое твое станување го губиш *(скут)*
- ❖ По скалите оди нагоре и надолу, без да се движи *(тепих)*
- ❖ Повисоко од човек, а пониско од петел *(капа)*
- ❖ Полн вир иверки *(риба)*
- ❖ Полн вир прасенца *(каца со расол)*
- ❖ Полн кош деланки *(трудна жена)*
- ❖ Полна кутија црвени монистра *(калинка)*
- ❖ Полна куќа ученици со црвени капчиња *(кибрит)*
- ❖ Полна пештера со клинци *(уста)*
- ❖ Полна топка месо со едно каменче во неа *(праска)*
- ❖ Полна црква диреци *(уста)*
- ❖ Полно амбарче со просо *(смоква)*
- ❖ Полно решето јајца на ќерамиди *(ѕвезди)*
- ❖ Полно трло бели овци *(уста и заби)*
- ❖ Помало од кокошка, а повисоко од човек *(капа)*
- ❖ Помало од орев, потешко од товар *(јаглен)*
- ❖ Помина Дуле преку море, ниту морето се замати, ниту Дуле се удави *(пајак)*
- ❖ Поп со брада в земја лежи *(праз)*

- Поткрени парталите, фати се за доброто *(грозје под лозинки)*
- Прво ќе го дадеш, а потоа ќе го држиш *(збор)*
- Пред куќи јасно, зад куќи облачно *(очи)*
- Преку рид капина *(рачка од котел)*
- Пшит ваму, пшит таму, се скри зад врата *(метла)*
- Ражен месо, ќебап железо *(прстен)*
- Разговараат два човека: Твојата мајка е свекрва на мојата. Што биле тие? *(татко и син)*
- Раздувај му пердувите, фати му се за дрвото *(лоза со грозје)*
- Раката го собира, вратата не може да го собере *(остен)*
- Рамно поле, на полето ремени и до нив тумбички *(бостан)*
- Расторбешена мајка, убаво дете, палаво внуче *(лоза, грозје и вино)*
- Риба и пол, динар и пол. Три риби, колку пари? *(триста пари или три динари)*
- Рикна вол во темен дол, чуја лисиците, напрчија опашките *(тапан)*
- Рогови има – вол не е, млеко дава – крава не е, брада има – поп не е *(коза)*
- Сам дедо в гора лежи *(даб)*
- Сам дедо куќа носи *(полжав)*
- Сам кадија, сам сајбија *(волк)*
- Сам Тодор в гора лежи *(лисник)*
- Сама баба куќа носи *(желка)*
- Сама невестичка гробот си го копа *(капка)*
- Сама ум нема, а на друг му дава *(книга)*
- Само ѓуле куќа чува *(клун)*
- Само нагоре оди и не се враќа *(чад)*
- Се јаде, а не се изедува *(узда)*

- Се смотала, се завила, на плот се обесила *(тиква)*
- Седум браќа лете растат, зиме се смалуваат *(денови во неделата)*
- Седум дупки во една грутка *(глава)*
- Секогаш доаѓа, но никогаш не останува *(утре)*
- Секогаш одат на неговите глави *(клинци од потковици)*
- Секој плаче за него, а никој не оди со него *(мртовец)*
- Село без оџаци *(гробишта)*
- Сечат како нож, ама нож не се, бели како бисер, ама бисер не се *(заби)*
- Сечи, коли, крв не пушта *(вода)*
- Си имав една плевна со слама, сламата гори, плевната не гори *(луле)*
- Си имав едно магаренце, сето сенце ми го изеде и ништо не остави *(вила)*
- Си имав четири сестри, дење и ноќе се бркаат, а не се стигаат *(вртешка)*
- Си имам дванаесет невестички, сите прстен за прстен се врзани *(синџир)*
- Си имам дупка, посегнав в дупка, извадив црна Еѓупка *(совалка)*
- Си имам едно магаренце, кој поминува го јава, и јас поминав и јас го јавнав *(праг)*
- Си имам едно нешто, со два колца во челото *(коза)*
- Сив гулаб околу тумба врти *(брич)*
- Сив коњ ‛ржна, сето море го смрзна *(ветар и мраз)*
- Сив сокол под земја лета *(рало)*
- Сивко висна, сета земја ја стисна *(мраз)*
- Силен бик на поле рика *(ветар)*
- Силен ветар виеше, лични пилци летаа *(самовили)*
- Син вир дно нема *(небо)*

- Син сито гради *(пајак)*
- Сиот внатре, само главата му е надвор *(клинец)*
- Сипаница на сипаница *(кочан на пченка)*
- Сите деца си имаат капи, татко им си нема *(желад)*
- Слатка погача на сонце испечена *(мед)*
- Слатко и благо, во калениче не се тура *(сон)*
- Смок свири, ламја игра, блазе си му кој ја има *(воденица)*
- Со едно огниште цел свет се грее *(сонце)*
- Со нозете во блато, со главата во злато *(жито)*
- Со рацете тропа-лопа, со нозете шинди-минди *(тупаница)*
- Сред море бунар *(папок)*
- Среде море дирек се крепи *(бунар)*
- Срп го сече, коњ го гази, лопата го вее, баба го сее *(жито)*
- Стар дедо на ќерамиди лежи, не се помрднува *(оџак)*
- Стара баба расчеречена, на ѕид обесена *(ножици)*
- Старец со брадата в земја закопана *(праз)*
- Старци со бели бради никако не можат да се стигнат *(бранови)*
- Сто фустани носи, а кога ќе дувне ветар газот ѝ се гледа *(кокошка)*
- Страчка со долга опашка, скоро ручек готви *(тава)*
- Студена змија на гуша виси *(ѓердан)*
- Сува влегува, водена излегува *(кофа)*
- Таа беше тука уште кога постана светот, а цела се појави пред еден месец *(месечина)*
- Таа влегува, опашката – надвор *(лажица)*
- Таква мајка никаде нема – 12 деца роди за 365 дена! *(година)*
- Таткото уште нероден, а синот пораснат *(чад)*
- Тебе ти припаѓа, а други ти го користат *(име)*

- Тело и зборови има, а уста и глава нема *(книга)*
- Темна девојка во темен дол седи, темна песна пее и темна крпа везе *(пчела)*
- Тенка Тодора оган носи во забите *(пушка)*
- Ти ја празниш, а таа е сè поголема *(дупка)*
- Ти си мој син, јас не сум ти татко. Што сум ти јас? *(мајка)*
- Товарен кантар петелки *(грозје)*
- Товарена баба со топки *(смоква)*
- Товарена Риса китки *(топола)*
- Тој што го купува не го употребува, а тој што го употребува не го гледа *(мртовечки сандак)*
- Три девојки под еден чадор и ниту една не искиснала? *(не врнело дожд)*
- Триста илици, триста петлици, триста души го годат, па не можат да го угодат *(рибарска мрежа)*
- Тркалезен дедо, шупливи деца *(цевка)*
- Трудна жена оро игра *(вретено)*
- Ќим шарено, ќим везено, на ќим дрво стои, ќим си песна пее *(славеј)*
- Ќорава кобила сите ливади ги здробила *(коса)*
- Угоре одам, удолу гледам *(пушка)*
- Угоре оди невеста, удолу иде вдовица *(искра)*
- Ум дава, а не зборува *(книга)*
- Умрена змија на плеќи ја носи *(плетенка)*
- Урда во меше по планина се тркала *(магла)*
- Уста железна, јазик оловен *(пушка и куршум)*
- Уста има, а не јаде, јазик има, а не зборува, занишај го, ќе ти пее *(ѕвонец)*
- Уста нема, а со секого зборува *(книга)*
- Уши има, а не слуша *(дикел)*
- Филип преде, Филип ткае, Филипчиња голи одат *(раце и*

*прсти)*

- Фрли го бело, жолто паѓа *(јајце)*
- Цар без глава *(мраз)*
- Царева ќерка со илјада кошули, дувна ветар, ѝ се виде гола снага *(кокошка)*
- Царот во зелено, војската во црвено *(дрен)*
- Цел ден оди, а од место не се помрднува *(часовник)*
- Цел ден те стега, а кога спиеш те ослободува *(ремен)*
- Цел живот е врзана, а кога ќе ја пуштат, ја носат на колење *(лубеница)*
- Целиот дрвен, во главата црвен *(кибрит)*
- Црвен бивол црвено биволче лижеше *(пламен и котле)*
- Црвен дедо заклучен седи *(вино)*
- Црвен пес в куќа лежи *(оган)*
- Црвен прч в пештера лежи *(јазик)*
- Црвена кожа со бело месо *(јаболко)*
- Црвена коза, ноќе оди, дење в дупка лежи *(лисица)*
- Црвена кошула, бела снага *(зрно пченица)*
- Црвена прачка на тарунец *(пиперка)*
- Црн Арапин на врата виси *(клуч)*
- Црн калуѓер плеќи пече *(кланик)*
- Црн пес на ковчег лежи *(клуч и катанец)*
- Црна Ѓупка в земја лежи *(пенушка)*
- Црна мајка со златни пилиња *(оган)*
- Црна маторица везден лока и пак не е сита *(локомотива)*
- Црна мечка по планина бега *(магла)*
- Црни гајтани на рид висат *(веѓи)*
- Црни робинки в зелена кошара лежат *(сончоглед)*
- Црно влези, црвено излези *(рака)*

- Црно Ѓупче со големо чалмиште *(светилник)*
- Црно јаже по земја се влече *(мравки)*
- Црно мече оздола се пече *(котле)*
- Црно тури, а црвено извади *(железо стопено)*
- Црно тури, а црвено извади *(јаглен разгорен)*
- Црно ќесе, бела урда *(костен)*
- Црно, црно како катран, ама скока како шејтан *(болва)*
- Час пред тебе, час зад тебе *(сенка)*
- Чаша по чаша, дури в Цариград *(коњски стапалки)*
- Чека Чекана, бега Бегана, рипна Чекана, ја фати Бегана *(мачка и глушец)*
- Четворица браќа во една кошула не можат да се видат *(јатка од орев)*
- Четворица браќа под една капа спијат *(орев)*
- Четворица браќа трчаат, не можат да се стигнат *(тркала од кола)*
- Четворица пријатели оделе на дождот, на тројцата им искиснале косите, а на четвртиот не? *(четвртиот бил ќелав)*
- Чудна ми, чудна девојка, на чуден камен седеше, чудна ми песна пееше *(пчела)*
- Шарен Пејо на лоза обесен *(грозје)*
- Шарена, шарена, со рака не се фаќа *(змија)*
- Шарено стапче по рид се тркала *(змија)*
- Шар-шарено, шап-пишано, на дрвоно шарајливо *(бајрак)*
- Шар-шарено, шар-везено, шарапански зборуваше *(страчка)*
- Шило бодило, низ гора одело, трага не оставило *(пчела)*
- Шило бодило, по гора одело, сите трње изело *(копач)*
- Што е најбрзо на светов *(ум)*
- Што е најмеко на светов *(срце мајчино)*
- Што е потешко, едно кило волна или едно кило олово?

*(иста им е тежината)*

- Што е разликата меѓу 100 и 1000? *(само една нула)*
- Што е разликата меѓу џунглата и чевлите на пијаницата? *(во џунглата има повеќе мајмуни)*
- Што си имам една тепсија, лете ми е мила, зиме не ми е *(гумно)*
- Шуми, грми, бела невеста од град излегува *(воденица)*



# BRZALICE I BROJALICE

# БРЗОЗБОРКИ И БРОЕНИЦИ

Samo ime brzalica (brzozborki) sastoji se od riječi „brzo“ i „riječ (zbor)“, čime se podrazumijeva stvarna bit ovih umotvorina. One su vrlo teške za izgovaranje, pa kada su neke od njih duže i određeni stih treba ponoviti nekoliko puta i to dosta brzo, neminovno se prave pogreške pri izgovoru. Njihova je funkcija dvostruka: osim što predstavljaju govornu igru i koriste se za zabavu, također imaju i odgojno-obrazovni karakter, odnosno s njima se vježbaju verbalne vještine, jasan izgovor, koncentracija i pamćenje. Osobito su korisne za vježbe kod djece s govornim manama.

Brzalice su od davnih vremena pa sve do danas izazivale veliki interes i kod djece i kod odraslih, jer se pri njihovom izvođenju stvara vedra i natjecateljska atmosfera.

Kod brojalica je najvažniji ritam kojim se omogućava ritmička govorna igra među izvođačima. One su karakteristične po tome što počinju s brojem ili u njima ima različitih nabrajanja. Najčešće su se interpretirale u dječjim igrama na masovnim okupljanjima, gdje se s pjevanjem određivalo tko će prvi započeti igru. Vježbajući na taj način brz i jasan govor, ove umotvorine osim zabavnu dobivaju i pedagošku funkciju. Brojalice obično nemaju sadržaj ili su sastavljene od nejasnih riječi čime postaju još zanimljivije i primamljivije za slušanje. U njihovim se stihovima često susreću i humoristični elementi.

Самото име на брзозборките е составено од зборовите „брзо" и „збор", со што се доловува вистинската суштина на овие умотворби. Тие се мошне тешки за изговор, па кога некои од нив се подолги и одреден стих треба да се повторува неколкупати и тоа доста брзо, неминовно се прават грешки при изговарањето. Нивната функција е двојна: освен што претставуваат говорна игра и се користат за забава, исто така имаат и воспитно-образовен карактер, односно со нив се вежбаат вербалните вештини, чистиот изговор, концентрацијата и меморирањето. Особено се корисни за вежби кај децата со говорни мани.
Брзозборките од дамнина па до ден-денес предизвикувале голем интерес и кај децата и кај возрасните, бидејќи при нивната изведба се создава ведра и натпреварувачка атмосфера.
Кај броениците најважен е ритамот со што се овозможува ритмичка говорна игра помеѓу изведувачите. Тие се карактеристични по тоа што или започнуваат со број или во нив има различни набројувања. Најчесто се интерпретирале во детските игри на масовни собири каде што со пеење се одредувало кој прв ќе ја започне играта. Вежбајќи го на тој начин брзото и течно говорење, овие умотворби освен забавна добиваат и педагошка функција. Броениците обично немаат содржина или се составени од нејасни зборови со што стануваат поинтересни и попримамливи за слушање. Во нивните стихови честопати се среќаваат и хумористични елементи.

- Аван, гуван, ѕреѕечек капак, на Меѕита шапак.
- Ајде, Јоле ролај.
- Ала-вала, пет објала, цинци-винци, пет опинци.
- Ангеле-геле, баба роди теле, го крстиле Радуле, две жаби го надуле.
- Анта-тили, зарака-тили, зарака-тика-така, елин, белин, буф, Америка прави труф.
- Апче-бапче, печено ќебапче, риба штука, мавни се ти од тука.
- Ара-филот, кара-филот, на мајка му босицата.
- Афендо-мендо, бамбари-кендо, постели легни, трбушка тегни, јарето вресна, Афендо тресна.
- Балонот се надууува, пазете се децааа, балонот да не пукне... Пауу!!!
- Бел петел бела пепел прета.
- Бомба падна од небото, удри баба по нога, тече гној, тече крв, кој искочи, тој е прв.
- Була ваља бурило, булче бурилче.
- В грне баба бере зрна.
- Во дол бол има вол.
- Во петок Петко петка доби.
- Волк маркулаф, маркулави волчиња родил.
- Гавран модар клун.
- Гргуле мое, сол соларниче.
- Гу-гу-гугувче, кај беше, на пазар, што купи, пченица, колку пари, сто пари, газот ти се попари.
- Две петлиња се скарале и на патот извикале: Ош, иш, еш, ти ќе мижеш.
- Дедо седи на грутка, и си плете јакуцка; Зошто ти е јакуцка? – Ќе си берам желад. – Зошто ти е желад? – Ќе си ранам прасенце. – Зошто ти е прасенце? – Ќе ми пушти сало. - Зошто ти е салце? – Ќе си мазнам момите. – Зошто ти се момите? – Ќе ми метат дворови. – Зошто ти се дворови? –

Ќе ми редат столови. – Зошто ти се столови? – Ќе ми седат сватови. – Зошто ти се сватови? – Ќе донесат невеста. – Зошто ти е невеста? – Ќе ми роди дете. – Зошто ти е дете? – Да ме вика тате, бате, скри се в грненце, ете ги Турците, ќе ти земат парите.

- Дела-ско-ла, де-мој, интер буци-буци-мој, грми, сева, прашина се крева, тагерој-та, те-геремо-ско-ла, зиги-зиги-за.
- Дојди попе, дојди пак, не ти гине твојот ак, за земање никој пат.
- Дрзок дрвар в дрма дрва врзал.
- Држ’ Лазаре орелот.
- Дул-дул гајда, кај да те најдам, под самата круша, каде береш душа, со потето на гуша, потето се скрши, момата се сврши.
- Еден, два, три, глувчето се скри, зад една капина, газот му се скина, на четири места, мајка му невеста, татко му момче, на газот со ѕвонче.
- Еден, два, три, Ѓуптинот се скри, ен, мен, чарапен, чарупе, гризи дупе.
- Еден, два, три, мачорот се скри, горе на кабина, опашот го скина.
- Еден, два, три, ќе бидеш џандар ти.
- Еден, два, три, штурчето се скри, кој го најде, ете баш ти.
- Едно дрво јаворово, преку поле Лазарово.
- Ек зајче, пек зајче, пас помина, пас ти реко, па си помина, па ти реко, зајче ли си, или не си, зајче сум си, како не сум, колку си зајче, камо ти опашче, под опашче брабонче.
- Еле-лем, беле-лем, чим-чим, кале-лем, јарма, јурма, дилен, дишен, дорото.
- Еле-лига, пепе-лига, тома-зана, дока-тана, вај стран, друго ман, челебиа, русолиа, тамбак, кукурик, миж дупка.
- Еле-мина, беле-мија, дома-зара, дока-тара, чин, чин, чинбуле, Мартин, Ѓуптин, скочи две реки, изеде две меки.
- Еле-ница, пле-теница, дома-зана, дока-тана, кајвер,

кајпис, синокос, космадин, грлен, грчен, бух, трух, трагос, мрагос, боп, дроп, шоп.

- Еленице мала, свети пазара, коли кокошки, јади трошки.
- Еле-рица, пре-перица, дома-зара, дока-тара, чин, чин, чингуле, Мартин, Ѓуптин, прескочен.
- Еника, меника, кликабе, амбе, шамбе – до мене, ецка, печка, домо, лецка – граф.
- Ени-мени-дуду-мени, Кара-фиља, Муста-фина, џомада, кокица, писју, солза пиј.
- Ени-мени-сени, сени чоколада, бур, бур, лимонада, ако нејќеш лимонада, ќе ти дадам чоколада, ако нејќеш чоколада, ќе ти дадам лимонада.
- Ени-мени-сени, сени чоколада, дур на пат, дур на пат, јади Мето ти.
- Ен-тен-тини, сава-рака-тини, сава-рака-тика-така, бија, баја, буф.
- Енци, менци, на каменци, таму школа на два сата, под една капина, газот му се скина, кој ќе го најде – јас – тој ќе најде бабин газ.
- Енци, менци, на каменци, ују, бују, дванаесет деца, ен, пен, чарапен, чараупе, гризи дупе.
- Ефенди-фенди, под копачка седни, копачката се скрши, ефендијата се сврши, кукавицата кукна, ефендијата пукна.
- Еци-пеци-пец, ти си мали зец, а ја мала верверица, еци-пеци-пец.
- Жими буда недела, ќерамида кадеља, не сум јаре видела, дробот сум го изела.
- Жолт расол.
- Жолта дуња Деспина, роди сина мајмуна, го крстиле Спаско.
- Жолта пулка подбулена, подбулена, пут полупка полупена.
- Загорка е мала, има коса плава, очи ѝ се црни, умот да ти мрдни.
- Зајак зелка зграби, зелката е здравје за здравите заби.

- Здрав болен носи.
- Иди-ми, диди-ми, триесет катика, безберика, сукесмо, пасмо, тенеке, кокошар.
- Изедов трипати, три погачи, за мајкина ми пизма.
- Или-лига, пили-лига, дома-шаре, дока-таре, вајстрен, чиливија, русалија, тамбек, кукулек, подмеждука, ѓал бубулек.
- Имав мама, имав баба.
- Јадев пет педи дебела погача, за мајкина ми пизма.
- Јаребица попратица, до мазара, до катара, чингини, мингини, оптил, дуптим, дупка.
- Кадри бевме, ведри бевме, ви грабнавме човекот, јунаци бевме, ви поробивме војската; Краставо беше, ќелаво беше, затоа го зедовте, слепо беше, ќоро беше, држете го, ако сте јунак од јунака, грабнете од јунаци.
- Камен под камен, камен над камен, под камен камен камјосан.
- Каменово срце, олово, денес беше школово, час по руски – сите деца гуски, час по матемтика – некој фрли патика, час по физика – сите деца шизика, час по историја – сите се изморија, час по биологија – ура, ура, ура, наставникот доби температура, сто триесет и девет, и падна во кревет.
- Кантар катран тегли.
- Кантар трга црн катран.
- Капна пукал по попов бокал.
- Каче сирењарче, каче урдењарче.
- Качи се Турче на крушче, слези Турче од крушче.
- Клукнавме, потклукнавме, потклукнуваме.
- Косор кастри краста, ако кастри, своја кастра кастри.
- Криво јаре под крив јавор лежеше, крива клечка гризеше.
- Кукулар крал глас.
- Лажичарник и соларник обесени се на тланик.
- Лазар рало превлече през Разлошко равно поле.

- Лерин рул полно блудо цирони.
- Лимон кисел на трнов корен висел.
- Лисица итра, разумна, пушти корен, фати нога.
- Лош кантар катран мери.
- Лош кантар црн катран мереше.
- Лут лук, вруќ леб.
- Мало, бег, лапај снег, цепи штици, јади трици.
- Мара мала, Мара голема.
- Ме пушти Лазар да ми дадеш една зелка расол, расол, лош расол, расол, лош расол, расол, лош расол.
- Месечина како ден, поп се вала како пен.
- Море дете, шере-мете, потре-пети, калин, препин, синолиа, синокопа, кај Турчин на војска.
- Мори чаше бу башо, што се бучишт за мене, ете јунак за тебе.
- Мравјарник, црн мравјарник.
- Наш алчо е со пет плочи кован.
- Наша љап блак љап.
- Наша м’ш бр’с м’ш, денес триш в д’ш ‵рж вршеше.
- Носи грбелко, прегрбен крблото.
- Одев, одев право патем, кога гледам шума, шума бобот родила, апнав едно слатко, уште едно послатко, трето најслатко, си отворив чанта, чанта тагарчица, берам, берам, внатре клавам; – Бре не бери ти бобот! (вика падар); – Бре, што викаш ти викачу! (одговори берач) – Бре не бери бобот! – Шума бобот родила, ти бобот си не родил! – Ја берам, берам, оној туку вика – Ела ваму, бре – Ете, не одам таму – „капу нун‟ (вели Турчин) – Не носам капу, (вели берач), јас си имам шапку – „Тутун ус шинди‟ – Јас тутун не пијам – „Делибар бу‟ – Јас го неделам, сам в шума го обрав, сам ќе го јадам.
- Ој, леле, леле, попот родил теле, кој ќе го пасе, очевото прасе, стрижак, бричак, на две јајца квак, елим, белим, бел бище.

- О-мони-мони-ма, академи-фенци-фа, фенци-фа-фа-фа, опе-ха-ха-ха, уна-епе-епе-епе, уна-цепе-цепе-цепе, уна-аус-аус-аус, мики-маус-маус-маус.
- Оно-моно доно-моно, триа-филе, кара-филе, стото-пито, моно-гито, љајтин, гујтин, суезе, сукезе, делимар, кокошар, зби, кации; тенеке, напрсток.
- Оро, оро, ориште, на бабино буниште, баба најде чешлиште, си исчешла главиште, си расправи косиште, и на дедо брадиште.
- Остар косор околу краста кастри.
- Па, патка, пу, патка, патка пуфна во водата.
- Палецот вели: Ајде да крадеме! Казалецот вели: Каде? Големиот: Каде да е. Четвортиот: Ќе кажам. Најмалиот: Молчи Ѓупче наказенче!
- Пате, пате, ноџиња, за дечиња чорапчиња, пате, пате ноџиња, за дечиња кондурчиња.
- Патор-патор ноџиња, пасла баба козици на два рида високи, на два дола широки, ми напрела две вретена, си ги клала на полица, дошло маче – лизна, дошло куче – гризна; чит пустино, ош штурино, толку сум си напрела, на дедо кошула, на баба марама.
- Пепел под поклопка.
- Петел прета в пепел.
- Петре плете плот, да помине поп, со две зрна зоб.
- Петре плете плот, пред Петрева плевна.
- Пиев вода под пукнат камен, јадев леб над пукнат камен.
- Плетвар, бел Плетвар.
- Под казан се малечка пита пече.
- Помина Гино со една тиква вино, помина Дуро му ја тури, помина Раде му ја даде.
- Помина пиле со сплескан клун.
- Поминаа брдилари, стар брдилар не помина.
- Поминаа тарунари, оставија мали тарунарчиња.

- ❖ Поминав низ попова лака, тополов изострен кол држев в рака.
- ❖ Поминав поле лазарово, најдов зелка расолова, овој расол – лош расол, нашиот расол – арен расол.
- ❖ Поминале тарунари со триста таруни на глава.
- ❖ Поминале татари, со белите шапки, со белите шалвари.
- ❖ Поп под поклопка, поп над поклопка.
- ❖ Поп човек ли е, магаре стока ли е, зет роднина ли е, шипка цвеќе ли е, трн заграда ли е.
- ❖ Потплуснат зелник го изедов во делник.
- ❖ Пролајало јаре.
- ❖ Протекол ми матен Дунав, занесол ми чаша вино, поклон дојде до кумот, кумот ми се луто колне: – Жими Бога не е моја, туку ми е Николова, пи Никола, пи, пак наполни.
- ❖ Пук маркулав, маркулави волчиња родил.
- ❖ Пукнат камен, под пукнат камен стои.
- ❖ Пукнат камен, под пукнат кладен.
- ❖ Ратка рипа преку пруга.
- ❖ Ринге-ринге-раја, дошол чичко Паја, па донесол јајца, едно јајце муч, сите деца чуч.
- ❖ Роса, роса, росица, до-поле косица.
- ❖ Роси, роси, росица, да ми расте косица, колку една лозница.
- ❖ Роси, Боже, роси, Ѓупката проси.
- ❖ 'Рт 'рж вршеше, петел пепел преташе.
- ❖ Сач, шут, сач.
- ❖ Секој петок урда јадам.
- ❖ Сива шута котка, сив шут катарок гони.
- ❖ Ситна роса ситно трева росеше.
- ❖ Смок свири на врба, збирајте се врапчиња, едно врапче не дојде, тоа што ми требаше, мајка му го караше, татко му го тепаше, трај, врапче трај, утре ќе одам на пазар, ќе ти купам нови пуфки.

- Снесла страчка на крива прачка до дванаесет јајца; Поминав, едно зедов и го изедов, поминав, две зедов и ги изедов, поминав, три зедов и ги изедов... и така до дванаесет.
- Сонце бонче, богово јајце. – Камо е тоа јајце? Го изеде мома. – Камо ја момата? – Она се скри дома. – Камо ја дома? – Ја изгоре оган. – Камо го оган? – Го изгасна вода. - Камо ја вода? – Ја испија две деца. – Камо ги дечиња? – Отидоа на нива да бранат просо. – Камо ти просо? - Го исколваа врапци. – Камо ги врапци? – Се качија на даб. – Камо го тој даб? Го пресече секира. – Камо ја секира? – Отиде на ковачи. – Камо ги ковачи? – Ги изгризаа молци. – Камо ги молци? – Ги исколва петелот. – Камо го петелот? – Го изеде лисица. – Камо ја лисица? – Ја отепа пушка. – Камо ја пушка? – Појде кај царот.
- Спиј, пиле, спиј, секирата зад врата, орелот на врата.
- Стар кантар катран мереше.
- Стар пес сус не се учи.
- Стара шипка дваш ударив, стара штука триш изедов.
- Стојко шета со сто коња по поле, петли пеат на полесок, од полесок под полесок.
- Топка над топка, топка под топка.
- Топчето ми падна, Калина го грабна, дај ми го Калино, не ти го давам, ќе го продадам, за два гроша, Калина е лоша.
- Три петлиња се скарале и на купот извикале, иш, миш, ти ќе ја мижиш.
- Трина Нона, мутовата Нона, истерала козите, напрчила нозете, поминале чауши, ја фатиле за уши.
- Триорица, гргорица, три в паница.
- Тумба-тумба Татара, јавни коња златара, та појди си Вегле; Вегле копје кревале, сам бег седеше, самовила пишеше со орлово перце, пауново крилце, падна крилце в море, море мене солца, ја солца овце, овца мене јагне, ја јагне волку, волк мене кожа, ја кожа крпачу, крпач мене чевли, ја чевли бабе, баба мене колаче, ја колаче ʽрту, ʽрт мене зајак, ја зајак Турчину, Турчин мене пара, ја пара попу, поп мене молитва: по Чивути клетва, по Еѓупци метла и по

Каурци лопата.

- Угоре мома, удолу коса.
- Уну-мун, дуну-мну, треја зуту-кун, бана, бана ќуту-кун, инци, пинци, шутариња, гургулиња, на порпуле тенеќе.
- Фрлив штичка во море, на штичката тумбе, на тумбето љумбе, на љумбето цакуле, на цакуле дракуле.
- Цици-цици зајаче, дури да дојде другото, да ти прдне во увото.
- Црн прч црн трн гризеше, тич црн прч, не гризи црн трн.
- Црно јаре, црно прче, црно роже, црн трн гризеше.
- Цуцулига, пеитан, петугора, хаиван, харџиман, чунчук, чукалчак, ковал, керкел.
- Чими, чими, татара, кому пукне колено.
- Чукнале деца јаболка, со шарените стапчиња, со сребрените рачиња, излезе Божа со решето, та му пукнало мешето.
- Чук-чук лобода, падна тесла од Бога, удри баба по нога, та се роди ʽртиче, си го зави в крпиче, си го кладе на тланик, молчи, синче, не плачи, отиде на пазар татко ти, ќе ти купи два меха, едниот меден, другиот немеден, кој ќе молчи – медениот, кој ќе плаче – немедениот, пред царева порта жолта курешница, во тебе клучевите, во мене катанците, моли, замоли до три години.
- Џеб, џепче, џепчиња без паричиња.
- Шири, шири, весели пешкири, боса јас, боса ти, обрни се сега ти.
- Штрк, штрк балабан, кој ти купи талаган, ми го купи Тасе, што се стори прасе.
- Штрк, штрк балабан, полна пушка шарлаган.



# BLAGOSLOVI I ZDRAVICE

# БЛАГОСЛОВИ И ЗДРАВИЦИ

Blagoslovi potječu još iz davnašnjih vremena i temelje se na vjerovanju u magičnu moć riječi. S njima se želi dobro zdravlje, dug život, napredak u radu, blagostanje u obitelji, ali i u široj zajednici. Izgovaraju se ozbiljno, jer im je takva i poruka.
Narod je vjerovao da se blagoslov ostvaruje i zato se blagoslovi govore u najrazličitijim prigodama. Oni pridružuju i običaje, govore se pri rođenju novoga člana obitelji, na vjenčanju, krštenju, pri različitim ratarskim, poljoprivrednim, zanatskim i drugim radovima. Ove narodne umotvorine češće su u prozi, rjeđe u stihovima, ali uvijek sadrže ritam. Najčešće blagoslivljaju stariji. Ljudi koji su bili vješti u govorenju blagoslova bili su rado prihvaćeni u svakom okruženju.
Zdravice su zapravo blagoslovi koji se izgovaraju u posebnim okolnostima i pri određenim prigodama. Neke se izgovaraju pri blagovanju i obvezno s punom čašom, a druge pak, na različitim svečanim prigodama i susretima, s izražavanjem želja za dobrotom i dobronamjernošću, za ljepotom i srećom u životu. Zdravice slično kao i blagoslovi, po obliku su kratke, ozbiljne i dostojanstvene, i najčešće ih govore stariji ljudi. I jedni i drugi održali su se do danas, a stvaraju se i novi.

Благословите потекнуваат од данмешни времиња и засновани се врз верувањето во магиската моќ на зборот. Со нив се посакува добро здравје, долг живот, напредок во работата, благосостојба во семејството, но и кај пошироката заедница. Се изговараат сериозно, бидејќи таква им е и пораката.
Народот верувал дека благословот се исполнува и затоа благословите се кажуваат по најразлични поводи. Тие ги придружуваат и обичаите, се кажуваат при раѓањето на новиот член на семејството, на свадба, крштевка, при разни земјоделски, занаетчиски и други работи. Овие народни умотворби почесто се во проза, поретко во стихови, но секогаш содржат ритам. Најчесто благословуваат постарите. Луѓето што биле умешни во кажувањето на благословите биле со задоволство прифаќани во секоја средина.
Здравиците всушност, се благослови кои се изговараат во посебни околности и по конкретни поводи. Некои се изговараат на софра и задолжително со полна чаша, а други пак, при различни свечени прилики и средби, со искажување желби за добрина и добродетелство, за убавина и среќа во животот. Здравиците слично како и благословите, по форма се кратки, сериозни и достоинствени, и најчесто ги говорат постарите луѓе. И едните и другите се одржале до денес, а се создаваат и нови.

- Аир да имаш!
- Аир да правиш!
- Аир и бериќет да имаш!
- Аирлија да ви е пазарот!
- Аирлија да ви е радоста!
- Аирлија да е севтето!
- Аирлија да е!
- Аирлија да му е раката!
- Аирлија да ни е, да ни се вечни младоженците!
- Аирлија да ни се муабетите, здравје и живот да ни даде Господ и нас и на сите браќа, некој бериќет да истури Господ и некоја слободија да рече, сполај му!
- Аирлија нека е муабетот!
- Аирлија работа!
- Аирот да ѝ го видиш на стоката!
- Аирот да му видиш!
- Ај Боже помогни, нека ни е лесна работата и нека даде Бог да се роди бериќет.
- Ај Господ нека ми те благослови синко, и ум и разум да ти даде!
- Ај да ве однесе Господ на поголем град!
- Ај да остариш и со сребрена лажица да сркаш!
- Ај да се роди чисто жито како злато!
- Ај да си ми благословен што ме насмеа!
- Ај и за свадба да викаш!
- Ај како е Господ, не е никој.
- Ај ми со здравје, Господ да те чува!
- Ајде аирлија, да се ќердосаат, сватството и родството да ни е довека!
- Ајде да е живот и здравје!

- ❖ Ајде за многу години, кај што помина чесен крст да е чесно и бериќетно, кај се крми да се плоди, кај се ора да се роди, по поле вино и жито, по планина мед и млеко, Господ да не чува од лошо, да се ранат сиромаси, сирачиња, и в година да дочекаме!
- ❖ Ајде и на ваши глави!
- ❖ Ајде и на голема радост да исчекаме!
- ❖ Ајде нека ви е радоста аирлија, и здравица ви!
- ❖ Ајде нека рече Господ да сме здрави и живи и да дочекаме вакви дни и догодина!
- ❖ Ајде нека рече Господ да сме здрави, та лесно ќе ги испостиме Великите пости!
- ❖ Ако одиш во туѓина со срце, ќе те ослободи Господ.
- ❖ Ако сака Господ да го благослови бериќетот.
- ❖ Ако сака Господ, сполај му, зимата лето ја прави.
- ❖ Ако сме ние сиромаси, Господ ни е богат.
- ❖ Алал да ти е за тоа што го направи!
- ❖ Алал нека ти е и со здравје да го јадеш!
- ❖ Алал ти вера!
- ❖ Ама арен бериќет даде Господ, сполај му.
- ❖ Амин дај Боже и Света Неделичка денешна!
- ❖ Амин, амин Боженце златен, така нека биде!
- ❖ Амин, амин, чул ве Господ!
- ❖ Ангел да ти помогне!
- ❖ Ангелот да ти седи на рамена и од лошо да те чува!
- ❖ Арно да видиш!
- ❖ Арното те фатило!
- ❖ Без Божја помош да не останеш!
- ❖ Бериќет Бог ти дал!
- ❖ Биди благословен!
- ❖ Благословите и здравица ви!

- Блазе си му на оној што може да си проживее.
- Бог да ве поживее!
- Бог да го наврти на добро.
- Бог да го прости!
- Бог да даде што ни срце сака!
- Бог да ни ги прости крстени души!
- Бог да прости и мртви души!
- Бог да те избави!
- Бог да те оздравее!
- Бог да те пази од зло нечисто!
- Бог да те пази од лоши комшии!
- Бог да те помилува со некое машко дете!
- Бог да те спаси!
- Бог да те чува да умреш без да се мачиш!
- Бог да те чува од куќен арамија!
- Бог да те чува од лоша среќа!
- Бог да те чува од ненадејна смрт!
- Бог да ти ги поживее децата!
- Бог да ти го чува здравјето!
- Бог да ти даде едно девојче!
- Бог да ти ја пази стоката!
- Бог да ти наврти добра среќа!
- Бог да ти помогне!
- Бог милост да ви даде!
- Бог среќа да ти дава!
- В година поголем родот да биде.
- В устата да ти се пулат!
- Вечно нека ви е името!

- ❖ Вечно нека ви е малечкото!
- ❖ Во раце Господови да стоиш!
- ❖ Во секоја куќа радост, Господи!
- ❖ Глава да не можете да кренете од внучиња!
- ❖ Главата нека е жива!
- ❖ Годинава венчавка, в година крштевка!
- ❖ Годинава да ви се роди повеќе!
- ❖ Годинава со здравје да ја дочекаме!
- ❖ Годинава со кошница, догодина со товари!
- ❖ Годинава со куќичка, догодина со невеста!
- ❖ Годинава со невеста, догодина со машко дете!
- ❖ Голем да пораснеш!
- ❖ Господ бериќет!
- ❖ Господ да ве дарува!
- ❖ Господ да ве ослободи!
- ❖ Господ да ве чува од душмните!
- ❖ Господ да ви ги множи чедата!
- ❖ Господ да ви даде од срце!
- ❖ Господ да го оздрави!
- ❖ Господ да е со тебе!
- ❖ Господ да ни чува сеидбата!
- ❖ Господ да те благослови!
- ❖ Господ да те брани!
- ❖ Господ да те дарува со голем разум!
- ❖ Господ да те дарува со голема дарба!
- ❖ Господ да те дарува со трпение!
- ❖ Господ да те надари!
- ❖ Господ да те однесе на место!

- Господ да те удостои!
- Господ да те чува од исчукан човек!
- Господ да те чува од лошо!
- Господ да те чува по патот!
- Господ да ти ги зајакне рамената!
- Господ да ти го дочува детето!
- Господ да ти го отвори патот!
- Господ да ти донесе сон, да поспиеш, но и к’сметот ќе ти спие!
- Господ да ти ја олесни работата, за да успееш!
- Господ да ти помогне да избегаш побрзо!
- Господ до века да ве милува!
- Господ добрината да ти ја плати!
- Господ желбите да ти ги исполни!
- Господ здравје да ти даде!
- Господ и вашата куќа да ви ја зарадува!
- Господ на помош да ви е!
- Господ од лошо да нè чува!
- Господ печалба да ви наврти!
- Господ посреди вас!
- Господ ум и разум да ти даде!
- Да биде вековито!
- Да биде домаќин, орач, копач, овчар, говедар, свињар, дрвар, боринар.
- Да бидеш личен, преличен!
- Да бидеш радосен!
- Да бидеш умен, разумен!
- Да ви го умножи Господ!
- Да ви даде Господ сè што ви душа сака!

- Да ви е живо!
- Да ви се враќа!
- Да го врати Господ на добро!
- Да даде Господ да ни тече од сите страни!
- Да даде Господ да се позлатите!
- Да даде Господ да се ќердосате!
- Да даде Господ дожд да заврне!
- Да даде Господ на свадба да му играме!
- Да даде Господ со сребрена лажица да сркаш каде ќе одиш!
- Да дочекаш да ги венчаш!
- Да дочекаш и в година!
- Да е здрав и вековит домаќинот!
- Да им се живи децата на селаните!
- Да имаш што да поделиш!
- Да ми си жив!
- Да му се живи дечињата и домаќинката!
- Да му се златни рацете!
- Да му се сурови рацете!
- Да не му се уроци, што е личен.
- Да не ти е на зарек!
- Да остарее и побелее како Пирин!
- Да пораснеш голем!
- Да пораснеш до таванот!
- Да се живи живите, да ги спомнуваат умрените!
- Да се најде на старост!
- Да се ожениш!
- Да се омажиш!
- Да се сакате до век!

- Да се ќердосате!
- Да си дочекаш и на внучиња!
- Да си жив, да си јунак!
- Да си ми благословен како овен!
- Да си учен, преучен!
- Да слушаш татко и мајка!
- Да сте живи и здрави!
- Да те милува Господ, да си купиш поарно!
- Да ти даде Господ добар к’смет!
- Да ти даде Господ што ти срце сака!
- Да ти е големо!
- Да ти е жив стопанот!
- Да ти е жива главата!
- Да ти е жива фамилијата!
- Да ти е живо и сѐ што ти е мило!
- Да ти е честито името!
- Да ти се живи децата!
- Да ти се најде на старост!
- Да ти се слуша зборот!
- Да ти цути устата!
- Дај Бог добро!
- Дај Боже, да имаш, дај Боже!
- Дал ти Господ добро!
- Дал ти Господ сребро и злато!
- Дар божји Господ да намножи, од едно – илјада!
- Дар и бериќет да ви даде Господ!
- Дар по полето!
- Даскал да станеш!

- Дедо да се сториш, сто години да живееш!
- До живот со чесно, умирачка со лесно.
- До недела гајда да брчи во новата куќа, невеста да прошета во неа и да ги послужи со блага ракија!
- Добар к’смет да имате!
- Добар ти пат, добра среќа, добар к’смет!
- Добра вечер, добро дојдовте, добро ве најдовме!
- Добра мисла!
- Добра среќа!
- Добри абери да си слушаме!
- Добри муштерии пак да наврти Господ!
- Добро и здравје!
- Догодина повесели, порадосни!
- Еден Господ да ни помогне!
- Еднаш за векот да ти е радоста!
- Ергени да трчаат по тебе!
- Жив да бидеш!
- Жив и здрав да си!
- Живот и здравје да имаш!
- За вечни времиња!
- За душа на мртвите, за здравје на живите!
- За многу години, аирлија денот!
- За многу години, на здравје!
- Здрави да сте!
- Здравје во стоката!
- Зијан на душманите!
- И в година да дочекаш!
- И вас да ви се роди!
- И венци да им целивате!

- И догодина со здравје!
- И на твоја глава да ти е вратено!
- И од другите деца да си дочекате радости!
- И петелот јајца да ви несе!
- И сите светци помошници!
- Јунаци да те чуваат!
- Каде ќе одиш, сè арно да носиш!
- Кај се крми да се плоди, кај се ора да се роди!
- Кај што е потребно, пак да трча.
- Кај што помина чесен крст да е чесно и бериќетно!
- Камен и дрво да фатиш, сребро и злато да ти биде!
- Кога мене Господ со вреќа, тогаш јас тебе со торба!
- Колку гроздови, толку бочви.
- Колку зборови, толку добрина.
- Колку зрна, толку амбари.
- Колку ѕвезди, толку аир и бериќет.
- Колку капки, толку дар и бериќет.
- Машки деца, женски јагненца, дар во благата, чад во буништата, оган во огништата, роса по полето, мед и млеко по планините, здрави, живи домаќините со домашните, куќи полни со гости, пријатели, братска љубов!
- Мир и љубов во куќава!
- Мир и милост на сите!
- Момите да трчаат по тебе!
- На здравје јадењето!
- На здравје, на живот!
- На куќа слама, во куќа слава, да е жива домаќинска глава!
- На помош денешниот ден!
- На сув камен да се роди!
- Напредие во куќата!

- Нека е здрав и жив!
- Нека му ги поживее Господ и татко и мајка!
- Ние од место, Господ на место!
- Оваа година беќар, догодина со невеста!
- Од деца да не можете да се одбраните!
- Од добро да не куртулите!
- Од едно, илјада да се наплодат!
- Од мене лек, од Господ бериќет!
- Од мене малку, од Господ повеќе!
- Од мене песна, од Господ здравје!
- Од ништо, нешто да правиш!
- Од твоја уста, во Божји уши!
- Од тебе севте, од Господ бериќет!
- Пак да се видиме здрави и живи!
- Пијте со здравје!
- Повели!
- Помагај Бог!
- Придај Господи!
- Проштевај!
- Радосен и весел да си!
- Само добрини и убавини да ви дава Господ!
- Седете ми со здравје, побргу да се видиме!
- Со аирлија нога да бидеш!
- Со арно, со добро!
- Со веселби во куќата!
- Со добрини, со убавини да си го чекаш името!
- Со здравје да ги гориш дрвцата!
- Со здравје да го износиш!

- Со здравје да одиш и добра среќа да имаш!
- Со здравје да патуваш!
- Со здравје да си го јадете!
- Со здравје да си го пиете винцето!
- Со здравје и живот да ги употребите!
- Со здравје, со веселба!
- Со машко чедо догодина!
- Со невеста догодина, Господи!
- Со товари род да имаш!
- Сполај ти многу!
- Среќен ти пат!
- Твојот памет кадијата да го има!
- Ти мене ме даруваш, Господ тебе да те дарува!
- Ќар и бериќет да имаш!
- Убав живот да имаш!
- Убавина да ти даде Господ!
- Убаво име дај Господе за многу убави денови!
- Угоре мома, удолу коса!
- Умен да си!
- Уста ти пеела!
- Учен да си!
- Фат да имаш во работата!
- Чесен да си до века!
- Чесен крст да помогне!
- Чесна смрт!
- Чест да имаш!
- Честита ви работа!
- Честита ви радост!

- Честито да е името!
- Чул те Господ!
- Што ти сака срце, Бог да ти даде!
- Шуќур Господ да олесни!
- Шуќур да речеме на Господ!
- Шуќур оти се куртулиса!



# KLETVE I ZAKLETVE

# КЛЕТВИ И ЗАКЛЕТВИ

Kletva (ili kunjenje) je oblik govora suprotan blagoslovu, kojim se želi nekome ili nečemu nešto loše. Jedan od najčešćih oblika ove vrste osvete je proklinjanje, koje je u narodu poznato kao bacanje kletve. Ona se izgovara s vjerom u magičnu moć riječi da bi pokrenula sile s one strane kako bi nekome nanijeli ovozemaljsko zlo. Kletve su obično izrazi mržnje, zlobe, okrutnosti, zavisti, koje se iskazuju u afektivnim stanjima i sadrže najokrutnije iskaze nerijetko upućene najbližima. Proklinju se muškarci, žene, djeca, životinje, biljke, predmeti, mjesta i slično.
Za najteže kletve smatraju se krvne kletve, osobito majčine i kumove, koje se prema narodnom vjerovanju uvijek ispunjavaju. Žene su svoje kletve ponekad izražavale i s nekom obrednom aktivnošću, a kletve su poprimale oblik pjesme, čak su se i rimovale kao tužbalice. Postojale su i kolektivne kletve, koje su imale svrhu protjerivanja i uklanjanja neke osobe ili obitelji iz zajedničkog prebivališta. Strah od ispunjavanja kletvi bio je velik, pa su postojale i neke zaštitne formule koje su se primjenjivale kao način obrane. Ipak, kletva je imala i vlastiti odraz kada se krivo izrečena vraćala onome koji kune ili njegovom potomstvu.
Osobe koje su klele nisu bile poželjne ni od koga. Danas se kletve sve rjeđe čuju i činjenica je da polako nestaju iz govora.
Suprotno od kletve je zakletva, odnosno ima svrhu odvraćanja od zla. U tom smislu ona predstavlja i jednu vrstu zaštite. No, zakletva obvezuje, i svakog tko ju prekrši stići će kazna. Za veću uvjerljivost, svatko se zaklinje u ono što mu je najdraže. Za razliku od kletvi koje se u pravilu iskazuju u drugom licu, zakletve se iskazuju u prvom licu. One također, mogu biti popraćene obrednim radnjama.

Клетва (или колнење) е форма на говор при што спротивно од благословите, се посакува да се случи нешто лошо. Една од најчестите форми на овој вид одмазда е проколнувањето, кое во народот е познато како фрлање на клетва. Таа се изрекува со верба во магиската моќ на зборот за да ги покрене силите на оностраното да му нанесат овоземно зло на некого. Клетвите се обично изрази на омраза, злоба, жестокост, завист, кои се искажуваат во афектни состојби и содржат најсвирепи искази неретко упатени кон најблиските. Се проколнуваат мажи, жени, деца, животни, растенија, предмети, места и слично.
За најтешки клетви се сметаат крвните клетви, особено мајчината и кумовата, кои според народното верување секогаш се исполнуваат. Жените своите клетви понекогаш ги искажувале и со некоја обредна активност, а клетвите добивале облик на песна, биле дури и римувани како тажаленки. Постоеле и колективни клетви кои имале за цел протерување и одстранување на некоја личност или семејство од заедничкото живеалиште. Стравот од исполнувањето на клетвите бил голем, па постоеле и некои заштитни формули што се применувале како начин на одбрана. Сепак, клетвата имала и сопствен одраз кога криво изречена се враќала на оној кој колне или на неговото потомство.
Личностите кои колнеле не биле посакувани од никого. Денес клетвите сè поретко се слушаат и факт е дека полека исчезнуваат од говорот.
Спротивно од клетвата е заклетвата, односно има цел одвраќање од злото. Во таа смисла таа претставува и еден вид заштита. Но, заклетвата и обврзува, и секој што ќе ја прекрши ќе го стигне казна. За поголема уверливост, секој се заколнува во она што му е најмило. За разлика од клетвите кои во правило се искажуваат во второ лице, заклетвите се искажуваат во прво лице. Тие исто така, можат да бидат проследени со обредни дејствија.

- Аир да не видам од челадта!
- Аир да не видиш никојпат!
- Аир да не видиш, бел ден да не те втаса!
- Аир да не видиш, ни од глава, ни од очи!
- Аир да не видиш, ни од чедо, ни од стока!
- Аир и бериќет да не видиш!
- Аирлија да не е!
- Ај да би волците го изеле на некоја раскрсница!
- Ај да би пците го изеле!
- Ај да се невиди каде ќе фати!
- Ај душата од него да ти излезе!
- Ај жива да не сум!
- Ај искрши си главата оттука!
- Ајдук да биде, та на ортома да го видам!
- Акнал, та пукнал!
- Акнало, па не викнало!
- Ако бидеме здрави и живи, ќе одиме в година на манастир!
- Ако имам една пара, кај што оди парата и јас да одам!
- Ако ми стане детето, на Света Недела една свеќа ќе запалам!
- Ако родам машко, на Свети Илија ќе донесам в година еден петел!
- Ако се куртулисам од таа беља, в година ќе донесам на Свети Арангел едно теле!
- Ако слушаш, слушај, ако не, темна оди!
- Ако сум фатил со раце, рацете да ми се исушат!
- Ако те удрам, пет сонца ќе ти светнат во очите!
- Ако ти дојдам уште еднаш, ногата да ми се скрши!
- Ал да го сретне, та да го алоса!
- Анатема те фатила!

- Антерија на грбот да нема!
- Арам да ти биде младоста!
- Арам да ти е лебот!
- Арам и крв да ти се стори!
- Арамии куќата да му прокопаат!
- Аргатин да биде, та ништо да не спечали!
- Арно да не видиш!
- Аро аросано!
- Аро ќе те најде!
- Арото те јадело, та те изело!
- Бапка да те нababри!
- Бапки да му излезат на очите!
- Беда да го најде!
- Без поп да го закопаат!
- Бездушник да стане!
- Бел ден да не видиш!
- Бело море и Црно да обидиш, па аир и бериќет да не видиш!
- Бесот да те фати!
- Бестрага да фатиш!
- Бивол да те дигне на роговите!
- Благословил те ѓаволот!
- Бог те убил!
- Бог ти душа, право да ми кажеш, што ти рече оној!
- Божиќ да не го втасаш!
- Болест да те истреби!
- Болест те јадела!
- Болки да го изедат!
- Босилок да му однесат!

- Бразда главата, секира нозете!
- Буицата и чумата да го удри, та да го откопачи!
- Буниште да го затрупа!
- Бутур те изел да те изеде!
- Бутур те фркнал!
- В казан да вриеш!
- Вака да се стори кој лаже!
- Вегите да му окапат!
- Вејка да стане, та ветрот да го однесе!
- Велигден да не го дочекам, ако ти мислам некое зло!
- Велигден да не го дочекаш!
- Ветрот те завеал!
- Ветрушка да го занесе!
- Вид и виделина да не се сториш!
- Викале му четворица на главата!
- Вистина да не каже никогаш!
- Владика да не види во куќата!
- Во еден гроб да ги закопаат!
- Во земјата да те посипам!
- Во каленица да собира, та да се рани!
- Во коли да ве однесат, арно да не видите!
- Во куќата гулаби да му гукаат!
- Во темница да умре!
- Во црна земја да изгниеш!
- Вода да те удави!
- Вода те понесла!
- Воден ѓавол да го нагази!
- Воденичарски камен да му виси на шијата!

- Вол јазикот да му изеде!
- Вошки да те изедат!
- Враг сакал, два нека најде!
- Врагот да те земе!
- Вратот да си го скршиш!
- Врколак да те фркне!
- Вруќа погача срцето да му изгори, варен петел очите да му истера!
- Гавран очите да ти ги ископа!
- Газ и глава на едно да се собере!
- Главата да му ја забодат на колец!
- Главата ти паднала!
- Гладен да умре, ненајаден!
- Го фатиле морници, да не го пуштат!
- Господ да ги срами!
- Господ да го затре!
- Господ да го суложи!
- Господ да го удри!
- Господ да даде да проси, та да рани!
- Господ да ми ти суди!
- Господ да ти не помогне!
- Господ те зел!
- Господ те сотрел!
- Гостин никогаш да не види!
- Град те столчил!
- Грев ти на душа!
- Гревот да те фати!
- Гревот нека е на нивна душа!
- Грлица да те истреби!

- Грло да ти пее од црна кашлица!
- Гром и молња да те погоди!
- Гуски и орли да пасе со тапан!
- Гуштери да блуеш!
- Да би аир не видела што ми додеваш толку!
- Да би Василица не ја дочекал!
- Да би вошки зоврел!
- Да би дрвено легло со крст на него ти спремале!
- Да би запек те фатил!
- Да би заспал, та не се разбудил!
- Да би јадењето отров ти се сторило!
- Да би лажица мравки изел!
- Да би меч те исекол!
- Да би на темјан замирисал!
- Да би не бил!
- Да би не вратил, да не вратиш!
- Да би не зинал да јадеш!
- Да би не пукнал!
- Да би не треснала што не ме послуша!
- Да би очите си ги барал!
- Да би паднал, та не станал!
- Да би платно на очи ти ставиле!
- Да би попови на главата му викнале!
- Да би пукнал на здравје!
- Да би пуст кукал!
- Да би пушка те фркнала!
- Да би се откорнал!
- Да би се повампирил!

- Да би те зела матната, да те земе!
- Да би те немало поарно!
- Да би ти се растурил гробот!
- Да би трева на глава ти никнала, да би змија те каснала!
- Да би треснал треснатику!
- Да би црви те лазеле!
- Да би црна завеса ти обесиле на врата!
- Да ви умре најмилото!
- Да виеш како куче!
- Да врие во катранот на дното!
- Да врие на дното од пеколот!
- Да го закачи бесно куче!
- Да го зарине црната земја!
- Да го изгори јасното сонце!
- Да го убие лебот што го јаде!
- Да даде Бог да не се ќердосате!
- Да даде Бог да ти се врзе јазикот, та збор да не зуцнеш, нем да одиш довека!
- Да даде Бог на чивутин борчлија да бидеш!
- Да даде Господ гроб да немаш, а ако имаш плочата да ти падне и крстот да ти се измести!
- Да даде Господ гробница да не ти се знае!
- Да даде Господ да имаш, па да немаш!
- Да даде Господ деца никогаш да не родиш!
- Да даде Господ еден час поскоро да ти фрлам една рака земја на очите!
- Да даде Господ мајка ти пченица да дели!
- Да даде Господ на мостот да го обесат!
- Да даде Господ ништо да не ти даде!
- Да даде Господ поп низ куќа да ти шета!

- Да даде Господ, да родиш дете без коски, цел живот како пача низ куќа да го собираш!
- Да дојде правдина и со кантар по глава да ги тресне!
- Да зине нешто, та да те голтне!
- Да копа со заби!
- Да ме обесат за греда, една пара немам!
- Да ми испрснат очите, ако сум видела!
- Да ми истечат обете очи, ако те лажам!
- Да му опустее името!
- Да му преседне на срцето!
- Да му се исуши устата!
- Да му умре козата на комшијата!
- Да не видиш бело видело!
- Да не втасаш да се радуваш!
- Да не дочека да чуе кукавица!
- Да не му се наслави името!
- Да не одам здрав и жив до дома!
- Да не пркне!
- Да не прокопса!
- Да не се облекол никогаш!
- Да не станеш!
- Да нема ѓаволот очи!
- Да оглушиш, да онемиш!
- Да одиш и да не се вратиш!
- Да окапеш како змија на трн!
- Да ослепам ако лажам!
- Да отиде на колената си!
- Да питаш, па да се раниш од мои гревови!
- Да пукне зло под камен!

- Да пукне како јајце во оган!
- Да пукнеш, та да треснеш!
- Да се армаса, та да не се венча!
- Да се вид не видиш!
- Да се влечеш по земја!
- Да се заглиби, та да не излезе!
- Да се засркне, та да пукне!
- Да се затриеш од белиот свет!
- Да се исушиш од корен!
- Да се маваш на мостот!
- Да се обесиш на сува врба!
- Да се побудалиш, Господи златен!
- Да се превртуваш во гробот!
- Да се свие како змија на коло!
- Да се скукалиш, та да пукнеш!
- Да се удавиш во расолница!
- Да си под камен!
- Да скапеш како расол во март!
- Да скапеш, оган да те изгори!
- Да те видам гол и бос да одиш!
- Да те закопаат во пусто место!
- Да те земат ѓаволите!
- Да те не види сонце и бел ден!
- Да те стемни, да не те раздени!
- Да те тресне Господ!
- Да те фати клечавица (пролив)!
- Да ти даде Господ краста и орлови нокти, та да се драпаш!
- Да ти занеме устата!

- Да ти изгори главата!
- Да ти исфрли парталите мајка ти!
- Да ти јадам од пченицата!
- Да ти писнат ушите!
- Да ти пукнат очите!
- Да ти пукне жолчката!
- Да ти пукне тоа што ти е најмило!
- Да ти светнат очите!
- Да ти се земе светилото!
- Да ти се искриви на тилот!
- Да ти се испришти устата!
- Да ти се исушат рацете и нозете!
- Да ти се скусат деновите!
- Да умрам до вечера, ако не сум му кажал што ми рековте!
- Дамла да те дамлоса!
- Дамла те удрила!
- Дано сто години да седиш в гробот и да не се разгниеш!
- Две очи имам, да ги немам!
- Детето ми го умори, Господ да те умори!
- Децата да ти одат две напред, три назад!
- Дим да го фати, та да не се сврти!
- Дните да му се довршат!
- До утре да не исчекаш!
- До утре да не ме осамне, ако те лажам!
- Дома да не умре!
- Доста, достага те фркнала!
- Душа да бере, па да не добере!
- Душа и нокти да немаш!

- Душа ти испаднала!
- Душата место да не ти најде!
- Душата низ газ да му излезе!
- Душмани да нема, а пријатели ич!
- Ѓавол бара два да најде!
- Ѓавол да го расчепи на триста парчиња!
- Ѓавол на рогови да го надене!
- Ѓавол те зел, на врагот пешкеш те однел!
- Ѓаволот да те удави!
- Еден да не остане!
- Еден си синко, ама да не си!
- Едно дете го имам, да не се нарадувам на него!
- Жаби да му лазат по мевот!
- Жар да му застане на мевот!
- Жегнало те по срце!
- Желки му по главата!
- Жена да не видиш!
- Жив да не останеш!
- Жив човек да не ти влезе в куќа!
- Жива душа да немаш!
- Живина да го изеде!
- Живо ти оживеало на срце!
- Живот да нема во куќата Господи!
- Жими главата, жими очите, жими душата!
- Жими едно пиле што го имам, ќе ти платам!
- Жими здравје, очите не сум му ги видел, а не па да сум го задевал!
- Жими леб!
- Жими мајка, татко, брат, сестра!

- Жими младост, не сум го задевал тоа девојче, не го ни знам бе!
- Жими синовите, жими децата!
- Жими таткова душа и мајчина!
- Жими чесен крст, не сум го опцул, тате бе!
- Жир да јаде по горecha!
- Жити Господ, жити Богородица, жити причесната!
- Жити Господ, жити леб, жити мајка и татко, жити браќа!
- Жити мене, да ти умрам до утре, жити мајка ти!
- Жити сè што ти е најмило, што ти врви преку прагот и што ти дал Господ!
- Жити челад, кажи ми, така ли беше или не беше така!
- Жити челад, ова добро го сакам од тебе!
- За Бог, за душа, ќе помогнеш и ти на оваа работа, тука еден манастир ќе градиме!
- За вода да пукнеш!
- За резил да бидеш!
- За твоето дете лек да нема!
- Забите ти паднале!
- Закукал, да закукаш!
- Занемел, да занемеш!
- Запустела му главата!
- Зеер и катран да ти се стори!
- Зеер нека ти биде!
- Зел те ветер!
- Земал го Господ!
- Земја да го притисне!
- Земја да не ме прими, ако те лажам!
- Земја да не те прибере!
- Земјата да го исфрли!

- Земјата да го проголта!
- Земјата да ме исфрли, ако те лажам!
- Зетови да му ја јадат стоката!
- Зини, да не зинеш!
- Зло да го најде!
- Зло да не види, а добро никогаш!
- Змија да те касне!
- Змија јазикот ти го каснала!
- Змија очите да ги испили!
- Змија ти в пазува!
- Ѕвездата да му угасне!
- Ѕверови да го раскинат!
- И да му испрснат очите како се ококорил!
- Изринал те ѓаволот!
- Име ти се не спомнало!
- Имела те фркнала!
- Името ти кукало!
- Ископајте си ги очите!
- Искри да му излезат од устата!
- Истекле ти очите!
- Их, проклета му душа!
- Јазикот да ми ти онеми!
- Јазикот да му се фати!
- Јазикот да си го поткасаш!
- Јазикот да ти се исуши!
- Јајца да квачи!
- Каде отишол, да не се врати!
- Казан ти душа варила!

- Казан ти на глава
- Кај човек леб да јадеш, кај тебе ни кучињата да не каснат!
- Како пајак да се собира!
- Кал во срцето да ти влезе!
- Камен врз камен, дрво врз дрво да не му остане, да му се растури куќата!
- Камен да јаде, та да се најаде!
- Камен да роди!
- Камен да ти стои на глава!
- Камен ти на врат!
- Камен ти на срце!
- Камен ти под јазик!
- Камења и дрвја да те бијат по глава!
- Капка вода да му се не најде на оној свет!
- Капнала ти глава!
- Катран да пиеш да даде Господ!
- Кашлица те фркнала!
- Клопотарник ти на врат!
- Кога ќе ми даде мене Господ, тогаш и јас тебе ќе ти дадам!
- Кога ќе си го видиш тилот, тогаш аир да видиш!
- Кој го украл, од оган да не куртули!
- Кој зема повеќе, аир да не види!
- Кој ја венчал, тој да не ја крсти!
- Кол му на срцето!
- Колку клинци земал, толку дупки да му се сторат!
- Колку коса што има на главата, толку аир да има во куќата!
- Колку листа на дрвото, толку години да лежиш, толку постели да скапеш!
- Колку прав на тапан, толку аир да имаш!

- Колку што сум го видела, толку сонце да го види!
- Коренот да ти се запусти!
- Коска да му се запре во грлото!
- Коските ти окапеле!
- Крв и катран да мочаш!
- Крвта вода да ти стане!
- Крстот да те заколе!
- Круша му задуша, глиста му свешта, жаба му проскура!
- Круша му задуша, камен му на гуша!
- Кукавица да ти кука!
- Кусур и белег да се становиш!
- Куќата пуста да ти остане!
- Кучињата гробот да му изријат!
- Ламја да те изеде!
- Леба ми, не сум го зел!
- Лебот да го фати по очите!
- Легнал, та не станал!
- Лопата те закопала!
- Лошо те изело!
- Лук да си мачка на очите!
- Лук и вода да се стори!
- Лут пипер да го изгори!
- Лута змија да го клукне по јазикот!
- Магарешки живот да би проживеал!
- Магарињa на глава ти рикале!
- Маглите да фатиш!
- Маж да не најде!
- Мајка ти ладен да те бакне!

- Мајката да му е жена, кој те лаже!
- Мајстор да бидеш, пара да не завртиш!
- Масло врело те изгорело!
- Мачки на главата ти мјаукале!
- Мачки очи ти дереле!
- Мене десет прсти, тебе десет синџири!
- Месецот да го изеде!
- Метла да го смете!
- Мечка да те гази, та треска да те остави!
- Мечки те јаделе!
- Милост да нема во куќа!
- Мозокот да ти зоврие!
- Молњи и ровја да те удрат и на два комада да те сторат!
- Молци да те изедат!
- Молчи да би Господ ти платил!
- Молчи да би онемел, да би!
- Мома да не те земе, да си ерген цел живот!
- Море сургун сургуносан, сургун да се сториш!
- Мори гламна гламносана, гламна да те видам!
- Мостра да стане!
- Мртов да си!
- Мртов и студен да бидеш!
- Му стави син му на огништето вода и го остави сиромав до века!
- Муви во главата ти брмчеле!
- На дрвени нозе да одиш!
- На душа да ме имаш!
- На душа не го земај!
- На колци цревата ти се мотале!

- На крпа да вечера!
- На леб да се не најаде!
- На младост да не се радувам, ако не дојдам вечер!
- На оној свет да одиш!
- На патот душата да му излезе!
- На старост радост да не види!
- На тилот да ми се искриви, ако ти се накривам уште еден пат!
- На ченгел да те видам!
- Нагоре нозете, надолу главата да му видам!
- Натема те натема!
- Натема ти злато!
- Не видело го ни сонце, ни месечина!
- Не дала ти година здравје!
- Немала те мајка!
- Ни да омажиш, ни да ожениш!
- Низ иглени уши да се спровре!
- Никаде да не се сврти!
- Никогаш да не излаже!
- Никој да не го прибере!
- Нишан да ти се најде!
- Нож те прободел!
- Обелеле ти очите!
- Обете очи да ти излезат!
- Оваа недела млада невестица, до недела млада удовица, догодина моја вереница!
- Оган да го запали, вода да го однесе!
- Оган и пламен да го изгори!
- Оган те стоплил!

- Огниште во куќата да нема!
- Огништето да ти угасне!
- Од Бога нашол!
- Од дрво нозе, од восок раце нека прави!
- Од ѓаволот да не најдеш!
- Од ѓаволот очи да сака и да нема да му даде!
- Од јаже да не куртулисаш!
- Од кожа да излезе!
- Од кол вода да пиеш!
- Од оган и вода да не куртули!
- Од сите клетви пишани, од ниедна да не куртулиш!
- Од устата во пазувата!
- Одмор никогаш да не види!
- Онемел!
- Опустела ти главата!
- Орли да те окубат, дамла да те стрефи!
- Орли и врани да те изедат!
- Орли те кренале!
- Орлите да го изедат!
- Орман да фати, да не се врати!
- Орман и бели камења да фатиш!
- Оса да им касне јазикот!
- Оси да го изедат како благо грозје!
- Ослепел!
- Отров да ми се стори, ако сум каснал!
- Отров ти било!
- Очите да ми оќорат, уште еднаш ако ти наѕрам!
- Очите да не ми се затворат на смртен час!

- Очите да си ги извадиш!
- Очите на тилот да му стојат!
- Пара те распарала!
- Пепел да станеш!
- Пепел ти на јазик!
- Петел в куќа да не ти запее!
- Петел ти пеел на глава!
- Петел ти пеел на самарот!
- Пијан да те видам!
- Пипер му во носот, гламна му во газот!
- Прав и пепел да се сториш!
- Пришт во уста да ти се фрли!
- Пришт да те удри!
- Приштот те неприштил!
- Проклет да бидеш, аир и бериќет да не видиш!
- Проклет да е триесет и девет пати!
- Проклет и отет да е!
- Пукни, та трај!
- Пуста гора Господе, да би фатила клетвата!
- Пустела да си!
- Пусто и штуро да остане!
- Пусто име да ти остане!
- Пци те јаделе!
- Радост и среќа да не видиш!
- Рај да не види!
- Раката да ми се фати, уште еднаш ако ти пофатам!
- Раката да ти се исуши!
- Рало да го зарие!

- Рана те изела!
- Риба да го голтне!
- Рисјанин да не сум ако те лажам!
- Ровја да те мавне!
- Рогат да стане!
- Рофјата да го рофјоса, та на дно в земја да го втерaат!
- Сама да те види сина кукавица!
- Свети Архангел да те посече!
- Свеќа на гробот да нема кој да му запали!
- Сврака очите да му испие!
- Сè да ти поцрни, само очите да ти побелат!
- Семето да ти се сотре!
- Сенка да немаш!
- Синџир ти на гуша!
- Сипката те измела!
- Сите да плачат, само попот да ти пее!
- Сите деца во еден гроб да ги стави!
- Сите пари за венци на најмилите да му одат!
- Сите пари на свеќи да ги дадеш!
- Слеп да те водат по патишта!
- Слеп и ќор да го видам!
- Слепци да водиш!
- Смртта да те исчисти!
- Смртта да те пресретне!
- Со белки да гледаш, со црнки никојпат!
- Со брат да оди до море, со враг да замине преку море!
- Со сламка да се потпираш!
- Сол и леб да нема!

- Солзата вечно да ти биде во окото!
- Сонце да не те огрее!
- Срам те јадел!
- Среќата на прагот да ти стои!
- Срце да ме јаде, не сум јал!
- Срце и болест да го изеде!
- Срце те испило!
- Стоката да не ја ќердосаш!
- Страден да умре!
- Стројник да не му дојде!
- Строшила си главата!
- Студен да те фрла!
- Така ми двете очи што ме водат, јас го видов!
- Така ми жива Богородица, не знам!
- Така ми Исус Христос, не бев јас таму!
- Така ми крст, ќе му речам!
- Така ми леб, поручек ќе ти платам, дај ми шест пари алва!
- Така ми младост, те излажале, јас не го ни знам оти е твое дете, а не па да сум му рекол нешто!
- Така ми Света Богородица, не сум ја видела!
- Така ми таа причесна!
- Така ми тој леб, очите да ми ги фати тој бериќет, ако те лажам!
- Така ти најмилото, да ми кажеш право!
- Таму коски да остави!
- Тапани и зурли да му се собираат!
- Ти мене еднаш, тебе Бог сто пати, злото да ти се врати!
- Ти осакателе нозете!
- Трева во коските да ти никне!

- Треска да те тресе!
- Три чуми да го удрат, та од ниедна да не куртулиса!
- Тригодишна треска да го фати, болест и страдање!
- Триста лека да не го излекуваат!
- Трици да јаде, та никогаш да се не најаде!
- Трње очите да ти извади!
- Туѓината да му биде мила!
- Ќе направиш од дрво нозе!
- Ќор да одиш!
- Убила го пушка!
- Ум во главата да нема!
- Урнебес да фатиш!
- Услекни!
- Устата да ми се исуши, уште еден пат ако ти проговорам, нели си се разлутил!
- Устата на тилот да ти се заврти!
- Утки да му утаат на баџата!
- Утрешен да не го дочекам, ако те лажам!
- Фајде да нема од ништо!
- Фесот да си го продаде на вересија!
- Фиран да не остане од куќата твоја!
- Фиран името ти кукало!
- Цел живот на некој Амин да му велиш!
- Цела земја да лежам!
- Црвеница те опсучила!
- Црви да вариш!
- Црви да те јадат!
- Црвци да плукаш!
- Црвци да те разнесат!
- Црн да ти е образот!

- Црна, та тевна била!
- Црниот те сотрел!
- Црно аро да те собере!
- Чавка умот да ти го пие!
- Чавки те дрпнале!
- Чедата да ти пукнат!
- Чедо да не дочекаш да венчаш!
- Чедо да не заврти околу огништето!
- Чекани по главата ти чукале!
- Чесен крст да ме посече, ако кажам јас!
- Човек да не си!
- Чума да те изеде!
- Чума да те отепа!
- Чума да те удри!
- Чумата да го затрие!
- Чумата те измела!
- Чумо каде одиш, каде шеташ, што не дојдеш да го грабнеш!
- Џебовите да ти се полни со пари, а да немаш со што да ги извадиш!
- Џенем фатил, не се вратил!
- Шапот те фатил!
- Шеќер да го ранат, та да го заколат!
- Шикла ти ширина!
- Што имаш, да ти се запусти!
- Што ми мислиш мене, да ти се врати тебе!
- Што не зине земја да те голтне!
- Што туку вика, да би попови на главата му викнале, да би!
- Што ќе фатиш, да се исуши!
- Штурци да му штурат на главата!
- Шуга и краста да го јадат!



# SNOVI, VJEROVANJA I BAJANJA

# СОНИШТА, ВЕРУВАЊА И БАЕЊА

Snovi su oduvijek bili predmet ljudskog interesa i bili su izvor za različita mistična vjerovanja. U narodnom životu oni imaju vrlo važno mjesto, a često dobivaju i status božanskih poruka. U dugim prošlim stoljećima, kao rezultat životnog iskustva narod je pokušavao protumačiti snove, vjerujući da oni predviđaju nešto što će se dogoditi u bližoj ili daljoj budućnosti. Narodne umotvorine, prije svega pjesme i priče, sadrže mnoge primjere ostvarenih snova. I mnogi objekti, prije svega crkve, nastali su kao rezultat sanjanja ili nečega što se predskazalo u snu.
Narodno vjerovanje, odnosno praznovjerje, je vjerovanje da je neki događaj razlog pojave drugoga, pritom bez racionalnoga procesa ili fizički objašnjive veze između ta dva događaja. Takvih je vjerovanja u narodu bilo puno, i slično kao i bajanja, bila su temeljena na vjeri u magijsku moć riječi.
Bajanje opet, spada među najstarije kratke govorne narodne umotvorine i jedna je vrsta narodne magične medicine u kojoj je lijek pjesnička riječ. Ono s jedne strane može sadržavati dobru želju za ozdravljenjem upućenu bolesniku, a s druge strane može sadržavati zlu kob, prijetnju upućenu bolesti. Prije nije bilo značajnijih problema u životu čovjeka i njegovih djelatnosti koje se nisu rješavale bajanjem (kao lijek ili preventivno) – zdravlje, ljubav, bogatstvo, zaštita od štetnika i prirodnih katastrofa, lov, rat, ali i urok, prestrašenost, nagaženica, groznica, vještice, zli duhovi. Obično se bajanja ne govore naglas, već s nejasnim tajnovitim mrmljanjem ili šaputanjem. Jako je bitno vrijeme i mjesto, kada i gdje bajati, a pri obredu se upotrebljavaju razni predmeti.
Danas ljudi sve manje vjeruju u ovaj način liječenja radi čega bajanja ubrzano nestaju iz narodnog života.

Соништата отсекогаш биле предмет на човековото интересирање и биле извор за разновидни мистични верувања. Во народниот живот тие имаат многу важно место, а често добиваат и својство на божествени пораки. Во долгите минати векови, како резултат на животното искуство народот се обидувал да ги толкува соништата, верувајќи дека тие претскажуваат нешто што ќе се случи во поблиска или подалечна иднина. Народните умотворби, пред сè песните и приказните, содржат многу примери на остварени соништа. И многу објекти, пред сè цркви, се настанати како последица на сонување или на нешто што се претскажало во сонот.
Народното верување, односно суеверието, е верување дека некој настан е причина за појава на друг, без притоа да има рационален процес или физички објаснива врска помеѓу тие два настани. Такви верувања во народот имало многу, и слично како и баењата, биле засновани на верба во магичната моќ на зборот.
Баењето пак, спаѓа меѓу најстарите кратки говорни народни умотворби и е еден вид народна магиска медицина во која лек е поетскиот збор. Тоа од една страна може да содржи добра желба за оздравување упатена кон болниот, а од друга страна може да содржи зла коб, закана упатена кон болеста. Порано немало позначаен проблем во животот на човекот и неговата дејност кој не се решавал со баење (како лек или превентива) – здравје, љубов, богатство, заштита од штетници и природни непогоди, лов, војна, но и урок, уплав, нагазеница, буица, вештици, зли духови. Обично баењата не се кажуваат гласно, туку со нејасно таинствено мрморење или шепотење. Многу е значајно времето и местото, кога и каде се бае, а при обредот се употребуваат разни предмети.
Денес луѓето сè помалку веруваат во ваквиот начин на лечење поради што баењата забрзано исчезнуваат од народниот живот.

- Ако било в понеделник уште од рано, рано да земаш пари, цела недела ќе земаш; Ако дадеш, цела недела ќе даваш.
- Ако го донела работата човек за да оди на туѓина на Божиќ, дури не поминат Водици не чинело да се оди оти било за неарно.
- Ако двајца стојат еден спроти друг, не бива да минува некој меѓу нив, да не земе живувањето им.
- Ако е поголемо сонцето на изгревање, од како што си е катаутро, дожд ќе врнело.
- Ако загинела месечината, али сонцето, а џенк ќе има, а голема болест по луѓето; А пак Турците веруваат оти тие ќе пострадаат.
- Ако застане некој човек спроти сонце и сенката да му се сени во темелот кај што ќе го клаваат првиот камен, не чинело оти сенката ќе му се заѕида, здравјето му се заѕидувало во темелот и од тој саат ќе венеел човекот и ќе црнеел, дури да умре.
- Ако застане петелот на прагот од куќата, свртен во куќата со главата и да пропее, гости ќе дошле во таа куќа; А пак ако е свртен со главата надвор, ќе се канеле домаќините негде на гости.
- Ако излезат многу жаби мали (жапчиња) по земјата, а најповеќе по патиштата, тие покажувале војска и за бргу време не ќе станела да се разоди по дома.
- Ако излезат по дрвјата многу гасеници и опасат листовите, тие покажуваат за војска голема да има во таа година; Така и за скакулци кога излегуваат многу.
- Ако кокошките, пајките, гуските, мисирките и други пилци во зимно време повеќе сакаат да седат одошто да одат, зимата има уште да си лежи и да си седи; А пак кога ќе шетаат и не седат, чекај ја зимата да си станува.
- Ако му вариш кафе некому и му претече џезвето, претскажувало лошо нешто за тој што ќе го пие.
- Ако мувите касаат, доаѓа дожд.
- Ако некој додека јаде го смени местото за време на јадењето, ќе ја смени и жената.
- Ако некој од дома оди на пат, домашните не треба да

фрлаат ѓубре по него сè додека не ја помине првата вода.

- Ако некоја овошка цути по вторпат преку летото, тоа значи загуба и несреќа.
- Ако оди некој од град надвор и да го пресретне поп или зајак, тоа за црна штета ќе му излезе; А ако волк го пресретне, многу арно ќе му бидело.
- Ако очите на мртов човек му се отворени, тој многу жали за овој свет.
- Ако плачат многу куќните за некој човек што им умрел, од солзите што ќе им течат, му се правела река голема или вир на тој век кај што е умрениот, да не можел да помине од реката и не можел да си седи на суво место, чунки од солзите му се правело вириште.
- Ако претече пресното млеко во огнот, веднаш местото треба да се полее со вода, за да не прегори млекото на кравата.
- Ако расадено цвекло пушти стебло преку летото претскажува нешто лошо.
- Ако роди жена женско дете и да прилега во лицето на машко, кога ќе роди друго, машко ќе роди; И ако роди машко, да прилега во лицето на женско, ако роди друго, женско ќе родела.
- Ако сакаш да не се урочи дете, да го истркалаш на местото кај што седеше тој човек или таа жена што го гледаше, и после нема да се урочи.
- Ако сакаш да ти е итро детето или девојчето, да му го задржиш папокот кога ќе падне и на седумте години да му го кажеш да го види со очи; Ете, откога ќе си го видело детето папокот, веќе ќе фатело да напредува во науката и во друго; Вака веруваат во Битола, а пак други ќе му го сошијат папокот на копчето што ќе го носи детето за да не го урочуваат дури е мало.
- Ако сакаш човек да го опиеш со една чаша ракија, откога ќе му туриш од шишето во чаша ракија, веднаш затни му на шишето устината со рака и стегај јако, да дури ја испие човекот чашата и веднаш ќе се опиел.
- Ако се отвори чадор во куќа, особено навечер, носи несреќа.

- Ако се покажува Вечерницата (ѕвезда) црвенкава, дожд ќе врнело; А пак ако трепти, ветар ќе веело.
- Ако се родат летото многу трненки, дренки, лешници и ореви, лоша зима ќе имало.
- Ако се родело некое дете без рака, али без друго нешто (нишан било), некое зло ќе му дошло на татко му и мајка му на тоа дете.
- Ако се тресе земја набргу, али ако излезат ѕвезди со опаш, али ако се бијат децата џенк со камење, ќе се отвореле големи џенкови помеѓу царовите.
- Ако си измиеш глава ноќе, али нозете, водата не чинело да ја истураш надвор, за од туѓо нагазиште; Да не налепиш нешто и после главата да те боли.
- Ако те јаде десната рака, ќе даваш пари, а левата, ќе земаш.
- Ако те јаде носот многу и набргу, ќе си се срдел многу на некои луѓе.
- Ако ти е спружена ногата и ако некој ти ја пречекори, не ќе си растел; За да растеш, требало пак назад да ти ја пречекори.
- Ако ти се запре првиот залак, многу лошо нешто ќе те најдело, а пак до трите залаци ако ти се запрат, уште полошо ќе те најдело.
- Ако ти се навјаваат чевлите едни на други, покажувале за да одиш на пат или на туѓина.
- Ако ти се ничкосаат двата чевела на собувањето, покажувале оти набргу ќе си умрел.
- Ако ти се отвори вратата сама, чекај гости да ти дојдат.
- Ако ти се посере коњот кога ќе тргаш за да одиш на пат, набргу ќе се вратиш.
- Ако ти се смачи некој човек кога да ти дојде дома, за да си стане побргу, клај му троа сол во чевлите и веднаш ќе си станел.
- Ако туѓ човек ги затече домашните на трпеза и го поканат да јаде, треба без колебање да седне на трпезата, за да не се колебаат стројниците за младите во куќата.

- Ако умре некој стар човек, али некоја стара жена, невидени од луѓе, и го најдат умрен или умрена со устата отворена и со очите, тоа било нишан оти ќе се повампиреле; За да не се повампирел човек што умирал невиден, требало прво да му се удри една изгорена игла тутунарка во папокот и да му се клаи во џебовите по една рака просо и после да му се рече: – Кога ќе го изброиш просово, тогаш да станеш повампирен кај нас; Штом така му се речело до трипати, немало да се повампири или ако се повампирел, не одел во таа куќа за пакост да им прави.

- Ако црна мачка пресече пат на некој, носи несреќа; Тој треба да се врати три чекори назад и да плукне трипати.

- Арно било во понеделник уште од рано да земеш пари оти цела недела ќе земаш; Ако дадеш, цела недела ќе даваш; Од тој уплав, во понеделник ретко оди човек да сака пари од човек.

- Баба Мара била прочуена бајачка за секакви болести; вака му баела на Велјана – прво беше ја угорила кацијата на огнот и му ја навртела на главата од Велјана и рекла: „Сите ангели на небеси и сите светци, пресветаја Богородица и Света Петка, прва слуга и Света Неделица, на Велјана здравје; Што си? Црвеница ли си? Или жолтица ли си? Или белица ли си? Или црница ли си? Или црвена ли си? Или жолта ли си? Или бела ли си? Или румена ли си? Или зелена ли си? Да избегаш од Велјана! Нема во него ни јадење, ни пиење, ни лежење, ни спиење; Да се исчистиш од Велјана, да се сториш високи правови, да прошеташ рамни друмови, да си одиш во поле широко, од поле во високи планини; Да се исчистиш од Велјана, како бистро сонце, како бистра солза, како Богородичин кладенец, и да си појдеш во високи планини, кај што деца не се крштеваат, кај што се невести не венчаваат, кај што се луѓе не миросуваат; Таму има трева зелена, таму има вода студена, таму има мека постела; Да се исчистиш од Велјана, како од кошута млеко, како јасна месечина, како бистра солза и како Богородичин кладенец; Да избегаш од Велјана, од раце, од нозе и прсти, од глава, од очи и уши, од снага и срце и од седумдесет и седум зглобови!“ Дури ја редела таа молитва, баба Мара и кацијата ја држела жешко близу до главата од Велјана, и за првпат кога ја дорекла, му дувнала силно во главата; Вторпат ја рекла таа молитва и третпат кога ја дорекла, пак силно дувнала во главата

од Велјана; Со ова баење баба Мара лекува турли-турли болести и со првпат баење ако не му оздрави на човек болеста, вторпат пак ќе му бае; Најпосле до трипати и како со рака ќе му поминело.

- Баење за дојки – Родила леска до девет лешници, од девет осум, од осум седум, од седум шест, од шест пет, од пет четири, од четири три, од три две, од две едно, од едно ниедно.

- Баење на баба Евда – Ќе го натера болниот да меси еден колак леб од три семиња брашно, голем колку да се испровира човекот низ него и ќе го испечат во црепна; Ќе го земе таа колакот и една кошула од болниот со себе и ќе ги чува една ноќ во дворот нејзин, за да му бае на ѕвезди; После, другата ноќ, ќе го земе болниот и ќе го однесе на некоја раскрсница, во време глува доба, ќе го слече болниот и ќе го потури со едно бардаче со вода, баена и таа на ѕвезди и ќе го проврe трипати низ колакот; После, ќе го проврe низ кошулата баена двапати и третиот пат ќе го облече со таа кошула за да ја носи до четириесет дни; А облеката што ќе ја слече, ќе ја остави на раскрсницата; На неа ќе го кладе и колакот згора и ќе фати да му бае вака: „Помогни му, Господи и сите светци небесни, да ја испратам болеста од оваа мачна душа, со колак и бардаче и со голем бакшиш кошула, да си оди на туѓа туѓина, преку девет мориња и преку деведесет и девет планини, да појде дури во Тилимса, таму да си направи нова куќа во друг човек; Доста веќе го мачи овој сиромав и мачен човек"; „Ај ми со здравје, брате, оди си и земи го бардачето, та окрши го и вака речи: Како што ќе го окршам бардачево, така да се здроби во мене болеста, ако не излезе". „Оди си дома молчејќи, легни си, спиј си и утре здрав биди си."

- Баење од болести – Болести, болести! Оди си од каде што си дошла, овде нема место за тебе, овде иде силен ангел и страшен волк, ангелот ќе те пресече, волкот ќе те изеде.

- Баење од болести – Кога да им кушаат едни кушачки на некои луѓе, али за од надворештина, ги носат по турските гробишта на некој незнаен гроб и при другите зборови што ќе ги вели кушачката шепотејќи, ќе рече со јасен глас, да чуе болниот али болната, вака: – Како што не знам што има во овој гроб, али машко, али женско, така да не знае (Цветко или Петко) од болеста што ја имаше; Велат и вака: – Како што не знам чиј е овој гроб, така да не знаат Цв. или

Рум, од таа болест што ја имаше.

- Баење од болести – Ти грозница! Ти падавице! И ти секаква болести, да си одиш од каде што си дошла, како што не знаеме од каде си дошла, така да не знаеме и каде ќе си појдеш; Од каде да си дошла, од вода, од ветар, од око или од завист, да си одиш да не те видиме; Со ден си дошла, во зла доба да си одиш, те тера жена дородена; Колку стои слана спроти сонце, колку стои ветар на рид, толку ти да имаш место на оваа снага, од Бога целувка, од овие работи здравје.
- Баење од уроци – Арачишта, барачишта, да му пукнат две очишта, кој те тебе убарагил (урочил).
- Баење од уроци – Бајачката зема јајце во раката и вели: Ако е од човек, ако е од црни очи, да излезе низ прсти, да излезе низ нокти, да се размие, да се размине, да му олесни, да оздрави, да се избистри како бистра вода, да се исчисти како бистро сребро; Ако е надворешно, да се разнесе по пусти гори, по пусти планини, каде луѓе нема, каде пиле нема, таму да се разнесе, да му олесни, да се исчисти, да стане како чисто сребро.
- Баење од уроци – Бајачката ја става десната рака на главата од болниот и вели: Сура кравица суро теле отелила, сама го отелила, сама го улижала, сама го излекувала, сама му лек дала, да даде лек и на болниот, да излезе и од него што има в коски, в коски и в снага, како на она теленце што мајка му го излекувала.
- Баење од уроци – Бајачката со левиот ракав го брише челото на болниот и вели: Две сестрички седеа на габерово коренче, та си коси чешлаа, гајтани си плетеа, на момчето ги даваа, како ги виде цело село, изукаа, испукаа, Петко уроци не го фатија.
- Баење од уроци – Во чинија полна со вода се става жарче од јагленче и се бае: Очи по вода, зарек по гора, што лошо видело, сè водица измила, леснина, убавина, сончок на (...), очите од (...) да пукнат.
- Баење од уроци – До сега беше заградено, сега те одградуваме, да си одиш; До сега беше заорано, сега те одоруваме, да си одиш.
- Баење од уроци – На баба Петра кога ќе и дојдеше некоја жена да му бае на некое дете, ќе ја пречекаше со овие

зборови: „Добре ми дојде, сестро! Како ти го викаат детенцето? Што му е нешто? Да не ти е болно?" „Коне ми го викаат, бабо Петро, туку ми е болно од уроци: ти се молам да му забаеш", ќе ѝ induced речеше жената. Ќе му речеше баба Петра – „Еве го Коне кај иде кај баба Петра, за да му забае (крст на глава, крст на чело до трипати ќе му направи со рака) и го срела убава Богородица на патот, та го праша: Кај ми одиш, чедо Коне, вака невесело? Кај баба Петра одам, Богородице мајко, за да ми забае да оздравеам, оти баба Петра имала сребрено метленце, со него ќе ми ја измете болеста, ќе ми ја издува од врв глава до петици, од очи и образи, од уши и уста, од грло и јазик, од заби и непца, од под јазик и грклан, од џигер и срце, од цревце и од газече, од тилот и од раменици, од плешки и половина, од слабини и бутови, од раце и дланки, прсти и нокти, од нозе и стапала, прсти и нокти, од уроци што виделе лоши очи, од трески и огнови, од сите лоши нагазувачки. Да ми оздравееш, чедо Коне, од жилни болести и од сите зглобови, болеста да излезе и како топка да се збере, да се отркала од некоја висина на некое удолниште, да се стори парче по парче, само да земат орли, врани и црните гарвани, да ја разнесат в гори зелени, пусти пустелии, кај што човек не пројдува, кај што секира не сече, кај што овца не блее, кај што петел не пее, кај што куче не лае, така од Конета болеста да појде и назад веќе да се не врати. Помогни и ти, убава Богородице, да му одмине болеста на малечок Конета. И ќе му дувнеше трипати во лицето: пуф, пуф, пуф" и ќе го испратеше.

- Баење од уроци – Оди си преку девет планини, преку девет конаци.

- Баење од уроци – Црна квачка, црни пилишта, во пуста гора во пустелија, каде петел не пее, каде кокошка не колве, каде коњ не оди, каде магаре не гази, каде куче не лае, во пуста гора во пустелија, црна квачка, црни пилишта да не копаат, да изријат, да исколваат.

- Баење со јајце од штрк за секакви болести, а најповеќе за да се одврати маж од жена ако мераклисал некоја друга жена, а неговата му станала одбојна – Ќе го скршат по наполу, ќе му ја одделат жолчката од белката и ќе ја испечат жолчката на ќацијата многу, што дури да се стори како кремен; После ќе ја истолчат во еден аван дури како прав да се стори; Тој прав ќе и го дадат на жената што

ја нејќе мажот ѝ, за да го накрми; Ќе му зготви жената една пресна риба за вечера и со правот од штрковото јајце ќе му ја посоли без да знае тој; Кога ќе ѝ го соли правот на рибата, ќе вели: „Како што се тресе рибата со опашката кога лета низ водата, така да се тресе момчето мое по мене, и како што бега штркот од својот вилает и си доаѓа кај нас, така, Боженце мило, да бега момчето мое од свинската ќерка што го лаже да оди кај неа"; Ако не се сврши со накрмувањето од жолчката од штрковото јајце, друго баење ќе му баат бајачките со лушпите од јајцето – ќе ги носат сироти невести што не си ги милуваат мажите кај кривата воденица и ќе им налеат вода со лушпите од јајцето, та ќе му ја натопат кошулата од мажот ѝ и нејзината со вака велење: „Како што се врти колцето од воденицата, така да се сврти, Боженце златен, момчето ѝ на оваа невеста откај таа свинска ќерка што го лаже и го мами"; Најарно било за Велики четврток да има јајце штрково и тогаш да се одело кај кривата воденица и таму да им забаела бајачката, така едно со едно ќе му се одврзела магијата и ќе се замилуваат мажот и жената уште поарно откако што си живееле напред; А таа свинска ќерка или свински син, што го лажел или го лажела, ќе нејќат да се видат со очи, до толку ќе им ја одврати бајачката милоста што се милувале мераклиски; И во друг ден бидувало и дома да им бае бајачката со лушпата од штрковото јајце, ама вода ќе донесат од кривата воденица и со таа вода ќе баела бајачката, за да одврати секаква магија.

- Баење со колцето на кривата воденица – Над Битола има една воденица од десната страна крај патот, кога да одиш за во Магарево; Таа воденица ја викаат крива воденица; Водата што го врти колцето од таа воденица и колцето што го врти водата што тече низ циунот за голем лек се за битолчани (најповеќе за жените); Од ден Велики четврток ќе зафатат да одат кај кривата воденица битолчани и од селата, да се мијат од водата и да се вртат на колцето, до ден Спасовден; Најарно било, во трите Велики четвртоци да одат за да се мијат тие што имале најлоши магии; И во другите дни чинело да одат и да се мијат за здравје, ама како што било арно во трите Велики четвртоци, не било толку многу арно во другите дни; Од ден Велики четврток кога ќе зафатат луѓе да одат, асли како на некој манастир; Не само болни одат, ами и здрави – болните одат да се мијат да оздравеат, а пак здравите – да не се

поболат; Тие што се многу магепсани, што им се кажало на книгите, ќе му дадат некоја пара на воденичарот и ќе влезе болниот или болната под воденицата, та ќе седне на колцето и ќе се фати за вретеното со обете раце и ќе го пушти циунот воденичарот да го врти водата колцето, не како што го врти секогаш, ами наопаку, ако се вртело колцето надесно, да го заврти тогаш налево; Кога ќе се врти колцето, жената ќе си вели сама со себе: „Како се врти колцево од воденицава, така да му се сврти умот на мажот ми (или на жената), да ме сака и да ме милува"; Така ќе рече до трипати и ќе слезе, та ќе се измие од водата што тече под воденицата; Ќе натопи две кошули со вода, едната нејзина, другата од мажот ѝ, и ќе му ја даде да ја носи без да знае тој оти е натопена со водата од под колце; Така и жената ќе си ја облече и ќе ја носи до четириесет дни; Ете, така се расипувала магија.

- Бесен пес ако те налае, да го отепаш и да му го изедеш срцето, не си збеснувал; Едно било и да го запалиш збеснетиот пес, та да го прескочиш до трипати.

- Близу на затворање на дуќанот не чинело да го сметеш дуќанот или пред дуќанот, тоа било лошо, муштериите ќе си ги изметеш ѓоа.

- Болва во сечко не чинело да отепаш оти во лете ќе те сечат или штипаат многу болвите.

- Болен човек кога да лежи в постела и му дошол саатот да умира, сѐ ќе си го покривал лицето со покривот, како да се крие, и сѐ се поштел околу него, ѓоа има нешто вошки; Така правел од стравот на ангелот што му се јавувал да му ја земе душата; А пак кога лежел, сѐ во таванот се пулел и тогаш ангелот го гледал; Штом му видиш тие нишани на некој болен, чекај го бргу да си умре.

- Брадавици да оздравиш на раце или на нозе, да начекаш лигите од некој коњ кога да пие вода или јачмен или кога да дозобува и да ги измиеш брадавиците трипати, ќе оздрават.

- Брадавиците излегувале по рацете и по нозете од броење на ѕвездите ѓоа. Лекот му бил да ги броиш колку се брадавиците и да ги нарежеш на една лескова прачка и да ја клаиш в тланик за да се сушат. Катаутро да броиш по една рецка и ќе гинела по една брадавица.

- ❖ Бувот кога да бува во зимно време, ќе донесел полоша зима; Ако бува на некоја куќа на оџакот, таа куќа ќе се запустела.
- ❖ В есен ако заколеш свиња, види ѝ ја слезината; Ако ѝ е напред потесна и назад поширока, зимата ќе била напред лесна, а назад тешка (лоша), и наопаку.
- ❖ В есен кога да паѓа листот од дрвјата, ако паѓа од врвот на тополата, напред ќе биде зимата, ако паѓа од среде, в среде ќе имаме зима, ако пак откај коренот паѓа, накрај ќе ја имаме зимата; Едни старци пак веруваат: откај коренот ако паѓа, напред бидувала зимата, и така со средето и со врвот најпосле ќе сме имале зима.
- ❖ В зиме ако фати во мангалот под огнот како згура, чекај мраз.
- ❖ В пролет кога загрми најнапред, тогаш треба да се задрнкаат машата, веригата и вратниците, да не врне град преку летото.
- ❖ В чантата на овчар не бива да се брка, за да не си ги изгуби овците.
- ❖ Веруавале оти токму на четириесетте дни на умрениот ќе му се пукнеле очите во гробот и ќе дошла една змија за да му ги пие.
- ❖ Вечерно време не се мота преѓа на мотовило, за да не се замотаат нивите.
- ❖ Вечерта пред среда и петок жените не работаат и три дни во неделата (вторник, среда, и петок), не излегуваат за на туѓина; Тој ден што излегуваат на туѓина, никој од куќните не работаат; На тој што оди на туѓина даваат малку земја, за да го прими другата земја каде оди како своја; На едни места даваат и вода, а на сите леб; Куќните го испраќаат и од местото што се разделиле земаат за дома трева.
- ❖ Виулиците се како духовите злотворна сила, која може човек да крене и вид да му се не види; Ако некој помине над местото каде се стори виулицата, може нешто да страда; И за да ја уништи таа лоша сила, плука на тоа место; Виулиците едни ги мешаат со самовилите.
- ❖ Во Битола на свадба кафе на сватовите не даваат, чунки кафе се давало на умрен кога имало во некоја куќа; Чунки

кафето е црно и затоа за умрен се давало, а за радост не чинело да се дава.

- Во Битола спроти Тодорица прават мајките на ќерките еден марифет да познаат кое момче ќе ѝ ја земе ќерката; Ќе појде една мајка в црква и ќе земе три зрна пченица, паднати што има на земја; Кога ќе седнат да вечераат, ќе ѝ го украде мајката на ќерката првиот залак и кога ќе си легне девојчето да спие, ќе ѝ го клаи под перница; Спиејќи девојчето ќе сонувала кое момче ќе го земела; Убаво ќе го видела, очи со очи, ќе се виделе и бездруго тоа момче ќе го земела; Утрото со душа ќе ја чека мајка ѝ да стане од спиење за да ја праша што сон сонувала; Ако е срамежливо некое девојче и нејќе да каже на мајка ѝ, таа ќе ѝ нагодува за сонот што го видела и за момчето што го видела; Ете, од трите зрна пченица и еден залак леб клаени под перница, ќе си го виделе на сон кое момче ќе земе.
- Во вравот не бива да се носи вода, за да не го заврне дожд.
- Во време кога цутат житата, ако падне некое утро магла по поле, како што паѓа во зима, житото ќе го испиела и жудливо ќе останело и многу малце ќе било; Во таа магла имало една ламја што ќе го испиела житото, велат старите.
- Во декември ако загрми, житото нема да напредува.
- Во една куќа кај што има мнозина луѓе и имаат дете малечко, и сите ако се смееле со него, кога ќе го клава мајка му да спие, ќе ја натераат мајка му на детето некој од луѓето што го задеваа да му клаи троа плунка в уста за да му даде од неговиот сон и да спие детето; Ама тој, али таа што ќе му даваат плунка, да е што спие многу, а не што не спие.
- Во есен да пресечеш еден желад по наполу и ако има во желадот како мов, годината ќе е лоша од бериќет; А пак ако најдеш мушичка, годината ќе е средна; А пак ако не најдеш ништо, убава ќе била годината; Исто така се познавало и за шикла борова.
- Во есенско време, ако играат комарци приквечер и да се пикаат во лицето или во челото, чекај утре голема магла и лошо време.
- Во зимно време, ако лежи по поле дебела магла за многу дни болест ќе имало во летото по луѓето и по имањето.

- Во зимно време, ако се отвори некој ден времето и во истиот ден ако шетаат врапчињата (конопарците) по земја со вјасање да си бараат јадење, за бргу време чекај многу полошо време, најповеќе снег да врне дури и фортуна, од како што било до тогаш.
- Во зимно време, ако се отвори некој ден и сонцето да пече, и ако излезат по некои од големите муви да се печат на сонце, чекај полошо време од како што било понапред, пред да огреало сонцето.
- Во зимно време, ако ти пиштат ушите, ќе врнело, ако пак лете, времето ќе било и арно и лошо.
- Во зимно време, кога пасат врапчињата по земја, ако седат и си јадат, зимата има многу уште да ни седи, и ако се збираат врапчињата на некое дрво, та да се разговараат тивко, жиби, жиби, жиби да прават, времето ќе се оправело.
- Во зимно време, откога ќе се разгори јагленот убаво, ако се покрие бргу со бела пепел, уште ќе има лоша зима.
- Во зимно време, старците сеќаваат али ќе фати мраз, али не, од многу грготење на колцата од кола, пајтон, кочија и најповеќе од грготницата на железницата, кога да оди рано на утрина, кога е тивко времето; Од друго се познавало кога да бучи многу некоја вода, што тече на удолно место, макар и на рамно место да е реката, пак ќе бучи повеќе во тие дни кога ќе се развалува времето, од како што бучела во другите дни.
- Во која година ќе се роди голем бериќет во жито и во сите овошки, ќе се отворел бој некаде на земјава; Едни стари пак велат, кога ќе се фаќале многу риби ќе немало бој; И на скапотија го оддаваат.
- Во која куќа има седело од ластовици, магија во таа куќа не ги фаќа луѓето; Ако има и од други пилци седело, пак не ги фаќа магија.
- Во куќата кога да крцка некоја греда, или таван, или врата, или мусандра, или долап, покажувало ѓоа за умирачка во таа куќа на некој човек.
- Во лебот кога ќе го кршиш, ако имаш к’смет да ти излезе некое зрно пченица, грабни го и клај си го в ќесе и удри си капата настрана, чунки голема добрина ќе имаш во ќесето од тој саат; Дури да ти стои зрното во ќесето, сè ќе ти се

полни со пари.

- Во летен ден, ако пече многу сонцето, а во тој ден ако касаат мувите многу, се претскажува оти лошо време ќе дојде со дожд.

- Во летно време, ако вее ветар од кај што огрева сонцето, кога ќе пеат први петли, со недели ќе веел тој ветар и голема суша ќе се сторела по земјата и зијан голем ќе имало на бериќетот, а пак во морето страшни таласи ќе имало; А пак ако дувнел тој ветар во зората, само дваесет и четири саати ќе дувал и никаков зијан на земјата не носел.

- Во летно време, ако има по земјата и по дрвјата закачена пајажина многу и ако се разнесуваат по ветрот од едно место на друго, чекај си лоша болест по луѓето.

- Во летно време, ако летаат ластовиците до земјата ниско, бездруго ќе чекаш за бргу дожд да врне.

- Во летно време, како што касаат мувите пред да заврне дожд, така го касаат и штипаат човек болвите; Штом осетиш оти касаат многу болвите, чекај утрото или уште таа ноќ дожд.

- Во летно време, кога бијат ровја, св. Илија трчал со кочијата по облаци за да ја втаса ламјата и штотуку да ја втасал, ќе фрлел со еден камен морски и одошто силно ќе удрел со камчето, оган силен излегувал и кај ќе удрел, ќе расипел и ќе убиел; Ламјата од страв кај ќе ѝ се вдаде, таму ќе се скрие за да не ја убие; Тешко ѝ кај ќе се скрие.

- Во летно време, кога е денот јасен без да има ни најмало облаче и никој да не верува оти ќе врне дожд, ако видиш свињите да ринкаат во земјата како да бараат нешто, чекај за бргу дожд; И колку подлабоко ќе ринкаат, толку посилен дожд ќе врне.

- Во летно време, не чинело да се тресат трошките од трпезата што се вечераат или ручаат од куќа надвор, чунки тогаш сиот бериќет бил надвор (по поле), и тресејќи ги трошките надвор, ќе си го истресеш и бериќетот од куќата надвор и сиот дар што го имаш ќе си појдел по житата, та остануваш скуден, и таа куќа ќе страдала за една корка леб; А во зимно време, чинело да се тресат трошките од куќа надвор, чунки тогаш сиот бериќет бил собран по амбарите.

- Во мај месец не чинело да сееш семе од трупови срдокви оти ќе излезеле машки; Ами во јуни ако ги посееш, ќе заврзат глави.
- Во март ако загрми, многу арен бериќет ќе има таа година; Така и во мај.
- Во месец септември ако загрми, емишот ќе се расипел.
- Во млади години кој има на главата бели влакна отспреди, назад (на старост) ќе му бидел к’сметот, а којшто имал бели влакна назад на главата, тој го имал напред к’сметот; Мнозина веруваат на некое долго влакно што го имаат на некоја брадавичка, за к’сметот дека му е во тоа влакно, и кога го имаат на лицето, не е чаре тоа влакно (или колку влакна) да го бричат, го вардат како очите; Ако го пресечат или обричат тоа влакно, веруваат оти ќе им се скусел к’сметот.
- Во недела ако се роди дете, ќе биде многу к’сметлија и дарбалија; Тоа дете ќе било чорбаџија, чунки неделата била благословена од Бога за секој во тој ден да е раат и да не работи.
- Во престапна година не се женат, зашто верувале дека бракот не траел, ќе умрел или едниот или другиот.
- Во селата кога ќе дојде кукавицата, прво на некое гранче ќе застане за да кука; Кое момче или мома ќе ја види прво, ќе се качи и ќе го скрши тоа гранче; Со тоа гранче момата ако имала милост на некое момче, ќе појде и ќе го буцне; Од тој час ќе ја посакало да ја земе за невеста; И друг марифет имало во тоа гранче: гранчето да го носи една мома или да си го разделат повеќе моми, да си го носат в пазува и ќе знаеле да везат секакви лози и други цвеќиња на кошулите си; Ама се сакало да се заречат во овие зборови: – Како што знае кукавицата сама да си оди од друг вилает кај нас без да ѝ каже некој, така да знаеме и ние да веземе без да ни каже некој; Некој ерген ако ја сака некоја мома и таа да го нејќе, штотуку да ја буцне со гранчето и веднаш ќе го сакала.
- Во селото Дренак има Дупен Камен, природен мал тунел и низ него се провираат жените што немаат деца, и тоа рано наутро.
- Волк да те стрефи да сака да те јаде, пушти си го појасот да се влече и не било чаре да те јаде, чунки ќе се лаже по

појасот али по некоја ортома да ја влечкаш по тебе.

- Волкот ако можеше да ја сврти главата назад како што ја врти песот, ништо живо не ќе останеше на земјата, сè ќе изедеше, ама ах, што не можел да ја сврти главата и затоа не можел сè да изеде.
- Волкот ѓоа ги барал Евреите да ги јаде, затоа Евреите седат во градовите и не прават села за да бидат и тие селани и да работаат ниви, од пустиот страв од волците.
- Волци ако слезат од планина и влезат в село, претскажувале џенк ќе имало, цар со цар.
- Волци кога да се протеруваат на многу булуци по планините, не било на арно, тие кобеле или џенкови големи, или умирачка на живото имање.
- Вошка да му видиш на некој човек да му лази, требало да му ја фатиш, чунки ако не му ја фатиш, на тој век ќе му ја јадеш.
- Глувци кога ќе излезат по куќите мошне многу, а најповеќе во полето, чекај скапотија.
- Да не јадеш леб на зајдисонце надвор, зашто со заоѓањето на сонцето ти заоѓа и умот.
- Да не се урочува дете, да носи на чело три мали алтанчиња.
- Да оздравееш јачменчок од клепките на очите, еве како го лекуваат бабите јачменчокот: Ќе го натераат тој што има јачменчок да заколе една црна кокошка и да земе едно парче од црево, али срце, али друго нешто, што нејќе да го јаде и да го удри од јачменчокот на клепката, да го фрли во некоја џамија или незнаен гроб, велејќи вака: – Како што нејќам да јадам од цревото (али од другото), така да нејќам да ми излегуваат јачменчоци; Едни велат и вака: – Како што не знам кој ја правел оваа џамија, али како што не знам кој лежи во овој гроб, така да не знам кога ќе ми оздрават јачменчоците, али јачменчокот од окото; Чунки ќе се заречат да не јадат од цревото, али од друго нешто од кокошката, не треба да јадат од тоа нешто дури се живи оти ако јадат, пак ќе им се повтори јачменчокот да им излегува; Едни се заречуваат да не работаат во петок, други да не им се шијат алишта во петок, други глава не чинело да си мијат во петок, али во вторник, ако се заречени.

- ❖ Да опиеш човек со вино или со ракија, клај му троа кал од ушите и од весот, и ќе се опие со многу малце вино и ракија.
- ❖ Да се замилуваат маж и жена ако се многу лошо скарани и не живеат: Да најдат жената или мажот две буби што биле завиени во еден кожурец, ама да бидат глава со глава во кожурецот (има едни едната со главата, другата со опашката, таквите не биле за лек, ами глава со глава да биле, тие вршеле работа; Таквите буби глава со глава се наоѓааат кај жените што хранат буби и ги точат кожурците да вадат коприна); Штом најде такви две буби, да ги испече и истолчи, и со правот на бубите нека го посоли жената мажот кај што спие или мажот да си ја посоли жената; И не одело до три дни, ќе се замилувале од мерата надвор.
- ❖ Да фатиш една тресопатка (едно врапче што оди крај малите реки и се храни со црвчиња; Тресопатката е бела и црна и се едно ја тресе опашката); Откога ќе фатиш една тресопатка, да ја заколеш и да ја клаиш во масло, да стои четириесет дни, после да ја извадиш и да ја чуваш; Некое момче што ја сака некоја мома, а момата ако го нејќе, нека ја земе момчето тресопатката и нека ѝ го најде колајот на момата да ја чатне само малку со тресопатката, без да го види момата и да рече: – Како што ја тресе опашката тресопатката, така да се тресе по мене девојката; Рече ли така некое момче или мома на момчето, свршена е работата и ќе се земат.
- ❖ Дента спроти Март жените сучат црвено и бело предено со цело, и утрината ги клавааат на децата на грло, на раце и нозе, за здравје; Тие се викаат мартинки и со нив се сретнуваат ластовиците; Таа вечер ги променуваат местата, каде спиеле до тогаш, за да не ги јадат болви; Тој ден малите деца прават ластовица од дрво шиклосано и пеат по куќите: – Ластовица одеше, црно море пливаше...; Во сиот месец не јадат зелје останато од понапредниот ден.
- ❖ Дете мало кога седи на земја, ако си го клаи палецот од ногата в уста, бабите велат оти од девет кобили исцицало млеко.
- ❖ Другиот ден по летен св. Атанас, се вели Црн-ден; Жените тогаш не работаат, ни леб месат.
- ❖ Духови се нешто како ветар; Тие шетаат особено на полноќ, кога луѓето се вардат да излезат од одајата, или

од куќата каде спијат, зашто духовите имаат лоша сила; Едни пати тие викаат ноќе некој човек, кој мисли дека го вика негов пријател за да одат или на дрва, или на нива, и така станува и без да осети оди по него, а лошиот дух го носи на некоја тумба или пропаст, каде човекот паднува, или на некоја река, каде се удавува.

❖ Едни луѓе ноктите кога ги сечат, ќе си ги клаат во појасот исечените краеви за да им се најдат на тој век, за да се бранат од пците како со камења.

❖ Жена леунка не чинело навечер да се пули од куќа на некоја планина оти ќе ѝ побегнело млекото.

❖ Житно стебло со два класа е знак за богатство.

❖ За да не се урочи детето, треба да се истркала на местото каде што седела таа жена или маж.

❖ За да се милуваат два брата, али сестри од една мајка родени, требало да се облечат во една кошула што ќе се промени првото дете; Демек, мајката треба да ја чува првата кошула и секое дете што ќе ѝ се роди во неа да го облекува. Ете, од тоа било непендек да се милуваат браќа и сестри.

❖ За заушка кога да извади некое дете, има луѓе без билки што знаат да ја оздрават; Ќе напишат некој што ѓоа знае на некое парче книга нешто писма и ќе му ја залепи.

❖ За злото да не го уречe она што се прикажува, треба во дрво да се чукне трипати.

❖ За селото (Дренак) да се зачува од чумата треба околу него трипати да обиколат и да направат бразда два вола близнаци, дотогаш непрегнати во јарем, и да ги водат две сестри или два брата близнаци, и тоа потполно голи.

❖ Јуди и стии се жени со долги коси, кои живеат во реките и езерата; Кога видат некого во вода, ги фрлаат косите и во нив го сплетуваат и го удавуваат; Едни пати излегуваат на брег и си ги чешлаат косите; Тие живеат во длабоките места, особено во вирови.

❖ Кога видиш новина, најнапред да погледнеш в земјата, па да влезеш в куќа и да кажеш да си видел новина; Ако не погледнеш в земјата и одиш право в куќа да им кажеш на домашните си, ќе ти се украде нешто през тој месец.

- Кога врне град, се фрла на дворот пирустија со нозете нагоре и црвено јајце од Велики четврток вапцано, за да престане.
- Кога грми, велат дека св. Илија трча со огнената кола по ламјите кои го јадат житото; И кога трешти, тогаш св. Илија ја удрил ламјата; Ако не беше св. Илија да ги гони и убива ламјите, не ќе имавме никаков бериќет (жито или друго); Кога грми, сите посмртчиња спијат, а духот им оди напомош на св. Илија против ламјите; Под стреи не седат за да не им капе (паѓа) косата.
- Кога да заколеш кокошка и за да умре побргу, за да не рита многу, закачи нож в земја.
- Кога да се забави на некоја жена мажот ѝ на туѓина, ќе му ги наполни гаќите со слама и ќе ги пречекори на една греда, како коњ ѓоа да вјава и ќе рече: – Како што се вјавнати гаќиве на гредава, така да вјавне мажот ми коњ и да си дојде од туѓина; Или да колне бесни бубалки: Да тури во дивитчето мураќип и со тој мураќип да пише книга на мажот ѝ за да си дојде од туѓина; Да ја посоли книгата на писмото со трошка земја од мравјалник и кога ја пишува, да рече вака: – Како беснат бубалките, така да бесни домаќин ми и да си дојде дома.
- Кога дете се раѓа, третата вечер одат три жени кои наречуваат колку и како ќе живее роденото и што ќе нарече третата, тоа ќе биде; Тие три жени се викаат наречници.
- Кога за првпат се пали оган во нова куќа, се вика свештеникот кој ќе се прекрсти и ќе го запали.
- Кога ја сложиш машата на земјата, не бива да се тресе оти од тебе ќе се тресе светот.
- Кога некој спие под дрва и му се фаќа раката или ногата и не може да ја мрда, тогаш велат дека е фатен од надвор и мислат дека под дрвото имало некој лош дух или ветриште.
- Кога се вари пресно млеко, не бива да се дува под котлето оти ќе пресушат молзниците.
- Кога се влегува во нечија нова куќа, се фрлаат парички на земја, за да биде богато семејството.
- Кога се копа бунар или темел за куќата, домаќинот фрла сребрена пара.

- ❖ Кога се носи вода за пиење, додека не се донесе дома не се дава да се пие, за да не бегаат кокошките од куќата.
- ❖ Кога се стрижат овците, прво се стриже овца што е сосема бела и нејзиното руво се беси на зелена гранка за волната пак да порасне.
- ❖ Кога сејачот за првпат ќе тргне да сее, главите на воловите се накитуваат со едно црвено цвеќе што се вика „реса" и со здравец, и притоа се благословува „Класот да стане како таа реса", а кога воловите ќе тргнат по патот, се потураат со вода.
- ❖ Кога ќе видиш некој болен човек да лежи в постела, треба даречеш: – Машала, машала; Од бргу оздравен некој болен човек, бидејќи ќе биде многу слаб, кога ќе го видиш прво, треба да речеш: – Машала, машала, да не му се очи.
- ❖ Кога ќе падне ѕвезда од небо, значи дека некој умира.
- ❖ Кога ќе се големи бранови на езерото со дни, треба да фрлиш нафора што ја чуваш дома од Велигден или Божиќ; Ако не се стишат брановите, треба да фрлиш јајце вапцано што стои кај иконата од Велики четврток.
- ❖ Кога ќе се промени човек со нова кошула, требало да плукне во неа за да се расипе некоја магија ако би имало сторено во неа, или некоја друга ѓаволска превара.
- ❖ Кога ќе се чешла некој, уште неклаен чешелот на глава, ќе го хукне трипати за да не му се сторат струпје.
- ❖ Кого го било страв од грмеж, да јадел изгорен леб и ич после не ќе се страшел од грмежот.
- ❖ Кого го боли глава сеедно, на Велики петок да се измие и да рече: – Како што умре Ристос денеска на крст, така главата да ми биде како умрена и болештина да не сеќава.
- ❖ Која жена сака да си го сврти мажот на нејзиниот ум, ќе го земела фесот од мажот и ќе го клаела на една елемија, та ќе го завртела со елемијата околу-наоколу до трипати, велејќи: – Како се врти фесов на елемијава од мажот ми, така да му се сврти умот на мажот ми по мене; Така да речела до трипати и беше ќе му се свртел умот и ќе си го водела за нос као мечка; Или кога ќе му ја дадела кошулата и гаќите на мажот, требало да му ги даде свртени наопаку за тој да си ги сврти на лице; И штом ќе фати да

ги врти, даречела жената тајно: – Како што ги врти мажот ми кошулата и гаќите на лице, така да се сврти со умот по мене.

- Која жена се предава на Турчин, да ја фати со рака нејзината снага, за лоша работа, тоа место не ќе го јадела земјата.
- Која жена си бели и црви лицето, на тој век ќе ѝ го јадат змии, смокови, гуштери и гуштерици.
- Лебот да не се превртува наопаку оти ќе се појават брадавици на рацете, а ако лебот цел ден се остави наопаку, ќе умре некој.
- Лете децата гледаат на полна месечина, разликуват на неа очи, нос и уста, и мислат дека тоа е лице од некој стар човек кој недавно умрел; И веруваат дека најстариот човек кога ќе умре се чини месечина, и така со ред другите стари.
- На Велики четврток се вапцаат црвени јајца, се зема едно, се обиколува по лицето трипати и се вели „црвено, бело", за да се црвени и бели како него, а кога се мие главата на Велигден, во леѓенот се клава црвено јајце и една гранкичка од јаглика за здравје.
- На ден Водици да се измие човек со студена вода, многу за арно било, цела година здрав ќе бил.
- На Ѓурѓовден раното клаваат на вратата коприви; Момите и децата носат коприви на глава и тој ден се теглат кој колку ќе дојде.
- На Иванден дента стари жени берат треви лековити (билки).
- На Мишов ден в понеделникот од Сирници (после постот од месо), жените не работаат, ни отвораат ковчезите.
- На некоја мома ако ѝ се растрбуши вретеното со жицата волнена што ја преде, кога ќе се мажела, ќе земела момче пијаниче.
- На оној што на свадбата ќе му се разврне времето, за него велат дека гребел по тенџерињата откако ќе се испразнело јадењето.
- На пролет кога сефте загрмува, се клава на главата камен

за да бидеш здрав.

- ❖ На сон ако видиш во некоја куќа многу волна, во таа куќа ќе умре некој човек бездруго.
- ❖ На сон ако видиш некого да падне во бунар, ќе се поболи.
- ❖ На сон ако видиш некоја грда жена да носи некое дете за рака и да носи волна, тоа дете ќе се поболи и може да умре.
- ❖ На сон ако видиш пари на некое место, прво требало да посолиш на местото пепел и една ноќ да престои со пепелта, после ќе видиш некаква стапалка стапната; Тоа што стапнало, тоа курбан да го заколеш на местото и после да ги откопаш парите; Ако не заколеш курбан, може ти самиот курбан да појдеш и парите да не ги спечалиш, или ако не појдеш ти курбан, парите нема да ти се кажат; На мнозина така им се сторило што не заклале курбан, не им се кажале парите, ами наместо пари извадиле јаглени во ќупот и казанот што го откопале.
- ❖ На сон ако е обружан аскерот, кавга дома ќе имаш.
- ❖ На сон ако отсечеш дрво, ќе умре некој од куќата.
- ❖ На сон ако расипеш некој ѕид пред некоја врата, ќе ти се отвори некоја работа.
- ❖ На сон ако се бакнуваш со некого уста со уста, хремата ќе те фати.
- ❖ На сон ако се видиш гологлав, ќе си останел вдовец или вдовица, ако си жена.
- ❖ На сон ако се видиш да стоиш до некоја кијаница коноп правена и да скине некој од конопот некое парче, та да го запалиш и да ти го даде парчето тебе в раце, а пак ти да ја земеш запалената коноп и да ја стуткаш в рака, после да ја пикнеш в пазува, големо богаство ќе добиеш.
- ❖ На сон ако се видиш облечен со нови алишта, ќе се патиш за некоја убава работа.
- ❖ На сон ако се видиш оти си умрел, многу ќе живееш.
- ❖ На сон ако се мачиш, ќе се раатисаш.
- ❖ На сон ако се ожениш, не ќе се жениш за многу време.
- ❖ На сон ако се тресе земја толку силно, што дури таванот на

куќата да се наведува на земјата, утрото ќе чуеш да падне некој голем човек од честа што ја имал на сила добиена, или од родот твој, или од некој верен пријател.

- На сон ако си видиш главата обричена, манува се грижата од тебе.
- На сон ако си отишла кај некоја пријателка во некој друг град и со твоите пријателки да излезеш од градот надвор, та да се прошеташ со нив по поле и ти сама да се вратиш назад, ако си болна, болеста ќе ја испратиш и ќе оздравееш и за многу време болест не ќе видиш.
- На сон ако ти даде некој некои алишта кроени од бел шајак, ќе си добиел голема чест.
- На сон ако ти дојде жена и пак си оди, болест ќе дојде и ќе си појде; А пак ако ти остане дома, и болеста ќе ти останела; А пак ако ти седне и чорапи да си плете, болеста за век ќе ти останела; А пак ако ти дојде во постелата, лоша болест била.
- На сон ако ти подава некој ракија и се напиеш од неа, значи дека ќе те огорчи, ќе те нажали оној што ти ја подал ракијата, а ако ти подаваш некому, ти него ќе го огорчиш.
- На сон ако ти се земе некое дете од дома и да ти се донесе на село, а пак ти да појдеш по него и да си го земеш и да си го донесеш дома, претскажува оти детето ќе ти се поболело и пак ќе ти оздравело.
- На сон ако ткае некоја жена модар шајак на разбој, ќе тргала долг пат и кај што ќе одела, големи страданија ќе тргала.
- На сон ако шеташ низ зелени треви или береш зелени овоштија или ги јадеш, значи јад, жалост, несреќа.
- На сон алишта да ти сака некој умрен, ќе ти умре некој.
- На сон алиштата твои да му ги дадеш на некој човек, ќе оздравееш ако си болен, а тој што ќе ти ги земе, ќе се поболи.
- На сон алтани да се клаени во твоите кондури, ќе си патуваш надалеку и ќе го добиеш тоа што го мислиш.
- На сон анка да ти дојде пребулена, ќе те стресе; Ако ти е помината треската, пак ќе ти дојде.

- На сон аскер ако видиш, ангелите ти се преставуваат.
- На сон биволица да видиш, сенка ќе те најавне.
- На сон бисер да нижеш, ќе плачеш.
- На сон благо да јадеш, горчливи зборови ќе слушаш.
- На сон боја ако си клава на косата некоја жена, гајле ќе има, ем големо гајле.
- На сон буби да храниш, ќе умре некој.
- На сон веѓите ако те јадат, ќе се срамиш.
- На сон венец на глава да носиш, домаќин арен ќе видиш.
- На сон видиш ли месец, ќе се ожениш.
- На сон вино да пиеш, здравје ќе имаш.
- На сон владика да видиш, големиот ѓавол бил.
- На сон владика, али поп, да ти дојде дома, ќе ти се опиел некој од домашните и ќе ти направи триста лошотии.
- На сон во вода да се видиш пропаднат до колена, малце ќе се поболиш; Ако се видиш до гуша пропаднат, лошо ќе се поболиш; А пак ако се видиш сиот пропаднат, може и да умреш, ама ако е матна водата, а пак ако е бистра, ќе напредуваш во здравјето.
- На сон во кал да газиш, ќе се поболиш.
- На сон во кочија да се возиш, ќе се караш.
- На сон во некој голем куп чавки да фрлиш со камен и да отепаш една од чавките и да ја фатиш да ја заколеш, ќе појдеш при мнозина луѓе кај што ќе бидат собрани, та ќе кандисаш еден од тие луѓе за да фатите некоја работа и да добиете многу печал.
- На сон вода да лееш, пари ќе земаш, ама пак и ќе даваш.
- На сон волна да гледаш, душа од умрен.
- На сон вошки ако си видиш да те испојале, пари многу ќе спечалиш без голема мака.
- На сон вошки кога тепаш, ќе умре некој од куќата.
- На сон глава да си миеш, гајлето ќе ти одмине.

- На сон грозје да видиш или риба, ќе врне дожд.
- На сон грозје да гледаш непара зрело и растурено низ лозје и да одбираш од него да зобаш, претскажува снег да заврне; Ако е во зимно време, и една мала болест ќе те фати, ама со помин ќе ти биде.
- На сон грозје да имаш в пазува сосе прачката и шумата и да вадиш од пазува да јадеш, а во истото време да ти се јави некој умрен човек, та да ти посака од грозјето за и тој да јаде, тоа покажувало: ако си болен, ќе оздравееш, ама ако раздадеш од грозјето за душата на умрениот.
- На сон гулаб или кокошка да видиш заклани, ќе умре некој твој.
- На сон да видиш дека во некоја куќа се отпуштила бочва полна со вино, значи дека во таа куќа има трудна жена што ќе роди.
- На сон да видиш некого во долга црна облека или искината облека или обраснат со брада или долга коса, значи дека видениот е многу загрижен или ќе се разболи.
- На сон да видиш некој да полуди, значи дека ќе се разболи.
- На сон да видиш некој човек или пријател да носи на главата широк фес, некое големо гајле ќе му дојдело на главата на тој човек.
- На сон да видиш нечистотија растурена пред тебе и смрдеа, значи омраза со некого.
- На сон да врвиш по некои штици што се клаени покрај некој ѕид како мост, одејќи по штиците, таман во средето да се скрши некоја штица и да паднеш удолу; А пак, паѓајќи, многу да се уплашиш, чунки удолу многу длабоко ќе гледаш, и паѓајќи, да се фатиш за нешто и да се избавиш, во истото време луѓе да те гледаат и ќеф да прават кога ќе паѓаш, а кога ќе се куртулисаш, да се оскорбат луѓето, кажувало оти ќе изгубиш некоја работа од раце и ќе ти се радуваат душманите, арно ама со некој пријател твој пак таа работа ќе си ја добиел.
- На сон да газиш во кал до колена, значи дека ти се ближи болест.
- На сон да гледаш бистра вода што тече, значи среќа.

- ❖ На сон да копаш земја, болест ќе добиеш; Ако копаш земја од некоја друга куќа и кај тебе да ја носиш, ќе ти умре некој од куќата.
- ❖ На сон да леташ и да се качуваш на некои високи ридишта, ќе ти напредува работата.
- ❖ На сон да леташ, богат и здрав ќе бидеш.
- ❖ На сон да му даваш некому бастун, ќе му даваш пари.
- ❖ На сон да паднеш и да не се убиеш, ќе спечалиш сермија.
- ❖ На сон да пееш песна, ќе се караш.
- ❖ На сон да плачеш и алтани да земеш од некој твој пријател, ќе си се радувал и ќе ти таксува некое добро некој твој човек.
- ❖ На сон да прерипаш преку ѕид, ќе одиш во друг град да живееш.
- ❖ На сон да прескочиш река, значело дека ќе патуваш на некој долг пат.
- ❖ На сон да се видиш качен на многу високо дрво, ќе влезеш во голема служба.
- ❖ На сон да се видиш со пушка на рамо и јавнат на коњ да врвиш како низ некоја чаршија и да видиш твои пријатели да стојат еден до друг просто и едниот да се смее, другиот да плаче, од двата едниот ќе умрел.
- ❖ На сон да се возиш во кола или на кораб, ќе умреш ти или некој твој.
- ❖ На сон да се караш со некого, ќе се спријателиш.
- ❖ На сон да се качиш на некој висок чардак, ќе спечалиш нешто.
- ❖ На сон да се качиш на некоја висока скала за во некоја куќа и таму да се разбудиш од сонот, ако си имал некоја мачна работа да ја вршиш, ќе ја свршиш, при сѐ што многу ќе се мачиш.
- ❖ На сон да се мажи некоја жена и да ѝ даде мажот некои алишта, а таа да ги слече и да му ги прати на мажот, ќе оздравела од некоја болест што ја имала.
- ❖ На сон да се мачиш да излегуваш од некоја куќа со страв

голем, чекај си некоја голема кавга од домашните.

- На сон да се најдеш качен на таван и слегувајќи од таван да ти се препречи снег дебел, та да го пробиеш снегот фрлајќи големи грумаци од снегот, ќе ти се отвори голем алашвериш и што ќе продадеш, со бел образ ќе излезеш.
- На сон да се опашуваш со некој ќемер, а во ќемерот да има на две места собрани пари, ама ти да ги мислиш оти се алтани, утрото чекај си некој душман да ти фрла ифтирија тебе и на некој другар твој; Арно ама ифтиријата не ќе му фати место на тој што ќе наклевети, и ти со другар ти ќе излезеш со бел образ.
- На сон да се радуваш или да се смееш, ќе жалиш и ќе плачеш.
- На сон да се чешлаш, гајле големо ќе имаш.
- На сон да си во топла бања, значи дека ти се ближи болест.
- На сон да слегуваш од некоја висока и страшна скала, ќе чуеш лоша брза умирачка од некој свој човек оддалеку.
- На сон да те бакнува умрен човек, или ти ќе се поболиш или некој твој човек во куќата.
- На сон да ти даде некој сливи зелени да ги јадеш, утрото чекај си лоши зборови од некој свој човек, или ќе си се поболел.
- На сон да цапаш низ некој растопен снег од југо и да го прецапаш, ќе ти помине едно премреже преку глава.
- На сон дете да ти се посере в раце, ќе се разболиш.
- На сон жена гола кога видиш, маж ќе умре, а маж гол, жена ќе умре.
- На сон жениш ли се, ќе умреш.
- На сон заб извадиш ли, ќе умреш ти или некој твој.
- На сон змија да те касне, значи беда случајна или каква и да е пакост нанесена од непријател.
- На сон јајца да гледаш, голема сиромаштија.
- На сон кога на тешка жена стар човек ѝ подарува нови пафти за појас, Господ ќе ја израдува со машко дете.
- На сон коњ да јаваш, значи чест или среќа, а ако е коњот

црн, значи беда или несреќа.

- На сон коњ црвен да видиш, значи пожар.
- На сон куќа да правиш, некоја нова работа ќе фатиш, што не си ја фатил до тогаш.
- На сон леб, жито или суви дрва да видиш, значи бериќет, среќа добивка.
- На сон магаре да јаваш, несреќа ќе те снајде.
- На сон матна вода ако газиш, Турци ќе дојдат, несреќа, беда.
- На сон месо да јадеш, значи дека си полн со гревови.
- На сон некое Турче да те бара ѓоа и да ти најде нешто во пазувата али во џебовите, покажувало книга ќе дојдела радосна од туѓина и пари.
- На сон обричен да се видиш, ќе се ослободиш од некои грижи.
- На сон оро играш ли, ќе умреш.
- На сон падне ли оџак или некој ѕид од некоја куќа, или видиш во куќата дупка како гроб, или падне целата куќа, ќе умре некој од таа куќа, особено домаќинот.
- На сон пари или ореви ако броиш, ќе чуеш лоши думи, ќе се караш.
- На сон пес да те лае, значи дека непријателот те прогонува.
- На сон платно или ткаено ако простираш, ќе одиш на пат.
- На сон плачеш ли, ќе се радуваш.
- На сон пожар да видиш, ќе се радуваш.
- На сон поп да видиш, ѓаволот бил.
- На сон прстен или златник да најдеш, ако е маж, ќе му се роди машко дете, ако е жена, ќе роди.
- На сон псета јадат ли те, Турци ќе те заколат.
- На сон пушка чуеш ли, абер ќе ти дојде.
- На сон ракија да пиеш, гајле ќе имаш, а пак ако напиваш друг со ракија, ќе ти се одимнело гајлето.

- На сон река да прегазуваш, ќе се поболиш.
- На сон река да тече и да му подаваш стапче на некого да се фати за него, та да го пренесеш оттаде река, ќе го избавиш од некое големо зло.
- На сон река низ куќа да ти тече, ќе се обогатиш.
- На сон риби да фаќаш, ќе фати голем мраз.
- На сон сарми ако јадеш, ќе се скараш.
- На сон свиња да имаш врзана со долга ортома и да ти куртулиса од раце, ќе ти избегала некоја лоша работа што си ја имал и си ја нејќел.
- На сон свињи многу да видиш, студ голем ќе фати, или голема кавга и ѓурултија ќе имаш со луѓе.
- На сон свирка, песна или веселба да чуеш, значи плачење и тага.
- На сон селанка ако ти дојде дома, болест ќе ти дојде.
- На сон слатко нешто да јадеш, лоши зборови ќе чуеш; А пак горчливо нешто да јадеш, арни зборови ќе чуеш.
- На сон со деца ако ти дојде некоја жена дома, болест ќе имаш во мнозина во куќата.
- На сон со кожув покриен на главата да се видиш, зијан ќе сториш и гајле ќе береш.
- На сон со мустаќи да се видиш или со брада, некое гајле големо ќе имаш.
- На сон со оружје да се видиш, ќе се обогатиш.
- На сон со познати мртви да се видиш, жалат тие за тебе.
- На сон со прекрстени раце да ја видиш некоја жена да стои, ќе и умре некој човек.
- На сон со секирче да те сечат и да не те боли, ќе ти умре некој твој човек, ама не ќе ти биде жал.
- На сон со умрен да се разговараш, абер ќе чуеш за умирачката на некој пријател.
- На сон стар човек да го прегрнуваш или тој тебе да те прегрнува, болест ќе те фати или те фатила.

- На сон стол да носиш на рамо и да го носиш некаде без да знаеш кај ќе го носиш, тоа покажувало оти ќе си се преместел од едно место на друго.
- На сон Турчин да видиш, значи ангел.
- На сон тутун да пиеш, или да го гледаш, многу ќе си се нажалел.
- На сон умрен некого да видиш, смртта му умирала.
- На сон црна волна ако чешлаш, лошотија ќе ти дојде, а бела – арно.
- На сон црни алишта да носиш, ќе се поболиш.
- На сон чад да видиш, ќе се оскорбиш.
- На сон чатијата од куќата ако ја откриваш, ќе умре мажот ѝ на жената, и напротив.
- На сон чевли да обуеш, ќе се жениш.
- На сон чевлите да ти загинат, вдовец или вдовица ќе останеш.
- На сон чешма да ти тече дома, ќе се обогатиш.
- На сон шајак бел да видиш, пат ќе тргаш.
- На сон шајак црн или модар да видиш, патување несреќно.
- На суво дрво на Ѓурѓовден не бива да се мериш оти другата година ќе бидеш полесен.
- Навечер не чинело да бакнуваш дете, чунки си му го земал сонот.
- Не брои ѕвезди на небото оти ќе ти излезат брадавици.
- Некое момче или мома ако оди со еден чорап, на едната нога обуена, а другата собуена, не ќе може да се ожени или омажи.
- Некој болен човек ако кивне, чекај го да оздрави. За побргу ако сакаш да оздрави, на часот скини му едно влакно од главата и фрли го в оган да изгори велејќи: – Како што изгоре влакното в огнот и го снема, така да ја снема и болеста од Петка, али од Рајка.
- Нозете кого го скокоткаат или по мишките, жената го милувала; Така и мажот ја милувал жената.

- Од Божиќ до Водици не чини навечер да плетат жените чорапи, чунки Богородица е леунка.
- Од Велигден до Спасовден навечер не се преде зашто се оглувува.
- Оној што оди на гурбет треба да тргне во недела, понеделник или четврток и тоа кога е полна месечина.
- Оној што свирка в куќа, привлекува глувци и стаорци.
- Оној што седи на ќош од масата додека јаде, нема да се ожени.
- Орлите не бива да се тепаат оти доведуваат град.
- Откога ќе ја дочешла некоја мајка ќерка си, требало да рече вака: – Удолу коса, угоре мома; И да ја поттргрне за коса надолу, та од тоа било непендек косата ќе ѝ растела надолу, а момата ќе растела нагоре.
- Пес кога да вие во некоја куќа како волк, ќе било за да умре човек во таа куќа или во комшиите; Прво кој ќе го чуе да вие, требало да рече: – Виј де, виј, да би главата си ја извил, да би.
- Пес кога да направи загреби на земја, ако видиш да ги плукнеш оти ако не наплукаш и да ги стапнеш, сета снага ќе ти се исполни со загреби (црвени панџи, зрнца да те јадат).
- По задојување на крава, коза и др., пред да си ги стопли рацете задојувачката треба да ги измие, инаку вимето на животното ќе испука.
- По умирањето, лошите луѓе, особено старите мажи и жени, се чинат гробници и одат по куќите; Едни веруваат дека умрениот оди на сите места каде тој бил кога живеел.
- Првите дванаесет дни од Август се викаат Моринки; Тие дни жените не работаат, ни перат, ни деца капат; На тие дни гатаат за доброто или лошото време за цела година; Ако на пример, првиот ден од Август чини горештина, коложег (јанвар) ќе биде студен, и напротив, ако на вториот прави добро време, на сечко (феврал) ќе чини лошо; И така и за другите.
- Преку месецот март не бива да се пече сечен леб на оганот, за да не прегорат нивите.

- При други многу бабини деветини што ги прават жените, за да им траат децата, прават и вака: Кога ќе се познае некоја жена оти е тешка, прво ќе купи од три дуќани по едно парче железо и ќе направи еден обрач кај некој ковач али кај некој кантарџија (некои жени го давале на три дуќани да се направи обрачот); Обрачот ќе бил со копчи да се закопчува и тешката жена ќе го носи опашан обрачот преку половина како колан дури да го роди детето; Таман кога ќе се роди детето, обрачот ќе го сопаше жената и ќе го земе бабата в рака, та ќе го држи да падне детето низ обрачот; Ете, од тоа после не умирало санким; Откога ќе го роди жената детето, на часот уште не задоено требало да се трга со кантарче и тоа кантарче ќе го скриела подно, за никогаш со него да не се тргало и од тоа не умирало; Други жени, за уште по саглам да им се врзе бајачката, за да им траат децата, ќе направеле и едно сребрено синџирче, та ќе го носат на гуша дури да родат; Арно ама, види како требало да се направи сребреното синџирче: Да се посака од девет жени, што да ги викаат сите Марии, по една стара пара и од тие девет стари пари испитани да се направело синџирчето – ем да се однесат деветте пари на три дуќани куменџиски, да се направи; Секој куменџија по малце да поработи на него и да се направи, а само еден куменџија не чинело и не било на приет, да го доправи синџирчето; Венецот од Христа, направен од трње, донесен од аџилак, бил за да трае дете – го клаваат во вода и во таа вода го капат детето три дни по ред; Венецот Богородична рака, чесни крвчиња и други работи се наоѓаат кај аџиите, а најповеќе кај аџиите.

- Против уроци и магија се клава црвен конец околу рака; Треба деца да го носат, особено некрстените.

- Самовилите (самодиви), живеат на планини; Љубат многу да играат оро; Тие се чинат посестрими со големите јунаци и на нуждата им помагаат и ги спасуваат од смрт; А воопшто за луѓето се лоши; Тие љубат да ослепуваат човек.

- Се верувало дека земјата стоела потпрена на роговите на еден бивол, та кога биволот ќе си ја занишал главата, тогаш се случувал земјотрес.

- Се верувало дека има луѓе со лоши очи, кои кога ќе погледнат на нешто убаво, било да е тоа човек или животно, и да го пофалат или во себе нешто му посакаат, тоа се урочува, се поболува, и ако не му се бае, умира.

- Со бркалка не бива да се јаде оти ќе се побрка в есапот.
- Спроти петок и недела и секој друг празник добро било жените да го палат кандилото пред домашната икона, да ја кадат куќата со темјан, месат литургија итн., додека мажите дури за Велигден или Божиќ ќе се сетеле на тоа, ако тоа се оставело на нив.
- Тој што ќе види првпат бело јагне, годината ќе му биде бела, радосна, ако види црно јагне, годината ќе му биде црна.
- Чавките кога грачат, времето ќе го расипат.
- Човек што има на раце или на нозе или на глава мртва коска, да го каснело до три утрини во недела пред сонце некое дете посмртче и да рече: – Како што немам татко, така да ја нема мртвава коска; Од тоа загинувала.



# NARODNE PRIPOVIJETKE I ANEGDOTE

# НАРОДНИ ПРЕДАНИЈА И АНЕГДОТИ

Narodne pripovijetke su uglavnom kratki sastavi koji govore o događajima i osobama koji su odigrali značajnu ulogu u životu stanovnika u pojedinom regionalnom području ili cijelog naroda uopće. One se mogu razgraničiti na povijesne (o poznatim povijesnim događajima i osobama) i etimološke (koje objašnjavaju ime ili podrijetlo nekog mjesta, rijeke, jezera, planine, grada i slično), ali njihovo razgraničenje sadrži bezbroj uzajamnih preplitanja sa zajedničkim elementima. Interpretacija pripovijetki često je daleko od istine, no ponekad probljesne faktografski podatak. U svakom slučaju, pripovijetke su prekrasno svjedočanstvo o neprekidno aktivnom narodnom duhu i intelektu, te na zanimljiv način ilustriraju vječnu narodnu znatiželju koja je nastojala prodrijeti u svaku životnu pojavu, prirodnom ili društvenom fenomenu, pri čemu je davala svoju procjenu i tumačenje.

Kratki i sažeti oblik gdje dominiraju dinamični i neposredni dijalozi je tipična karakteristika narodnih anegdota. U njima se odražava i ističe duhovitost, oštroumnost i dosjetljivost, a ismijava glupavost, površnost i ograničenost ljudi. Najviše se sreću anegdote u kojima se izruguju različite ljudske mane, u nekima se žigošu i karakterne crte pojedinih naroda, a ima i anegdota u kojima dolaze do izražaja i lokalne netrpeljivosti.

Anegdota obično ne sadrži detalje već samo jedan slučaj, jedna epizoda koja naglašava humoristiku, satiru i ironiju, te na kraju daje poantu, često u obliku poslovice ili pogovorke. Ako je događaj o kojem govori istinit, onda ona ima svoju logiku u stvarnosti. Kao vrlo originalne narodne umotvorine, anegdote karakterizira veliki umjetnički realizam i predstavljaju uvjerljivo svjedočanstvo o uvijek budnom kritičkom oku naroda.

Народните преданија се претежно кратки состави кои зборуваат за настани и личности кои одиграле значајна улога во животот на населението од определено регионално подрачје или на целиот народ воопшто. Тие можат да се разграничат на историски (за настани и личности познати во историјата) и етимолошки (што го објаснуваат името или потеклото на некое место, река езеро, планина, град и слично), но нивното разграничување содржи безброј меѓусебни преплетувања со заеднички елементи. Интерпретацијата на преданијата често е далеку од вистината, но понекогаш проблеснува фактографскиот податок. Во секој случај, преданијата се прекрасно сведоштво за постојано активниот народен дух и интелект, и на интересен начин ја илустрираат вечната народна љубопитност која настојувала да проникне во секоја животна појава, природен или општествен феномен, при што давала своја оценка и толкување.

Кратката и концизна форма каде доминираат динамични и непосредни дијалози е типична карактеристика на народните анегдоти. Во нив се одразува и истакнува духовитоста, остроумноста и досетливоста, а се исмејува глупавоста, површноста и ограниченоста на луѓето. Најмногу се среќаваат анегдотите во кои се исмеваат различните човечки мани, во некои се жигосуваат и карактерните црти на одделни народи, а има и анегдоти во кои доаѓаат до израз и локалните нетрпеливости.

Анегдотата обично не содржи детали туку само една случка, една епизода која ја потенцира хумористичноста, сатирата и иронијата, и на крајот дава поента, често во форма на пословица или поговорка. Ако настанот за кој говори е вистинит, тогаш таа има своја логика во стварноста. Како мошне оригинални народни умотворби, анегдотите се карактеризираат со голем уметнички реализам и претставуваат уверливо сведоштво за секогаш будното критичко око на народот.

# КОЧИЈАШОТ И СЕЛАНЕЦОТ

Еден кочијаш како се приближувал до еден град ја терал колата многу брзо. На патот тој сретнал еден селанец и го запрашал:
- Ќе стигнам ли во градот?
А селанецот му рекол:
- Ако тераш пополека, ете, сега ќе стигнеш, а ако тераш така како што те видов, не можеш да стигнеш довечер.
Коларот се налутил од таков каршилак, ги плеснал со камшикот коњите и тие фатиле да трчаат уште побрзо. Селанецот си заминал. По малце, од силното терање, кочијата му се скршила – едно колце прснало на една страна, другото на друга, оската се скршила и тој уште малце ќе се отепал. Како што било стемнато и како што си ги немал потребните работи за да ја направи кочијата, останал да преседи на патот. Другиот ден, отишол во градот пеш и си ги купил потребните нешта да си ја направи кочијата и како што ја направил малце, отишол пополека во градот.

# ИТАР ПЕЈО И НАСРАДИН-ОЏА

Насрадин-оџа одел за Прилеп, а по него дошол Пејо. Во градот се нашле и разговараат. Му вика Насрадин-оџа:
- Навистина бурата ги искревала магарињата во Мариово?
- Магарињата не ги видов – рече Пејо – кога бурата ги беше кревала, само самарите ги видов, кога паѓаа од небото!

# КРАДАЧКА ОД ТЕРЗИЈА

Некое време си имало еден терзија. На секој човек што да му скроел некои алишта, ќе му украдел по едно парче од тоа што му кроел.
Една ноќ, на сонот му се јавил еден бајрак и на него изврзано сѐ што беше искрал до тој час, и како ангел божји да му рече:
- Еј терзијо, терзијо, го гледаш тој бајрак? Сѐ што виси на него ти си го украл од светот. И еве вака на тој век, кога Господ ќе ги суди луѓето, пред тебе ќе биде претставен бајракот, за да си видиш сѐ што си украл и тоа ќе ти пресуди и ќе те усрами пред сите луѓе што ќе бидат на судот. Туку ако сакаш да се не усрамиш, арнисај се отсега ваму!

Кога се разбудил сиромавиот терзија, бил многу уплашен, и им кажал на калфите за сè што беше му се рекло. И им рекол на калфите, за оттогаш напред, кога ќе крои некои алишта, ако фати да краде – чунки раката му беше учена – да му наумат за бајракот, за да не краде, оти откога го видел сонот, сторил ниет да се покае. Дошол денот за да крои нешто од скап кумаш и фатил да си остава некое ендезе за себе. Калфите гледале оти пак мајсторот фатил да краде, и фатиле да му наумуваат и да му велат:
- Мајсторе, бајракот!
Тој се чини ѓоа не слуша.
Пак му повторија:
- Мајсторе, бајракот! Мајсторе, бајракот!
Четврти пат му свикале арно:
- Мајсторе, бајракот од ангелот!
Тој се преправал како да не слуша и тоа што сторил ниет од кумашот го украл и си биднало. Откога си отишол муштеријата, му велат калфите:
- Оти, мајсторе, пак украде? Нели ти наумивме за бајракот како што беше ни нарачал?
Тој им рекол:
- Е бре калфи, кај јунчето и јажето. Уште од овој кумаш немаше обесено на бајракот, па отсега вамо, белки ќе се покајам. Вие кога ќе ме гледате друг пат да земам од друг, ви се молам само наумете ми за бајракот, па ишала, ако ми продолжи Господ живот, може да се арнисам. Еве, вака да знаете! – им рече терзијата и пак си крадел.

# ЗАУМ

За Охридското езеро се велело од стари луѓе оти дно немало. Множина луѓе го мереле да му ја видат длабочината колкава му е и секој што мерел кажал колку аршини е длабоко. И некоја жена отишла да го мери колку е длабоко. Мерејќи го баш во среде, како да сакало езерото да ја откаже таа жена да не го мери оти не ќе може крај да најде на длабочината, та откај што си било езерото тивко и мирно, туку беше се дигнале едни таласи колку едни планини и го дигнале каикот на жената и почнал каикот да се готви да се удави. Бре, држи го дујменџиите дујменот, бре крепи ѓоа да не се удави, арно ама „со глава ѕид не се турка‟, што рекле. На тој страв, жената паднала на коленици и почнала да се моли на Бога и да му таксува, да направи еден манастир таму каде што ќе ја избави од улавото езеро.

Штом си таксала да направи манастир, почнале таласите да се смалуваат и полека-лека излегол каикот на брегот, та се куртулисала жената и тие што беа во каикот.
- Е, уште еднаш за ум нека ми биде ова, им рекла на каикчиите, што дојдов да го мерам езерово!
Велејќи така жената, веднаш беше заповедала да се направи на истото место еден манастир и го крстила „Заум", демек за ум направен, и од големиот страв што го видела, таа го нарекла манастирот така да гледа во него и да паметува оти ќе се удавела. Не само за неа така да гледа и да се чува да не влегува во езерото, ами за секој човек што ќе одел тамо.
Ова предание сите охриѓани го знаат.

## ИТАР ПЕЈО ЗНАЕ ИЉАЧ

Си биле двајца браќа Мариовци. Им се фаќала скапа солта и сакале да ја садат. Саделе, саделе. Ама никоја година не им излегувала солта. Еден ден станале тие двајца браќа Мариовци, зеле копачка, ќе копаат во нивата, да видат што им ја јаде солта? Копале, копале. Најсетне, си нашле една змија. Едниот рекол:
- Ајде, ќе ја лизнам, да видиме дали е солена – да не ја јаде таа солта?
Легнал, ја лизнал змијата, а таа – го фати за јазик! Тој почнал да вади пена од устата. Другиот му рекол:
- Ај, солена! Што сакаш, ти се јаде леб?
Викнал, ајде, му дале леб да јаде. А тој уште се пени.
- Сакаш и кромид?
Му дале и кромид. Се собрале роднините негови и кажале:
- Викнете го Итар Пејо! Тој може да знае некој иљач, тој и никој друг!
Го повикале. Дошол Пејо и му рекол:
- Сечете му ја главата – друга ќе му клаиме!

## ИЗГОРЕН ОД РАКИЈА

Некој човек си седел под една сенка. Се одмарал пред ручек после работа и си пиел ракија. Поминал некој друг човек и седнал и тој под сенката. Ко што си пиел еднииов од порано ракија, со мака му го дал пагурчето на овој што дошол подоцна. Ракијата била многу

убава и лута и вториот рекол:
- Уф, ме изгоре ракијава!
- Море, ме изгоре мене што ми ја испи!

## ЗОШТО МАЈМУН НЕ ИГРА ВО ПРИЛЕП

Некогаш, во минатите времиња, во Прилеп дошол еден човек. Со него носел еден мајмун, регистриран, извежбан за изведување разни трикови.
Човекот шетал низ улиците низ Прилеп, а неговиот мајмун изведувал повеќе вештини, а и качување и седење на еден стап. Собрани прилепчани го гледаат мајмунот и му фрлаат семки, ореви, лешници за јадење.
Некои прилепски мајтапчии дупнале еден лешник, го испразниле, внатре пикнале една оса и почнале на мајмунот да му фрлаат лешници и да викаат:
- Мајмуне, ајде касни го, односно, скрши го и овој лешник!
Покрај останатите лешници, прилепските мајтапчии му го фрлиле и лешникот со осата, мајмунот го дочекал в уста фрлениот лешник, го скршил и осата што била внатре во лешникот го каснала мајмунот за јазикот. Мајмунот престанал да игра.

## МАРИОВЦИ – КРШОБОРЦИ

Тргнал Пејо со група свои селани в планина за борина. Арно ама, никој не понесол секира. И кога дошле во планината и ги побарале секирите да сечат, сите почнале да се жалат.
Но тука бил Пејо да ја нареди работата и почнал да ги советува:
- Знаете што, браќа! Еве што ми текна мене: јас ќе се качам на боров и ќе го фатам за врв, а вие фаќајте се еден за друг за нозе, првиот за моиве, се разбира. Од нашата тежина борот ќе се искорне и ние ќе си го однесеме дома цел и ќе си го поделиме. Лошо ли ви викам?
Се качил Пејо на борот и го фатил за врв. За неговите нозе се фатил еден од селаните, за него друг, за овој трет и така редум до последниот.
Борот го поднаведнал врвот, но далеку бил од корнење.
Тогаш Пејо привикнал одозгора:
- Држете се браќа, добро да си плукнам на рацете да земеме троа

сила – и го пуштил врвот, та сите селани се нашле на земја еден врз друг.
Пејо паднал врз селаните, кои мошне се испребиле. Некој скршил нога, друг рака, а еден и ребрата и почнал веќе да умира, а Пејо го теши:
- Што се секираш, пријателе? И јас си го удрив коленцето, и станал та си отишол дома да им раскаже на жените како се бере борина без секири.

# РАСПРАВИЈА ВО СУДОТ

Се јавува кавга меѓу маж и жена, секаде, некаде повеќе, некаде помалку. Таа дошла и до Ефтим. При една расправија во судот со жена му, судијата вика:
- Ефтим, колку сфаќам, ти не си добар човек.
А тој веднаш вика:
- Кажете ми зошто, оти не сум добар?
Судијата му вика:
- Е, па ете, децата – и малечките и големите, и женските и машките – се со мајката. Со тебе нема ни едно.
Веднаш рече Ефтим:
- Да, господин судија. А прашувам јас: една кучка кога ќе се окучи, со кучето ли тргнуваат кутрињата или со кучката?!

# ПОПОТ ПИЈАН ШТО ПАДНАЛ ВО КАЛТА

Еден пијан поп врвејќи по едно калдрмче паднал од калдрмчето во калта, во еден батак. Опнал да стане попот од калта, бидејќи бил пијан, не можел да појми да стане. Секој човек што ќе поминел покрај попот ќе го пожалил и ќе посегнел со рака да го извади од калта.
- Дај, свети оче рака, да те извадам од калта! – ќе му рекол.
- Бегај оттука, зар јас ќе ти дадам рака! – ќе му речел налутено попот.
Му текнало на еден како да му рече на попот да ја подаде раката и да го извади:
- Нà ти ја мојава рака попе и фати се за неа да те извадам од калта, оти е срамота да се валкаш во калта! – му рекол човекот.
Иако бил пијан, кога чул оти му рекол „нà", веднаш се беше острелоушил и ја подал раката да го земе тоа што му го давал

човекот, што му викал „нà", и човекот го грабнал за раката и го извадил од калта.
- Ете како сакало да му се рече на поп – рекле тие што стоеле и сеир гледале – „нà" попе ракава, а не „дај" попе рака!
Чунки поповите се земачи, а не давачи, да од тоа кога ќе му велат „дај" попе – не ти дава, а кога ќе велиш „нà" – ќе ти даде рака, ама празна!

## ИТАР ПЕЈО, МАРИОВЦИТЕ И ЧАСОВНИКОТ

Одел Пејо на пазар со своите Мариовци и на патот нашле еден чсовник. Се собрале сите да му се чудат и да мислат што ќе биде ова чудо што мрда и тропа.
- Тиij, бреј, будали Мариовци! Зар не знаете дека е тоа „ѓаволско око" – им објаснил Пејо и им рекол:
- Удрете со ластегарките да не скокне да ни ги ископа очите!
И почнале Мариовци да маваат со стаповите по часовникот, дури не го направиле парчиња, да не мрда и не тропа.

## БЕЉАТА Е ВО ТОРБАТА

Еднаш Насрадин-оџа отишол да краде праз во една бавча. Корнел главици праз и ги потиснувал в торба. Однекаде дотрчал бавчанџијата и фатил да му вика:
- Што бараш тука бре оџа?
- Ме одвеја ветрот и ме фрли овде, рекол оџата.
- Ами зошто се држиш за празот?
- Да не ме одвее пак, рекол оџата.
- Ами што е ова во торбава?
- Бељата е во торбата, рекол оџата.

## МАГАРЕТО ШТО ЈАДЕЛО ГРАВ

Си бил еден патник кој бил многу изморен. Тој решил да застане во некоја меана за да одмори и да се стопли. Влегол во меаната, но сите други луѓе биле седнати околу огништето и било зафатено секое место близу до огништето. Тој силно му довикнал на меанџијата да му донесе две порции грав, една за него, а другата за неговото магаре кое било врзано пред меаната.

Кога го слушнале тоа другите селани се зачудиле и кога меанџијата го носел гравот кај магарето, сите излегле да видат како магарето ќе јаде грав. Со тоа што излегле тие ослободиле многу место околу огништето, а мудриот патник си се стоплил.

## ЦИГАНИНОТ КАКО СВЕДОК

Двајца се скарале за една пушка. Едниот имал сведок, а другиот немал. И овој отишол при еден Циганин и му кажал: „Ќе ти дадам една лира, ама ќе кажеш дека е моја пушката.‟ И Циганинот викнал: „А, ќе кажам господине оти е твоја.‟
И отишле во судот. Дошол ред на Циганинот. Го прашале:
- Ти Циго, што знаеш за таа работа, за таа пушка? Чија е?
- Е, господине, ја знам таа работа. На овој си е, господине таа пушка. На овој човек е.
- Ех, како знаеш оти е негова?
- Ех, господине, јас ја знам уште пиштол кога беше!

## ИТАР ПЕЈО МУ ВАДИ ЗАБ НА СЕЛАНЕЦ

Еден од Пејовите селани го заболел заб. Кај ќе оди да го вади ако не кај Пеја. Отишол и го прашал:
- Знаеш ли, Пејо, да вадиш заб?
- Знам, како да не знам! – одговорил Пејо. – Од тоа полесно што има? Само ти седни на столчево и биди мирен – и му го подал смрековото столче со три нозе на кое била провртена на средината дупка да си ги закачуваат жените вртешките кога вијат основа или јаток.
Седнал селанецот, а Пејо се засукал да работи. Наострил еден кол и го забодел во земјата пред селанецот. Потоа исукал еден дебел конец и го врзал едниот крај за колот, а другиот за забот од селанецот. Се завртел зад него и си зел една игла бабушка, та полека-полека го боцнал од дупката од столот, а забот останал на конецот.
Фаќајќи се селанецот за боцнатото месо почнал да вика:
- Т-и-и-и! Колкав корен имал овој заб, дури долу ме заболе! – си отишол задоволен од Пејовиот мајсторлак, уверен дека коренот од забот бил долг дури до дебелото месо и дека болките од иглата биле болки од извадениот заб.

# НЕВЕСТАТА И МАСЛИНКИТЕ

Си била некоја невеста. Си јадела грав и маслинки на ручек. Сите јаделе на двапати една маслинка, а таа почнала да јаде по една маслинка наеднаш. Свекорот ѝ рекол:
- Невесто, јади ја во две маслинката! – И таа почнала по две да лапа. Кога видел свекорот рекол:
- Јади си ко што си јадеше, невесто!

# ТРАЈКО БЕЗ ГЛАВА

Во едно мариовско село некоја мечка се научила на селаните да им прави големи пакости. Затоа селаните се собрале да се договорат како да се куртулат од неа. Решиле да ја отепаат. Се јавил еден од нив како похрабар да ја отепа мечката. Се викал Трајко.
- Јас, ќе ја отепам! – им рекол тој на селаните.
Мечката имала дувло во една длабока јама. Трајко им рекол на селаните:
- Јас ќе слегнам во јамата и ќе ја отепам. Врзете ме за појас со едно јаже, па кога ќе мрднам со јажето, вие да ме извлечете!
Селаните го врзале Трајка со јаже за појасот и го спуштиле внатре да ја отепа мечката. Само што наближил до мечката, таа зинала и му ја лапнала главата. Притоа Трајко мрднал со рацете и со нозете, а на селаните им се сторило оти Трајко ја отепал мечката, па им мрднал со јажето за да го извадат надвор. Го повлекле јажето и го извадиле Трајка – ама бил без глава. Кога селаните го виделе Трајка без глава, се запрашале меѓу себе:
- Имаше ли Трајко глава или немаше?
Никој од нив не знаел да одговори дали Трајко имал глава или не, та решиле да ја прашаат жена му:
- Трајковице, имаше ли Трајко глава или немаше?
- Е, па, не знам! – одговорила Трајковица.
- Од Велигден на Велигден купуваше по една нова капа од волна, а дали имаше глава или немаше – не знам! – им одговорила кутрата Трајковица.

# ИТАР ПЕТАР ОДИ КАЈ УМРЕНИТЕ

Дошол Итар Петар од Мариово во Прилеп и зел да оди по сокаци. Оди и вика: – Јас одам од кај умрените, бре, е-е-еј!

Излегла една Анка и го прашала: – Од каде одиш?
Тој ѝ рекол: – Јас одам од кај умрените!
Таа му рекла: – Дали го знаеш Авмед наш?
- Арно го знам: Авмед е на голем замет, на многу голема работа, ама за пари страда!
Тогаш Анка зела едно ќесе со вранги, му го дала и рекла:
- На ти ги овие пари, да му ги дадеш на Авмед и да му речеш: Многу здравоживо имаш од мајка ти Анка и татко ти Расим!
Оттука тој си отишол. Си дошол агата, татко му на Авмед, дома. И Анка, радосна, му кажала на агата:
- Аго, денеска помина Итар Петар. Одеше од кај умрените и викаше по сокаци: Јас одам од кај умрените! И јас го прашав за Авмед наш: како поминува таму кај умрените? А тој ми рече, како Авмед наш бил на голем замет, ама за пари страдал! И јас му дадов пари, едно ќесе вранги.
- А, мори, будало! Од кај умрените бидува ли човек да оди? Бргу да го извадиш коњот од пондила; дај ми ја пушката и сабјата, да одам, да го встасам!
Итар Петар отишол кај еден воденичар, се опулил назад, кај што ќе го встаса агата, и му рекол на воденичарот:
- Го гледаш оној агана што оди на коњот со пушката и со сабјата? Тебе те бара, ќе те отепа!
- Што да правам, кај да се кријам?
- Качи се горе на тополана. Кога ќе дојде агата, јас ќе му речам: не е тука воденичарот.
Воденичарот се качил бргу на тополата и се скрил, а Итар Петар се избрбешкал во брашното, се сторил воденичар! Дошол агата и го прашал Итар Петре:
- А, бре, воденичар, да ли го виде Итар Петар кај отиде?
А тој му кажал: – Го видов, еј, ене го онаму замина – и со прстот покажал на тополата, кај што бил воденичарот скриен. Се опулил агата угоре во тополата: – Ах – рече – ене го горе!
Зел агата да слезе од коњот, го врзал коњот, собул чизмите, сметнал капата, оставил и пушката и сабјата, и зел да се качува на тополата. Дури се качил Турчинот до пола на тополата, Итар Петар обул чизмите, запнал сабјата за појас, клал капата на глава, зел пушката на рамо, јавнал коњот бргу и летнал да бега! Оттука побегнал малку место и викнал:
- Јас сум Итар Петар, тој што оди од кај умрените, тој горе на тополата е воденичарот!
- А, бре, ќерата, пезевенк! Тој каурин и мене ме излага!
Оттука си дошол агата дома. Го прашала Анка:
- Аго, што направи? Камо ти го коњот?
А тој ѝ рекол:

- Ами, јас му ги дадов на Итар Петар и коњот, и сабјата, и пушката, и чизмите, и капата! Кога е Авмед наш на толку голем замет на оној свет, нека му ги, му треба од сè нешто да има!
И така ја излагал жена си. Обајцата останале излагани!

# ПЛАНИНАТА ЗЕНДЕЛБЕГ

Зенделбег планина е гранка од Шар Планина и помеѓу планина Бистра, од град Гостивар, кај што сонце огрева, два саата скраја има. На врв планината Зенделбег има едно езеро, баеги големо, еден саат горе-долу има да го опколиш околу-наоколу. На крајот од планината има едно село што го викаат Вруток, до тоа село има многу извори што извираат наблизу-наблизу и сите извори се меешаат, та се прави една река и е таа главата на Вардар. За тие извори прикажуваат оти извираат од езерото што е на планината Зенделбег. За да се увери човек, еве како кажуваат старци.
Некое време имало некој овчар што пасел туѓи овци и брави, и беше му паднал кавалот во езерото, та беше му пропаднал во еден свијок внатре. Другиот ден жена му на овчарот беше прала на изворите, и туку беше излегол кавалот од еден извор, та си го зела дома без да го знае чиј е.
По една недела дни слегол овчарот в село на промена и си го видел кавалот на полица. Ја прашал жена му кај го нашла и откога му кажала оти од изворите излегол, се зачудил.
Кога си отишол кај овците, и нарачал на жена му утрото да појде кај изворот да чека нешто што ќе и прати, дали ќе излезе од изворот. Заклал еден брав и го исекол на череци, па го фрлил во езерото и беше му излегле череците на изворот, та беше си ги зела жена му дома.
Откога се научил овчарот оти излегувало месото тамо, многу брави беше ги пуштил, дури беше се научил стопан му и беше го отепал, та беше го пуштил во езерото да си го пречека жена му. И вистина, едно утро беше си го дочекала и си го донесла дома, та беше си го закопала.

# ЛАЖЛИВОТО ЗДРАВЈЕ

Еден го прашале:
- Како сте дома?
- Сè здраво, сè живо сме – одговорил тој – само кучката ни лежи

на ќерамиди болна.
- Ами од што е болна? – го прашале.
- Од јадење коски од маската ни – одговорил тој – ѝ залетна една коска во грлото, та од тоа лежи болна!
- Дали ви пцовиса маската? Од што?
- Пцовиса – рекол – носеше камења за гробот на мајка, се наби на камењата, та од тоа пцовиса!
- Дали и мајка ви умре? Од што?
- Умре, од жалост за татко!
- Ами и татко ви умре? Од што?
- Умре од жалост за брат ми!
- Зошто? Дали и брат ти умре?
- Умре и тој во туѓина!
И така сите во куќата биле сѐ здраво, сѐ живо, а никој жив не останал!

## ИТАР ПЕЈО И СТАРИОТ АРАМИЈА

Некојси прочуен арамија слушнал за итроштините на Пеја Итроманецот и решил да го испроба својот – арамискиот – занает. Го нашол еден ден в чаршија и му предложил да го научи да краде.
- Добро – му одговорил Пејо, мислејќи си во себе дека не е лошо човек да знае нешто повеќе. И тргнал со арамијата.
Поткраднале што поткраднале ситни работи по чаршијата, отишле и в село. И тука украле по некое јагне, јаре, кокошка, јајца и арамијата видел дека ќе го бидува Пеја и за оваа работа, и решил да го подложи на најзрел испит, па му рекол:
- Знаеш што, Пејо, ти го испече донекаде мојот занает, но денеска треба уште нешто да ти кажам и да те испробам, па ако излезеш и тука како што треба, ќе ти дадам диплома од занаетот. Ене онде на врбана има страчкино седело, во него има јајца на кои лежи страчката. Гледај ти сега како ќе ѝ ги украдам јас јајцата, а да не сети страчката и да летне! – и се качил стариот арамија, го продупил седалото одоздола и ѝ ги украл сите јајца на страчката без да го забележи и да летне.
Арно ама, во тоа време Пејо се качил по него. Дури арамијата бил занесен во кражбата, Пејо му ги одврзал бечвите и полека-полека му ги избутнал, та слегол и ги скрил во трњето крај врбата.
Кога слегол арамијата и се видел без бечви, му ја подал раката на Пеја и му рекол:
- Дај ми ги, Пејо, бечвите и оди ми си со здравје! Го положи и овој испит одлично!

Така Пејо добил уште еден занает, но никогаш со него не се користел, зашто не бил арамија по душа.

## ПАРИ ВО САМАРОТ

Двајца самарџии си биле ортаци, едниот бил женет а другиот беќар, и името му било на беќарот Петко. Петко што пара ќе си добиел, сите си ги криел во една стела од еден ветов самар што го чувал на греди, без да знае ортак му.
Дошло редот, отишол Петко на пат. Во тие дни дошол еден кираџија на дуќанот од Петка, за да купува еден самар. Одбирале, одбирале од самарите нови, ни еден не му се фаќал на коњот. Го видел кираџијата ветвиот самар, што бил на греди со парите од Петка, и го симнал, та за пакост тамам му дошол на коњот. Му нарачал кираџијата на ортакот му на Петка да му направи еден самар токму колку него и кога ќе се врател од Серез, ќе му го оставел ветвиот и ќе си го земел новиот што ќе му го направел.
По некој ден си дошол мајсторот Петко од пат и кога се опулил на греди, го нема самарот.
- Леле јас сиромав, рекол, ме изеде змија, отидоа паричките што сум си ги брал толку години, како раната што го збира гнојот.
Седнал да работи и фатил да си вели:
- Кога оди – оди, кога оди – оди.
Го прашал ортака си за самарот, што го сторил, и тој му кажал како сторил. Арно ама, на Петко му истинало срцето и немал ниет уште еднаш да си ги види парите со очи. Една недела, две, само си работел Петко и си пеел:
- Кога оди – оди, кога оди – оди.
На двете недели дошол кираџијата и го оставил ветвиот самар и си го зел новиот. Го зел мајстор Петко ветвиот самар и го клал зад рафт, посегнал во сламата и ете му ги парите беше му стоеле. Седнал да работи и фати да пее друга песна вака:
- Кога иде – иде, кога иде – иде.
Со тие два збора од Петка и ден денеска луѓето си се разговараат. Кога да спечалат пари, ќе речат: кога иде – иде; кога да зијанат: кога оди – оди.

## ИТАР ПЕТАР, МАРИОВЦИТЕ И МАГЛАТА

Ги собрал Итар Петар Мариовците, да ги шета по планините. Се качиле на еден камен многу висок. Угоре, над каменот сонце

греело, а удоле, под каменот, магла притиснала. Итар Петар им вели на Мариовците:
- Море, што е волна! Бргу да си ја собереме за ѕиври!
И оние отрчаа на врвот и еден, поитар од другите, рипнал од камен удоле во маглата и се скрил! Итар Петар видел и им викнал на Мариовците:
- Море, тој пропадна во волната! Ајде, бргу, ќе ја собере тој сета!
Тогаш и другите сите рипнале од камен удоле, да си соберат волна и тие – и сите се истепале! Тогаш му текнало на Итар Петар во умот, оти сите се истепале од каменот во маглата, и рекол:
- А, бре, се истепаа Мариовци за пуста волна!

# СЕЛСКИОТ ПОП И ГРАЃАНЕЦОТ

Еден селски поп влегол в црква да им пее литургија на селаните во недела. Се погодило да влезе и еден граѓанец в црква, чунки бил дојден в село на гости кај некој селанец. Едно го видел попот граѓанецот, запрел со пеењето, чунки ништо не знаел од редот на црквата што треба да се пее. Само си стоел в олтар и си молчел. Се чуделе селаните оти не им пее попот како понапред, туку си молчел.
На тоа згора се созборувале неколцина селани од попрвите и му влегле в олтар, та го прашале оти не пее.
- Море, како да ви пеам и Бога да молам, бре рисјани – им рекол попот – кога градскиот ѓавол ни дошол в сред црква, за да ми се бие мене шега и после да го налутиме Бога и да ми скуси од селово берикетот.
- Ами чаре на тоа згора, бре попе – го прашале селаните – како да се прави, ако не ни кажеш?
- Чарето, бре благословени рисјани, за раменици и истуркајте го надвор за да ви испеам таин Божји и свршена работа!
Коа го чуле селаните попот, излегле надвор и го грабнале за раменици граѓанецот, та го извадиле од црква надвор за да не чуе граѓанецот тоа што ќе пее без ред попот. И тогаш си останал на раат попот да си пее што си знае и да им се чини на селаните оти литургија им пее.

# КРАДЕЦОТ ФАТЕН В ЦРКВА

Ѝ исчезнал на една жена еден казан, ѝ го украл некој, кажува на

друга жена и таа ѝ рекла:
- Оди утре в црква и кого ќе го видиш уште од врата да се крсти и метании дури од земја да зема, држи го! Тој ти го украл казанот.
Жената отишла в црква и чекала, на сите внимавала. Сите поминале и ете ти еден на крај каде оди, од земја дури метании зема, и таа се приближила до него, го потегнала за ракав и му рекла:
- Златен чичко, само тој ми беше, да ми го дадеш!
- Што мори? Тргни се од мене! – ѝ рекол човекот.
- Казанот да ми го дадеш, да не те срамам!
И овој ѝ рекол:
- Е, утре сигурно ќе ти го донесам, не бери гајле!
И така жената си го нашла казанот.

## ЗА ОХРИД И ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Велат дека кога се правела Охридската крепост, Јустинијан се качил на ридовите на кои лежи градот и гледајќи го преубавото местоположение, извикал: ох, рид, т.е. ох, каков убав рид. И од тогаш останал да се вика градот Охрид.
Велат дека Охридското езеро понапред не било и дека дното му беше било широка долина, расеана од села. Среде долината бил источник кој се отворал и се затворал и од кој пиеле вода и си переле кошули. Една жена како прала кон квечерина, заборавила да го затвори источникот. Водата течела сета ноќ и кога утрината станале, ја виделе долината покриена со вода. Не имајќи надеж да го затворат источникот, побрзале да се спасат на ближните планини. Така се направило сегашното езеро.
Велат дека клучевите од езерото се под планинчето, над кое е направен манастирот св. Наум, за кого веруваат дека е чувар на клучевите, кои ако се отворат, го потопуваат сето Охридско и Струшко поле.

## ПЕЈО СО ТУЃИ ЧИЗМИ НА ОРО

На еден Велигден Пејо немал чевли за на оро, та позајмил едни чизми од соседот – чорбаџија, дошол на сретсело и се фатил на танец. Се разиграл Пејо, се расклоцал на сретселото, камења корне со чизмите.
Го видел чорбаџијата со чизмите и му се сторило дека ќе ги искине Пејо со играњето, па му рекол:

- Море, Пејо, полека, ми ги искина чизмите, што ќе обујам јас утре! Слушнал Пејо, ама слушнале и сите на орото дека Пејо игра со туѓи чизми.
Се навредил Пејо и веднаш ги собул и му ги фрлил чизмите на чорбаџијата.
Тоа го гледал друг чорбаџија, го повикал Пеја настрана и му шепнал да отиде кај него дома и да ѝ рече на жена му да му ги даде неговите чизми.
Отишол Пејо кај чорбаџијата и за миг се вратил пак со чизми и пак го повел танецот. Кога поминал пред овој чорбаџија, тој уште посилно од првиот почнал да вика:
- Рипај, Пејо, нарипај се, искини ги, стопанка им, јас не ги жалам! Ми дал Господ, нови ќе си купам!
Кога Пејо го слушнал овој, веднаш застанал, ги собул и овие чизми и му ги фрлил и на овој чорбаџија како првиот, велејќи му:
- Нà ти ги, чорбаџи, твоите чизми, јас ќе си играм со моите! – и го повел танецот бос.

# СЕЛАНЕЦОТ И ОЏАТА

Еден селанец имал едно тескере на турски пишано и се чудел кој да му го отпее. Одејќи по пат, сретнал еден ефендија со чалма, демек оџа.
- Ефенди, ефенди, му викнал – отпеј ми го тескерево, Бога ти!
- Не знам бре синко! – му рекол ефендијата.
- Ами како вака, ефендија со чалма да не знаеш да пееш!
- Ех, штом била работата до чалмата, земи ја, клај ја на глава и отпеј си го тескерето!

# ОЏАКОТ

Еден мајстор му направил на некој човек еден оџак. На битисување вечерта фатил оџакот да се навалува за да паѓа и мајсторот му ги опирал плеќите за да го потпира, да не падне. Арно ама, плитарите тешки биле и фатиле да се навалуваат, чунки накриво беше го направил.
Свикал по стопанот од куќата:
- Еј чорбаџи, еве оџакот го направив, ела дај ми го ѓунделакот, оти ќе го турнам, вака да знаеш!
- Арно, мајсторе, ќе ми ти платам, слези долу, ќе ми ти натплатам!

- Море ја овде ми носиш пари, ја ќе го турнам! – му рекол мајсторот. Бре го молел стопанот, бре го колнел, арно ама мајсторот не му слегувал за ништо живо и најпосле одвај го крепел и видел оти ќе паѓа оџакот, се поиставил и тој паднал.
Тики му рекол стопанот:
- Море оти го турна оџакот, мајсторе бре, да би аир не видел?
- Ами кога ти велев донеси ми го ѓунделакот овдека – му рекол налутено и тој на стопанот – ти ич барем нејќеше да ме знаеш.
- Нели јас сум го правел, ќе го туркам, ем ќе го наттуркам! – му рекол.
Некој пат и лагата ја покрива срамотата. Сам мајсторот беше се пофалил пред други мајстори оти така излагал.

## НИКОЈПАТ НЕ СЕ ДОПЛАЌА НА МАЈКАТА

Еден син сакал да се оддолжи на мајка си што го гледала и ѝ рекол:
- Мајко, јас сакам да ти се оддолжам и да те чувам!
- Крени ме – рекла – купи ми симитче!
Откако ѝ купил, рекла:
- Нејќам симитче, купи ми леблебија!
И така правела мајка му како што правел тој како дете. Најпосле рекол:
- Зар сум правел и јас така?
Затоа се вели: „Никојпат не се доплаќа на мајката".

## ИТАР ПЕЈО И СЕЛАНИТЕ РИБОЛОВЦИ

Тргнале еден ден неколку селани Мариовци да одат на Црна да ловат риби. Ловеле што ловеле, си кинисале да си одат дома. И таман на неколку чекори од реката некој привикал:
- Море, селани, ние ловевме риби, се буткавме по површината на водата, ама којзнае дали не се удави некој од нас. Не правиме лошо да се преброиме.
Го одобриле сите предлогот и застанале, а предлагачот почнал да брои. Еден, два, три, четири… дотерал до осум.
- Ами чаре! – извикал тој. – Ние тргнавме девет, а се враќаме осуммина. Значи еден од нас се удавил! – констатирал бројачот.
Почнале сите да бројат – осум па осум. Ниеден од нив сам не се броел. И си тргнале кон селото и си заплакале. Еден се удавил

денеска во Црна, ама кој бил и самите не знаеле.
Оделе што пооделе, ги сретнал Пејо и ги видел уплакани, па ги прашал:
- Што така сте уплакани, бре кршоборци?
Овие му раскажале дека еден се удавил денеска, но не знаат кој бил.
Пејо ги прашал колкумина тргнале утрината и веднаш ја разбрал работата, но решил да ги насамари за нивната глупост, па им рекол:
- Лесно ќе провериме, џанам. Ајде легнете тука на песокот и забодете ги носовите во него. Колку дупки ќе направите – толкумина сте живи.
Легнале селаните, ги забоделе носовите во жешкиот песок и направиле по една дупка. Кога станале, почнал Пејо да ги брои – излегле девет!
Се израдувале селаните оти никој не се удавил и му дале на Пеја од рибите да му ја платат мудрата постапка што открил дека се нема удавено ниеден од нив.

## БАДИЈАЛА РАБОТИ, БАДИЈАЛА НЕ СЕДИ

Двајца браќа женети отишле на печалба. На испраќањето жената на постариот му рекла на својот маж:
- Ти мажу гледај само за голема надница да работиш, за да спечалиш повеќе пари!
А жената на помладиот му рекла на својот маж:
- Ти мажу бадијала работи, бадијала не седи!
Кога стигнале на местото и фатиле да работат, поголемиот брат барал голема надница и тешко можел да најде работа. Помалиот работел како ќе најдел, за секаква надница, и така спечалил многу пари.
На враќање дома поголемиот си дошол дома празен, без пари, а помалиот донел полно ќесе пари.

## ЖЕНАТА ГО ЗАПОПИЛА МАЖОТ

Си биле една жена и еден маж многу сиромаси. Думале, шестале, мажот и жената, како од како да си најдат некој крај, да не бидат толку сиромаси. И текнало на жената еден марифет да направи. Купила еден кат руба поповска од телал в чаршија и го зела мажот ѝ, та го однесла во селата за поп да биде во некое село. И за

к’смет нашла едно село та го главила да попува, при сè што не знаел книга. Им се курдисале во селото поп и попадија. Јадење, пиење имало, како што барале.
Поминало многу време, и дошол владиката в село да ги види рисјаните како живеат без поп. Ги собрал во една куќа сите селани и им нарачал за в црква сите да дојдат. Родено што имаат, да донесат да им крсти, умрено да им пее, и да ги причести.
- Колку за в црква, ќе дојдеме света владико – му рекле – а за родено, умрено и причестување, нам попот ни ја видува таа работа.
Кога ја чул владиката таа работа, се зачудил откај нашле поп што си зеле. Го викнал попот при себе да го испита од каде е и кој го направил поп. Му се претставил попот пред владиката и му сторил една метанија, та му бакнал рака.
- Од кај си ти, бре попе, го прашал владиката, и кој те попопил?
- Од фиљан село сум света владико – му рекол – и жената ме попопи!
Кога ги чул владиката тие зборови од попот, на чудо станал како може една жена да прави поп. На часот ја викнал жена му и ја прашал дали е вистина тоа што вели мажот ѝ. Откога се уверил од жената оти таа го направила поп, без да знае книга, ѝ свикал со лутина и ѝ рекол:
- Како можеш ти, мори жено, да го правиш поп мажот ти?
- Маж ми е света владико – му рекла – затоа можам поп да го направам, а ако сакам и владика ќе го правам!
Кога го чул тој збор, владиката заќутел и сам со себе си рекол:
- Во едно село слепи, еден со едно око ги води.

# МАРИОВЕЦ И САПУН

Дошол на пазар во градот еден Мариовец, да си купи зајре. Купил еден симит. Видел сапун, купил и сапун. Зел да јаде симит и сапун, па почнал сапунот да му се пени во устата! А Мариовецот го јадел и му велел:
- Пенил се, не пенил – ќе те јадам, пари сум дал!

# СИРОМАВИОТ И АРНО ДА РЕЧЕ, НИКОЈ НЕ ГО СЛУША

Еден сиромав човек седел до некои чорбаџии и слушал што разговараат. Муабетот им бил за тоа оти имало многу глувци. Поголемиот чорбаџија велел оти глувците му го изгризале железото

што го продал на дуќан и сите му го потврдиле зборот.
- Вистина, вистина, чорбаџии – им рекол сиромавиот – има многу глувци, чунки што имав троа брашненце ми го изедоа!
Нејќејќи му го зборот чорбаџијата од сиромавиот, му рекол:
- Ај не туку лажи, бре човече, кај јадат глувците брашно, да е жито, може, ама брашно не јадат. Ама не ли е, браќа, јас како што велам? – им рекол на другите чорбаџии што биле околу него.
Сите му го потврдиле зборот на богатиот и го засрамиле сиромавиот.
- Туф, бре, гиди, јас брашното реков ми го јадат глувците, чорбаџиите не ми го потврдија, а пак чорбаџијата рече железото го јадат – тоа што не било до денеска, му го потврдија. Што беше оваа пуста сиромаштија, па да се нема чест? – си рекол сам со себе и уште еднаш не беше пошол при чорбаџиите на муабет.

## ЗЕЛНИК БЕЗ БРАШНО

Една жена си имала едно дете од седум-осум години.
- Ах бре чедо, да имав троа брашно и маст – му рекла – тики да направев еден зелник со едни витки големи, така толкави, да си ручавме, та после ќе се скиневме вода пиејќи.
Детето ѝ се пулело на мајка си право в уста, тики му се чинело оти навистина зелник ќе му месела и ѝ рекло:
- Е да, мори мајко, кога ќе го месиш, тики кога ќе скршам од витката така толкав комад, за да си јадам везден.
- Како бидува да скршиш толкав голем комад бре никаквику, бре ненаситнику, ами помалку се крши, бре ненаситнику еден! – и му врзала една шлаканица по уста силно.
Кога го доболело, детето се расплакало, куќата ја кревало.
Чул татко му од бавча кај што работел, дотрчал да види што плаче детето.
- Што плаче, мори, детето, кој ми го тепа?
- Ами ако плаче, нека седи мадро, нека не крши витка голема, за да не го тепам.
Му раскажала за зелникот како сакала да го меси со ред и зошто го тепала. Со лутина тој ѝ свикал нејзе:
- Зошто не ми го оставаш детето, мори, да ми јаде витка колку што ми сака и да ми расте? Еве сега татка ти ќе си го најдеш ја, чекај да видиш, магарице една!
Та кога зеде еден стап, тики ја грабнал жена си да ја тепа. Спискала жената, целото маало го собрала.
- Море стој, човече, да видиме што ти стори жената, што ја тепаш? – му рекле маалците. Тој се разбрал и ја оставил. Раскажала

жената за сета работа за зелникот и откога чуле маалците, беа им рекле на шега:
- Еее, на нероден Петко капа му купиле.

## РИБИНА ЧОРБА

Тргнал Пејо еден петок со своите Мариовци на пазар. Одејќи така патем, видел една бара во која имало доста риби, па бидејќи бил петок, не се мрсело, решил Пејо да направи ручек со риби. Но, барата била длабока и рибите не се фаќале да ги испече Пејо, та така почнале сите да јадат леб и кромид.
Пејо си вели како на себе:
- Е, и ова не е право. Гледај риби – јади кромид – па како да се присети нешто, скокна од местото, ја извади лажицата од торбата и им вели на другарите:
- Лажиците, бре другари! Не гледате колку рибина чорба има пред нас, а ние јадеме леб и кромид – и сам седнал до барата и почнал да срка од водата во која се префралале слатките мренчиња, крапчиња и разни други риби. Селаните го послушале и се наредиле сите околу барата, та се насркале од „убавата" и „слатка" „рибина чорба".

## ДЕВЕТ БРАЌА И ЕДНА СЕСТРА

Си биле девет девојки, си седеле. Се огласило нешто. Фатиле да се прашуваат. Секоја се колнела за брата си, а една се заколнала за кучка Нунда. Осумте девојки ѝ се поругале:
- Кога имаш девет браќа, зошто се колнеш за кучка Нунда?
Таа рекла:
- Каде имам девет браќа?
И тие ѝ рекле:
- Наполни котел со маст, стопи ја и попари ја мајка ти да ти каже за браќата.
И така, го наполнила котелот со маст. И мајка и ѝ рекла:
- Што правиш така, ќерко?
Ќерка и ѝ рекла:
- Ке те попарам, мајко. Зошто да имам девет браќа, а ти да не ми кажеш, та да се колнам за кучката Нунда?
И мајка и ѝ рекла:
- Нека ти направи татко ти едни железни опинци и железен стап,

та оди. Каде ќе ти се скинат опинците и ќе ти се истроши стапот, таму ти се браќата.
Татко и ѝ направил железни опинци и железен стап и таа тргнала. Девојката и кучката Нунда оделе, оделе, се дупнале опинците и стапот се истрошил. Ја намерила куќата, влегла, сметела, зготвила и се скрила зад вратата. Си дошле браќата, нашле сметено, зготвено и се чудат кој им го направи тоа добро?
- Ако е стара, мајка да ни е, ако е млада, сестра да ни е – рекле.
И таа излегла и се прегрнале и си ги нашла браќата.

## ГЛУВАТА БАБА И ЕДЕН ЧОВЕК

Една глува баба си одела едно утро кај ќерка ѝ, оти родила дете. По патот ја сретнал некој човек, па, бидејќи стара, наумил да ѝ стори чест. Затоа ѝ рекол:
- Добро утро, бабо!
- Кај ќерка ми одам синко – му рекла бабата.
- Јас што ти велам, ти што ми велиш, мори бабо – рекол човекот.
- Кај ќерка ми одам, бре синко – му рекла бабата повторно.
- Е, се разбравме дури сега! – ѝ рекол човекот.
- Бре, кога сте разбрале, синко, оти ми родила ќерка ми машко дете? – му рекла бабата.
- Ете, дури сега, бабо се разбравме! – ѝ рекол човекот.
- Бре, сега сте разбрале, а? - му рекла бабата.
- Господ да не прости и тебе и мене, бабо, не ќе можеме да се разбереме ние двајцата како гледам, туку ај, ој ми си со здравје! – ѝ рекол човекот.
- Господ, Господ, сполај му, тој ѝ даде на ќерка ми машко дете, синко. И вам Господ со некое машко да ве дарува, сега побрзо! – му рекла бабата.
- Е, толку бил к’сметот, мори бабо, да не можеме да се разбереме ние засега, ама ако се најдеме друг пат, белки ќе се разбереме – ѝ рекол човекот.
- Така е синко, така, да си ми жив и здрав, саде со к’сметот нека биди, па и ние кога ќе разбереме оти вам Господ ви дал дете, ќе ви ја најдеме куќата и ќе ви дојдеме на честење, ако сум жива – му рекла бабата.
- Хе, хе, хе, хе! - се изнасмеал човекот и ѝ рекол:
- Седи ми со здравје, бабо!

- Се смееш – му рекла бабата – оти ти е арно тоа што ти велам, од стар човек благослов фаќа.

## ЖИВ ЛИ ТИ Е КОЊОТ ШТО ТИ ПЦОВИСА ЛАНИ?

Во едно село си живеел еден бег. Сите селани биле негови исполџии. Еден ден, летно време кога вршеле, бегот седнал под една сенка и пиел тутун, а исполџиите работеле. На еден од тие што вршеле му се припило тутун, ама немал. Се чудел како да му побара едно луле тутун на бегот. На крај се пресрамил, дошол до бегот и му рекол:
- Жив ли ти е коњот што ти пцовиса лани?
Бегот се поднасмеал и рекол:
- Ашколсун бре рајо! Како можел да биде жив коњот што пцовиса лани?
Исполџијата му одговорил:
- Зар не ти текнува бре бегу? Мерам муабет за едно луле тутун. Не ми текнува што да ти речам, затоа така ти реков.
- Ашколсун бре рајо! Ела да ти дадам не едно, ами две лулиња тутун.
Така итриот селанец дошол до луле тутун.

## ГЛУПАВИТЕ ВИНАРИ СТЕБЛЕВЦИ

Неколкумина старци си оделе од вино. Се доближиле до селото и им се сноќило, та легнале да спијат. Кога спиеле, ноќта станал еден од нив и ја истурил мешината со вино и ја наполнил со воздух. Кога станале наутро другите, виделе дека мешината е лесна и рекле:
- Ние сме зајакнале спиејќи. Видете како можеме да ја креваме мешинава. Вчера не можевме да ја кренеме, а денеска, видете, дури и ја фрламе!
Другите рекле:
- Не сме ние!
Еден рекол:
- Ајде, ќе појдам јас, или дошле винарите? Ако дошле, не сме ние, ако не дошле, ние сме.
Отишол, викнал во селото:
- Дојдоа ли винарите?

Тие му рекле:
- Не дошле.
Тој отишол, се вратил и рекол:
- Ние сме.
Отишле во селото. Залајале кучиња на нив. Тие рекле:
- Не сме ние, и фатиле да бегаат.
Другите ги запирале и им веле ле:
- Не, вие сте, тука не бегајте.
Тие рекле:
- Да бевме ние, не ќе лаеја кучињата по нас, и побегнале.

## ИТАР ПЕЈО, ПОПОТ И АЛВАТА

Служел Пејо кај некој си поп. Попот, како поп, често си правел алва. Арно ама, еден ден направил повеќе отколку што можеле да изедат со Пеја, та скоро половината им останала. За да не ја изеде Пејо останатата алва сам кога ќе излезе попот некаде по работа, овој намислил да го заплаши Пеја со нешто и му рече:
– Слушај, момочко! Јас во алвата турив отров. Да не те лаже умот да каснеш без мене, зашто ќе се отруеш!
Го викнале попот в црква да крсти, на гробишта да пее, да закопува некого, а Пејо останал сам дома и намислил да ја изеде сам алвата, сигурен дека никаков отров не турил попот во неа. А, за да може да се оправда пред попот и тој смислил една лакрдија. Како што цепел дрва во дворот, станал, ја скршил намерно дршката на секирата, отишоле, ја изел сета алва, и продолжил да цепи дрва со скршена дршка.
Кога се прибрал попот и видел дека алвата ја изел Пејо, почнал да се кара и да го пцуе, а Пејо почнал да му се правда:
– Ја скршив – рекол – дршката од секирата, и плашејќи се да не ме караш и биеш, решив да се отрујам, па затоа ја изедов алвата!
Попот се насмевнал, иако не му било за смеење, и му простил на Пеја и за двете штети што му ги направил тој ден.

## МРЗЛИВАТА ЖЕНА

Една жена била многу мрзлива. Мажот ѝ ја карал да работи, ама таа не го слушала. По некое време, со големи маки мажот ја натерал да му испреде кушула.
Еден празничен ден жената отишла в црква и таму зела да се фали на другите жени, оти предела на мажот ѝ кошула. Како што

се фалела, се погодило, крај неа поминал мажот ѝ, и таа кога го видела, повикала:
- Мили мажу, мили три-кошулнику!
Кога го слушнал тоа, се свртел накај неа и ја прашал:
- Зошто жено ме викаш три-кошулник? Еве немам три кошули, имам само една!
А таа му одговорила:
- Една мажу што ја носиш, една ти предам – две, и една имам намера да ти предам, ете ти три!

## КОЈ ГО УКРАДЕ СЕНОТО, ТОЈ СИ ЈА ИМА МУВАТА НА КАПАТА

Некој човек си имал сено во плевната. Друг му се наврател, та му го крадел. Стопанот на сеното, од ден на ден гледал, оти сеното му се намалувало и оти некој му крадел, ама на можел да разбере кој бил арамијата. Таму бил и стопанот на сеното и арамијата. Стопанот не знаел сигурно дали навистина бил тој или некој друг. Се отворил збор меѓу нив за крадењето сено и за тоа кој ќе биде тој што го крадел. За да дознае кој е арамијата, стопанот им рекол:
- Сега јас ќе го најдам арамијата. Тој што го украде сеното – рекол тој – си ја има мувата на капата! И навистина, тој час арамијата мавнал со раката по капата за да си ја истера мувата, без да се сети оти ќе го познае. Стопанот вчасот го познал и викнал:
- Ете како го познав и го најдов арамијата! – и го фатил за рака.

## МАРИОВЦИ И ПОП

Бил некој поп, ни пееше на гробишта што му носиме лепчиња. А тој му викал на секој човек Мариовец:
- Лепчињата се мали! Е, оти не ми правите поголеми лепчиња?
Се согласиле селаните:
- Ај, ќе му месиме еден леб голем и ќе му го носиме дома.
И му меселе, и му кренале да му го носат лебот. Го донеле во вратата, ами не го фаќало! Селаните рекле:
- Лебот е голем – вратата не го фаќа!
- А попот им рекол на селаните:
- Лебот не е голем, ами вратата е мала! Мајсторот има кабает! Урните ја вратата, да го внесеме лебот во куќата!

# ОД КАМЧИЊА МАНЏА

Отишол еден спахија во некое село и кондисал во една куќа на конак. Домаќинот со сите куќни луѓе отишол в поле на работа, а дома беше оставиле една баба за да ја варди куќата. Времето било за ручек, та посакал спахијата од бабата ручек. Му ставила бабата ‛ржена погача и сол-пипер.
- Повели, спахијо леб и сол, што ни дал Господ! Ако беа невестите овде, може да ти направеа и нешто ручек, ама за нек׳смет отидоа на работа – му рекла.
- Оф мори бабо, мори мајче, ами кога има ‛ржен лебец, не берам гајле јас за манџа, и кога има камчиња белутрачиња: од нив јас можам да направам една манџа што прстите ќе си ги изедеш од сладина!
- Ја појди еден час надвор, та собери троа камчиња белутрачиња колку еден грст и измиј ги со неколку води, за да се очистат убаво, после клај во една тава троа вода да зоврие и гледај сеир што манџа јас ќе ти направам, прстите да си ги изедеш! – ѝ рекол.
Кога го чула сиротата баба од спахијата тој збор, отрчала и набрала камчиња, запалила оган и ја натерал спахијата бабата да донесе троа маст и троа брашно, без никаква џева, чунки ќе се научи баба од камчиња да прави манџа.
Опржил спахијата една каша и ги турил камчињата внатре, се повариле малку со кашата и ја клал тавата на трпеза за да ручаат, а бабата туку се чуди како ќе бидат камчињата и како ќе се јадат.
Ја викнал бабата спахијата за и таа да руча манџа од камчиња и со голем ќеф бабата седнала да јаде.
Зафатил спахијата да мака од кашата и негде-годе си вадел по некое камче, излижи го чинел и остај го на трпеза. Извадила баба и таа едно камче, фатила да го џвака, џвакала, џвакала, никако живо не можела да го соџвака, и таа го оставила на трпеза и му рекла на спахијата:
- О-о-о-ф море кутри спахијо, дали вака ќе направеше од камчиња манџа, ами за каша кој не знае да направи, камчињата ги кладе колку за урвокос а не оти за да се јадат, за колку да ми сториш мене пакост за да си го скршам забот. Ете тој марифет имала манџата твоја со камчиња што ја направи, за дека пусти еден заб имам и тој да го немам, тој марифет ја научи пустата баба твоја. И друго, си ја поарчив маста што ќе ја јадевме сета куќа, ете тој марифет го научив, спахијо море! – му рекла бабата налутена.

# ИТАР ПЕЈО И СЕЛАНИТЕ

Итар Пејо ги сретнал селаните на штрајк и им викнал:
- Селани, знаете ли што?
Селаните: Не знаеме!!!
Итар Пејо: Е, па чим не знаете, не мора ни да знаете!
И така, откако селаните се почувствувале надитрени се договориле пола од нив да кажат знаеме, а пола не знаеме.
Утредента Итар Пејо ги прашал селаните:
- Селани, знаете ли што?
Селаните: Знаеме! Не знаеме!
Итар Пејо: Е, па тие што знаат, нека им кажат на оние што не знаат!
Селаните се договориле утре да кажат сите дека знаат!
Итар Пејо: Селани, знаете ли што?
Селаните: Знаеме!!!
Итар Пејо: Е, па чим знаете, нема што да ви кажам!

# РАШТАНСКИОТ СМОК

Пред седум-осумдесет години во селото Раштани кај Битола имало еден голем смок, колку едно арно теле големо, а главата му била како од некој сом. По главата и по снагата имал обрасната козина, како од некој бивол ретка.
Тој страшен смок се шетал низ раштанските лозја и места. Секој селанец, макар и граѓанец ако имало в село, ќе го гледал кај се рашетувал и кај што се исправал, та си свирел. Никој човек не го задевал, ни па смокот задевал човека.
Близу стоипедесет години бил жив тој страшен смок, според прикажувачката од старците. Татко му на некого му кажувал, па на татка му дедо му, на дедо му прадедо му, и со тие прикажувачки го знаеле смокот оти бил толку стар.
Легалото на смокот му било кај реката во некои камчишта. Раштанци освен што не го задеваа, ами и веруваа оти тој смок му бил стопан на селото и на сиот синор раштански, чунки смокот не одел од раштанскиот синор на друг. Одел кај одел, сѐ во нивниот синор се вrткал и многупати се спружувал спроти сонце да лежи оптегнат како некој крап, без да се бои од човек. Демек, како некој домаќин.
За раштанскиот смок битолчаните си имаат една пословица:
- Си се оптегнал како раштанскиот смок – му велат на некој мрзлив што само лежи и се оптега.

# ОД ТРЊЕТО ВОЛНА ЌЕ ЗБИРА, ДА ПЛАЌА БОРЧ

Еден сиромав човек му имал за давање троа пари на еден богат. Многу му ги барал парите богатиот на сиромавиот, арно ама сиромавиот немал да му плати. Со денеска, со утре – си поминало баеги време. Врвејќи едно утро сиромавиот пред богатиот, го видел и го викнал да му ги бара парите.
- Оти не си го плаќаш борчот, бре пријателе? – му рекол богатиот како на лутина. Еве толку време кај те чекам, оти не се засрамуваш, барем од малку, малку да даваш и да се платиме.
- Ќе почекаш, чорбаџи, уште некој месец – му рекол – дури да изврват овчарите со овците за на вилает, да остават овците волна по трњето, и јас ќе си ја соберам, та ќе ја продадам и ќе ти платам и натплатам, а не сега да ти дадам малку, утре повеќе и до најпосле сите. Тој еѓупштилак, чорбаџи, не го правам, јас сите веднаш, ја ти биди ми жив и здрав!
Кога чул чорбаџијата тој збор од сиромавиот, брбнал да се смее и да му вели, смеејќи се, кр, кр, кр, кр:
- Еее, пријателе, трај коњу до зелена трева! Ти ми велиш да собереш волна од трње и да ми платиш.
- Еее, се смееш, чорбаџи – му рекол сиромавиот – оти ти оди арно, чунки се увери оти ќе си ги земеш парите.
Коа го чул тој збор чорбаџијата, уште посилно се изнасмеал и го пуштил.

# ИТАР ПЕЈО ЗНАЕ ТУРСКИ ДА ЗБОРУВА

Дошол еден Турчин во Мариово. Ги собрал Мариовците и ги прашал за коњот сено да му дадат.
Тие не можеле да го разберат и кметот му рекол на протуѓерот:
- Викај го Итар Пејо! Тој знае турски да зборува, оти одеше по некој пат во градот кај Турците.
Дошол Итар Пејо и му рекол на агата:
- Што бараш?
- Сено за коњот – тоа рекол Турчинот и му покажал на покривач од куќа кој што бил со `ржаница покриен и со трева зараснат, а Пејо им рекол на Мариовците:
- Агата рекол, коњот да му го качиме на авлија горе!
И зеле Мариовците коњот да го качуваат врз куќа озгора, да ја пасе сламата!

# ПОУКАТА НА ЕДЕН ПОП

Еден поп, познат надалеку, отишол во некое село и им давал совети на селаните. Им велел секој што има по две кошули да ја даде едната на сиромашните. Тоа го слушнала неговата жена попадија и знаејќи дека попот има две кошули, едната од нив ја дала на сиромашните.
По некое време попот ѝ побарал друга кошула на неговата попадија, а таа му кажала дека го послушала неговиот совет и другата кошула ја дала на сиромашните. А попот на тоа смирено одговорил дека тоа не се однесувало на нив, туку на другите луѓе.

# КАЛУЃЕРИТЕ СО ЧИБУЦИТЕ

Си биле тројца другари. Сите тројца беа биле многу мрзливи. Само со чибуците в рака си оделе и тутун си пиеле, работа никаква не фаќале. Јаделе што јаделе, дури имале од татковата си сермија, и најпосле осиромашеле. Да бидат аргати не им давало рака, чунки многу ги мрзело да седат без работа, па сакало да се јаде.
Думале, шестале, најпосле беа се созборувале за да одат во Света Гора во некој манастир и да се сторат калуѓери, чунки тамо не требало работа. Еден ден беа се содружиле сите тројца, беа си ги стегнале опинците, беа си зеле по една торба тутун и беа пошле во еден манастир. Се претставиле пред егуменот и го моleле да ги прими за да ги покалуѓери.
- Од која мака, бре чеда Ристосови, сте дошле од мир овде во пустелијава, што сакате да се калуѓерите? Знаете оти калуѓерлакот е многу мачен, калуѓерлакот е мачен со постењето, прво, што не треба многу јадење и многу од сè нешто пиење, со метании чинење, да така можете да се светите.
- Сме сториле кабул, оче егумене, па после сме дошле за да се посветиме! – му рекле тројцата другари.
Кога им ги чул тие зборови егуменот, заповедал да им се даде по една ќелија, за да живеат. Бидејќи сами се нашле во ќелиите, сами седеле и тутун си пиеле.
Многу вечери на ред одел егуменот кај тројцава нови калуѓери да наслушува на врата дали ќе се молат на Бога. Наместо да слуша молитва и од темјан миризба од новите калуѓери што беа дошле да се посветуваат, тој слушал воденичарска кашлица да кашлаат и миризба од тутунот што го пиеле. Влегол егуменот кај сите и сите ги нашол со чибучињата в раце.

Утрото бидејќи сите калуѓери биле в црква, беа и тројцата другари. Ги викнал пред себе егуменот и ги прашал за сите светци што беа в црква:
- Знаете, бре вие тројца калуѓери нови, што биле овие светци некогаш?
- Е, луѓе биле и тие како нас, оче егумене!
- Вистина, бре чеда, луѓе биле и се посветиле, та затоа и се пишале! Арно ама, ете ниеден нема чибучиња в раце, да пие тутун, како што пиете вие со чибучиња тутун, па затоа и да се светите, нема да ве пишеме, чунки треба со чибуците в раце да ве пишеме.
- Еве помислете се сега: ич не бидува вас да ве пишеме светци со чибуците в раце, кога нема ниеден светец со чибук пишан? – им рекол егуменот.
Од тие зборови беа се засрамиле новите калуѓери и беа се арнисале од пиење тутун.

## ИТАР ПЕЈО, МАРИОВЦИТЕ И ДОЖДОТ

Го навредиле нешто Пеја селаните и тој почнал да им готви одмазда.
Одело време, одело, фатиле некои дождови, со недели и месеци сонце не се појавило, та селаните му се обрнале на Пеја за совет како да престанат дождовите и да се појави сонце.
Пејо се сетил за навредата и си рекол:
„Аха! Сега ќе ве сошијам јас вас за навредата", и почнал да им зборува:
- Т-и-и-и, ама будали селани, breј! Таа работа е многу лесна, само ако сакате да ме послушате.
- Сакаме, сакаме, Пејо, како да не! – во еден глас извикале селаните.
- Е, ако сакате, слушајте што треба да направите: изнесете ја сета слама и сено од плевните и во еден ден запалете ја. Ќе се дигне дим до небо и ќе почне да го штипе Господ за очи. Тогаш тој ќе ги растера облаците и ќе го пушти сонцето да ја огрее земјата, па се разбира, ќе престане и дождот.
Селаните одвај го дочекале овој Пејов совет и уште утредента постапиле по него. Си ја изгореле сета сламичка и сенце, та зимата им изумрел сиот добиток за храна.
Така им враќал Пејо мило за драго на сите што го навредувале и што си играле со него, па не ги штедел и своите селани.

# СОЛТА

Во една селска куќа шиел еден терзија во зимно време крај оган. Во таа куќа имало шест-седум жени. Беа клале еден грнец грав да се вари и откога привстасал да се вади од огнот, потребно било да се тури сол во гравот.
Дошла една од невестите, турила една рака сол. По малку време дошла друга и таа турила една рака сол. И така сите седум туриле по една рака сол без да се прашаат една со друга дали туриле сол. Кога видел терзијата оти ред немало во таа куќа, станал од кај што седел и зел една рака сол, та и тој турил во гравот.
Ставиле да ручаат и едно сркнал од гравот стариот што бил во куќата, сетил оти сите жени туриле во гравот сол и почнал да им се смее на жените и да им вели со смеа:
- Мори жени, мори домаќинки, јас како го гледам гравот непара досолен, уште терзијава сол не турил во него!
- И јас турив, чорбаџи, и јас – рекол терзијата – кога видов оти сите жени турија, чунки чинев да не таков адет имате во вашата куќа!
Кога го чуле и виделе тоа нешто жените, умреле од срамота, најповеќе од терзијата, дека ќе ги прикажува по селата.

# ПОПОТ КОЈ САКАЛ ДА СЕ ПРЕЖЕНИ

На некојси поп му умрела попадијата, а по црквените канони не може поп да се прежени.
Ваму, не бил уште толку стар да не му треба попадија, а и дечиња му останале за гледање, та решил да го замоли владиката да му дозволи да прибере некоја жена, макар и под друга некоја форма; да речеме, да ја пријави како слугинка, готвачка, перачка, домаќинка. Така нешто како што прават католичките попови. Си имаат „готвачки‟, „перачки‟, „слугинки‟, од кои им се раѓаат и по три-четири деца, ама канонот е запазен; нема попот попадија.
Владиката, и тој млад како попчево, поразмислил малку и најпосле си го дал „благословот‟.
- Ајде да направам еден себап заради децата, ама ќе гледаш да прибереш некоја постара, докај педесет години, да не паѓа ептен в очи на селаните!
Му благодарил попот на „милосрдието‟ и си отишол дома. Си отишол и почнал да бара жена каква што му рекол владиката. Барал, барал, ама никако да најде таква. И најпосле се решил на

едно. Се решил и го направил. Место една од педесет години, тој зел две по дваесет и пет. Едната за готвачка, другата за перачка. Кога по неколку години го прашал владиката што направи по таа работа, попот му ја кажал вистината, правдајќи се дека не можел да најде една од педесет години, затоа зел две од по дваесет и пет, да го запази канонот.
Владиката сиот задоволен му рекол:
- Многу добро си направил, но не е право ти да имаш две, јас ниедна. Ќе ми ја дадеш мене едната, нели?
- А, кабул не го чинам, свети владико! Не можам јас да го газам канонот и да тргам маки на тој век во пеколот – му одговорил попот и си отишол кај готвачката и перачката.

# ЛУЃЕТО СЕ ПОЗНАВААТ ПО ЗБОРОТ

- Мајко, мајко мори, одат некои луѓе по пат оздола!
- Оди, ќерко, види кои се?
- Мајко, мајко мори, како да ги познавам луѓето?
- Луѓето се познаваат, ќерко, по зборот: ако прават есап – есаплии, тие се Крушовјани; ако се фалат – фалбаџии, тие се Прилепчани; а ако лаги и смешки прикажуваат, ако сè шега бијат и мајтап прават – мајтапчии, и ако пцујат и мислат срамотно, никој друг народ не може да биде – тие се Мариовци!

# ИТАР ПЕТАР ПОИТАР ОД НАСРАДИН-ОЏА

Итар Петар уште како дете отишол од Градешница, од Мариово – од таму бил роден, слугинче кај Насрадин-оџа да биде.
Насрадин-оџа ги учел децата, а детето Итар Петар било поитро од него! Од тоа на оџата му било криво.
Еден ден им рекол Насрадин-оџа на другите деца што учеле при него:
- Деца, да одите вие дома, по едно јајце да си земете од куќа.
Отишле, земале. И им рекол Насрадин-оџа на децата:
- Ај, сега да ми снесете по едно јајце сите, и да викате: Кат-ка-дар, кат-ка-дар, кат-ка-дар! А кога ќе станете, под секое дете јајце да најдам!
И овие сите снесле по једно јајце – од дома земено, и викале: Кат-ка-дар, кат-ка-дар, кат-ка-дар! Сите снесле, а негово слугинче Итар Петар немал јајце! И за да не му рече оџата: Оти не ми

снесе јајцето? – тој си плуснал рацете, како петле со крилја, и му викнал: Ку-ку-ри-гу! А оџата му рекол:
- Камо ти јајце тебе?
- Е, овие се кокошки, а јас сум петел: без петел можат ли кокошки да бидат?
И детето Итар Петар, уште малечко кога било, поитро испаднало од Насрадин-оџа, тогаш и довек!



# RJEČNIK MANJE POZNATIH RIJEČI I IZRAZA

# РЕЧНИК НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ И ИЗРАЗИ

- Абер – информација од некого или за нешто
- Аван – сад, обично метален или дрвен, за толчење кафе, црн пипер, слануток и др.
- Авлија – отворен простор како дел на куќата, двор; ограда, ѕид околу куќата
- Ага – земјопоседник, материјално обезбеден граѓанин, господар
- Адет – обичај што станал некој вид закон за извесна средина; што се прави по обичај, традиција, од навика
- Аир – среќа, корист, добивка
- Ајван – животно, добиток; неработник, безделник
- Ајдук – крадец, разбојник, отпадник од власта и од законот
- Ак – плата, награда
- Ак′л – ум, памет
- Акнал – силно да се удри
- Ал – беда, неволја, несреќа
- Алал – благослов, желба некому нешто да му биде од корист, убаво; пофалба на нешто или некого со значење на „браво‟, „секоја чест‟, „честитам‟, „нека ти е со среќа‟
- Алашвериш – трговија, пазар
- Алтан – златна пара, златник, дукат
- Ан – гостилница со преноќиште, селска и друмска меана
- Анатема – клетва, проклетство со кое се исклучува некој од црквата
- Антерија – старинска горна облека
- Апне – касне, покасне малку

- Апс – затвор
- Арам – проклетство
- Арамија – крадец, разбојник
- Аргат – наемен работник, лице што работи тешка работа, што работи напорно и прекумерно
- Армаса – да се направи свршувачка, да се посврши
- Арно – добро, убаво
- Аро – зло, лошо
- Арчи – троши нешто, троши пари
- Аршин – стара мерка за должина помеѓу 65 и 75 см
- Аскер – отоманска војска, војници
- Асли – сосема, потполно, баш, навистина
- Ат – коњ
- Атар – подрачје што припаѓа на некое село или општина
- Аџија – човек што бил на поклонение во светите места, Мека за муслиманите и Ерусалим за христијаните
- Ашколсун – извик за пофалба, одлично, браво
- Бавча – градина
- Бадијала – бесплатно, под цена, залудно, напразно, попусто, без корист
- Баеги – многу, значително повеќе од нормалното; бајаги
- Бајрак – знаме
- Бакшиш – подарок, дар, паричен додаток, награда за направена услуга
- Бало – танц, игра
- Бапка – гуша, подуен израсток, оток на оболено место
- Бардак – земјан или бакарен сад со рачка и дулец (мало цевче од каде истекува течност) за вода, вино или за ракија
- Батак – блато, мочуриште, кално место
- Баџа – оџак, димник

- Башка – посебно, одделно
- Бег – благородничка титула, титула на турски феудален земјопоседник или на заповедник
- Белки – изразува можност, веројатност, претпоставка, надеж
- Белутрак – вид тврд камен со зрнест состав и со бела боја
- Бељa – зло, несреќа, штета
- Бериќет – род, плод, благодат
- Битисува – заврши, скончи, пропадна
- Борина – смолесто дрво од бор што служи за осветлување или за потпалување оган
- Борч – долг, тоа што некој некому му должи
- Борчлија – човек должник, што должи некому нешто
- Брав – овен
- Бркалка – лажица со која се меша, се брка тоа што се готви
- Буица – треска, грозница
- Булук – стадо, крдар, мноштво животни
- Буниште – место каде што се исфрла гнојот, ѓубрето од шталата
- Бутур – болест кај коњите со кашлање
- Ваган – сад од кој се јаде, чинија
- Вадачка – заработка
- Вапцан – обоен, вапсан
- Варди – внимава, чува, демне, следи
- Везден – по цел ден, секогаш, во секое време
- Вејка – гранка од дрво
- Вересија – купување или давање на доверба, на почек
- Ветов – што е стар, износен, избледен
- Вилает – крај, област, регион, роден крај
- Витка – свиткан крај на пита, на баница, на виткалник

- Врав – снопови жито послани на гумно за вршидба
- Врколак – според народно празноверие, човек што ноќе, при полна месечина, се претвора во волк
- Газер – долниот, најнизок дел од некој сад, дно на длабок предмет, кутија, сандак и сл.
- Гајле – грижа
- Гајрет – помош, поддршка, услужност; сила, енергија, храброст, трпение
- Гламна – големо парче недогорено дрво
- Готви – се подготвува, се токми, има намера да прави нешто
- Граор – растение во вид на разгранет ползавец, со темнокафеави или црни плодови во мешунки, што се користи како добиточна храна
- Грбач – тенок, еластичен камшик, во вид на прачка или сплетен од кожени ремчиња
- Грош – ситна пара
- Гуна – селска топла горна облека сошиена од шајак
- Гурбет – одење во туѓа земја за да се заработат пари
- Дамла – срцев или мозочен удар
- Демек – значи, то ест, да речеме, да претпоставиме
- Дивит – мастилница од сребро или од друг метал
- Дибидус – сосема, потполно, ептен
- Долап – вѕидан орман, ковчег, сандак или шкаф за сместување облека, садови и други предмети
- Драпање – силно чешање
- Дујмен – заден дел од пловен објект
- Дума, шеста – израз, размислува, премислува
- Душман – противник, непријател
- Ѓоа – божем
- Ѓол – бара, мочуриште, езеро

- Ѓунделак – надница, дневница
- Ѓуптин – Еѓуптин, Ром, Циганин
- Ѓурултија – врева, викотница, голема кавга, неред
- Егумен – старешина на машки православен манастир; игумен
- Елемија – направа од која се мота предено во клопчиња
- Емиш – овошје
- Ендезе – мерка за должина еднаква на 65 см
- Ептен – сосем
- Ербап – способен, вешт, важен, напернат
- Ерген – маж што не е женет
- Есап – сметка
- Ефенди – господин, господар
- Жудлив – што има горчливо-киселкав вкус што ја собира устата
- Заврница – мандало на врата, заворна, лост или клинец со кој се осигурува врата да не се отвора
- Загреб – изгребана и расфрлена земја (од кучиња, пилиња); болест на кожата со појава на дамки и ситни бронччиња
- Зајре – храна, животни продукти
- Замет – труд, тегоба, напор
- Зарек – зарекување, заклетва; болест од урок
- Заум – зауми, запомни, запамети, напомни, спомене
- Згура – остаток при горење камен јаглен
- Зеер – отров, јад
- Зијан – загуба, штета
- Зорт – мака, напор, страв
- Ѕевгар – пар впрегнати волови, биволи, говеда (за орање)
- Изварка – млечен производ што се добива со варење на сиратката

- Измеќар – лице што заработува служејќи други луѓе
- Иљач – лек
- Имела – полупаразит со жолтозелени цветови и бели плодови кај широколисните и иглолисните дрвја
- Исполџија – исполичар, лице што работи на исполица (договор за наем според кој половина од приходот добива сопственикот на нивата, а половина тој што ја зема да ја обработува)
- Истине – да се олади, да стане рамнодушен кон некого или кон нешто; да умре
- Источник – извор; тоа од кое нешто се создава
- Ифрит – налутен, бесен
- Ифтирија – клевета
- Ич – ништо, никако, нималку
- Ишала – израз, дај Боже
- Јабанџија – туѓинец, непознат човек
- Јакуцка – дел од горна облека (обично од гуња) за покривање на главата
- Кабает – вина, кривица
- Кабил – способен, што е во состојба, што е спремен нешто да направи
- Кабул – се согласи, даде дозвола, прифати, даде согласност за нешто
- Кадела – влачена волна подготвена за предење, што се става на фурка
- Кадија – судија
- Каик – чамец, чун, кајче
- Калдрма – пат поставен со нерамен камен
- Каленица – земјен сад во вид на чинија
- Калуѓер – лице што припаѓа на црковен ред и живее во манастир; тој што се замонашил, монах
- Калфа – помошник на трговец или занаетчија што го има

поминато чирачкиот стаж и што има положено калфински испит

- Кантар – направа за мерење тежина
- Каршилак – одговор на прашање, одговарање
- Кат – пар облека, слој, ред, рало, чифт
- Каурин – во турско секој поданик што не е од муслиманска вера
- Кација – железна лопатка за жар
- Киниса – почне да оди, да се движи
- Кираџија – лице што врши превоз на стока и луѓе со кола, коњ; што живее под наем, под кирија
- Кладе – клај, стави
- Кланик – место покрај огништето каде што стојат дрвата
- Клопотарник – вид ѕвонец од лим со карактеристичен звук што му се врзува на добитокот околу вратот
- Кмет – селски старешина
- Коба – лоша, несреќна судбина; знак дека нешто лошо ќе се случи
- Козина – козјо влакно
- Колај – што е лесен, што е без тешкотии
- Колак – колач, погача; обрач во облик на ѓеврек
- Конак – место каде што некој преноќева, преноќиште
- Кондиса – да остане во некое место извесно време на конак
- Коприна – свила
- Крепи – потпира, придржува, штити
- К’смет – среќа, судбина
- Кумаш – вид свилена ткаенина, свилено платно
- Куменџија –изработувач на предмети и накит од злато и сребро
- Курбан – жртва; израз отиде непотребно, напразно, за бадијала

- Курдиса – да се намести, да се постави
- Курешница – кокошкин измет
- Куртули – да најде спас, избавување, ослободување
- Кушање – баење
- Леѓен – поголем, обично емајлиран сад со потесно дно и поширок отвор
- Леунка – жена што неодамна се породила, до 40 дена по породувањето
- Лира – стара турска златна пара
- Маало – одделен дел на градска или селска населба
- Мадро – мирно, послушно, покорно
- Мајтап – шега, подбив, потсмев
- Мангал – отворен метален сад за греење со жар
- Манџа – зготвено јадење, обично чорбесто
- Марифет – вештина, снаодливост, лукавство, вредност, полза, шега
- Меана – крчма, гостилница
- Мегдан – двобој, борба; да разгласи, разоткрие нешто, да се спротивстави
- Метанија – длабоко поклонување за време на молитва или пред големец
- Мешина – овча кожа, изработена како вреќа, што служи за чување и за пренесување течност (вино, зејтин, вода)
- Миросува – изврши помазание (благослови) со миро (светено масло во православната црква)
- Мотовило – направа на која се мота предено, стап со чатал на едниот крај, а на другиот со подвижна штичка
- Муабет – разговор, разговарање
- Мураќип – мастило за пишување, црнило, туш
- Мусандра – голем ѕиден плакар со прегради, украсен со резба, обично за чување постелнина
- Нагазеница – болест што се добива, според народното

верување, ако се нагази на нагазиште, односно на некое одредено место

- ❖ Накрми – да даде крма, да нахрани добиток
- ❖ Натема – израз, проклето
- ❖ Науми – да намисли нешто, да спомене нешто, да потсети
- ❖ Нафора – парче (залак) осветен леб што им се дава на православните верници при причестување по богослужба
- ❖ Непара – не толку многу, недоволно, слабо
- ❖ Непендек – лек; начин за да се изврши нешто; неудобност, непријатност; израз без друго
- ❖ Ниет – намера, решеност
- ❖ Ничкоса – да се струполи, падне ничкум, кутне
- ❖ Ока – мерка за тежина од 1282 грама
- ❖ Окрши – скрши
- ❖ Опне – силно да се напрегне, да запне да направи нешто
- ❖ Опсуче – обвитка, обмота околу некого или нешто
- ❖ Орман – многу густа шума
- ❖ Ортома – дебело јаже; бесилка
- ❖ Оскорби – навреда
- ❖ Острелоуши – да стане внимателен да чуе, да разбере
- ❖ Откопачи – да го искорне од корен
- ❖ Отпее – да прочита напишан текст, да прочита молитва, да испее песна
- ❖ Оџа – муслимански свештеник
- ❖ Пагур – плоснато мало шише за ракија со мал капак; затворач
- ❖ Падар – чувар на полето
- ❖ Пастрма – овчо или козјо солено и сушено месо
- ❖ Пафти – тешки метални токи за запетлување на појасот кај жената; дел од стара носија
- ❖ Пача – вид јадење сварено од нозете или од главата на

свиња или говедо

- Пезевенк – подмолник, мангуп
- Пенџере – прозорец
- Перчин – кај маж: плетенка коса од врвот на темето
- Пешкеш – дар, подарок
- Пизма – омраза
- Пиралка – лопатка со која се бијат алиштата при перење
- Пирустија – железен триножник за готвење на отворен оган
- Пишман – што се кае, што жали
- Плитар – непечена тула (цигла)
- Полесок – ѕид на ограда
- Пондила – штала во селска куќа, обично поголема просторија во која живее семејството со ограден, изделен дел за добитокот, обично во долниот дел
- Причести – изврши обред на причесна, даде причесна (леб и вино во христијанската религија)
- Прокопса – да успее, добро да помине во животот
- Протуѓер – лице што јавно ги соопштува вестите на улица, со викање
- Пули – опули, гледа, се загледува во некого или нешто
- Раат – мир, спокојство, безгрижност, удобност
- Раја – обичните луѓе од народот
- Рафт – полица
- Резил – срамота
- Реси – да прецрта, да пречкрта
- Ржаница – снопје, слама од `рж, што се користи за постела, врзување, заштита, покрив
- Риза – послушен е, слуша, чини услуги, служи
- Рисјанин – христијанин
- Рогозина – груба постилка исплетена од рогоз (мочуришна

трева)

- Рофја – ровја, гром
- ‛Рт – вид ловечко куче
- Руба – облека, алишта
- Саглам – здрав, добар, сигурен, чесен, квалитетен
- Сајбија – господар, сопственик, домаќин
- Санким – божем, како да, небаре
- Себап – добро дело; причина, повод
- Сеир – гледање, посматрање и немешање во тоа што се случува
- Сермија – капитал, имот; вложени пари во некоја работа
- Сетне – после
- Сефте – првпат
- Синор – меѓа меѓу ниви, ливади; граница меѓу две села
- Сипка – гнојници по кожата поради болеста сипаница
- Скорни – чизми
- Скраја – далеку
- Скуден – кој не е голем по количество, незначителен
- Скукали – да стане како кукалка, кука
- Сладина – осет на она што е слатко, вкусно; наслада
- Совалка – дрвена направа за ставање преѓа при ткаење
- Спахија – турски феудален земјопоседник
- Спечали – да заработи, добие со труд пари, имот и сл.
- Стела – внатрешниот дел, поставата на самар
- Струпје – засушена кора на рана
- Суложи – положи, постави, собори, спружи, убие
- Сургун – прогонство, заробеништво
- Сус – исправен
- Табиет – нарав, карактер, ќуд, природа, темперамент

- Тагарче – вид кожена торба
- Таин – оброк, следување
- Таксидар – собирач на вересијата на некој трговец, даночник
- Таксува – се ветува, се зарекува
- Тамаќар – скржавец
- Тарун – голема, плитка чинија; тркалезна штица за месење леб или за ручање
- Татар – гласник, курир, писмоносец
- Тевна – тишина, мир
- Телал – продавач на ситнурии и на стари, половни работи; гласник, барабанџија
- Тенеќе – лим, плех, канта од лим
- Терезија – направа за мерење тежина со лост и два таса
- Терзија – кројач, шијач, шнајдер
- Тескере – писмена дозвола за нешто, потврда, исправа
- Тики – израз во последични реченици, при соединување на реченици со последователно дејство – не
- Тланик – место до огниште во селски куќи
- Трап – јама, дупка, јаз, бразда
- Треќак – тригодишно животно
- Троа – малку, многу малку од нешто
- Ќемер – кожен или платнен појас
- Ќерата – неранимајко
- Ќердоса – да добива, заработува, постигнува успех и среќа во животот; да земе жена за женење
- Ќеф – волја, расположение, радост, уживање
- Ќефил – жирант, јамец
- Ќор – слеп
- Ќурк – долга горна облека опшиена со крзно

- Ќути – молчи
- Ќутук – недоделкан, глуп човек; пењушка, цепаница
- Увин – билка со лековито дејство против заболувања на бубрезите и мочните патишта
- Угори – усвити, зажари
- Уплав – страв, престрашеност
- Урвокос – пакост, зло
- Урок – суеверие според кое погледот може да предизвика повреда или смрт на тие кон кои е наменето
- Услекне – цркне, пцовиса
- Фајде – корист, добивка
- Фара – потекло, род, семејство
- Ферман – султански указ, наредба од повисока власт воопшто
- Фес – капа во форма на пресечен конус, црвена, обично со црн пискул закачен на средината од врвот
- Фиљан – некој (одреден), тој и тој
- Фиран – уништен, упропастен, опустошен
- Фортуна – силна снежна бура, силен дожд и ветер
- Фурка – вид вретено за предење
- Хрема – воспаление на слузницата на носот; настинка
- Цело – стара пара, обично продупчена (служи како украс)
- Цирон – мрена, ситна риба
- Циун – чеп за бочва, каца или др.
- Црепна – земјен сад со кој со поклопува леб при печење
- Цуцулига – врста на летало (детска играчка)
- Чалма – платнен завој околу фесот кај муслиманите; турбан
- Чаре – помош, излез, спас, лек, средство
- Чарк – коло, тркало, обично со запци

- Чаршија – улица или дел од градот со дуќани и работилници
- Чатија – дрвена конструкција на кровот
- Ченгел – железна кука
- Черек – четвртина од нешто
- Чибук – цевка на луле, вид направа за пушење воопшто
- Чивут – скржав човек
- Чифлик – феудален земјоделски имот во турско време
- Чорбаџија – богаташ, големец, господар, газда
- Чума – тешка заразна болест
- Чунки – зарем, како да
- Џабе – бадијала, бесплатно, подарено, залудно, напразно
- Џанам – душо моја, душице, животе мој
- Џева – врева, галама
- Џенем – пекол
- Џенк – бој, битка
- Шајак – вид сукно, волнена ткаенина
- Шап – заразна болест кај преживниот добиток
- Шејтан – ѓавол, сотона, враг
- Шикла – нарасток по дабови гранки и лисја, во вид на оревче со боцки, во кој се развива црвче на мушичката и од кој се добива црна боја
- Штркел – вид мува што напаѓа по говедата
- Штур – скуден, празен, без содржина
- Шут – за рогато животно: што е со скршен рог или без рогови
- Шуќур – израз на благодарност

# KORIŠTENA LITERATURA I DRUGI IZVORI

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ДРУГИ ИЗВОРИ


- Алексо Лозановски, Народни приказни, Агенција за иселеништво на Република Македонија, Скопје, 2007.
- Антон П. Стоилов, Македонски народни умотворби, составил и редактирал д-р Марко Китевски, Институт за македонска литература Скопје, 2000.
- Апостол Поп Јовановски, Македонски народни пословици, прво издание, НИО Студентски збор, Скопје, 1991.
- Апостол Поп Јовановски, Пет илјади македонски мудрости, поговорки и изреки, Панили Скопје, 2009.
- Аритон Поповски, Гостиварскиот крај 2, Гостивар, 1970.
- Ахил Николов Теохаров, Малешевски народни пословици и поговорки, Студентски збор Скопје, Берово-Скопје, 2001.
- Д-р Војислав С. Радовановиќ, Мариовци во песни, приказни и шеги, Скопје, 1932.
- Д-р Томе Саздов, Преглед на македонската народна проза, второ издание, Култура Скопје, 1981.
- Д-р Харалампие Поленаковиќ и Кирил Пенушлиски, Македонски народни умотворби, том IV книга 1, Пословици, Кочо Рацин Скопје, 1954.
- Драги Стефанија, Викторија Поп Стефанија, Народно творештво 2, Охрид-Струга 1987.
- Кирил Пенушлиски, Малешевски фолклор, Скопје, 1980.
- Кузман А. Шапкарев, Избрани дела, том петти, приредил д-р Томе Саздов, Мисла Скопје, 1976.
- Кузман А. Шапкарев, Избрани дела, том трети, приредил д-р Томе Саздов, Мисла Скопје, 1976.
- Марко К. Цепенков, Пословици, поговорки, гатанки, клетви и благослови, книга осма, редактирал д-р Томе Саздов, Институт за фолклор, Македонска книга Скопје, 1972.
- Марко Китевски, Македонски народни клетви, Штрк Скопје, 1997.

- Марко Китевски, Македонски народни умотворби (Запишани кон крајот на XIX и почетокот на XX век), Камелеон Скопје, 2006.
- Марко Китевски, Фолклорни бисери, Македонска книга Скопје, 1988.
- Миладинови, Димитар и Константин, Зборник на народни песни, редакција Харалампие Поленаковиќ и Тодор Димитровски, Македонска книга Скопје, 1983.
- Миладиновци, Зборник – 1861-1961, редакција Димитар Митрев, д-р Кирил Пенушлиски, д-р Александар Спасов, Кочо Рацин Скопје, 1962.
- Миленко С. Филиповиќ, Голо Брдо, Скопје, 1940.
- Минехаха прес, Гатанки од македонското народно творештво, Скопје, 2000.
- Републичка заедница на културно научните манифестации на Македонците муслимани, Историја, фолклор и етнологија на исламизираните Македонци, Скопје, 1987.
- Списание за литература, култура и општествени прашања „Беседа‟ број 5, Куманово, јуни 1975.
- Списание за литература, култура и општествени прашања „Беседа‟ број 7, Куманово, март 1976.
- Списание на Институтот за фолклор „Марко Цепенков‟ – Скопје, Македонски фолклор број 56-57, Скопје, 2001.
- Списание на Институтот за фолклор „Марко Цепенков‟ – Скопје, Македонски фолклор број 60, Скопје, 2002.
- Списание на Македонското етнолошко друштво, Етнолог број 11, Скопје, 2005.
- Стале Попов, Итар Пејо, Скопје, 1987.
- Стефан И. Верковиќ, Македонски народни умотворби, книга петта, редактирал Кирил Пенушлиски, Скопје, 1985.
- Трајко А. Најдески, Македонски народни преданија, Темпора веритас Скопје, 2010.
- Фадиљ Мустафоски – Мустоски, Лабунишка хроника, Охрид, 2010.
- Филип Каваев, Народни пословици и гатанки од Струга и Струшко, Скопје, 1961.

- http://documents.tips/documents/zbornik-55844f15c8b43.html
- http://itarpejo.org/
- http://macedonia.auburn.edu/proverbs/search.php
- http://mk.wikisource.org/wiki/Зборник_на_Миладиновци
- http://www.cdnh.edu.mk/multimedija2007/Marko_Cepenkov/subpages/main.htm
- http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderMainCategory/102
- http://www.pelister.org/index.php/macedonian-resources/folklore
- https://makedonski.info/

# BILJEŠKA O PRIREĐIVAČU

Elizabeta Petrovska (1969) rođena je u Skopju, Republika Makedonija, a od 1987. godine živi u Zagrebu, Republika Hrvatska. Radi kao tajnik u Zajednici Makedonaca u Republici Hrvatskoj, članica je Makedonskog kulturnog društva „Ohridski biser" iz Zagreba i Vijeća makedonske nacionalne manjine Grada Zagreba. Od 2009. godine zamjenica je glavnog i odgovornog urednika časopisa „Makedonski glas" u izdanju Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj.

Petrovska piše poeziju na hrvatskom i makedonskom jeziku. Prvu knjigu poezije „Suze pune osmijeha" (2006) izdaje u Zagrebu, preko Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj. U 2010. godini knjiga postaje laureat na najvećem međunarodnom pjesničkom festivalu „Struške večeri poezije" u Strugi i nagrađena je prvom nagradom „Stojan Hristov" za najbolju knjigu poezije iz makedonske dijaspore u suradnji s Agencijom za iseljeništvo Republike Makedonije.

Drugu dvojezičnu zbirku poezije „Sjaj slomljenog kristala" (2011) također izdaje u Zagrebu, preko Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj. U 2012. godini i ova knjiga postaje laureat pjesničke nagrade „Iseljenička gramota" koju dodjeljuje Matica iseljenika iz Makedonije za najbolje pjesničko ostvarenje pjesnika iseljenika, u Skopju, u Društvu pisaca Makedonije. Dio stvaralaštva Petrovske preveden je na engleski i ruski jezik.

U 2012. godini izlazi iz tiska knjiga poezije „Izbor pjesama makedonskih autora iz Hrvatske" u Zagrebu, u izdanju Vijeća makedonske nacionalne manjine Grada Zagreba. To je prva zbirka tiskana u Hrvatskoj autora pjesnika, Makedonaca koji žive u Hrvatskoj, a stvaraju na svome materinskom, makedonskom jeziku. Ideju o njenom izdavanju, pripremu i kompletno uređivanje daje Elizabeta Petrovska.



„...Само сум човек
со копнеж в гради што тлее,
да се вратам
дома на југ,
каде спокој душа ми грее...“

(На југ е срцето мое,
Е. Петровска)

# БЕЛЕШКА ЗА ПРИРЕДУВАЧОТ

Елизабета Петровска (1969) е родена во Скопје, Република Македонија, а од 1987 година живее во Загреб, Република Хрватска. Работи како секретар во Заедницата на Македонците во Република Хрватска, членува во Македонското културно друштво „Охридски бисер" од Загреб и во Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб. Од 2009 година заменичка е на главниот и одговорен уредник на списанието „Македонски глас", во издаваштво на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.
Петровска пишува поезија на хрватски и македонски јазик. Првата книга поезија „Солзи полни насмевки" (2006) ја издава во Загреб, преку Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Во 2010 година книгата станува лауреат на најголемиот меѓународен поетски фестивал „Струшки вечери на поезијата" во Струга и наградена е со првата награда „Стојан Христов" за најдобра книга поезија од македонската дијаспора во соработка со Агенцијата за иселеништво на Република Македонија.
Втората двојазична збирка поезија „Сјајот на скршениот кристал" (2011) исто така ја издава во Загреб, преку Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Во 2012 година и оваа книга станува лауреат на поетската награда „Иселеничка грамота" што ја доделува Матицата на иселениците од Македонија за најдобро поетско остварување на поет иселеник, во Скопје, во Друштвото на писателите на Македонија. Дел од творештвото на Петровска е преведен на англиски и руски јазик.
Во 2012 година излегува од печат стихозбирката „Избор песни на македонски автори од Хрватска" во Загреб, во издание на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб. Тоа е прва збирка отпечатена во Хрватска на автори поети, Македонци што живеат во Хрватска, а творат на својот мајчин, македонски јазик. Идејата за нејзиното издавање, подготовката и комплетното уредување се на Елизабета Петровска.

# SADRŽAJ

# СОДРЖИНА

Predgovor.................................................................................7
Предговор................................................................................. 8
Iz bogatstva makedonske folklorne tradicije, dr. Vasil Tocinovski, sveučilišni profesor................................................................ 9
Од богатството на македонската фолклорна традиција, д-р Васил Тоциновски, универзитетски професор....................................12
Poslovice, pogovorke i mudrosti / Пословици, поговорки и мудрости..17
Zagonetke, pitalice i dosjetke / Гатанки, прашанки и досетки..........147
Brzalice i brojalice / Брзозборки и броеници.................................177
Blagoslovi i zdravice / Благослови и здравици..............................191
Kletve i zakletve / Клетви и заклетви.........................................209
Snovi, vjerovanja i bajanja / Соништа, верувања и баења..............237
Narodne pripovijetke i anegdote / Народни преданија и анегдоти.....275
Кочијашот и селанецот................................................. 278
Итар Пејо и Насрадин-оџа.............................................278
Крадачка од терзија.....................................................278
Заум.........................................................................279
Итар Пејо знае иљач.....................................................280
Изгорен од ракија.........................................................280
Зошто мајмун не игра во Прилеп....................................281
Мариовци – кршоборци..................................................281
Расправија во судот.......................................................282
Попот пијан што паднал во калта...................................282
Итар Пејо, Мариовците и часовникот..............................283
Бељата е во торбата.....................................................283
Магарето што јадело грав..............................................283
Циганинот како сведок.................................................. 284
Итар Пејо му вади заб на селанец..................................284
Невестата и маслинките................................................285
Трајко без глава...........................................................285
Итар Петар оди кај умрените..........................................285
Планината Зенделбег.....................................................287
Лажливото здравје.........................................................287
Итар Пејо и стариот арамија..........................................288
Пари во самарот............................................................289
Итар Петар, Мариовците и маглата.................................289
Селскиот поп и граѓанецот.............................................290
Крадецот фатен в црква.................................................290
За Охрид и Охридското езеро.........................................291
Пејо со туѓи чизми на оро..............................................291

Селанецот и оџата....................................................292
Оџакот.....................................................................292
Никојпат не се доплаќа на мајката.................................293
Итар Пејо и селаните риболовци......................................293
Бадијала работи, бадијала не седи.................................294
Жената го запопила мажот............................................294
Мариовец и сапун.........................................................295
Сиромавиот и арно да рече, никој не го слуша.................295
Зелник без брашно.......................................................296
Рибина чорба...............................................................297
Девет браќа и една сестра.............................................297
Глувата баба и еден човек.............................................298
Жив ли ти е коњот што ти пцовиса лани?.........................299
Глупавите винари Стеблевци.........................................299
Итар Пејо, попот и алвата..............................................300
Мрзливата жена............................................................300
Кој го украде сеното, тој си ја има мувата на капата.........301
Мариовци и поп............................................................301
Од камчиња манџа........................................................302
Итар Пејо и селаните.....................................................303
Раштанскиот смок.........................................................303
Од трњето волна ќе збира, да плаќа борч.........................304
Итар Пејо знае турски да зборува....................................304
Поуката на еден поп......................................................305
Калуѓерите со чибуците..................................................305
Итар Пејо, Мариовците и дождот.....................................306
Солта.........................................................................307
Попот кој сакал да се прежени.........................................307
Луѓето се познаваат по зборот........................................308
Итар Петар поитар од Насрадин-оџа................................308
Rječnik manje poznatih riječi i izraza / Речник на помалку познати зборови и изрази...........................................................313
Korištena literatura i drugi izvori / Користена литература и други извори..........................................................................327
Bilješka o priređivaču......................................................330
Белешка за приредувачот...............................................332
Sadržaj / Содржина.........................................................333

LIJEPA RIJEČ I ŽELJEZNA VRATA OTVARA
Kratki folklorni žanrovi iz makedonskog narodnog stvaralaštva
Izabrala i priredila Elizabeta Petrovska

Nakladnik:
Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj

Za nakladnika:
Ilija Hristodulov

Sunakladnici:
Vijeće makedonske nacionalne manjine Grada Zagreba
M-Print, tiskara i knjigovežnica, Zagreb

Recenzija:
Dr. Vasil Tocinovski, sveučilišni profesor

U Zagrebu, studeni 2015.

Velika zahvala Savjetu za nacionalne
manjine Republike Hrvatske i Vijeću
makedonske nacionalne manjine
Grada Zagreba na povjerenju i
podršci pri objavljivanju ove knjige

Голема благодарност до Советот
за националните малцинства на
Република Хрватска и до Советот
на македонското национално
малцинство за Град Загреб за
довербата и поддршката при
објавувањето на оваа книга